СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 158 Год. LXVI | Четврток, 9 декември 2010 | Цена на овој број е 450 денари

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
3304.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности	3
3305.	**Закон** за поштенските услуги	8
3306.	**Закон** за финансиските друштва	46
3307.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за фондот за осигурување на депозити	56
3308.	**Закон** за давање на финансиски услуги на далечина	59
3309.	**Закон** за ревизија	65
3310.	**Закон** за Народната банка на Република Македонија	83
3311.	**Закон** за изменување и дополнување на Царинскиот закон	116
3312.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за царинската управа	120
3313.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба	120
3314.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за трговија	127
3315.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за минералните суровини	129
3316.	**Закон** за Државниот инспекторат за локална самоуправа	137
3317.	**Среднорочна програма** за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за период 2011-2015 година	143
3318.	**Закон** за работните односи (Пречистен текст)	144
3319.	**Одлука** за дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија	185
3320.	**Одлука** за давање на согласност за задолжување на Град Скопје со долгорочен кредит со девизна клаузула кај Тутунска Банка АД - Скопје	186
3321.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот	186
3322.	**Решение** за разрешување и именување членови на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП Службен весник на Република Македонија	186
3323.	**Решение** за разрешување и именување член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ - Пробиштип	186

		Стр.
3324.	**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.....	**187**
3325.	**Решение** за разрешување и именување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.....	**187**
3326.	**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“-Пробиштип	**187**
3327.	**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола.....	**187**
3328.	**Решение** за разрешување и именување членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола.....	**188**
3329.	**Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.....	**188**
3330.	**Решение** за именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Виница	**188**
3331.	**Решение** за разрешување од должноста заменик на директорот на Управата за финансиска полиција.....	**188**
3332.	**Решение** за именување заменик на директорот на Управата за финансиска полиција.....	**188**
3333.	**Лиценца** за постојано приредување на посебни игри на среќа во играчница (казино).....	**189**
3334.	**Макроекономска политика** на Република Македонија за 2011 година....	**191**
3335.	**Упатство** за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на третманот на биполарното растројство (манично-депресивно растројство).....	**201**
3336.	**Упатство** за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на скринингот на колоректален карцином.....	**212**
3337.	**Упатство** за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на третманот на вирусните хепатитиси.....	**225**
3338.	**Упатство** за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на третманот на хроничната коронарна артериска болест.....	**244**
3339.	**Упатство** за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на третманот на хроничната срцева слабост (ХСС).....	**288**
3340.	**Упатство** за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на терапијата на хронична бубрежна болест.....	**349**
3341.	**Упатство** за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на лекувањето на инфекциите на уринарниот тракт.....	**365**
3342.	**Упатство** за начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на третманот на церебралниот инфаркт (исхемичен мозочен удар).....	**381**
3343.	**Решение** за одбивање на барањето за давање одобрение за зголемување на основната главнина со емисија на обични акции по пат на приватна понуда.....	**403**
3344.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија....	**403**
3345.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија....	**403**
3346.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија....	**404**
3347.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија....	**404**
3348.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија....	**405**
3349.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија....	**405**
3350.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија....	**406**
3351.	**Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија....	**406**
3352.	**Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности..	**407**
3353.	**Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности..	**407**
3354.	**Правилник** за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви	**407**
3355.	**Правилник** за потребната документација за добивање лиценца за осигурителен брокер.....	**424**
3356.	**Правилник** за потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурувањето.....	**426**
3357.	**Статутарна одлука** за изменување на Статутот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.....	**428**
3358.	**Решение** за определување на денот за отпочнување со работа на извршителот.....	**428**
3359.	**Правилник** за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата, како и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација.....	**428**

		Стр.
3360.	**Правилник** за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор.....	**433**
3361.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за образецот, формата и содржината на легитимацијата и за начинот на нејзиното издавање и одземање.....	**437**
3362.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на образецот на известувањето за обработка на личните податоци и за начинот на известувањето во Централниот регистар на збирки на лични податоци.....	**439**
3363.	**Правилник** за формата и содржината на образецот за евиденцијата на извршениот пренос на лични податоци во други држави, како и за начинот на водење на евиденцијата.....	**443**
3364.	**Правилник** за начинот на вршење на инспекцискиот надзор.....	**446**
3365.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.....	**449**
	Огласен дел.....	**1-48**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3304.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 декември 2010 година.

Број 07-4949/1
6 декември 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Во Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2008), во членот 2 став (1) точка 24 зборовите: „како и“ се бришат, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и во други случаи предвидени со закон.“

Член 2

Во членот 11 став (1) алинејата 8 се менува и гласи:

„- донесува акти за плати, надоместоци на плати и други надоместоци, како и акти за оценување на помошните работници во Агенцијата,“.

Член 3

Во членот 15 став (1) алинејата 7 се менува и гласи:

„- донесува акти за организација и систематизација на работните места на Агенцијата согласно со закон,“.

По алинејата 7 се додава нова алинеја 8, која гласи:

„- предлага и ги извршува актите за плати, надоместоци на плати и други надоместоци и актите за оценување на помошните работници во Агенцијата,“.

Алинеите 8, 9, 10, 11 и 12 стануваат алинеи 9, 10, 11, 12 и 13.

Член 4

Членот 21 се менува и гласи:

„Стручната служба на Агенцијата ја сочинуваат државните службеници и помошните работници.“

Член 5

Членот 22 се менува и гласи:

„(1) За државните службеници, во однос на правата, обврските и одговорностите од работен однос, се применуваат одредбите од Законот за државните службеници.

(2) За вработените во Агенцијата кои вршат помошни работи, во однос на правата, обврските и одговорностите од работен однос, се применуваат одредбите од Законот за работните односи, прописите од областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување и Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија и Колективниот договор на Агенцијата.“

Член 6

Насловот пред членот 23 и членот 23 се менуваат и гласат:

„Државни службеници со специфична природа на работните задачи и посебност на извршувањето на посебните должности и овластувања“.

Член 23

(1) На државните службеници во Агенцијата кои вршат работи на организирање и раководење со центрите во Агенцијата, државните службеници кои вршат надзор на работењето над трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи и државните службеници кои ги извршуваат работите од областа и во врска со геодетско-катастарските работи заради специфичната природа на работните задачи и посебностите на извршувањето на посебните должности и овластувања, основната плата и додатокот на плата за звање им се зголемува за 20%.

(2) Државните службеници кои ги извршуваат работите од областа на информатичко-комуникациската технологија во функција на ГКИС заради специфичната природа на работните задачи и посебностите на извршувањето на посебните должности и овластувања, основната плата и додатокот на плата за звање им се зголемува за 30%."

Член 7

Во членот 26 ставот (2) се менува и гласи:

„Против решението за престанок на работниот однос од ставот (1) на овој член, помошните работници имаат право на приговор до Управниот одбор на Агенцијата.“

Ставот (3) се брише.

Член 8

Насловот пред членот 27 и членот 27 се бришат.

Член 9

Во членот 35 став (1) зборот „овој“ се брише.

Член 10

Во членот 60 ставот (7) се брише.

Член 11

Во членот 62 став (4) зборовите: „под стаклености (оранжерии)“ се бришат.

Ставот (7) се менува и гласи:

„Неплодните земјишта се распоредуваат како природно неплодно земјиште (долови, камењари и друго) и како вештачко неплодно земјиште кое претставува земјиште за кое е донесен урбанистички план или урбанистичка планска документација (градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште: земјиште под зграда, дворно место, улици, патишта, мостови и друго).”

Ставот (8) се брише.

Член 12

Во членот 65 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Агенцијата за катастар на недвижности врз основа на урбанистички планови или урбанистичка планска документација по пријава на странка врши промена на катастарската култура на земјиштето во градежно земјиште (градежно неизградено или градежно изградено земјиште).“

Ставот (3) станува став (4).

Член 13

Членот 76 се менува и гласи:

“(1) Геодетските работи од членот 73 ставови (1), (2) и (3) на овој закон можат да ги вршат и странски правни лица доколку странските правни лица регистрираат во Република Македонија правно лице за геодетски работи под услови пропишани во членот 75 од овој закон.

(2) Геодетските работи од членот 73 ставови (1), (2) и (3) на овој закон можат да ги вршат и странски правни лица со седиште и регистрирани за вршење на геодетски работи во држава членка на Европската унија, доколку ги исполнуваат условите од членот 75 алинеи 2, 3 и 4 на овој закон и ги познаваат законите и другите прописи на Република Македонија од областа на геодетските работи.

(3) Странски геодетски инженер со овластување од друга држава, може да врши геодетски работи на територијата на Република Македонија, под услови на реципроцитет, со овластување потврдено од Комората на овластени геодети (во натамошниот текст: Комората), доколку ги познава законите и другите прописи на Република Македонија од областа на геодетските работи.

(4) Странски геодетски инженер од држава членка на Европската унија со овластување од државата членка на Европската унија, може да врши геодетски работи на територијата на Република Македонија, со овластување потврдено од Комората, ако ги познава законите и другите прописи на Република Македонија од областа на геодетските работи."

Член 14

Во членот 78 став (1) алинеја 1 по зборот "Македонија" се додаваат зборовите: "или на држава членка на Европската унија".

Член 15

Во членот 79 став (2) по зборот „години" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Ставот (3) се менува и гласи:

„За продолжување на овластувањето за овластен геодет имателот на овластувањето шест месеци пред истекот на рокот за важење на издаденото овластување до Комората поднесува барање. Кон барањето имателот на овластувањето кој е регистриран како трговец поединец овластен геодет или е вработен во трговско друштво за геодетски работи приложува и сертификат издаден од Комората дека во текот на десетте години посетувал по 20 часа континуирана едукација од областа на геодетските работи."

Член 16

Во членот 91 ставот (4) се менува и гласи:

„Геодетските елаборати за извршени геодетски работи за посебни намени заедно со правниот основ се доставуваат на заверка и спроведување во Агенцијата. Со заверката Агенцијата тврди дека при изработката на геодетските елаборати се користени податоци од ГКИС и дека за истите е платен надоместок согласно со овој закон.“

Ставот (7) се брише.

Член 17

Во членот 96 став (1) по зборовите: “Овластените геодети“ се додаваат зборовите: “регистрирани како трговци поединци овластени геодети или вработени во трговски друштва за геодетски работи“, а зборовите: „на овластени геодети (во натамошниот текст: Комората)“ се бришат.

Член 18

Во членот 97 став (2) точката се брише и се додаваат зборовите: “и на постапката за потврдување на овластување на странски геодетски инженер“.

Член 19

Во членот 99 ставот (1) се менува и гласи:

„Собранието на Комората го сочинуваат сите овластени геодети регистрирани како трговци поединци овластени геодети или вработени во трговски друштва за геодетски работи.“

Во ставот (2) по зборовите: „овластени геодети“ се додаваат зборовите: „регистрирани како трговци поединци овластени геодети или овластени геодети вработени во трговски друштва за геодетски работи“.

Член 20

Во членот 101 став (2) алинеја 2 по запирката по зборот „геодет“ на крајот на алинејата се додаваат зборовите: „како и решение за потврдување на овластување на странски геодетски инженер“.

Член 21

Во членот 105 став (2) точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “под услови определени со закон”.

Член 22

Во членот 115 зборовите: „катастарски службеник“ се заменуваат со зборовите: „државен службеник“.

Член 23

Во членот 126 по зборовите: „право на залог (хипотека)“ се додаваат зборовите: “концесии на недвижности и закуп на земјоделско земјиште”.

Член 24

Во членот 127 по ставот (9) се додаваат два нови става (10) и (11), кои гласат:

„(10) При запишувањето на концесијата на недвижност, особено се запишуваат податоци за концедентот, податоци за концесионерот, податоци за рокот на траење на концесијата и висината на надоместокот за концесијата, кои се запишуваат во делот на податоци каде што се означуваат товарите на недвижноста.

(11) При запишувањето на закуп на земјоделско земјиште, особено се запишуваат податоци за закуподавачот, податоци за закупецот, податоци за рокот на траење на закупот и висината на надоместокот за закупот, кои се запишуваат во делот на податоците каде што се означуваат товарите на недвижноста.“

Член 25

Во членот 166 став (2) зборовите: „катастарски службеник“ се заменуваат со зборовите: „државен службеник“.

Член 26

Членот 173 се менува и гласи:

„(1) За катастарските општини каде што е востановен катастар на недвижности врз основа на аналогни геодетски планови, со ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови, ќе се користат податоците добиени од дигиталните катастарски планови.

(2) Кога при дигитализацијата на катастарските планови се утврдат разлики во површината на катастарските парцели од дигиталните катастарски планови со површината од катастарскиот операт, а разликите се поголеми од (каде што R е површина на катастарската парцела, а М е размер на катастарскиот план), Агенцијата по службена должност донесува потврда за дигитална површина која се доставува до лицето запишано како носител на правото на катастарската парцела.

(3) Новата површина на катастарските парцели, која произлегува од ставовите (1) и (2) на овој член се запишува по службена должност во имотен лист.

(4) За ставање во примена на базата на податоци од дигиталните катастарски планови за секоја катастарска општина, директорот на Агенцијата донесува решение.

(5) Решението од ставот (4) на овој член се објавува во „Службен весник на Република Македонија.“

Член 27

Во членот 174 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) За отстранување на грешките од ставовите (1) и (2) на овој член не се плаќаат надоместоци.“

Член 28

Членот 175 се менува и гласи:

„Формата и содржината на пријавата за запишување на промена и на пријавата за исправка на грешка, на потврдата за прием на пријавата за запишување на промена и за исправка на грешка, на потврдата за запишување на промената и за исправка на грешка и за одбивање на запишувањето на промената и за исправка на грешка на потврдата за дигитална површина, како и начинот на одржување на катастарот на недвижностите, го пропишува Управниот одбор на Агенцијата.“

Член 29

Во членот 176 ставот (1) се менува и гласи:

„Против потврдата за запишување или одбивање при востановување и одржување на катастар на недвижности и против потврдата за исправка на техничка грешка, подносителот на пријавата и носителот на правото имаат право да поднесат тужба пред Управниот суд."

Член 30

Членот 197 се брише.

Член 31

Членот 198 се брише.

Член 32

Одредбите од членовите 13 ставови (2) и (4) и 14 на овој закон ќе се применуваат од денот на приемот на Република Македонија во Европската унија.

Член 33

Решавањето на предметите за запишување на правата на недвижностите и за спроведување на промени во катастарот на недвижностите, започнато пред денот на влегувањето во сила на Законот за катастар на недвижности ("Службен весник на Република Македонија" број 40/2008), а по кои се постапува од страна на Агенцијата и второстепена комисија, односно Управниот суд, ќе продолжи во согласност со одредбите на овој закон и Законот за катастар на недвижности ("Службен весник на Република Македонија" број 40/2008).

Теренските геодетски податоци кои се неопходни за решавање на предметите од ставот 1 на овој член ги обезбедува Агенцијата.

Член 34

Со објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ на решението за стапување во примена на востановениот катастар на недвижности на последната катастарска општина со катастар на земјиште на територијата на Република Македонија, престанува да важи Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ број 34/72 и 13/78).

Член 35

Актите за организација и систематизација на работните места, како и другите акти ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 36

Комората е должна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, да го достави предлогот на тарифникот од членот 94 став (2) на овој закон до Управниот одбор на Агенцијата, а по евентуалните забелешки на Управниот одбор на Агенцијата да постапи во рок од десет дена.

Доколку Комората не постапи во роковите од ставот 1 на овој член Управниот одбор на Агенцијата ќе го донесе Тарифникот од членот 94 став (2) на овој закон на предлог на директорот на Агенцијата.

Член 37

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

L I G J
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR KADASTER TË PATUNDSHMERIVE

Neni 1

Në Ligjin për Kadaster të Patundshmerive ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 40/2008) në nenin 2 paragrafi (1) pika 24 fjalet: "si dhe" shlyhen, pika zevendesohet me presje dhe shtohen fjalet: "si dhe në raste tjera të parapara me ligj."

Neni 2

Në nenin 11 paragrafi (1) alineja 8 ndryshohet si vijon:

"- miraton akte për rroga, kompensime të rrogave dhe kompensime tjera si dhe akte për vleresimin e punetoreve ndihmes në Agjenci,".

Neni 3

Në nenin 15 paragrafi (1) alineja 7 ndryshohet si vijon:

"- miraton akte për organizimin dhe sistematizimin e vendeve të punes në Agjenci në pajtim me ligjin,".

Pas alinese 7 shtohet alineja e re 8, si vijon:

"- propozon dhe i zbaton aktet për rroga, kompensime të rrogave dhe kompensime tjera dhe aktet për vleresimin e punetoreve ndihmes në Agjenci,".

Alinete 8, 9, 10, 11 dhe 12 behen aline 9, 10, 11, 12 dhe 13.

Neni 4

Neni 21 ndryshohet si vijon:

"Sherbimin profesional të Agjencise e perbejne nepunesit shteterore dhe punetoret ndihmes."

Neni 5

Neni 22 ndryshohet si vijon:

"(1) Për nepunesit shteterore, lidhur me të drejtat, obligimet dhe pergjegjesite nga marredhenia e punes, zbatohen dispozitat nga Ligji për nepunes shteterore.

(2) Për të punesuarit në Agjenci të cilet kryejne pune ndihmese, lidhur me të drejtat, obligimet dhe pergjegjesite nga marredhenia e punes, zbatohen dispozitat e Ligjit për marredhenie pune dhe dispozitat nga sfera e shendetesise, sigurimit pensional dhe invalidor dhe Marreveshja e pergjithshme kolektive për sektorin publik të Republikes së Maqedonise dhe Marreveshja kolektive e Agjencise."

Neni 6

Titulli para nenit 23 dhe neni 23 ndryshohen si vijojne:

"Nepunesit shteterore me natyre specifike të detyrave të punes dhe ekskluzivitet të kryerjes së detyrave dhe autorizimeve të vecanta

Neni 23

(1) Nepunesve shteterore në Agjenci të cilet kryejne pune të organizimit dhe udheheqjes me Qendrat në Agjenci, nepunesve shteterore të cilet kryejne mbikeqyrje të punes mbi tregtaret individuale gjeodete të autorizuar dhe shoqerite tregtare për pune gjeodezike, nepunesve shteterore të cilet i kryejne punet nga sfera dhe lidhur me punet gjeodezike-kadastrale, për shkak të natyres specifike të detyrave të punes dhe vecantive në realizimin e detyrave dhe autorizimeve të vecanta, paga themelore dhe shtesa e pages për titull u rritet për 20%.

(2) Nepunesve shteterore të cilet kryejne pune nga sfera e teknologjise informatike-komunikative në funksion të SIGJK-së për shkak të natyres specifike të detyrave të punes dhe vecantive në realizimin e detyrave dhe autorizimeve të vecanta, paga themelore dhe shtesa e pages për titull u rritet për 30%."

Neni 7

Në nenin 26 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Kunder aktvendimit për pushim të marredhenies së punes nga paragrafi (1) i ketij neni, punetoret ndihmes kane të drejte të kundershtimit në Keshillin Drejtues të Agjencise."

Paragrafi (3) shlyhet.

Neni 8

Titulli para nenit 27 dhe neni 27 shlyhen.

Neni 9

Në nenin 35 në paragrafin (1) fjala "ky" shlyhet.

Neni 10

Në nenin 60 paragrafi (7) shlyhet.

Neni 11

Në nenin 62 në paragrafin (4) fjalet: "nën serra (serra qelqi)" shlyhen.

Paragrafi (7) ndryshohet si vijon:

"Tokat jopjellore sistemohen si toke natyrore jopjellore (lugina, gurishta etj.) dhe si toka artificiale jopjellore e cila paraqet toke për të cilen eshte miratuar plan urbanistik ose dokumentacion i planit urbanistik (toke ndertimore e pandertuar dhe toke ndertimore e ndertuar: toka nën ndertese, oborri, rrugica, rruge, ura etj)."

Paragrafi (8) shlyhet.

Neni 12

Në nenin 65 pas paragrafit (2) shtohet paragrafi i ri (3), si vijon:

"(3) Agjencia për Kadaster të Patundshmerive në baze të planeve urbanistike ose dokumentacionit të planit urabanistik pas fleteparaqitjes së pales kryen ndryshim të kulturës kadastrale të tokes në toke ndertimore (toke ndertimore e pandertuar ose toke ndertimore e ndertuar)."

Paragrafi (3) behet paragraf (4).

Neni 13

Neni 76 ndryshohet si vijon:

"(1) Punet gjeodezike nga neni 73 paragrafet (1), (2) dhe (3) të ketij ligji, mund t'i kryejne edhe personat e huaj juridike nese personat e huaj juridike regjistrojne në Republiken e Maqedonise person juridik për pune gjeodezike, nën kushtet e percaktuara në nenin 75 të ketij ligji.

(2) Punet gjeodezike nga neni 73 paragrafet (1), (2) dhe (3) të ketij ligji, mund t'i kryejne edhe personat e huaj juridike me seli dhe të regjistruar për kryerjen e puneve gjeodezike në shtetin anetar të Unionit Evropian, nese i plotesojne kushtet nga neni 75 alinete 2, 3 dhe 4 të ketij ligji dhe i njohin ligjet dhe dispozitat tjera të Republikes së Maqedonise nga sfera e puneve gjeodezike.

(3) Inxhinieri i huaj gjeodezik me autorizim nga shteti tjeter, mund të kryeje pune gjeodezike në territorin e Republikes së Maqedonise nën kushte të reciprocitetit, me autorizim të vertetuar nga Oda e Gjeodeteve të Autorizuar (në tekstin e metejme: Oda), nese i njeh ligjet dhe dispozitat tjera të Republikes së Maqedonise nga sfera e puneve gjeodezike.

(4) Inxhinieri i huaj gjeodezik nga shteti anetar i Unionit Evropian me autorizim nga shteti anetar i Unionit Evropian, mund të kryeje pune gjeodezike në territorin e Republikes së Maqedonise, me autorizim të vertetuar nga Oda, nese i njeh ligjet dhe dispozitat tjera të Republikes së Maqedonise nga sfera e puneve gjeodezike."

Neni 14

Në nenin 78 paragrafi (1) alineja 1 pas fjales "Maqedonise" shtohen fjalet: "ose shtetit anetar të Unionit Evropian."

Neni 15

Në nenin 79 paragrafi (2) pas fjales “vite” vihet pike, ndersa fjalet deri në fund të fjalise shlyhen.

Paragrafi (3) ndryshohet si vijon:

“Për vazhdimin e autorizimit për gjeodet të autorizuar, poseduesi i autorizimit gjashte muaj para kalimit të afatit për vlefshmerine e autorizimit i parashtron kerkese Odes. Kerkeses, poseduesi i autorizimit i cili eshte i regjistruar si tregtar individual gjeodet i autorizuar ose eshte i punesuar në shoqeri tregtare për pune gjeodezike, i bashkengjet edhe certifikate të leshuar nga Oda se gjate dhjete viteve ka mbajtur nga 20 orë edukim të vazhdueshem nga sfera e puneve gjeodezike."

Neni 16

Në nenin 91 paragrafi (4) ndryshohet si vijon:

“Elaboratet gjeodezike për realizimin e puneve gjeodezike për qellime të vecanta së bashku me bazen juridike dorezohen për verifikim dhe zbatim në Agjenci. Me verifikim Agjencia verteton se gjate perpilimit të elaborateve gjeodezike jane shfrytezuar të dhena nga SIGJK-ja dhe se për të njejtat eshte paguar kompensim në pajtim me kete ligj.”

Paragrafi (7) shlyhet.

Neni 17

Në nenin 96 paragrafi (1) pas fjaleve: “Gjeodetet e autorizuar" shtohen fjalet: "të regjistruar si tregtare individuale gjeodete të autorizuar ose të punesuar në shoqeri tregtare për pune gjeodezike", ndersa fjalet: “të gjeodeteve të autorizuar (në tekstin e metutjeshem: Oda)“ shlyhen.

Neni 18

Në nenin 97 paragrafi (2) pika shlyhet dhe shtohen fjalet: "dhe në proceduren për percaktimin e autorizimit të inxhinierit të huaj gjeodezik.”

Neni 19

Në nenin 99 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

“Kuvendin e Odes e perbejne të gjithe gjeodetet e autorizuar të regjistruar si tregtare individuale gjeodete të autorizuar ose të punesuarit në shoqeri tregtare për pune gjeodezike.”

Në paragrafin (2) pas fjaleve: “gjeodete të autorizuar” shtohen fjalet: “të regjistruar si tregtare individuale gjeodete të autorizuar ose gjeodete të autorizuar të punesuar në shoqeri tregtare për pune gjeodezike.”

Neni 20

Në nenin 101 paragrafi (2) alineja 2 pas presjes pas fjales “gjeodet” në fund të alinese, shtohen fjalet: “si dhe aktvendim për vertetimin e autorizimit të inxhinierit të huaj gjeodezik”.

Neni 21

Në nenin 105 paragrafi (2) pika zevendesohet me presje dhe shtohen fjalet: "në kushte të percaktuara me ligj."

Neni 22

Në nenin 115 fjalet: “nepunes kadastral” zevendesohen me fjalet: “nepunes shteteror”.

Neni 23

Në nenin 126 pas fjaleve: “e drejta e pengut (hipoteke)” shtohen fjalet: “koncesionet e patundshmerive dhe qiraja e tokes bujqesore,”.

Neni 24

Në nenin 127 pas paragrafit (9) shtohen dy paragrafe të rinj (10) dhe (11) si vijojne:

“(10) Gjate regjistrimit të koncesionit të patundshmerise, posacerisht regjistrohen të dhenat për koncedentin, të dhenat për koncesionerin, të dhenat për afatin e zgjatjes së koncesionit dhe lartesine e kompensimit për koncesionin, të cilat regjistrohen në pjesen e të dhenave ku shenohen ngarkesat e patundshmerise.

“(11) Gjate regjistrimit të qirase së tokes bujqesore, posacerisht regjistrohen të dhena për qiradhenesin, të dhena për qiramarresin, të dhena për afatin e zgjatjes së qirase dhe lartesine e kompensimit për qirane, të cilat regjistrohen në pjesen e të dhenave ku shenohen ngarkesat e patundshmerise.”

Neni 25

Në nenin 166 paragrafi (2) fjalet: “nepunes kadastral” zevendesohen me fjalet: “nepunes shteteror”.

Neni 26

Neni 173 ndryshohet si vijon:

“(1) Për komunat kadastrale ku eshte themeluar kadaster për patundshmeri në baze të planeve gjeodezike analoge, me aplikimin e bazes së të dhenave nga planet kadastrale, do të shfrytezohen të dhena të fmarra nga planet kadastrale digjitale.

(2) Kur gjate digjitalizimit të planeve kadastrale konstatohen dallime në siperfaqen e parcelave kadastrale nga planet kadastrale digjitale me siperfaqen nga operati kadastral, e dallimet jane më të medha se (ku R eshte siperfaqja e parceles kadastrale, ndersa M eshte perpjesetimi i planit kadastral), Agjencia me detyre zyrtare leshon vertetim për siperfaqen digjitale e cila i dorezohet personit të regjistruar si bartes i të drejtes së parceles kadastrale.

(3) Siperfaqja e re e parceles kadastrale, e cila del nga paragrafet (1) dhe (2) të ketij neni, regjistrohet me detyre zyrtare në aktzoterim.

(4) Për aplikimin e bazes së të dhenave nga planet kadastrale digjitale për secilen komune kadastrale, drejtori i Agjencise miraton aktvendim.

(5) Aktvendimi nga paragrafi (4) i ketij neni, botohet në “Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise.“

Neni 27

Në nenin 174 pas paragrafit (3) shtohet paragrafi i ri (4), si vijon:

“(4) Për menjanimin e gabimeve nga paragrafet (1) dhe (2) të ketij neni, nuk paguhen kompensime.”

Neni 28

Neni 175 ndryshohet si vijon:

“Formen dhe permbajtjen e fleteparaqitjes për regjistrim të ndryshimit dhe të fleteparaqitjes për korrigjim të gabimit, të vertetimit për pranim të fleteparaqitjes për regjistrim të ndryshimit dhe për korrigjim të gabimit, të vertetimit për regjistrimin e ndryshimit dhe për korrigjim të gabimit dhe për refuzim të regjistrimit të ndryshimit dhe për korrigjim të gabimit të vertetimit për siperfaqe digjitale, si dhe menyren e mbajtjes së kadastres së patundshmerive, i percakton Keshilli Drejtues i Agjencise.”

Neni 29

Në nenin 176 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

“Kunder vertetimit për regjistrim ose refuzim gjate themelimit dhe mbajtjes së kadastres së patundshmerive dhe kunder vertetimit për korrigjim të gabimit teknik, parashtruesi i fleteparaqitjes dhe bartesi i së drejtes kane të drejte të parashtrojne padi në Gjykaten Administrative."

Neni 30

Neni 197 shlyhet.

Neni 31

Neni 198 shlyhet.

Neni 32

Dispozitat nga nenet 13 paragrafet (2) dhe (4) dhe 14 të ketij ligji, do të zbatohen nga dita e pranimit të Republikes së Maqedonise në Unionin Evropian.

Neni 33

Zgjidhja e lendeve për regjistrimin e të drejtave të patundshmerive dhe për kryerjen e ndryshimeve në kadastren e patundshmerive, e filluar para dites së hyrjes në fuqi të Ligjit për Kadaster të Patundshmerive ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 40/2008), e për të cilat procedohet nga Agjencia dhe Komisioni i Shkalles së Dyte, perkatesisht Gjykata Administrative, do të vazhdoje në pajtim me dispozitat e ketij ligji dhe Ligjit për Kadaster të Patundshmerive ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 40/2008).

Të dhenat gjeodezike të terrenit të cilat jane të domosdoshme për zgjidhjen e lendeve nga paragrafi (1) i ketij neni, i siguron Agjencia.

Neni 34

Me shpalljen në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise" të aktvendimit për aplikimin e kadastres së themeluar të patundshmerive në komunen e fundit kadastrale me kadaster të tokes në territorin e Republikes së Maqedonise, shfuqizohet Ligji për matje dhe kadaster të tokes ("Gazeta Zyrtare e RSM-së" numer 34/72 dhe 13/78).

Neni 35

Aktet për organizimin dhe sistematizimin e vendeve të punes, si dhe aktet tjera do të miratohen në afat prej tre muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

Neni 36

Oda detyrohet që në afat prej 30 ditesh nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji, ta dorezoje propozim-listen tarifore nga neni 94 paragrafi (2) të ketij ligji, te Keshilli Drejtues i Agjencise, e pas verejtjeve eventuale të Keshillit Drejtues të Agjencise të procedoje në afat prej dhjete ditesh.

Nese Oda nuk procedon në afatet nga paragrafi 1 i ketij neni, Agjencia do ta miratoje Listen tarifore nga neni 94 paragrafi (2) të ketij ligji, me propozim të drejtorit të Agjencise.

Neni 37

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

3305.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ

Се прогласува Законот за поштенските услуги,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 декември 2010 година.

Бр. 07-4950/1
6 декември 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
Предмет на Законот

Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапките за обезбедување на поштенските услуги во внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај, правата и обврските на давателите и корисниците на поштенските услуги, се утврдува правната положба, надлежностите, организацијата и работењето на Агенцијата за пошти и се уредуваат други прашања во врска со поштенската дејност.

Член 2
Примена и цели на Законот

(1) Одредбите на овој закон се применуваат на сите даватели на поштенски услуги во внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај.

(2) На постапките што се утврдени со овој закон се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(3) Целите на овој закон се:

- обезбедување на поштенски услуги,
- обезбедување на универзална услуга на целата територија на Република Македонија,
- утврдување на начин на финансирање на универзална услуга за нејзино постојано обезбедување,
- утврдување на стандарди за квалитет за обезбедување на универзална услуга и утврдување на систем за примена на овие стандарди,
- заштита на интересите на корисниците на поштенските услуги,
- овозможување конкуренција во областа на поштенските услуги според објективни, транспарентни и недискриминаторни услови, на постепен и контролиран начин со цел да се обезбеди обезбедувањето на универзалната услуга,
- развој на поштенската инфраструктура на целата територија на Република Македонија за поквалитетно обезбедување на поштенските услуги,
- формирање на цените за поштенските услуги на објективни, транспарентни и недискриминаторни принципи и
- функционирање на поштенските услуги во интерес на Република Македонија.

Член 3
Јавен интерес

Обезбедувањето на универзалната услуга и издавањето на поштенските марки и поштенските вредносници, како и изградбата, одржувањето, развојот и работата на поштенската мрежа и придружната инфраструктура се работи од јавен интерес.

Член 4
Дефиниции

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

- **поштенска пратка** е пратка адресирана со полна адреса која треба да се пренесе од страна на давател на поштенски услуги. Во поштенски пратки спаѓаат пратки за кореспонденција, пратки за слепи лица, директна пошта, книги, каталози, весници, периодични списанија и пакети кои содржат стока со или без означена вредност,

- **пратка за кореспонденција** е комуникација во писмена форма на каков било физички медиум која треба да се пренесе и достави на адресата означена од испраќачот на самата пратка или на нејзината обвивка, од страна на давател на поштенски услуги. Книги, каталози, весници, периодични списанија и пакети не се сметаат за пратки за кореспонденција,

- **директна пошта** е комуникација која се состои само од рекламен, маркетиншки или пропаганден материјал со идентична порака која се испраќа на поголем број лица и се доставува на адресата што ја означил испраќачот на самата пратка или на нејзината обвивка. Сметките, фактурите и финансиските извештаи не се сметаат за директна пошта. Комуникација која содржи комбинација од рекламен материјал и други пратки во иста обвивка не се смета како директна пошта,

- **пакет** е поштенска пратка со определена големина и тежина која содржи стока со или без означена вредност,

- **препорачана пратка** е услуга со која паушално се гарантира против ризици од губење, ограбување или оштетување на пратката со која на испраќачот, на негово барање, му се обезбедува доказ за достава на пратката на примачот,

- **пратка со означена вредност** е услуга со која се осигурува поштенската пратка до вредноста која ја означил испраќачот во случај на губење, ограбување или оштетување на пратката,

- **поштенски услуги** се услуги кои вклучуваат прием, пренос, сортирање и дистрибуција на поштенски пратки во внатрешен и меѓународен поштенски сообраќај,

- **универзална услуга** е пакет од определени поштенски услуги кои постојано се обезбедуваат на целата територија на Република Македонија, со определен квалитет и по пристапни цени за корисниците на услугата,

- **пристап до поштенска мрежа** е достапност до капацитети, средства, простории и/или услуги на кој било давател на поштенски услуги под определени услови, заради обезбедување на поштенски услуги,

- **резервирани поштенски услуги** се прием, сортирање, пренос и дистрибуција на пратки за кореспонденција во внатрешниот поштенски сообраќај и на пратки за кореспонденција кои пристигнуваат во Република Македонија од меѓународен поштенски сообраќај, со тежина до 50 гр. Во резервирани поштенски услуга спаѓа и директната пошта во рамките на истото ограничување за тежина,

- **независно регулаторно тело** е правно лице со јавни овластувања кое врши функции на регулирање на пазарот на поштенските услуги,

- **давател на поштенски услуги** е домашно или странско правно или физичко лице кое обезбедува поштенски услуги согласно со овој закон,

- **давател на универзална услуга** е давател на поштенски услуги кој обезбедува универзална услуга на територијата на Република Македонија во согласност со овој закон,

- **индивидуална дозвола** е акт кој го издава Агенцијата за пошти на давател на поштенски услуги со кој се утврдуваат права и обврски за обезбедување на универзалната услуга, дополнета со правата и обврските од општото овластување,

- **општо овластување** е акт со кој Агенцијата за пошти на давател на поштенски услуги му дава право за обезбедување на поштенски услуги согласно со поднесената нотификација,

- **поштенска мрежа** е систем на организација и средства кои се употребуваат од давателот на универзалната услуга за:

• прием на поштенски пратки од давателот на универзалната услуга од точките за пристап на целата територија,

• ракување и пренесување на поштенски пратки од точките за пристап до дистрибутивниот центар и

• дистрибуција до адресата назначена на пратката,

- **точки за пристап** се сите видови на физички објекти на давателот на универзална услуга, вклучувајќи ги и поштенските сандачиња поставени на јавни места или во просториите на давателот на универзалната услуга, каде што поштенските пратки можат да бидат предадени од корисниците,

- **корисник на поштенски услуги** е правно и физичко лице кое како испраќач или примач користи поштенски услуги,

- **испраќач** е правно или физичко лице кое испраќа поштенски пратки,

- **примач** е правно или физичко лице до кое се адресирани поштенските пратки,

- **прием на поштенски пратки** е постапка на преземање на поштенски пратки од страна на давател на поштенски услуги,

- **дистрибуција** е процес кој се состои од сортирање во дистрибутивниот центар до достава на поштенски пратки на примачот,

- **овластено лице за вршење надзор** е лице вработено во Агенцијата за пошти со посебни овластувања и одговорности утврдени со овој и друг закон кое врши надзор и

- **субјект на надзор** е правно или физичко лице кое врши поштенски услуги над кое се врши надзор.

II. НАДЛЕЖНОСТ ВО ОБЛАСТА НА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ

Член 5
Надлежни органи

За вршење на работите од областа на поштенските услуги утврдени со овој закон, надлежни се:

- органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на поштенските услуги (во натамошниот текст: органот на државната управа) и

- Агенцијата за пошти (во натамошниот текст: Агенцијата).

Член 6
Надлежности на органот на државната управа

Органот на државната управа:

- ја реализира политиката на Владата на Република Македонија во областа на поштенските услуги,

- ја изготвува законската регулатива од областа на поштенската дејност во соработка со Агенцијата,

- ја подготвува Стратегијата за развој на поштенските услуги и ја доставува на усвојување до Собранието на Република Македонија,

- го промовира развојот на конкуренцијата и либерализацијата во областа на поштенските услуги,

- ги координира и усогласува работите од областа на поштенските услуги,

- ги спроведува уредбите со законска сила за вршење на дејноста од областа на поштенските услуги во услови на воена и вонредна состојба,

- соработува со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на одбраната и органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи во врска со прашања од областа на поштенските услуги што се однесуваат на одбраната и безбедноста,

- ја претставува Република Македонија во меѓународните организации во областа на поштенските услуги и поштенскиот сообраќај, преговара и потпишува билатерални и меѓународни договори во областа на поштенските услуги и поштенскиот сообраќај во име на Владата на Република Македонија и
- врши и други работи утврдени со овој закон.

Член 7
Независно регулаторно тело

(1) Независно регулаторно тело во областа на поштенските услуги е Агенцијата.
(2) Собранието на Република Македонија е основач на Агенцијата. Имотот и средствата за работа на Агенцијата се сопственост на Република Македонија, а ги користи и со нив управува Агенцијата.
(3) Агенцијата се основа како самостојно и непрофитно правно лице, кое врши јавни овластувања утврдени со овој закон.
(4) Агенцијата во својата работа и при донесување на одлуки во рамките на своите овластувања е независна од друг државен орган или друго јавно правно лице или трговско друштво што врши дејност од областа на поштенските услуги и е непристрасна кон нив.
(5) Работата на Агенцијата е јавна.
(6) Агенцијата стекнува статус на правно лице со запишување во Централниот регистар на Република Македонија.
(7) Седиштето на Агенцијата е во Скопје.
(8) Со цел за извршување на определени активности во рамките на своите надлежности, Агенцијата може да ангажира други домашни и странски правни и физички лица имајќи го предвид конфликтот на интереси.

Член 8
Делокруг на работа на Агенцијата

(1) Агенцијата извршува работи утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и врз основа на Стратегијата за развој на поштенските услуги во Република Македонија, како и меѓународните договори од областа на поштенските услуги што ги склучила или на кои им пристапила Република Македонија.
(2) Агенцијата обезбедува почитување на обврските кои произлегуваат од Директивите на Европската унија и Актите на Светскиот поштенски сојуз.
(3) Агенцијата при извршување на работите од својот делокруг обезбедува:
- услови за постојано, редовно и непречено обезбедување на универзална услуга,
- овозможување еднаков пристап до универзалната услуга за корисниците во однос на избор, цена и квалитет,
- потикнување пристап до поштенската мрежа,
- промовирање и заштита на конкуренција во областа на поштенските услуги и
- отворање на пазарот со цел за создавање единствен пазар на поштенски услуги.

Член 9
Надлежности на Агенцијата

За остварување на работите од членот 8 на овој закон, Агенцијата е надлежна да:
- донесува и спроведува подзаконски акти врз основа на овој закон,
- го осигури обезбедувањето на универзална услуга,
- обезбедува услови за пристап на корисниците до универзалната услуга,
- спроведува постапка за определување на давател на универзална услуга,
- донесува одлука за определување на давател на универзална услуга,
- издава општо овластување за обезбедување на поштенски услуги по поднесена нотификација,
- овозможи и обезбеди услови за подеднаков пристап до поштенската мрежа,
- го следи обезбедувањето на универзалната услуга,
- формира компензациски фонд и да управува со средствата од компензацискиот фонд,
- ги одобрува и врши контрола на трошоците за обезбедување на универзална услуга,
- го следи работењето на давателите на поштенските услуги во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на него,
- го следи развојот на пазарот на поштенските услуги и ја промовира конкуренцијата на пазарот на поштенски услуги,
- врши надзор и контрола на работењето на давателите на поштенските услуги и презема мерки согласно со закон против давателите на поштенските услуги кои не ги спроведуваат одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- води управни постапки и донесува одлуки во управна постапка согласно со одредбите од овој закон и Законот за општата управна постапка,
- води постапки за решавање на спор меѓу давателите на поштенски услуги и нивните корисници, меѓу давател на универзална услуга и другите даватели на поштенски услуги,
- бара податоци и информации од давателите на поштенски услуги,
- воспоставува, одржува и ажурира електронска база на податоци,
- дава мислење и учествува при подготвувањето на закони, прописи и други акти што се однесуваат на поштенските услуги, како и при склучувањето, односно пристапувањето на Република Македонија кон меѓународни договори од областа на поштенските услуги и да го обезбедува нивното спроведување,
- соработува со други државни органи и институции,
- ја врши својата работа транспарентно и на недискриминаторски начин, овозможувајќи им на заинтересираните страни да дадат забелешки и коментари во врска со иницијативите, мерките и одлуките на Агенцијата,
- обезбеди информации за корисниците и давателите на поштенски услуги и меѓународните организации и тела,
- спроведува примена на националните и меѓународните стандарди и технички прописи во областа на поштенските услуги,
- учествува во работата на меѓународни организации и здруженија на национални регулаторни тела во областа на поштенските услуги и
- врши и други работи во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Член 10
Статут на Агенцијата

(1) Работењето на Агенцијата поблиску се уредува со Статутот на Агенцијата.
(2) Статутот на Агенцијата особено содржи одредби за:
- заштитен знак и седиште на Агенцијата,
- изработка и употреба на печати на Агенцијата,

- застапување на Агенцијата,
- постапка за именување и разрешување на директор на Агенцијата,
- постапка за донесување на подзаконски акти и општи акти на Агенцијата,
- постапка за вработување во Агенцијата,
- постапка за наградување и казнување на вработените во Агенцијата,
- постапка за стручно оспособување и усовршување на вработените во Агенцијата,
- обврската за вработените во однос на чување на доверливост на податоците и
- други одредби од значење за работењето на Агенцијата.

(3) Статутот на Агенцијата е јавно достапен и се објавува на веб страницата на Агенцијата.

Член 11
Влијание на јавноста

(1) Државните органи и Агенцијата имаат обврска при одредувањето на мерките кои се однесуваат на пазарот за поштенските услуги и пред донесување на одлуки од општа примена кои значително влијаат врз пазарот, како и при донесување на прописите да го земат предвид и мислењето на заинтересираните страни.

(2) Агенцијата ги објавува предлозите на прописите и ги повикува сите заинтересирани страни да дадат свои предлози на сугестии во период кој не смее да биде пократок од 15 дена од денот на објавувањето на предлозите на прописите.

(3) Агенцијата може да одржи јавна расправа за предложениот пропис, на која можат да бидат поканети претставници на сите заинтересирани страни за да ги презентираат своите гледишта и ставови за предложениот предмет на расправа.

(1) Организациите за заштита на потрошувачите преземаат активности пред судовите или надлежните институции заради заштита на потрошувачите од неспроведување на овој закон.

(2) Организациите за заштита на потрошувачите соработуваат со соодветните тела во други земји во решавањето на пограничните спорови во поглед на финансиските услуги што се дадени на далечина.

VI. НАДЗОР

Член 18

Надзор над давателите кои вршат финансиски услуги запишани во трговскиот регистар кој се води во Централниот регистар на Република Македонија врз основа на посебна дозвола од надлежен орган, односно институција, врши органот, односно институцијата кои ја издале дозволата на начин и постапка пропишана со закон.

VII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 19

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на давателот, ако:

1) не ги доставува информациите во согласност со членовите 6, 7, 8 и 10 ставови (1), (2) и (3) од овој закон;

2) постапува без да добие согласност според членовите 8 став (2), 9 став (1) и 11 од овој закон;

3) бара или прифаќа плаќање на трошоци од потрошувачот спротивно на членовите 9 став (2), 10 став (4) и 14 ставови (1) и (2) од овој закон и

4) не постапи во рокот определен во членот 14 став (3) од овој закон.

(2) Покрај глобата за дејствијата од ставот (1) на овој член на давателот ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење дејност. Траењето на забраната не може да биде пократко од шест месеци ниту подолго од пет години.

(3) За прекршоците од ставот (1) на овој член ќе се изрече глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност и на одговорното лице кај давателот.

Член 20

Надлежен орган за изрекување на прекршочните санкции предвидени со овој закон е надлежниот суд.

VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Овој закон ќе почне да се применува со денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.

Член 22

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

_____

L I G J
PËR DHËNIEN E SHËRBIMEVE FINANCIARE NË LARGËSI

I. DISPOZITA TË PËRGJITHSHME

Neni 1

Me këtë ligj rregullohen kushtet dhe mënyra e dhënies së shërbimeve financiare në largësi.

Neni 2

(1) Dispozitat e këtij ligji zbatohen në marrëveshjet për dhënien e shërbimeve financiare konsumatorëve në largësi (në tekstin e mëtejmë: marrëveshje në largësi).

(2) Në rast të marrëveshjes në largësi që përbëhet nga aranzhmani fillestar për shërbime, pas të cilit vijojnë operacione suksesive ose seri e operacioneve të veçanta nga natyra e njëjtë të cilat realizohen në intervale të caktuara kohore, dispozitat e këtij ligji zbatohen vetëm për arazhmanin fillestar.

(3) Në raste kur nuk ekziston aranzhman fillestar, por në periudhë të caktuar ndërmjet palëve kontraktuese kryhen operacione suksesive ose seri e operacioneve të veçanta nga natyra e njëjtë, dispozitat e neneve 6, 7 dhe 8 të këtij ligji zbatohen vetëm në operacionin e parë.

(4) Nëse në periudhë prej një viti nuk kryhen operacione të natyrës së njëjtë, operacioni vijues do të konsiderohet si fillestar në serinë e re të operacioneve dhe në të do të zbatohen dispozitat e neneve 6, 7 dhe 8 e këtij ligji.

Neni 3

Për marrëveshjet në largësi zbatohen edhe dispozitat e ligjeve tjera me të cilat përcaktohe dorëzimi i detyrueshëm i informacioneve dhe të dhënave të ndryshme nga të theksuarat në nenin 6 paragrafi (1) të këtij ligji.

Neni 4

(1) Konsumatori nuk mund të heq dorë nga të drejtat që dalin nga ky ligj.

(2) Janë të pavlefshme dispozitat e marrëveshjes në largësi me të cilat parashihet zbatimi i të drejtës së shtetit tjetër që nuk është vend-anëtar i Unionit Evropian, me të cilat përjashtohet zbatimi i këtij ligji.

Neni 5

Nocione të veçanta të përdoruara në këtë ligj e kanë këtë kuptim, si vijojnë:

1. "Marrëveshje në largësi" është çdo marrëveshje për shërbime financiare e lidhur ndërmjet dhënësit dhe konsumatorit në kuadër të shitjes së organizuar në largësi ose sistem për dhënien e shërbimeve nga ana e dhënësit, që për nevojat e asaj marrëveshje, aplikon një ose më shumë mjete për komunikim në largësi;

2. "Shërbim financiar" është çdo shërbim i natyrës bankare, kreditore, siguruese, pensionale personale, investuese ose pagesore;

3. "Dhënës" është personi fizik ose juridik i cili në kuadër të veprimtarisë së tij tregtare ose profesionale, jep shërbime financiare në largësi;

4. "Konsumator" është personi fizik i cili në marrëveshjet në largësi që janë të përfshira me këtë ligj, vepron për qëllime që nuk lidhen me kryerjen e veprimtarisë së tij tregtare ose profesonale;

5. "Mjete për komunikim në largësi" janë të gjitha mjetet që mund të shfrytëzohen për shitje në larëgsi, pa praninë fizike njëkohësisht të dhënësit dhe konsumuesit;

6. "Medium i përhershëm" është çdo instrument që konsumuesit i mundëson t'i grumbullojë informacionet e dërguara personalisht atij, në mënyrë që i mundëson shfrytëzim (thirrrje) të atyre informacioneve në periudhë të caktuar kohore, përkatëse me qëllimin e informacioneve dhe që lejon riprodhim të pandryshuar të informatave të grumbulluara dhe

7. "Operator ose dhënës i mjeteve për komunikim në largësi" është çdo person juridik ose fizik veprimtaria tregtare ose profesionale e të cilit e përfshinë edhe lëshimin në disponim të një ose më shumë mjeteve për komunikim në largësi.

II. MARRËVESHJE NË LARGËSI

Neni 6

(1) Para se konsumuesi të obligohet me ofertë dhe/ose me marrëveshje në largësi, dhënësi është i obliguar t'ia japë informatat për:

1) dhënësin:

a) identitetin dhe veprimtarinë themelore të dhënësit, adresën e selisë dhe adresat tjera që janë relevante për komunikim të konsumatorit me dhënësin;

b) identitetin e përfaqësuesit të dhënësit të themeluar në vendin-anëtar të Unionit Evropian ku konsumuesi qëndron ose jeton dhe adresën që është relevante për komunikim të konsumuesit me përfaqësuesin, në qoftë se ekziston përfaqësues i atillë;

v) kur marrëveshja në largësi nënkupton marrëdhënie të konsumatorit me subjekt të ndryshëm nga dhënësi, identitetin e atij subjekti, kapacitetin me të cilin ai vepron në lidhje me konsumuesin dhe adresën që është relevante për komunikim të konsumuesit me atë subjekt;

g) nëse dhënësi është regjistruar në shoqëri ose në regjistër tjetër përkatës, regjistrin në të cilin është regjistruar dhënësi dhe numrin e tij të regjistrimit, ose identifikimin tjetër adekuat në atë regjistër dhe

d) nëse aktiviteti i dhënësit është lëndë e licencimit, lejimit ose sistemit të ngjashëm për autorizim, të dhënat për organin e mbikëqyrjes ose supervizionit.

2) shërbimin financiar:

a) përshkrimin e karakteristikave kryesore të shërbimeve financiare;

b) çmimin e përgjithshëm që konsumatori ia paguan dhënësit të shërbimit financiar, duke i përfshirë edhe të gjitha tatimet, taksat dhe shpenzimet lidhur me të që paguhen nëpërmjet dhënësit, e kur nuk është e mundur që të përcaktohet çmimi i saktë, jepet mënyra e llogaritjes së çmimit që i mundëson konsumatorit ta përcaktojë;

v) njoftimin se shërbimi financiar është i lidhur me instrumente që përfshijnë rreziqe speciale që dalin nga karakteristikat specifike ose nga operacionet që duhet të kryhen, ose çmimi i të cilave varet nga fluktuacionet e tregjeve financiare jashtë kontrollit të dhënësit, duke bërë me dije se zhvillimet historike (të dhënat) nuk janë indikator për zhvillimet e ardhshme;

g) njoftimin për ekzistimin e të dhënave dhe/ose shpenzimeve që nuk paguhen nëpërmjet dhënësit ose nuk janë vendosur nga ai;

d) kufizimin e periudhës për të cilën vlejnë informatat e dhëna, nëse ka kufizim të atillë;

gj) mënyrat e pagesës dhe

e) shpenzimet tjera plotësuese për konsumuesin lidhur me shfrytëzimin e mjeteve për komunikim në largësi, nëse paguhen shpenzime të tilla plotësuese;

3) marrëveshjen në largësi:

a) ekzistimin ose mungesën e të drejtës për tërheqje në pajtim me nenin 13 të këtij ligji, nëse ekziston e drejta e tërheqjes, informatat për periudhën që mund të shfrytëzohet ajo e drejtë dhe kushtet për shfrytëzimin e asaj të drejte duke i përfshirë edhe informatë për shumën që mund të kërkohet konsumuesi ta paguajë në bazë të nenit 14 paragrafi (1) të këtij ligji, si dhe për pasojat nëse ajo e drejtë nuk realizohet;

b) instruksionet praktike për realizimin e të drejtës së tërheqjes nga marrëveshja, që mes tjerash nënkupton shënimin e adresës ku duhet të dërgohet njoftimi për tërheqje;

v) kohëzgjatjen minimale të marrëveshjes në largësi, në rastin kur shërbimi financiar kryhet në mënyrë permanente ose përsëritet;

g) informatën për të drejtat që palët i kanë për ndërprerje të përkohshme ose të njëanshme të marrëveshjes në pajtim me kushtet nga marrëveshja në largësi, duke i përfshirë edhe dënimet e parapara me marrëveshje në rast të tillë;

d) vendin anëtar ose anëtarë të Unionit Evropian ligjet e të cilit i zbaton dhënësi si bazë për vendosjen e marrëdhënieve me konsumuesin, para lidhjes së marrëveshjes në largësi;

gj) secilën klauzolë të kontraktuar të ligjit, që i përket marrëveshjes në largësi dhe/ose gjykatës kompetente dhe

e) gjuhën ose gjuhët në të cilat dorëzohen kushtet e marrëveshjes në largësi dhe informatat paraprake të këtij ligji, ose gjuhët në të cilat dhënësi obligohet në marrëveshje që të komunikojë me konsumatorin gjatë kohëzgjatjes së marrëveshjes në largësi dhe

4) informata tjera për:

a) ekzistimin ose mosekzistimin për zgjidhje jashtëgjyqësore të kontesteve dhe për kompensim të dëmit konsumatorit sipas marrëveshjes në largësi dhe nëse ekzistojnë, mënyrën e qasjes në ato mekanizma dhe

b) ekzistimin e fondeve garantuese ose të mekanizmave tjerë për kompensim, të cilat nuk janë përfshirë me Ligjin për fondin e sigurimit të depozitave dhe Ligjin për letrat me vlerë.

(2) Informatat nga paragrafi (1) i këtij neni jepen në mënyrë të qartë dhe gjithëpërfshirëse, adekuate për mjetet e përdorura për komunikim në largësi, me respektimin e principeve për mënyrën e ndërgjegjshërisë dhe ndershmërisë gjatë transaksioneve komerciale dhe principet për mbrojtje të atyre që nuk kanë mundësi, në pajtim me legjislacionin vendor ta japin pajtimin e tyre (siç janë të miturit).

(3) Informatat nga paragrafët (1) dhe (2) të këtij neni, jepen në gjuhën maqedonase ose në gjuhë tjetër dhe në gjuhën maqedonase.

Neni 7

(1) Informatat për obligimet e kontraktuara që dorëzohen te konsumatori para lidhjes së marrëveshjes, duhet të jenë në pajtim me obligimet e kontraktuara që do të dilnin nga marrëveshja në largësi, nëse do të ishte lidhur.

(2) Konsumatori nuk ka për obligim që t'i paguajë dhënësit shpenzime të cilat nuk janë të përmbajtura në marrëveshjen në largësi.

Neni 8

(1) Në rastin e komunikimit me telefon ose me mjet tjetër për komunikim me zë në largësi, dhënësi është i obliguar që në fillimin e bisedës në mënyrë të qartë dhe eksplicite t'ia kumtojë konsumatorit identitetin e dhënësit dhe qëllimin komercial të thirrjes.

(2) Pas pajtimit eksplicit nga konsumatori, jepen këto informata:

1) identiteti i personit që kontakton me konsumatorin dhe lidhja e tij me dhënësin;

2) përshkrimi i karakteristikave kryesore të shërbimit financiar;

3) çmimi i përgjithshëm që konsumatori ia paguan për shërbimin financiar duke i përfshirë edhe të gjitha tatimet, taksat dhe shpenzimet lidhur me të, që paguhet nëpërmjet dhënësit, e kur nuk është e mundur të përcaktohet çmimi i saktë, jepet mënyra për llogaritje të çmimit që i mundëson konsumatorit ta përcakttojë;

4) njoftimi për mundësinë e ekzistimit të të dhënave dhe/ose shpenzimeve që nuk paguhen nëpërmjet dhënësit ose nuk janë vendosur nga ai dhe

5) ekzistimi ose mungesa e të drejtës për tërheqje në pajtim me nenin 13 të këtij ligji, nëse ekziston e drejta e tërheqjes përmendet afati dhe kushtet për realizimin e asaj të drejte, duke e përfshirë edhe informatën për shumën që mund t'i kërkohet konsumatorit që ta paguajë në bazë të nenit 14 paragrafi (1) të këtij ligji, si dhe për pasojat nëse ajo e drejtë nuk realizohet.

(3) Në rastet nga paragrafi (2) të këtij neni, dhënësi e informon konsumatorin se me kërkesë të tij mund t'i jepen edhe informata tjera edhe të çfarë natyre janë ato informata. Në çdo rast, dhënësi do të sigurojë informatë të plotë gjatë përmbushjes së obligimeve nga neni 10 i këtij ligji.

Neni 9

(1) Dhënësi mund të shfrytëzojë si mjete komunikimi me konsumatorin sisteme automatike për thirrje pa intervenim të njeriut (makinë automatike për thirrje), faks-makina dhe mjete tjera për komunikim në largësi, të cilat mundësojnë komunikim individual vetëm me pajtim të marrë paraprakisht nga konsumatori.

(2) Mjetet për komunikim të ndryshme nga mjetet nga paragrafi (1) i këtij neni, mund të shfrytëzohen me pajtim paraprak të konsumatorit, ose nëse konsumatori nuk kundërshton qartësisht.

(3) Shfrytëzimi i mjeteve për komunikim nga paragrafi (1) i këtij neni, nuk guxon të jetë në shpenzim të konsumatorëve.

Neni 10

(1) Para se konsumatori të obligohet me marrëveshje ose ofertë në largësi, dhënësi duhet t'ia dorëzojë konsumatorit të gjitha kushtet e marrëveshjes dhe informatat nga neni 6 paragrafi (1) të këtij ligji në letër, ose në medium tjetër të përhershëm që është i kapshëm për konsumatorin.

(2) Nëse marrëveshja është lidhur me kërkesë të konsumatorit me shfrytëzimin e mjeteve për komunikim në largësi që nuk mundësojnë dhënie të kushteve kontraktuese dhe informatave në pajtim me paragrafin (1) të këtij neni, dhënësi është i detyruar që ta përbushë obligimin menjëherë pas lidhjes së marrëveshjes.

(3) Në çfarëdo momenti gjatë veprimeve lidhur me marrëdhënien kontraktuese konsumatori ka të drejtë, që:

1) me kërkesë të tij t'i marrë kushtet kontraktuese në letër dhe

2) t'i ndryshojë mjetet për komunikim në largësi, përveç nëse kjo është joadekuate me marrëveshjen e lidhur ose me natyrën e shërbimit të dhënë financiar.

Neni 11

Marrëveshja mund të fillojë të zbatohet vetëm pasi që konsumatori e ka dhënë pajtimin e vet.

Neni 12

(1) Nuk guxon të jepet shërbim nëse nuk është kërkuar nga konsumatori.

(2) Kur shërbimi nuk është me kërkesë të konsumatorit, mosdhënia e përgjigjes nuk konsiderohet për pajtim nga ana e konsumatorit për dhënien e shërbimit të atillë.

Neni 13

(1) Konsumatori mundet në periudhë prej 14 ditësh kalendarike të tërhiqet nga marrëveshja pa dënim dhe pa dhënë arsye për tërheqje. Te marrëveshjet në largësi për sigurim jetësor dhe sigurim plotësues vullnetar pensional, periudha për tërheqje është 30 ditë kalendarike.

(2) Periudha e tërheqjes fillon:

1) nga dita e lidhjes së marrëveshjes në largësi, përkatësisht te sigurimi jetësor dhe sigurimi vullnetar plotësues pensional, nga momenti kur konsumatori është informuar se marrëveshja në largësi është lidhur ose

2) nga dita në të cilën konsumatori i ka marrë kushtet kontraktuese dhe informatat në pajtim me nenin 10 paragrafët (1) dhe (2) të këtij ligji, nëse ajo ditë është më vonë nga dita nga pika 1 e këtij paragrafi.

(3) E drejta për tërheqje nuk i përket:

1) shërbimeve financiare çmimi i të cilave varet nga fluktuacionet e tregut financiar jashtë kontrollit të dhënësit, të cilat mund të lidhen gjatë periudhës së tërheqjes, siç janë shërbimet në lidhje me:

a) tregun devizor,

b) instrumentet e tregut monetar,

v) letrat e bartshme me vlerë,

g) pjesëmarrjet në fondet investuese,

d) marrëveshjet për fjuçersë financiarë duke i përfshirë edhe instrumentet për barazim të parave të gatshme,

gj) marrëveshjeve me termin për shkallë të kamatës,

e) shkallët e kamatës, valutës dhe depozitimit aksionar dhe

zh) opsionet për t'u fituar ose lëshuar ndonjë nga instrumentet e theksuara në këtë pikë, duke i përfshirë edhe instrumentet për barazim të parave të gatshme si dhe opsionet për valutë dhe për shkallët e kamatës;

2) policave për sigurimin e udhëtarëve dhe sigurimin e bagazhit ose policave të ngjashme afatshkurtra për sigurim, në kohëzgjatje prej më pak se një muaji;

3) marrëveshjeve të cilat janë realizuar në tërësi nga të dyja palët kontraktuese me kërkesë eksplicite të konsumatorit, të dhënë para se ta realizojë të drejtën për tërheqje.

(4) Nëse konsumatori do që ta shfrytëzojë të drejtën e tërheqjes nga marrëveshja, ai para kalimit të afatit për tërheqje nga paragrafi (1) i këtij neni, duhet ta njoftojë dhënësin duke i ndjekur instruksionet praktike që i janë dhënë në pajtim me nenin 6 paragrafi (1) pika 3 nënpika g) të këtij ligji, nëpërmjet mjeteve që mund të vërtetohen në pajtim me ligjin. Afati konsiderohet i ruajtur, nëse njoftimi është në letër ose në medium tjetër të përhershëm që është në disponim dhe është i kapshëm për pranuesin dhe nëse është dërguar para kalimit të afatit përfundimtar.

(5) Nëse në lidhje me marrëveshjen në largësi për shërbim të dhënë në largësi është lidhur edhe marrëveshje tjetër për shërbim që mundësohen nga dhënësi ose nga pala e tretë në bazë të marrëveshjes ndërmjet palës së tretë dhe dhënësit, kjo marrëveshje plotësuese në largësi do të ndërpritet pa asnjë dënim, nëse konsumatori e realizon të drejtën për tërheqje nga paragrafi (1) i këtij neni.

(6) Pavarësisht nga kushtet për mbarimin dhe nga efektet juridike nga mbarimi i marrëveshjes, dispozitat e këtij neni nuk e kufizojnë zbatimin e Ligjit për mbrojtje të konsumatorëve me të cilat janë rregulluar heqja dorë, ndërprerja ose moszbatimi i marrëveshjes në largësi, ose e drejta e konsumatorit që t'i përmbushë obligimet e veta kontraktuese para kohës së caktuar në marrëveshje në largësi.

(7) Dispozitat e këtij neni nuk zbatohen në marrëveshjet për kredi që janë prishur sipas kushteve të Ligjit për mbrojtjen e konsumatorëve, për ndërprerjen e marrëveshjeve të lidhura në largësi dhe për të drejta të kufizuara kohore për shfrytëzim të pasurisë të patundshme (tajmshearing).

Neni 14

(1) Kur konsumatori e shfrytëzon të drejtën e tërheqjes në pajtim me nenin 13 paragrafi (1) të këtij ligji, nga ai mund të kërkohet që pa prolongim të panevojshëm ta paguajë vetëm shërbimin që realisht është dhënë nga dhënësi, në pajtim me marrëveshjen. Shuma që duhet të paguhet nuk guxon:

1) ta tejkalojë shumën që është adekuate me shërbimin tanimë të dhënë në krahasim me mbulimin e plotë të marrëveshjes dhe

2) të jetë i atillë që të mund të interpretohet si dënim ose kompensim i dëmit.

(2) Dhënësi nuk mundet të kërkojë nga konsumatori që të kryejë pagesë në pajtim me paragrafin (1) të këtij neni, nëse nuk mund të dëshmojë se konsumatori ka qenë plotësisht i njoftuar për shumën e cila duhet të paguhet në pajtim me nenin 6 paragrafi (1) pika 3 nënpika a) të këtij ligji dhe nëse pa pajtim paraprak nga konsumatori, ka filluar me realizimin e marrëveshjes para skadimit të periudhës për tërheqje nga neni 13 paragrafi (1) të këtij ligji.

(3) Dhënësi, pa prolongim të panevojshëm dhe jo më vonë se 30 ditë nga dita kur e ka marrë njoftimin për tërheqje, ia kthen konsumatorit të gjitha shumat që nga ai i ka marrë në pajtim me marrëveshjen në largësi, përveç shumës që është paguar në pajtim me paragrafin (1) të këtij neni.

(4) Shpenzuesi, pa prolongim të panevojshëm dhe jo më vonë se 30 ditë kalendarike nga dita kur e ka dorëzuar njoftimin për tërheqje, ia kthen konsumatorit të gjitha shumat dhe/ose pronën që e ka fituar prej dhënësit.

III. DËSHMIMI

Neni 15

(1) Dëshmimi lidhur me obligimet e dhënësit që ta njoftojë konsumatorin në pajtim me dispozitat e këtij ligji, mbrojtjen e afateve nga neni 13 paragrafi (1) të këtij ligji dhe marrjen e pajtimit për lidhjen e marrëveshjes nga ana e konsumatorit, janë në llogari të dhënësit.

(2) Dispozitat e marrëveshjes në largësi me të cilët e drejta e dëshmimit në rastet nga paragrafi (1) të këtij neni janë bartur te konsumatori, janë dispozitat të pandershme sipas Ligjit për mbrojtjen e konsumatorëve.

IV. ZGJIDHJA JASHTËGJYQËSORE E KONTESTEVE

Neni 16

Palët kontraktuese do të përpiqen që kontestet e paraqitura t'i zgjidhin me harmonizim, barazim, ndërmjetësim ose në mënyrë tjetër paqësore.

V. FORMA E MBROJTJES SË KONSUMATORËVE

Neni 17

(1) Organizatat për mbrojtje të konsumatorëve ndërmarrin aktivitete para gjykatave ose institucioneve kompetente, për mbrojtje të konsumatorëve nga moszbatimi i këtij ligji.

(2) Organizatat për mbrojtjen e konsumatorëve bashkëpunojnë me trupa adekuatë në vende tjera, për zgjidhjen e kontesteve kufitare lidhur me shërbimet financiare që janë dhënë në largësi.

VI. MBIKËQYRJA

Neni 18

Mbikëqyrje të dhënësve të cilët kryejnë shërbime financiare të regjistruar në regjistrin tregtar që mbahet në Regjistrin Qendror të Republikës së Maqedonisë në bazë të lejes së veçantë nga organi përkatësisht institucioni kompetent, kryen organi përkatësisht institucioni që e kanë dhënë lejen në mënyrë dhe procedurë të përcaktuar me ligj.

VII. DISPOZITA PËR KUNDËRVAJTJE

Neni 19

(1) Gjobë në shumë prej 3 000 deri në 5 000 euro në kundërvlerë me denarë, do t'i shqiptohet për kundërvajtje dhënësit, nëse:

1) nuk i dorëzon informatat në pajtim me nenet 6, 7, 8 dhe 10 paragrafët (1), (2) dhe (3) të këtij ligj;

2) vepron pa marrë pajtim sipas neneve 8 paragrafi (2), 9 paragrafi (1) dhe 11 të këtij ligj;

3) kërkon ose pranon pagesë të shpenzimeve nga konsumatori në kundërshtim me nenet 9 paragrafi (2), 10 paragrafi (4) dhe 14 paragrafët (1) dhe (2) të këtij ligji dhe

4) nuk vepron në afatin e përcaktuar në nenin 14 paragrafi (3) të këtij ligji.

(2) Krahas gjobës për veprimet nga paragrafi (1) i këtij neni, dhënësit do t'i shqiptohet edhe sanksion për kundërvajtje ndalimi i përkohshëm për kryerjen e veprimtarisë. Kohëzgjatja e ndalimit nuk mund të jetë më e shkurtër se gjashtë muaj e as më e gjatë se pesë vjet.

(3) Për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni, do t'i shqiptohet gjobë në shumë prej 1 500 deri në 3 000 euro në kundërvlerë me denarë edhe personit përgjegjës te dhënësi.

Neni 20

Organ kompetent për shqiptimin e sanksionit për kundërvajtje të paraparë me këtë ligj është gjykata kompetente.

VIII. DISPOZITA KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 21

Ky ligj do të fillojë të zbatohet me ditën e aderimit të Republikës së Maqedonisë në Unionin Evropian.

Neni 22

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

3309.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА

Се прогласува Законот за ревизија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 декември 2010 година.

Бр. 07-4954/1
6 декември 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА РЕВИЗИЈА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите за вршење на ревизија во правните лица кои вршат дејност во Република Македонија.

Член 2

Одредбите на овој закон се однесуваат на законски и договорни ревизорски ангажмани кои се вршат во Република Македонија.

Член 3

За се што не е утврдено со овој закон се применуваат одредбите од Законот за трговски друштва во врска со вршењето на работите на ревизијата.

Дефиниции

Член 4

Одделни поими и кратенки употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. "Ревизија" е независно испитување на финансиските извештаи или консолидираните извештаи и на финансиските информации, со цел да се изрази мислење во врска со нивната вистинитост и непристрасност и нивната усогласеност со прифатената рамка за финансиско известување;

2. "Законска ревизија" е задолжително испитување на финансиските извештаи или консолидираните извештаи и други информации кое се врши врз основа на закон во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија на IFAC, и тоа:

а) финансиските извештаи на трговските друштва определени со закон, со цел да се изрази мислење во врска со нивната вистинитост и непристрасност и нивната усогласеност со прифатената рамка за финансиско известување и

б) финансиските информации подготвени во согласност со соодветни критериуми, со цел за изразување на мислење за финансиските информации;

3. "Договорна ревизија" е незадолжително испитување на финансиските извештаи, која се врши врз основа на договор во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија на IFAC, со цел да се изрази мислење во врска со нивната вистинитост и непристрасност и нивната усогласеност со прифатената рамка за финансиско известување, при што субјектите кои не се страни на договорот за ревизија се потпираат на финансиските извештаи и ревизорскиот извештај подготвен според овие стандарди;

4. "Субјект на ревизија" е правно лице чии финансиски извештаи се предмет на ревизија согласно со Законот за трговските друштва;

5 "Поврзани субјекти" се субјекти кои со субјектот на ревизија се поврзани со економски, финансиски или друг вид интерес;

6. " Ревизор" е физичко лице кое поседува уверение за ревизор;

7. "Друштво за ревизија" е трговско друштво кое е регистрирано и врши ревизија согласно со овој закон и Законот за трговските друштва;

8. "Овластен ревизор - трговец поединец" е физичко лице регистрирано согласно со овој закон и Законот за трговските друштва и кое поседува лиценца за овластен ревизор;

9. "Уверение за ревизор" е уверение кое го издава Институтот за овластени ревизори на Република Македонија на лица кои го положиле испитот за ревизори;

10. "Лиценца за овластен ревизор" е лиценца која ја издава Советот за унапредување и надзор на ревизијата;

11. "Овластен ревизор" е ревизор кој поседува лиценца за вршење на работи на ревизија;

12. "Советот за унапредување и надзор на ревизијата" е самостојно и независно регулаторно тело со јавни овластувања;

13. "Доверливи информации" се информации кои се класифицирани со степен на тајност согласно со Законот за класифицирани информации од Институтот за овластени ревизори на Република Македонија и министерот за финансии и како такви не и се достапни на јавноста;

14. " Дисциплинска постапка" е постапка за утврдување одговорност на ревизорот за повреда на овој закон, подзаконските акти кои произлегуваат од него и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC усвоени од Институтот за овластени ревизори на Република Македонија;

15. "Институт за овластени ревизори на Република Македонија" е професионално коморско здружение на овластени ревизори;

16. "IFAC" е Меѓународна федерација на сметководители;

17. "МСР" се Меѓународни стандарди за ревизија;

18. "МСФИ" се Меѓународни стандарди за финансиско известување.

19. "Правно лице од јавен интерес" е акционерско друштво со посебни обврски за известување согласно со Законот за хартии од вредност;

20. "Групен ревизор" е овластен ревизор - трговец поединец или друштво за ревизија кои извршуваат законска ревизија на консолидирани сметки и

21. "Одбор за ревизија" е орган на управување во правно лице од јавен интерес.

Член 5

Ревизија можат да вршат друштва за ревизија или овластен ревизор - трговец поединец под услови и на начин утврдени со овој закон или Законот за трговските друштва.

II. СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА

Статус на Советот за унапредување и надзор на ревизијата

Член 6

(1) Заради унапредување и надзор над вршењето на ревизијата, Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии основа Совет за унапредување и надзор на ревизијата (во натамошниот текст: Советот) како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања утврдени во овој закон.

(2) Советот стекнува својство на правно лице со упис во Регистарот на други правни лица што се води во Централниот регистар на Република Македонија.

(3) Седиштето на Советот е во Скопје.

(4) Советот за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија.

Статут на Советот

Член 7

(1) Советот донесува Статут на кој согласност дава Владата на Република Македонија, со кој се уредува внатрешната организација, управувањето и раководењето, постапките за донесување на акти, начинот и условите за вработување во Советот, како и други прашања од значење за работењето на Советот.

(2) Подзаконските акти за чие донесување Советот е овластен со овој закон се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

Работа на Советот

Член 8

(1) Предмет на надзор од страна на Советот се Институтот за овластени ревизори на Република Македонија, сите друштва за ревизија и овластен ревизор - трговец поединец.

(2) Советот ги врши следниве работи:

- дава насоки на Институтот за овластени ревизори на Република Македонија за прашања за кои е надлежен согласно со овој закон,
- дава согласност на Статутот и актите на Институтот за овластени ревизори на Република Македонија, во врска со контролни и дисциплински постапки,
- врши контрола над Институтот за овластени ревизори на Република Македонија во спроведувањето на контролните и дисциплинските постапки согласно со укажувањата и препораките на Советот,
- дава согласност на годишната програма и годишниот извештај за работа на Институтот на овластени ревизори,
- го следи спроведувањето на годишната програма за контрола на квалитет на ревизија на Институтот на овластени ревизори,
- ја проверува потребната документација за издавање ревизорски лиценци,
- го проверува извештајот за транспарентност согласно со членот 35 од овој закон,
- ја следи постапката што ја спроведува Институтот за овластени ревизори на Република Македонија за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство,
- по барање на лицето кое ги исполнува условите од членот 25 на овој закон, Советот издава лиценца за овластен ревизор,
- по предлог на Институтот за овластени ревизори на Република Македонија, издава лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на друштвата за ревизија и на овластен ревизор - трговец поединец кои ги исполнуваат условите од членот 25 на овој закон и
- воспоставува соработка со релевантни меѓународни институции.

Состав на Советот за унапредување и надзор на ревизијата

Член 9

(1) Советот го сочинуваат седум члена.

(2) Владата на Република Македонија ги именува претседателот и членовите на Советот. Претседателот на Советот го предлага министерот за финансии, а другите шест члена ги предлагаат следниве институции:

- еден претставник од Народната банка на Република Македонија, вработен во Секторот за супервизија,
- еден претставник од Агенцијата за супервизија на осигурувањето,
- еден претставник од Комисијата за хартии од вредност,
- еден претставник од редовите на големите трговски субјекти и
- двајца овластени ревизори предложени од Институтот.

(3) При именувањето на претседателот и членовите на Советот од ставот (2) на овој член да се почитува начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

(4) Претседателот раководи со Советот и го застапува во односите со трети лица.

(5) Мандатот на претседателот и членовите на Советот е пет години, со можност за повторен избор уште за еден мандат.

(6) Претседателот и членовите на Советот можат да бидат разрешени од страна на Владата на Република Македонија и пред истекот на мандатот од ставот (4) на овој член, само во случај на исполнување на најмалку еден од условите утврдени во членот 12 од овој закон.

(7) Во случај на престанување на должноста на претседателот и членовите на Советот согласно со овој закон, пред истекот на мандатот, на негово место се именува друго лице со мандат до истекот на мандатот на членот на кој му престанува вршењето на должноста.

Услови за избор на членови на Советот

Член 10

(1) За член на Советот може да се избере лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да има завршено високо образование од областа на економијата или правото,
- да не е вработен во Институтот за овластени ревизори на Република Македонија и да не е член на ниедно извршно тело на истиот,
- да има најмалку пет години работно искуство во областа на сметководството, правото, ревизијата и финансиите,
- да не е правосилно осуден за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност и
- да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

(2) За член на Советот не може да се именува лице:

- кое е функционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа и
- да не е носител на функција во органите на политичка партија, член на управен одбор, надзорен одбор или кој било друг орган кај друг правен субјект.

(3) Претседателот и членовите на Советот се должни својата работа да ја вршат професионално и на начин на кој нема да ја доведат во прашање независноста и самостојноста на Советот.

(4) Каков било облик на влијание врз работата на Советот кој би можел да влијае врз независноста и самостојноста на Советот е забранет.

Права на претседателот, членовите на Советот и вработените

Член 11

(1) Претседателот на Советот е професионално ангажирано лице за што прима плата согласно со прописите за плати на именувани и избрани лица.

(2) Членовите на Советот имаат право на месечен надоместок кој се обезбедува од средствата на Советот утврдени со годишниот финансиски план.

(3) Административно-техничките работи поврзани со работењето на Советот ги врши стручна служба на Советот.

(4) Средствата за плата и додатоци на плата на претседателот и вработените во стручната служба на Советот, како и средствата за месечен надоместок на членовите на Советот се обезбедуваат од средствата на Советот утврдени во годишниот финансиски план.

Разрешување на членовите на Советот

Член 12

Владата на Република Македонија на предлог на министерот за финансии може пред истекот на мандатот за кој е именуван да го разреши претседателот или член на Советот, ако:

- тоа сам го побара,
- ја загуби работната способност,
- ја прекрши обврската за заштита на доверливите податоци од членот 37 на овој закон и
- неоправдано отсуствувал од три седници на Советот последователно или неоправдано отсуствувал вкупно од пет седници во текот на една година.

Надлежности на Советот

Член 13

Надлежности на Советот се:
- донесување Статут на Советот,
- донесување Деловник за својата работа, годишна програма, финансиски план и годишен извештај на кои согласност дава Владата на Република Македонија,
- донесува Тарифник за издавање лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на друштва за ревизија, овластен ревизор - трговец поединец и на овластени ревизори на кој согласност дава Владата на Република Македонија,
- издава лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на друштва за ревизија и овластен ревизор - трговец поединец,
- го поттикнува придржувањето кон високите професионални стандарди во ревизорската професија,
- ја следи примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на него и врз таа основа му предлага на министерот за финансии изготвување на соодветни изменувања и дополнувања на истите,
- ја следи примената и дава согласност на актите на Институтот на овластени ревизори и му предлага на Институтот на овластени ревизори нивно изменување и дополнување,
- склучува меморандум за соработка со институции за јавен надзор од други земји и
- врши други работи утврдени со овој закон и Статутот.

Одлучување на Советот

Член 14

(1) Советот одлучува на седници.

(2) Советот може да донесува одлуки од негова надлежност доколку на седницата се присутни мнозинството од вкупниот број на членови.

(3) Одлуките на Советот се сметаат за донесени доколку за истите гласало мнозинство од присутните членови на седницата, со тоа што претседателот и членовите на Советот не можат да се воздржат од гласање.

Средства за работа на Советот

Член 15

Работењето на Советот се финансира од:
- Буџетот на Република Македонија,
- 25% од остварените приходи на Институтот уплатени од друштвата за ревизија и овластениот ревизор - трговец поединец во претходната година,
- надомест од издавање на лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на друштва за ревизија, овластен ревизор - трговец поединец и на овластени ревизори и
- други приходи остварени во текот на работењето на Советот.

Овластување за изрекување на мерки на овластени ревизори

Член 16

(1) Врз основа на мерките изречени од Институтот за овластени ревизори на Република Македонија во членот 22 од овој закон, Советот може да ги изрече следниве мерки:
- опомена,
- времена забрана за вршење на работа на овластен ревизор, лиценцирано друштво за ревизија или лиценциран овластен ревизор трговец поединец и
- трајна забрана за вршење на работа на овластен ревизор, друштво за ревизија или овластен ревизор-трговец поединец.

(2) Начинот и постапката за утврдување на повредите и мерките од ставот (1) на овој член ги пропишува Советот.

(3) Сите мерки изречени од страна на Советот се објавуваат на веб страниците на Советот и на Институтот за овластени ревизори на Република Македонија.

(4) Советот е должен да го информира Институтот за овластени ревизори на Република Македонија за сите мерки кои ги има изречено.

(5) Против одлуката на Советот може да се поведе судска постапка само во однос на непочитување на процедурите на изречените мерки.

III. ПРОФЕСИОНАЛНО ЗДРУЖУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ - ИНСТИТУТ ЗА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Институт на овластени ревизори на Република Македонија

Член 17

(1) Заради промовирање на високи професионални стандарди и за подобрување на квалитетот на ревизорските услуги овластените ревизори се здружуваат во Институт за овластени ревизори на Република Македонија како професионално коморско здружување (во натамошниот текст: Институтот).

(2) Членови на Институтот се овластени ревизори, друштва за ревизија и овластен ревизор - трговец поединец.

(3) Институтот има својство на правно лице.

(4) Седиштето на Институтот е во Скопје.

(5) Институтот стекнува статус на правно лице со упис во Регистарот на други правни лица што се води во Централниот регистар на Република Македонија.

Органи на Институтот

Член 18

(1) Органи на Институтот се Собранието, Управниот одбор и претседателот.

(2) Собранието е највисок орган на Институтот и го сочинуваат сите членови.

(3) Организацијата, надлежноста, составот, начинот на избор, правата и должностите на органите на Институтот се уредуваат со Статутот.

(4) Административно-техничките работи поврзани со работењето на Институтот ги врши стручна служба на Институтот.

Надлежности на Институтот

Член 19

Институтот ги врши следниве работи:
- води регистар на овластени ревизори и регистар на друштва за ревизија и овластен ревизор - трговец поединец,
- донесува програма за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор и спроведува испит за стекнување на звањето ревизор,
- издава уверение за ревизор,
- ги разгледува и дава мислење по барањата за одобрување на квалификации за ревизор стекнати во странство, врз основа на правила и постапки пропишани од Институтот на овластени ревизори,

- организира проверка на знаењето од областа на законската регулатива при одобрување на квалификации за ревизор стекнати во странство,
- организира и спроведува континуирано професионално усовршување,
- ја следи примената на МСР, Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори - трговци поединци,
- ги спроведува Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот на етика на професионални сметководители на IFAC,
- ги преведува Меѓународните стандарди за финансиско известување, Меѓународните стандарди за финансиско известување за мали и средни претпријатија, Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и Меѓународните стандарди за контрола на квалитет,
- покренува дисциплинска постапка и изрекува мерки на членовите поради повреда на МСР, актите на Институтот и на Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC,
- спроведува проверка за контрола на квалитетот на овластените ревизори, друштва за ревизија и овластен ревизор - трговец поединец за извршени законски ревизии најмалку еднаш на шест години, а проверката на овластените ревизори, друштва за ревизија и овластен ревизор - трговец поединец кои вршат ревизии на правни лица од јавен интерес најмалку еднаш на три години,
- го известува Советот за изречените мерки од спроведената контрола на друштвата за ревизија и/или овластените ревизори - трговци поединци,
- ја определува висината на членаринатa на овластените ревизори за членство во Институтот, која обезбедува непречено функционирање на Институтот, како и висината на членаринатa на друштвата за ревизија и овластениот ревизор - трговец поединец која се определува врз основа на приходите остварени од вршење на ревизија и услуги поврзани со ревизија,
- овластува лица или формира комисија за професионална оцена на практиката на друштвата за ревизија и на овластен ревизор - трговец поединец, кои се однесуваат на прегледување и правење на копии од која било книга, документ или предмет кој е во сопственост или под контрола на друштвата за ревизија, како и заради добивање на информации од кој било партнер или вработен на овластениот ревизор. Овластениот ревизор или лице од друштво за ревизија е должен на барање на Институтот или на лице овластено од него да презентира книга, документ или предмет, не смее согласно со овој закон да одбие да презентира таква книга, документ или предмет дури и ако ревизорот е на мислење дека таа книга, документ или предмет содржи доверливи информации за субјектот на ревизија,
- презема активности согласно со насоките дадени од Советот кои се неопходни и соодветни за промовирање на високите професионални стандарди меѓу друштвата за ревизија и овластените ревизори и за подобрување на квалитетот на ревизорските услуги што тие ги нудат,
- донесува годишна програма и годишен извештај за својата работа по добиена претходна согласност од Советот. Одобрениот годишен извештај се објавува на веб страницата на Институтот,
- издава билтен и ги ажурира информациите објавени на веб страницата на Институтот и
- врши други работи согласно со овој закон.

Контрола на квалитет

Член 20

(1) Овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци, подлежат на систем за контрола на квалитетот заради усогласеност на работењето на ревизорите со процедурите за вршење на ревизија пропишани со Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и националното право.

(2) Системот за контрола на квалитетот треба да ги исполнува следниве критериуми:
- да е независен од овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци кои се предмет на контрола на квалитетот,
- да подлежи на надзор од страна на Советот,
- да има обезбедено начин на финансирање и да е ослободен од какво било неповолно влијание од овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци и
- да е овластен ревизор кој е независен од ревизорите кои се предмет на контрола.

(3) Институтот донесува интерни акти кои го вклучуваат системот за контрола на квалитетот во кој се наведени деталите за организациската и кадровската поддршка на контролата на квалитетот на ревизорите.

(4) Лицата одговорни за контрола на квалитетот во рамките на контролата на квалитетот вршат проверка на документацијата и ја оценуваат усогласеноста на извршената ревизија со пропишаните Меѓународни стандарди за ревизија, барањата за независност, износот на ревизорскиот надоместок и интерниот систем за управување со квалитетот на друштво за ревизија.

(5) Датумот на контрола на квалитетот го одредува Институтот и за истиот ревизорот се известува најмалку 30 дена пред почетокот на контролата. Од моментот на известувањето до завршувањето на контролата на квалитетот, овластените ревизори и друштвата за ревизија немаат забрана за вршење на работи на ревизија согласно со овој закон.

(6) Овластените ревизори и друштвата за ревизија на лицето одговорно за контрола на квалитетот му доставуваат листа на субјекти на ревизија чии финансиски извештаи биле предмет на ревизија од страна на овластениот ревизор или друштвата за ревизија и на барање ја стават на располагање целокупната документација побарана од страна на лицето одговорно за контрола на квалитетот.

(7) Лицето одговорно за контрола на квалитетот доставува извештај за извршената контрола на квалитетот до Комисијата за контрола на квалитетот во Институтот и Советот. Во извештајот за извршената контрола на квалитетот ги наведува сите идентификувани недостатоци и препораки за начинот и крајниот рок за нивно отстранување.

Известување за можни повреди

Член 21

Во случај кога постои сомневање кај вработен во Институтот за можна повреда на овој закон, МСР, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и актите на Институтот, тоа лице е должно да го извести Советот за таквата можна повреда.

Дисциплински мерки

Член 22

(1) Институтот на овластени ревизори може да изрече мерки за повреда на МСР, Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC и актите на Институтот, и тоа:

а) опомена;

б) времено исклучување од членството во Институтот на друштвото за ревизија или овластениот ревизор - трговец поединец и

в) трајно исклучување на членството во Институтот на друштвото за ревизија или овластениот ревизор - трговец поединец .

(2) Начинот и постапката за утврдување на повредите и мерките од ставот (1) на овој член ги пропишува Институтот.

(3) Сите мерки изречени од Институтот се објавуваат во билтенот на Институтот.

(4) Институтот за изречените мерки задолжително го известува Советот.

(5) За изречените мерки од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба до Советот во рок од 15 дена.

(6) Против одлуката на Советот може да се поведе судска постапка.

IV. УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА НА ДРУШТВА ЗА РЕВИЗИЈА И УВЕРЕНИЕ ЗА ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР

Лиценца за овластени ревизори

Член 23

(1) Законски или договорни ревизии во Република Македонија може да врши само ревизор кој поседува лиценца за овластен ревизор и е член на Институтот.

(2) Лиценца за овластен ревизор му се издава на лице кое стекнало уверение за ревизор и има најмалку три години искуство на работи на ревизија од кои две години под надзор на овластен ревизор.

(3) Лице кое нема статус на овластен ревизор и кое не е член на Институтот не може да врши ревизија во Република Македонија, или да се претставува како овластен ревизор или да користи каква било ознака или опис кои ќе создадат впечаток дека лицето е овластен ревизор.

Лиценца за работа

Член 24

(1) Ревизија врши друштво за ревизија основано како трговско друштво и овластен ревизор основан како трговец поединец под услови и на начин утврден со овој закон и Законот за трговските друштва, доколку има лиценца за работа за вршење на работи на ревизија.

(2) Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на друштвото за ревизија му се издава ако ги исполнува следниве услови:

1) има вработено најмалку двајца овластени ревизори на неопределено работно време;

2) мнозинството со право на глас во друштвото за ревизија се во сопственост на овластени ревизори и

3) да има полиса за осигурување од општа одговорност во износ утврден од страна на Институтот.

(3) Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на овластен ревизор - трговец поединец му се издава под услов да поседува лиценца за овластен ревизор.

(4) Овластен ревизор може да основа само едно друштво за ревизија.

(5) На предлог на Институтот, Советот има право да ја одземе лиценцата за вршење работи на ревизија, и тоа:

- поради повреда на овој закон, Кодексот на етика за професионални сметководители и Меѓународните сметководствени стандарди,

- друштвото за ревизија, односно овластениот ревизор - трговец поединец не се осигури од одговорност за штета која може да биде предизвикана при вршење на ревизијата, во износ утврден од Институтот и

- доколку бројот на овластени ревизори се намали под бројот пропишан со овој закон, а друштвото за ревизија во рок од шест месеци од настанатата промена, бројот на овластени ревизори не го надополни до бројот пропишан со овој закон.

Барање за добивање на лиценца за работа

Член 25

(1) Барањето за добивање на лиценца за работа за вршење на работи на ревизија се доставува до Советот.

(2) Ревизорот за добивање лиценца за овластен ревизор поднесува барање до Советот доколку ги исполнува следниве критериуми:

1) да поседува уверение за ревизор;

2) да има полиса за осигурување од општа одговорност во износ утврден од страна на Институтот;

3) да не е вработен или на кој било друг начин поврзан со друг работодавец освен со друштвото за ревизија и

4) да се придржува кон стандардите за континуирано професионално усовршување на IFAC.

(3) Лиценцата за работа за вршење на работи на ревизијата и лиценцата за овластен ревизор се издаваат на неопределено време.

Постапка за стекнување на уверение за ревизор

Член 26

(1) Лицето кое сака да стане ревизор поднесува писмено барање до Институтот за полагање на испит за стекнување на звање ревизор.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член мора да содржи докази дека лицето ги исполнува условите од членот 27 на овој закон.

(3) Полагањето на испитот за стекнување на звањето ревизор се спроведува според Програма која ја донесува Институтот, а за која Советот дава согласност.

Услови за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор

Член 27

(1) За полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор лицето треба да ги исполнува следниве услови:

1) да има високо образование од областа на економските, правните науки, или друго соодветно образование;

2) да го познава македонскиот јазик;

3) да не е осудуван со правосилна судска пресуда во врска со работењето, и тоа:

а) во периодот на правосилноста на пресудата до денот на издржувањето на казната и пет години од денот кога ја издржал казната во случај на осуденост со правосилна судска пресуда со казна затвор до три години и

б) во периодот на правосилноста на пресудата до денот на издржувањето на казната и пет години од денот кога ја издржал казната во случај на осуденост со правосилна судска пресуда со казна затвор над три години и

(2) Gjobe në shume prej 4 000 deri në 6 000 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet personit pergjegjes në banke, filial të bankes së huaj dhe kursimore për kundervajtjen nga paragrafi (1) i ketij neni.

Neni 118

(1) Gjobe në shume prej 15 000 deri në 20 000 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet personit juridik i cili pa leje paraprake me shkrim nga Banka Popullore do të kryeje reproduksion të kartemonedhave dhe monedhave të cilat jane mjet ligjor për pagese në Republiken e Maqedonise ose do të krijoje lende të cilat sipas dizajnit të vet imitojne kartemonedha ose monedha të tilla (neni 30).

(2) Gjobe në shume prej 4 000 deri në 6 000 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet personit pergjegjes në personin juridik për kundervajtjen nga paragrafi (1) i ketij neni.

Neni 119

Gjobe në shume prej 4 000 deri në 6 000 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet për kundervajtje personit fizik i cili pa leje paraprake me shkrim nga Banka Popullore do të kryeje reproduksion të kartemonedhave dhe monedhave të cilat jane mjet ligjor për pagese në Republiken e Maqedonise ose do të krijoje lende të cilat sipas dizajnit të vet imitojne kartemonedha ose monedha të tilla (neni 30).

Neni 120

(1) Gjobe në shume prej 2 000 deri në 5 000 euro në kundervlere me denare do t'u shqiptohet për kundervajtje të kryer bankes, filialit të bankes së huaj, kursimores ose personit tjeter juridik i cili eshte i obliguar që të dorezoje të dhena statistikore dhe informata, nese:

1) nuk i dorezon ose i dorezon jo me kohe te Banka Popullore të dhenat statistikore dhe informatat në pajtim me nenin 36 të ketij ligji dhe

2) nuk i dorezon ose i dorezon jo me kohe të dhenat dhe informatat te Banka Popullore për mbajtjen e Regjistrit kreditor (neni 39).

(2) Gjobe në shume prej 500 deri në 1 000 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet personit pergjegjes në banke, filial të bankes së huaj, kursimore ose personit tjeter juridik i cili eshte i obliguar që të dorezoje të dhena statistikore dhe informata për kundervajtje nga paragrafi (1) i ketij neni.

Neni 121

Gjobe në shume prej 400 deri në 800 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet për kundervajtje personit fizik i cili nuk i dorezon ose i dorezon jo me kohe te Banka Popullore të dhenat statistikore dhe informatat në pajtim me nenin 36 të ketij ligji.

Neni 122

Gjobe në shume prej 6 000 deri në 10 000 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet për kundervajtje guvernatorit, zevendesguvernatoreve dhe anetareve joekzekutive të Keshillit të Bankes Popullore, nese:

1) gjate mandatit kryejne profesione tjera (neni 50 paragrafi (3));

2) nuk japin deklarate me shkrim për ceshtje të caktuar në rast kur objektiviteti i tyre eshte i cenuar për shkak të konfliktit të interesave në aspekt të asaj ceshtjeje, dhe nuk perjashtohen nga miratimi i vendimit (neni 70) dhe

3) zbulojne informate të klasifikuar me shkalle perkatese të fshehtesise, pa marre parasysh menyren me të cilen e kane kuptuar gjate kryerjes së funksionit të tyre (neni 74).

Neni 123

Gjobe në shume prej 4 000 deri në 8 000 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet për kundervajtje të punesuarit në Banken Popullore, nese zbulon informate të klasifikuar me shkalle perkatese të fshehtesise, pa marre parasysh menyren me të cilen e ka kuptuar gjate kryerjes së detyrave të tij (neni 74).

Neni 124

(1) Procedura për kundervajtje e parapare me kete ligj nuk mund të ngritet as të udhehiqet pas kalimit të dy viteve nga dita e kryerjes së kundervajtjes.

(2) Afati për parashkrim nderpritet me çdo veprimtari të procesit, të ndermarre nga organi kompetent për ndjekjen e kryeresit të kundervajtjes.

(3) Me çdo nderprerje të afatit nga paragrafi (2) i ketij neni, parashkrimi fillon të rrjedh prej në fillim, por procedura kundervajtese nuk mund të ngritet, e as të udhehiqet më tej pas skadimit të kater viteve nga dita kur eshte kryer kundervajtja.

XV. DISPOZITA KALIMTARE DHE PERFUNDIMTARE

Neni 125

(1) Guvernatori dhe zevendesguvernatoret e Keshillit të Bankes Popullore të zgjedhur nga Kuvendi i Republikes së Maqedonise deri në diten e hyrjes në fuqi të ketij ligji, mbeten në detyre deri në perfundimin e mandatit të tyre.

(2) Anetaret e jashtem të Keshillit të Bankes Popullore të zgjedhur nga Kuvendi i Republikes së Maqedonise deri në diten e hyrjes në fuqi të ketij ligji mbeten anetare joekzekutive të Keshillit të Bankes Popullore dhe mbesin në detyre deri në skadimin e mandatit të tyre.

(3) Guvernatori, zevendesguvernatoret dhe anetaret joekzekutive të Keshillit të Bankes Popullore obligohen që në afat prej 30 ditesh nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji të harmonizohen me dispozitat nga neni 50 i ketij ligji.

(4) Zevendesguvernatori i zgjedhur nga Kuvendi i Republikes së Maqedonise deri në diten e hyrjes në fuqi të ketij ligji, i cili nuk eshte anetar i Keshillit të Bankes Popullore, behet anetar i Keshillit të Bankes Popullore në diten e perfundimit të mandatit të cilitdo anetari joekzekutiv të Keshillit të Bankes Popullore.

Neni 126

(1) Aktet nenligjore të parapara me kete ligj do të miratohen në afat prej nente muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

(2) Deri në hyrjen në fuqi të rregulles nga paragrafi (1) i ketij neni do të zbatohen rregullat ekzistuese.

Neni 127

(1) Dispozitat nga Kapitulli XII. Anetaresimi i Republikes së Maqedonise në Unionin Evropian me nenet 80, 81, 82, 83, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 93 dhe 94 të ketij ligji do të zbatohen nga dita e aderimit të Republikes së Maqedonise në Unionin Evropian.

(2) Dispozitat nga Kapitulli XIII. Aplikimi i euros si njesi monetare në Republiken e Maqedonise me nenet 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 114 dhe 115 të ketij ligji do të zbatohen nga dita e aplikimit të euros si njesi monetare në Republiken e Maqedonise.

Neni 128

(1) Në diten e aderimit të Republikes së Maqedonise në Unionin Evropian, shfuqizohen dispozitat nga nenet 6 paragrafi (2), 44 dhe dispozita nga neni 79 i ketij ligji.

(2) Me diten e aderimit të Republikes së Maqedonise në Unionin Evropian, për kundervajtjet nga neni 120 i ketij ligji, procedure kundervajtese do të udheheqe gjykata kompetente.

Neni 129

Në diten e aplikimit të euros si njesi monetare në Republiken e Maqedonise shfuqizohen dispozitat nga nenet 7, 12 paragrafi (1), 14 paragrafi (1), 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 40 paragrafi (1), 47 pikat 1, 2, 15, 16, 18 dhe 20, 48 paragrafi (1) pikat 2, 4 dhe 6, 60 paragrafi (1), 65, 73 paragrafi (1) pikat 2 dhe 3 dhe paragrafi (2) pikat 2 dhe 3, 84, 115 paragrafet (1), (3), (4), (5), (6) dhe (7), 116, 117,118 dhe 119 të ketij ligji.

Neni 130

Me diten e hyrjes në fuqi të ketij ligji shfuqizohet Ligji për Banken Popullore të Republikes së Maqedonise ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 dhe 129/2006).

Neni 131

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

3311.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 декември 2010 година.

Бр. 07-4956/1
6 декември 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ЗАКОН

Член 1

Во Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија" број 39/2005, 4/2008 и 48/10), членот 6 се менува и гласи:

„(1) Со овој член се уредуваат условите и постапката за давање одобрение за вршење на работи на застапување во царински постапки и лиценца за вршење на застапување.

(2) 1. Работи на застапување во царински постапки може да се вршат од страна на трговски друштва или трговци поединци, кои ги исполнуваат условите пропишани со овој закон и имаат одобрение за вршење на работи на застапување во царински постапки издадено од страна на Царинската управа (во натамошниот текст: овластен царински застапник).

2. Во случај кога лицето од точката 1 на овој став поднесува царинска декларација во име и за сметка на друго лице или во свое име, а за сметка на друго лице, царинската декларација во име на овластениот царински застапник може да ја потпише само лице кое има лиценца за вршење на застапување (во натамошниот текст: лиценциран застапник).

3. Одобренијата и лиценците од точките 1 и 2 на овој став не се преносиви.

(3) Одобрение за вршење на работи на застапување во царински постапки може да се даде на трговско друштво или трговец поединец кое ги исполнува следниве услови:

а) да е регистрирано во Република Македонија;

б) да е регистрирано за вршење дејност, која вклучува и застапување во царински постапки;

в) да има вработено на неопределено време најмалку еден лиценциран застапник;

г) во последните две години кои непосредно претходат на датумот на поднесување на барањето за одобрение за вршење на работи на застапување во царински постапки, не направил потежок царински прекршок согласно со членот 264-г став (3) од овој закон и/или со правосилна судска одлука е огласен за виновен за сторено кривично дело криумчарење, царинска измама или прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама и

д) да нема ненамирени обврски кон државата во последните три години, кои непосредно претходат на датумот на поднесување на барањето за одобрение за вршење на работи на застапување во царински постапки.

(4) 1. Одобрение за вршење на работи на застапување во царински постапки издава Царинската управа, по писмено барање на трговското друштво или трговецот поединец.

2. Одобрението од точката 1 на овој став се донесува во рок од 30 дена од денот на приемот на уредно поднесеното барање.

(5) Овластениот царински застапник и лиценцираниот застапник се должни во рок од осум дена писмено да ја известат Царинската управа за секоја промена која се однесува на исполнување на условите од ставовите (3) и (7) на овој член кои се релевантни за издавање или одземање на одобрението за вршење на работи на застапување во царинските постапки или лиценцата за вршење на застапување.

(6) Ако по давањето на одобрение за вршење на работи на застапување во царински постапки настапат околности поради кои овластениот царински застапник повеќе не ги исполнува условите од ставот (3) на овој член, директорот на Царинската управа ќе го укине одобрението за вршење на работи на застапување во царински постапки.

(7) 1. Лиценца за вршење на застапување издава Царинската управа.

2. Лиценцата од точката 1 на овој став може да се даде на лице кое:

а) има најмалку средно образование, најмалку две години работно искуство во областа на царинското работење и положен посебен стручен испит за вршење на застапување во царинските постапки или

б) има високо образование од специјализиран факултет од областа на царинското работење и најмалку две години работно искуство од областа на царинското работење или

в) има најмалку средно образование и најмалку три години работно искуство на работни места во Царинската управа од областа на царинското работење.

3. Покрај условите од точката 2 на овој став лицето треба да ги исполнува и следните услови:

а) во последните две години кои непосредно претходат на датумот на поднесување на барањето за лиценца за вршење на застапување во царински постапки, не направил потежок царински прекршок согласно со членот 264-г став (3) од овој закон и/или со правосилна судска одлука е огласен за виновен за сторено кривично дело криумчарење, царинска измама или прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама и

б) има уверение од овластена образовна институција за познавање на еден од светските јазици.

4. Лиценцата од точката 1 на овој став се дава во рок од 30 дена од денот на приемот на уредно поднесеното барање.

5. Евиденција за издадените лиценци за вршење на работи на застапување води Царинската управа.

(8) Царинската управа самостојно или во соработка со здружението на застапници или друга институција организира и учествува во спроведувањето на програмата за обука на лиценцираните застапници.

(9) 1. Со лиценцата од ставот (7) точка 1 на овој член, на лиценцираниот застапник му се издава и идентификациска картичка.

2. При вршењето на работите во службените простории или простории на Царинската управа или додека се вклучени во спроведувањето на службени работи надвор од работниот простор, лиценцираните застапници мора на видливо место да ја носат идентификациската картичка.

(10) 1. Стручен испит за лиценциран застапник се полага во Царинската управа.

2. Стручен испит за лиценциран застапник се состои од следниве области:

- царински дозволено постапување или употреба на стока,
- царинска тарифа,
- потекло на стока,
- вредност на стока за царински потреби,
- даноци и даночна политика,
- нетарифни мерки и мерки на трговска политика,
- транспорт и транспортно осигурување,
- шпедитерско работење и
- изготвување и употреба на царинска декларација.

3. Стручниот испит се спроведува од страна на Комисија за спроведување на стручниот испит за лиценциран застапник.

(11) 1. Стручен испит за лиценциран застапник може да полага лице кое:

а) има најмалку средна стручна подготовка;

б) има најмалку една година работно искуство во областа на царинското работење и

в) има уверение од овластена образовна институција за познавање на еден од светските јазици.

2. За положен стручен испит се издава уверение, потпишано од страна на претседателот на Комисијата за спроведување на стручниот испит за лиценциран застапник.

3. Царинската управа води евиденција за полагање на стручен испит за лиценциран застапник и лицата кои го положиле испитот.

(12) 1. Надзор над спроведувањето на прописите со кои се уредуваат работењето и активностите на овластените царински застапници спроведува Државниот управен инспекторат.

2. По исклучок, во делот на спроведување на царинските прописи и одредбите на овој закон, надзор врши Царинската управа.

(13) Министерот за финансии донесува поблиски критериуми за спроведување на одредбите од овој член."

Член 2

По членот 264 се додаваат четири нови члена 264-а, 264-б, 264-в и 264-г, кои гласат:

"Член 264-а

(1) Глоба во износ од 5.000 до 10.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговско друштво или трговец поединец, ако без одобрение врши работи на застапување во царински постапки (член 6 став (3)).

(2) Глоба во износ од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во трговското друштво за дејствијата од ставот (1) на овој член.

Член 264-б

(1) Глоба во износ од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на трговско друштво или трговец поединец, ако:

а) вршењето на работи на застапување во царински постапки го довери на лице кое не ги исполнува пропишаните услови за вршење на тие работи или

б) во утврдениот рок не ја извести Царинската управа за секоја промена која се однесува на исполнување на условите од членот 6 ставови (3) и (7) на овој закон кои се релевантни за издавање или одземање на одобрението за вршење на работи на застапување или лиценцата за вршење на застапување.

(2) Глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во трговското друштво за дејствијата од ставот (1) на овој член.

Член 264-в

Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на лицето кое:

а) без лиценца од Царинската управа работи како лиценциран застапник и

б) работејќи како лиценциран застапник, на барање на царинскиот службеник не достави на увид документи потребни за утврдување на неговиот статус или со своето однесување на друг начин го оневозможува или отежнува уредното или ефикасното дејствување на царинските службеници.

Член 264-г

(1) Овластениот царински застапник од членот 6 став (2) точка 1 на овој закон, кој ќе стори потежок царински прекршок, ако во претходните две години кои непосредно претходат на сторувањето на тој прекршок, два или повеќе пати правосилно е казнет за сторување на потежок царински прекршок или прекршок од членот 264-б на овој закон, може да му се изрече мерка суспендирање на одобрение за вршење на работи на застапување во царински постапки во период од шест месеци до две години.

(2) Одговорното лице на овластениот царински застапник или на друго трговско друштво од членот 6 став (2) на овој закон, ако во претходните две години кои непосредно претходат на сторувањето на тој прекршок, два или повеќе пати правосилно е казнето за сторување на потежок царински прекршок или прекршок од членот 264-в на овој закон, може да му се изрече мерка суспендирање за работење како лиценциран застапник во период од шест месеци до две години.

(3) За потежок царински прекршок од ставовите (1) и (2) на овој член ќе се смета царински прекршок утврден со правосилна одлука на надлежен орган во кој вредноста на стоката, предмет на прекршок, надминува 30.000 евра, ако:

а) во транзитна постапка на одредишниот царински орган не ги стави на увид стоката и документите за стоката или стоката се стави на увид во изменета состојба,

б) во царинската декларација неточно ја наведе количината, видот, квалитетот, вредноста или потеклото на стоката или не ја наведе целата стока, вклучувајќи и поттикнување и помагање во сторувањето на таквите прекршоци и

в) со поттикнување или помагање на сторителот на таквите прекршоци со лажно претставување на фактите овозможи остварување или обид за остварување на ослободување од плаќање на увозни давачки или намалени давачки."

Член 3

Издадените одобренија и лиценци до влегувањето во сила на овој закон остануваат во важност, а над истите во иднина ќе се применуваат одредбите од овој закон.

Започнатите а не довршени постапки за издавање на одобренија и лиценци треба да се усогласат и довршат според одредбите на овој закон.

Подзаконските прописи кои се донесуваат врз основа на овој закон, ќе се донесат во рок од шест месеци од влегувањето на сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I G J
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT DOGANOR

Neni 1

Në Ligjin doganor („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonise" numër 39/2005, 4/2008 и 48/10), neni 6 ndryshohet si vijon:

"(1) Me këtë nen rregullohen kushtet dhe procedura për dhenien e lejes për kryerjen e punëve të përfaqësimit në procedura doganore dhe licencës për kryerjen e përfaqësimit.

(2) 1. Punet e përfaqësimit në procedura doganore mund të kryhen nga ana e shoqërive tregtare ose tregtarëve individuale, që i plotësojnë kushtet e përcaktuara me këtë ligj dhe kanë leje për kryerjen e punëve të përfaqësimit në prodedura doganore, të lëshuar nga Drejtoria Doganore (në tekstin e mëtejmë: përfaqësues i autorizuar doganor).

2. Në rast kur personi nga pika 1 e këtij paragrafi parashtron deklaratë doganore në emër dhe për llogari të personit tjetër ose në emër të vet e për llogari të personit tjetër, deklaraten në emër të përfaqësuesit të autorizuar doganor mund ta nënshkruajë vetëm personi i cili ka licencë për kryerjen e përfaqësimit (në tekstin e mëtejmë: përfaqësuesi i licencuar).

3. Lejet dhe licencat nga pikat 1 dhe 2 të këtij paragrafi, nuk janë të bartshme.

(3) Leja për kryerjen e punëve të përfaqësimit në procedura doganore mund t'i jepet shoqërisë tregtare ose tregtarit individual i cili i plotëson kushtet në vijim:

a) të jetë i regjistruar në Republikën e Maqedonisë;

b) të jetë i regjistruar për kryerjen e veprimtarisë, e cila perfshine edhe përfaqësim në procedura doganore;

v) të ketë të punësuar në kohë të pacaktuar së paku një perfaqesues të licencuar;

g) në dy vitet e fundit të cilat drejtpërdrejt i paraprijnë dates së parashtrimit të kërkesës për leje për kryerjen e puneve të përfaqësimit në procedura doganore, nuk ka kryer shkelje më të rëndë doganore sipas nenit 264-g paragrafi (3) të këtij ligji dhe/ose me vendim të plotfuqishëm gjyqesor është shpallur fajtor për veprën e kryer kontrabandë, mashtrim doganor ose fshehje të mallrave që janë lëndë e kontrabandes dhe mashtrimit doganor dhe

d) të mos ketë detyrime të papërmbushura ndaj shtetit në tre vitet e fundit, që drejtpërdrejt i paraprijnë datës së parashtrimit të kërkesës për leje për kryerjen e punëve të perfaqesimit në procedura doganore.

(4) 1. Leje për kryerjen e punëve të përfaqësimit në procedura doganore lëshon Drejtoria Doganore, me kerkese me shkrim nga shoqëria tregtare ose tregtari individual.

2. Leja nga pika 1 e këtij paragrafi, miratohet në afat prej 30 ditësh prej ditës së pranimit të kërkesës së parashtruar me rregull.

(5) Perfaqesuesi i autorizuar doganor dhe përfaqësuesi i licencuar janë të detyruar që në afat prej tetë ditësh, me shkrim ta njoftojnë Drejtorinë Doganore për çdo ndryshim që ka të bëjë me plotësimin e kushteve nga paragrafët (3) dhe (7) të këtij neni, që janë relevante për lëshimin ose heqjen e lejes për kryerjen e punëve të përfaqësisimit në procedura doganore ose licencës për kryerjen e përfaqësimit.

(6) Nese pas dhënies së lejes për kryerjen e punëve të perfaqesimit në procedura doganore krijohen rrethana për shkak të së cilave përfaqësuesi i autorizuar doganor tanimë nuk i plotëson kushtet nga paragrafi (3) i këtij neni, drejtori i Drejtorisë Doganore do ta anulojë lejen për kryerjen e puneve të përfaqësimit në procedura doganore.

(7) 1. Licence për kryerjen e përfaqësimit lëshon Drejtoria Doganore.

2. Licenca nga pika 1 e këtij paragrafi mund t'i jepet personit i cili:

a) ka së paku arsimim të mesëm, së paku dy vjet pervoje pune në sferën e punës doganore dhe ka të dhënë provim profesional të veçantë për kryerjen e përfaqësimit në procedura doganore ose

b) ka arsimim të lartë nga fakulteti i specializuar nga sfera e punës doganore dhe ka së paku dy vjet përvojë pune në sferën e punës doganore ose

v) ka së paku arsimim të mesëm dhe së paku tre vjet pervoje pune në vende të punës në Drejtorinë Doganore nga sfera e punës doganore.

3. Krahas kushteve nga pika 2 e këtij paragrafi, personi duhet t'i plotësojë edhe kushtet në vijim:

a) në dy vitet e fundit të cilat drejtpërdrejt i paraprijnë dates së parashtrimit të kërkesës për licencë për kryerjen e puneve të përfaqësimit në procedura doganore, nuk ka kryer shkelje më të rëndë doganore sipas nenit 264-g paragrafi (3) të këtij ligji dhe/ose me vendim të plotfuqishëm gjyqesor është shpallur fajtor për veprën e kryer kontrabandë, mashtrim doganor ose fshehje të mallrave që janë lende e kontrabandës dhe mashtrimit doganor dhe

b) ka certifikatë nga institucioni i autorizuar doganor për njohjen e njërës prej gjuhëve botërore.

4. Licenca nga pika 1 e këtij paragrafi, jepet në afat prej 30 ditesh nga dita e pranimit të kërkesës së parashtruar me rregull.

5. Evidence për licencat e lëshuara për kryerjen e puneve të përfaqësimit mban Drejtoria Doganore.

(8) Drejtoria Doganore në mënyrë të pavaruar ose në bashkepunim me shoqërinë e përfaqësuesve ose institucion tjeter, organizon dhe merr pjesë në realizimin e programit për trajnimin e përfaqësuesve të licencuar.

(9) 1. Me licencë nga paragfafi (7) pika 1 e këtij neni perfaqesuesit të licencuar i lëshohet edhe kartelë identifikimi.

2. Gjate kryerjes së punëve në lokalet zyrtare ose në lokalet e Drejtorisë Doganore ose deri sa janë të përfshirë në kryerjen e punëve zyrtare jashtë lokalit të punës, përfaqesuesit e licencuar doemos duhet në vend të dukshëm ta mbajne kartelën e identifikimit.

(10) 1. Provimi profesional për përfaqësues të licencuar jepet në Drejtorinë Doganore.

2. Provimi profesional për përfaqësues të licencuar, perbehet prej sferave në vijim:

- veprimi i lejuar doganore ose përdorimi i mallit,
- tarifa doganore,
- prejardhja e mallit,
- vlera e mallit për nevoja doganore,
- tatimet dhe politika tatimore,
- masat jotarifore dhe masat e politikës së tregut,
- transporti dhe sigurimi i transportit,
- puna e shpedicionit dhe
- perpilimi dhe përdorimi i deklaratës doganore.

3. Provimi profesional realizohet nga ana e Komisionit për Realizimin e Provimit Profesional për përfaqësues të licencuar.

(11) 1. Provimin profesional për përfaqësues të licencuar, mund ta japë personi i cili:

a) ka së paku përgatitje të mesme profesionale,

b) ka së paku një vit përvojë pune në sferën e punës doganore dhe

v) ka certifikatë nga institucioni arsimor i autorizuar për njohjen e njërës nga gjuhët botërore.

2. Për provim të dhënë jepet certtifikatë e nënshkruar nga ana e kryetarit të Komisionit për Realizimin e Provimit Profesional për përfaqësues të licencuar.

3. Drejtoria Doganore mban evidencë për dhënien e provimit profesional për përfaqësues të licencuar dhe personat që e kanë dhënë provimin.

(12) 1. Mbikeqyrje të zbatimit të rregullave me të cilat rregullohen puna dhe aktivitetet e përfaqësuesve të autorizuar doganorë, kryen Inspektorati Administrativ Shtetëror.

2. Me përjashtim, në pjesën e zbatimit të rregullave doganore dhe dispozitave të këtij ligji, mbikëqyrje kryen Drejtoria Doganore.

(13) Ministri i Financave miraton kritere më të përafërta për zbatimin e dispozitave të këtij neni."

Neni 2

Pas nenit 264 shtohen katër nene të reja 264-a, 264-b, 264-v dhe 264-g, si vijojnë:

"Neni 264-a

(1) Gjobe në shumë prej 5 000 deri në 10 500 euro me kundervlere në denarë, do t'i shqiptohet shoqërisë tregtare ose tregtarit individual, nëse pa leje kryen punë të perfaqesimit në procedura doganore (neni 6 paragrafi (3)).

(2) Gjobe në shumë prej 500 deri në 2 000 euro me kundervlere në denarë, do t'i shqiptohet edhe personit pergjegjes në shoqërinë tregtare, për veprimet nga paragrafi (1) i këtij neni.

Neni 264-b

(1) Gjobe në shumë prej 500 deri në 2 000 euro me kundervlere në denarë, do t'i shqiptohet shoqërisë tregtare ose tregtarit individual, nëse:

a) kryerjen e punëve të përfaqësimit në procedura doganore ia ngarkon personit i cili nuk i plotëson kushtet e percaktuara për kryerjen e atyre punëve ose

b) në afatin e përcaktuar nuk e njofton Drejtorinë Doganore për çdo ndryshim lidhur me plotësimin e kushteve nga neni 6 paragrafët (3) dhe (7) të këtij ligji, që janë relevante për lëshimin dhe heqjen e lejes për kryerjen e punëve të përfaqësimit, ose licencës për kryerjen e përfaqësimit.

(2) Gjobe në shumë prej 150 deri në 250 euro me kundervlere në denarë do t'i shqiptohet edhe personit përgjegjës në shoqërinë tregtare, për veprimet nga paragrafi (1) i këtij neni.

Neni 264-v

Gjobe në shumë prej 500 deri në 1 500 euro me kundervlere në denarë do t'i shqiptohet personit, nëse

a) pa licencë nga Drejtoria Doganore punon si përfaqësues i licencuar dhe

b) duke punuar si përfaqësues i licencuar, me kërkesë të nëpunësit doganor nuk i dorëzon në shikim dokumentet e nevojshme për përcaktimin e statusit të tij, ose me sjelljen e tij në mënyrë tjetër e pamundëson ose e rëndon veprimin e rregullt ose efikas të nëpunësve doganorë.

Neni 264-g

(1) Perfaqesuesit të autorizuar doganor nga neni 6 paragrafi (2) pika 1 të këtij ligji i cili kryen kundërvajtje më të rëndë doganore, nëse në dy vitet e kaluara të cilat drejtperdrejt i paraprijnë kryerjes së asaj kundërvajtjeje, dy ose më shumë herë në mënyrë të plotfuqishme është dënuar për kryerjen e kundërvajtjes doganore më të rëndë ose kundervajtes nga neni 264-b i këtij ligji, mund t'i shqiptohet mase suspendimi i lejes për kryerjen e punëve të përfaqësimit në procedura doganore, në periudhë prej gjashtë muaj deri në dy vjet.

(2) Personit përgjegjës të përfaqësuesit të autorizuar doganor ose shoqërisë tjetër tregtare nga neni 6 paragrafi (2) të këtij ligji, nëse në dy vitet paraprake të cilat drejtpërdrejt i paraprijnë kryerjes së asaj kundërvajtjeje, dy ose më shume herë në mënyrë të plotfuqishme është dënuar për kryerjen e kundërvajtjes më të rëndë doganore ose kundërvajtjes nga neni 264 -v i këtij ligji, mund t'i shqiptohet mase suspendimi për punë si përfaqësues i licencuar në periudhe prej gjashtë muajsh deri në dy vjet.

(3) Kundervajtje më e rëndë doganore nga paragrafët (1) dhe (2) të këtij neni, do të konsiderohet kundërvajtja doganore e përcaktuar me vendim të plotfuqishëm të organit kompetent në të cilën vlera e mallit i tejkalon 30 000 euro, nëse:

a) në procedurë transiti, organit doganor të destinacionit nuk ia paraqet për inspektim mallin dhe dokumentet për mallin, ose malli paraqitet për inspektim në gjendje të ndryshuar,

b) në deklaratën doganore e shënon josaktësisht sasinë, llojin, kualitetin, vlerën ose prejardhjen e mallit ose nuk e shenon mallin e plotë, duke e përfshirë edhe nxitjen dhe ndihmen në kryerjen e kundërvajtjeve të tilla dhe

v) me nxitjen ose ndihmën e kryerësit të kundërvajtjeve të atilla me prezantim të rrejshëm të fakteve, mundëson realizim ose tentim për realizimin e lirimit nga pagesa e detyrimeve importuese ose detyrimeve të zvogëluara."

Neni 3

Lejet dhe licencat e lëshuara deri në hyrjen në fuqi të ketij ligji mbesin në fuqi, e ndaj të njëjtave në të ardhmen do të zbatohen dispozitat e këtij ligji.

Procedurat e filluara e të pambaruara për lëshimin e lejeve dhe licencave, duhet të harmonizohen dhe përfundohen sipas dispozitave të këtij ligji.

Dispozitat nënligjore që miratohen në bazë të këtij ligji, do të miratohen në afat prej gjashtë muajsh nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

3312.

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 декември 2010 година.

Број 07-4957/1
6 декември 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Член 1

Во Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009 и 48/10), во членот 10-а по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

"(7) Комисијата од ставот (2) на овој член води единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки на начин пропишан од министерот за финансии во согласност со министерот за правда."

Член 2

Во членот 50 ставот (2) се менува и гласи:

"Вработените во Царинската управа што вршат работи од областа на финансиско, општо-административно, материјално работење и јавните набавки, во кои не се опфатени работите и задачите во врска со царинските постапки се државни службеници.“

Во ставот (3) зборовите: "административно-технички" се заменува со зборот "технички ".

Член 3

Актот за систематизација на работните места во Царинската управа ќе се усогласи со одредбите од овој закон во рок од 60 дена од влегувањето во сила на овој закон .

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I G J
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR DREJTORI DOGANORE

Neni 1

Në Ligjin për Drejtori Doganore ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009 dhe 48/10), në nenin 10-a pas paragrafit (6) shtohet paragrafi i ri (7), si vijon:

"(7) Komisioni nga paragrafi (2) i ketij neni mban evidence unike të kundervajtjeve, sanksioneve të kumtuara dhe vendimeve të miratuara në menyre të percaktuar nga ministri i Financave në pajtim me ministrin e Drejtesise."

Neni 2

Në nenin 50 paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Të punesuarit në Drejtorine Doganore që kryejne pune nga sfera e punes financiare, të pergjithshme administrative, materiale dhe furnizimeve publike, në të cilat nuk perfshihen punet dhe detyrat lidhur me procedurat doganore jane nepunes shteterore."

Në paragrafin (3) fjalet: "administrative teknike", zevendesohen me fjalen "teknike".

Neni 3

Akti për sistematizimin e vendeve të punes në Drejtorine Doganore do të harmonizohet me dispozitat e ketij ligji, në afat prej 60 ditesh nga hyja në fuqi e ketij ligji.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

3313.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 декември 2010 година.

Бр. 07-4959/1
6 декември 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА

Член 1

Во Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба (“Службен весник на Република Македонија” број 82/2005 и 84/2007), членот 1 се менува и гласи:

„Со овој закон се уредуваат условите под кои може да се врши извоз, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба, надлежноста на државните органи во контролата над извозот, брокерингот и транзитот на стоки и технологии со двојна употреба и правата и обврските на правните и физичките лица кои вршат извоз, трансфер, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба.“

Член 2

Во членот 2 точките 2 и 3 се менуваат и гласат:

"2. „Извоз на стоки и технологии со двојна употреба" е извоз и повторен извоз на стоки и технологии со двојна употреба, како и трансфер на софтвер или технологија преку електронски медиум, факс, телефон, електронска пошта или друго електронско средство надвор од подрачјето на Република Македонија, а се однесува на пристапот во електронска форма на софтвер и технологија на правно и физичко лице надвор од подрачјето на Република Македонија и на усниот пренос на технологија по телефон доколку технологијата е содржана во документ чиј битен дел е прочитан или опишан по пат на телефон;

3. „Извозник" е правно или физичко лице кое е регистрирано за вршење на извоз со седиште на територијата на Република Македонија и кое има сопственост и право на располагање со стоките и технологиите со двојна употреба, како и секое физичко или правно лице што решава да пренесе софтвер или технологија преку електронски медиум, факс, телефон, електронска пошта или друго електронско средство надвор од подрачјето на Република Македонија;".

По точката 4 се додаваат три нови точки 5, 6 и 7, кои гласат:

"5. "Брокерски услуги" се преговарање или договарање на трансакции за купување, продавање или набавка на стоки и технологии со двојна употреба од една земја во која било друга земја, како и продавање или купување на стоки и технологии со двојна употреба кои се наоѓаат во една земја за нивен пренос во која било друга земја. За целите на овој закон помошните услуги не се сметаат за брокерски услуги. Помошни услуги се транспортот, финансиските услуги, осигурување или реосигурување, рекламирање и промоција;

6. "Брокер" е секое физичко или правно лице со седиште во Република Македонија кое врши брокерски услуги дефинирани во точката 5 на овој член и

7. "Транзит на стоки со двојна употреба" е транспорт или превоз на стоки и технологии со двојна употреба од една земја во друга земја при што стоките минуваат низ царинската територија на Република Македонија."

Член 3

Во насловот на Главата III по зборот "ИЗВОЗ" се става запирка и се додаваат зборовите: "БРОКЕРИНГ И ТРАНЗИТ".

Член 4

По членот 6 се додаваат два нови члена 6-а и 6-б, кои гласат:

„Член 6-а

(1) Брокерот може да врши брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба врз основа на дозвола за брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба (во натамошниот текст: дозвола за брокерски услуги).

(2) Дозволата за брокерски услуги од ставот (1) на овој член ја издава Министерството.

(3) Дозвола за брокерски услуги е потребна за стоките и технологиите со двојна употреба од Листата од членот 5 точка 1 на овој закон, доколку брокерот е известен од страна на Министерството, Министерството за одбрана, Министерствотото за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Царинската управа на Република Македонија или друг надлежен орган, дека таа стока или технологија во целина или нејзини делови се или можат да се наменат за развој, производство, управување, ракување, одржување, ускладиштување, откривање, препознавање или ширење на хемиско, биолошко или нуклеарно оружје или за развој, производство, одржување и складирање на ракети способни за пренос на такво оружје.

(4) Дозвола за брокерски услуги е потребна и во случаите кога стоките и технологиите не се опфатени со Листата од членот 5 точка 1 на овој закон доколку брокерската услуга се однесува на земја купувач или земјата со крајна дестинација кон која Советот за безбедност на ООН со обврзувачка резолуција има воведено ембарго за извоз на оружје или со одлука на ОБСЕ или со ембарго за извоз на оружје на Европската унија кон кое Република Македонија се има придружено, ако брокерот е информиран од органот од ставот (3) на овој член дека стоката може да биде наменета делумно или во целост за воени крајни употреби.

(5) Дозвола за брокерски услуги се издава и за стоки со двојна употреба што не се опфатени со Листата од членот 5 точка 1 на овој закон, ако брокерот е информиран од страна на органот од ставот (3) на овој член дека стоките се или можат да бидат наменети во целост или делумно, за употреба како делови или компоненти од воени стоки.

(6) Брокерот на кого му е познато, или има основа да се сомнева дека стоката или технологијата со двојна употреба ќе биде употребена за намените од ставовите (3), (4) и (5) на овој член, е должен за тоа да ги извести Комисијата и Министерството. Комисијата, во рок кој не може да биде подолг од 30 дена од известувањето одлучува дали за таа стока или технологија е потребна дозвола за брокерски услуги.

Член 6-б

(1) Царинската управа на Република Македонија може привремено да задржи или забрани транзит на стоки и технологии со двојна употреба опфатени со Листата од членот 5 точка 1 на овој закон, ако стоката или технологијата во целина или нејзини делови се или можат да се наменат за развој, производство, управување, ракување, одржување, ускладиштување, откривање, препознавање или ширење на хемиско, биолошко или нуклеарно оружје или за развој, производство, одржување и складирање на ракети способни за пренос на такво оружје.

(2) Во случај на привремено задржување или забрана на транзит на стока со двојна употреба Царинската управа на Република Македонија е должна во период од 48 часа да го извести писмено Министерството за задржувањето или забраната на транзитот.

(3) Согласно со ставот (4) на овој член, Министерството ќе издаде дозвола за транзит во рок од 60 дена, доколку се исполнети бараните услови за транзит на стока со двојна употреба низ територијата на Република Македонија.

(4) При одлучувањето за забрана на транзит од ставот (1) на овој член Министерството ќе ги има предвид обврските и одговорностите кои Република Македонија ги презела како членка на меѓународни договори или како членка на меѓународни режими за не ширење на оружје за масовно уништување, како и критериумите од членот 8 на овој закон.

(5) Министерот за економија ја пропишува постапката за издавање на дозвола за одреден транзит на стоки и технологии со двојна употреба од Листата од членот 5 точка 1 на овој закон ако стоката или технологијата во целина или нејзини делови се или можат да се наменат за целите од ставот (1) на овој член, како и формата и содржината на барањето и дозволата за транзит на стоката со двојна употреба."

Член 5

Членот 7 се менува и гласи:

„(1) Извозникот и брокерот се должни до Министерството да поднесат барање за издавање на дозвола за извоз, односно дозвола за брокерски услуги на обрасци чија форма и содржина ја пропишува министерот за економија .

(2) Врз основа на барањето од ставот (1) на овој член министерот за економија издава дозвола за извоз, односно дозвола за брокерски услуги.

(3) Дозволата за извоз и дозволата за брокерски услуги од ставот (2) на овој член се издаваат на обрасци чија форма и содржина ги пропишува министерот за економија.

(4) Обрасците од ставовите (1) и (3) на овој член треба да бидат усогласени со меѓународните стандардизирани обрасци.

(5) Со барањето од ставот (1) на овој член треба да се достави јасен опис на стоките и приложат сите докази кои се потребни за потврдување на податоците наведени во барањето како технички карактеристики, скици, планови, фотографии и друга документација за идентификација на стоките и технологиите со двојна употреба.

(6) Во прилог на барањето извозникот и брокерот мора да достават "Сертификат за краен корисник".

(7) Брокерот треба да достави и податоци за локацијата на потеклото на стоките и технологиите со двојна употреба."

Член 6

Во членот 8 став (1) по зборот "извоз" се става запирка и се додаваат зборовите: "односно дозвола за брокерски услуги".

Во ставот (2) по зборовите: "Министерството за здравство" се става запирка и се додаваат зборовите: "Дирекција за радијациона сигурност".

Во ставот (3) по зборот „Министерствата" се додаваат зборовите: „и органите".

Во ставот (4) зборот "барањето" се заменува со зборот "барањата", а зборовите: "за извоз" се бришат.

Член 7

Членот 9 се менува и гласи:

„(1) Министерството, по предходно прибавено позитивно мислење од членот 8 ставови (1) и (2) на овој закон, издава дозвола за извоз или дозвола за брокерски услуги најмногу за период од една година од денот на издавањето на дозволата .

(2) Дозволата од ставот (1) на овој член се издава во четири примероци: два се доставуваат до барателот, од кои еден примерок барателот го доставува до царинскиот орган при постапката на извоз, а еден задржува за себе, еден примерок се доставува до Царинската управа на Република Македонија и еден примерок се чува во архивата на Министерството.

(3) Министерството е должно еднаш на шест месеци да достави список на издадени дозволи за извоз, дозволи за брокерски услуги и одбиени барања за добивање дозволи за извоз и дозволи за брокерски услуги, до Комисијата."

Член 8

Во членот 11 по зборот "извоз" се додаваат зборовите: "односно барањето за издавање на дозвола за брокерски услуги", а по зборот "извозот" се става запирка и се додаваат зборовите: "односно брокерската услуга".

Во алинејата 1 по зборовите: "Република Македонија" се додаваат зборовите: "вклучувајќи ги и оние кои се опфатени од Заедничкиот став на Советот 2008/944 ЗНБП од 8 декември 2008".

Член 9

Членот 12 се менува и гласи:

„(1) Министерот со решение може по барање на извозникот, по барање на брокерот или по службена должност, да ја укине дозволата за извоз, односно дозволата за брокерски услуги кога:

- ќе утврди дека еден или повеќе услови врз основа на кои била издадена дозволата за извоз, односно дозволата за брокерски услуги не се веќе важечки и

- кога извозникот не ги извршува утврдените обврски во дозволата за извоз, односно кога брокерот не ги извршува утврдените обврски во дозволата за брокерски услуги.

(2) Министерот со решение ја поништува дозволата за извоз, односно дозволата за брокерски услуги кога:

- дозволата за извоз, односно дозволата за брокерски услуги била издадена врз основа на неточни или непотполни податоци, а подносителот на барањето знаел или би морал да знае дека податоците биле неточни или непотполни,

- извозникот, односно брокерот не го известил Министерството за промените поврзани со стоките и технологиите со двојна употреба и

- извозникот ја пренел дозволата за извоз на друг извозник."

Член 10

Членот 13 се менува и гласи:

„(1) Против решението од членовите 11 и 12 на овој закон извозникот, односно брокерот има право на жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање во втор степен во управни работи во областа на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, во рок од осум дена од приемот на решението.

(2) Жалбата од ставот (1) на овој член не го одлага извршувањето на решението."

Член 11

Во насловот на Главата IV по зборот "ИЗВОЗНИКОТ" се додаваат зборовите: "И БРОКЕРОТ".

Член 12

Во членот 14 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

" (3) Брокерот кој врши брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба е должен:

- да води посебна евиденција за извршените брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба,

- да ја извршува дејноста во согласност со условите и барањата утврдени во дозволата за брокерски услуги и

- за секоја промена во условите на вршење на брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба веднаш во писмена форма да го извести Министерството."

Член 13

Во членот 17 став (1) по зборот "извозникот" се додаваат зборовите: "и брокерот", а по зборот "трансакција" се додаваат зборовите: "односно брокерска услуга".

Член 14

Во членот 18 став (5) по зборот "извоз" се додаваат зборовите: "и брокерски услуги".

Член 15

Членот 20 се менува и гласи:

„(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството.

(2) Надзор над активностите на извоз на стоки и технологии со двојна употреба и брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба врши Царинската управа на Република Македонија.

(3) При вршење на надзорот од ставот (2) на овој член царинските службеници имаат право:

- да бараат од лицата вклучени во активностите со стоки и технологии со двојна употреба информации и податоци потребни за вршење на контролата,
- мислења од други соодветни органи и институции,
- да вршат контрола на секој поединечен извоз на стоки и технологии со двојна употреба, како и проверка на податоците за стоките и технологиите со двојна употреба со податоците од издадената дозвола за извоз во согласност со царинските прописи,
- да вршат увид на стоки и технологии со двојна употреба на царинските терминали и во складиштата во согласност со царинските прописи,
- да влегуваат во деловните простории на лицата вклучени во извозните или брокеринг трансакции со стоки и технологии со двојна употреба,
- да доставуваат барања до соодветните надлежни институции на други земји за обезбедување на информации потребни за контролата и
- да даваат информации по барања на истражни органи од други земји во согласност со меѓународните обврски на Република Македонија.“

Член 16

По членот 20 се додаваат два нови члена 20-а и 20-б, кои гласат:

“Член 20-а

(1) По откривање на прекршок по овој закон царинскиот службеник е должен да состави записник во кој ги забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторувањето, описот на дејствието и лицата затекнати на самото место. Записникот го потпишува царинскиот службеник и сторителот.

(2) Царинскиот службеник веднаш по составување на записникот од ставот (1) на овој член на сторителот ќе му врачи покана за плаќање на глоба, а на сторителот кој ќе го признае прекршокот што му се става на товар ќе му издаде платен налог, согласно со закон. Приемот на поканата или платниот налог сторителот го констатира со свој потпис.

(3) Ако сторителот не ја плати глобата од поканата и налогот од ставот (2) на овој член во рок од осум дена од денот на приемот царинскиот службеник е должен веднаш да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

Член 20-б

Надлежен орган за изрекување на прекршоци од овој закон е надлежниот суд.“

Член 17

Членот 22 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на извозникот- правно лице кој врши извоз на стоки и технологии со двојна употреба без издадена дозвола за извоз, спротивно од членот 6 ставови (1), (3), (4) и (5) на овој закон.

(2) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок од ставот (1) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

(3) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правното или физичкото лице ќе му се изрече и посебна прекршочна санкција одземање на предмети - стоки.

(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член, покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од три до пет години.

(5) За дејствијата од ставот (1) на овој член, покрај глобата на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејноста во траење од три до пет години, а на физичкото лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана за вршење на дејност или должност во траење од три до пет години.“

Член 18

По членот 22 се додаваат седум нови члена 22-а, 22-б, 22-в, 22-г, 22-д, 22-ѓ и 22-е, кои гласат:

„Член 22-а

(1) Глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на брокерот кој врши брокерски услуги на стоки и технологии со двојна употреба (член 6-а ставови (1), (3), (4) и (5)).

(2) Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок од ставот (1) на овој член ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

Судска заштита на правата од колективен договор

Член 234

Страна на колективен договор може со тужба пред надлежниот суд да бара заштита на правата од колективниот договор.

Решавање на колективните работни спорови

Член 235

(1) Ако настане спор во постапката на склучување, изменување и дополнување на колективен договор, спорот се решава по мирен пат.

(2) Страните во спорот можат решавањето на колективниот работен спор спогодбено да го доверат на арбитража.

XX. ШТРАЈК

Права и обврски за времето на штрајк

Член 236

(1) Синдикатот и неговите здруженија на повисоко ниво имаат право да повикаат на штрајк и да го поведат со цел за заштита на економските и социјалните права на своите членови од работниот однос, во согласност со закон.

(2) Штрајкот мора писмено да се најави на работодавачот, односно здружението на работодавачите против кои е насочен, а штрајкот на солидарност на работодавачот кај кого тој штрајк се организира.

(3) Штрајкот не смее да започне пред завршување на постапката за помирување, согласно со овој закон. Обврската за помирување не смее да го ограничи правото на штрајкот, кога таква постапка е предвидена со овој закон, односно пред спроведувањето на друга постапка за мирно решавање на спорот за која страните се договориле.

(4) Штрајкот на солидарност може да започне без спроведување на постапка за помирување, но не пред истекот на два дена од денот на почетокот на штрајкот за чија поддршка се организира.

(5) Во писмото со кое се најавува штрајкот мора да се наведат причините за штрајкот, местото на одржувањето на штрајкот и денот и времето на почетокот на штрајкот.

(6) Штрајкот мора да биде организиран на начин со кој нема да се оневозможува или попречува организирањето и одвивањето на работниот процес за работниците кои не учествуваат во штрајкот, забрана на влез на работниците и на одговорните лица во деловните простории на работодавачот.

Отстранување од процесот на работа

Член 237

(1) Работодавачот може да отстрани работници од процесот на работа само во одговор на веќе започнат штрајк.

(2) Бројот на работници отстранети од работа не смее да биде поголем од 2% од бројот на работниците учесници во штрајкот.

(3) Работодавачот може да ги отстрани од процесот на работа само оние работници кои со своето однесување поттикнуваат насилничко и недемократско однесување, со што се оневозможуваат преговорите меѓу работниците и работодавачот.

(4) За работниците отстранети од работа, за времето додека се отстранети од работа, работодавачот е должен да ги уплатува придонесите утврдени со посебните прописи за најниската основица за плаќање на придонесите.

Правила за работите кои не смеат да се прекинат за време на штрајк

Член 238

(1) На предлог на работодавачот, синдикатот и работодавачот спогодбено подготвува и донесува правила за производно одржувачки и нужни работи кои не смеат да се прекинуваат за време на штрајк.

(2) Правилата од ставот (1) на овој член содржат особено одредби за работите и бројот на работниците кои на нив мора да работат за време на штрајк, а со цел за овозможување обновување на работата по завршување на штрајкот (производно одржувачки работи), односно со цел за вршење на работите кои се неопходно потребни заради спречување на загрозување на животот, личната сигурност или здравјето на граѓаните (нужни работи).

(3) Со определување на работите од ставот (1) на овој член не смее да се оневозможува или битно ограничува правото на штрајк.

(4) Ако синдикатот и работодавачот не се спогодат, во рок од 15 дена од денот на доставувањето на предлогот на работодавачот до синдикатот за определувањето на работите од ставот (1) на овој член, работодавачот или синдикатот може во рок од наредните 15 дена да бара за тие работи да одлучи арбитража.

Последици од организирањето и учеството во штрајк

Член 239

(1) Организирањето или учеството во штрајк организиран во согласност со одредбите на овој закон и колективен договор, не претставува повреда на договорот за вработување.

(2) Работникот не смее да биде ставен во понеповолна положба од другите работници поради организирање или учество во штрајк, организиран во согласност со одредбите на закон и колективен договор.

(3) На работникот може да му се даде отказ само ако организирал или учествувал во штрајк кој не е организиран во согласност со закон и колективен договор или ако за време на штрајкот направил некоја друга тешка повреда на договорот за вработување.

(4) Работникот не смее на кој било начин да биде присилен да учествува во штрајкот.

Придонеси од плата

Член 240

На работниците учесници во штрајк, за време на учество во штрајкот, работодавачот е должен да им уплатува придонеси од плата утврдени со посебните прописи на најниската основица за плаќање на придонесите.

Надоместок на нето плата за време на штрајк од организаторот на штрајкот

Член 241

Организаторот на штрајкот може од свои средства да им обезбеди надоместок на нето плата за времето на штрајк на работниците кои учествувале во штрајкот.

Судска забрана на незаконски штрајк и надомест на штета

Член 242

(1) Работодавачот, односно здружението на работодавачите може да бара од надлежниот суд да забрани организирање и спроведување на штрајк спротивно од одредбите на закон.

(2) Работодавачот може да бара надомест на штета која ја претрпел поради штрајкот кој не е организиран и спроведен во согласност со овој закон.

Судска забрана за незаконско исклучување од работа и надомест на штета

Член 243

(1) Синдикатот може да бара од надлежниот суд да забрани исклучување од работа за време на штрајк, спротивно од одредбите на закон.

(2) Синдикатот може да бара надомест на штета која тој или работниците ја претрпеле поради исклучувањето од работа за време на штрајк кое не е извршено во согласност со закон.

Судска надлежност за забрана на штрајк и отстранување од работа

Член 244

(1) Одлука за забрана на штрајк донесува надлежниот суд за работни спорови во прв степен.

(2) По жалба против одлуката од ставот (1) на овој член, одлучува надлежниот суд.

(3) Постапката по барањето за забрана на штрајк, односно отстранување од работа е итна.

Штрајк во вооружените сили, полицијата, органите на државната управа и јавните служби

Член 245

Штрајкот во вооружените сили, полицијата, органите на државната управа, јавните претпријатија и јавните установи се уредува со посебен закон.

XXI. ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ

Овластувања на Економско-социјалниот совет

Член 246

(1) Заради утврдување и остварување на усогласени дејности со цел за заштита и промоција на економските и социјалните права, односно интереси на работниците и работодавачите, водење на усогласена економска, развојна и социјална политика, поттикнување на социјален дијалог и склучување и примена на колективни договори и нивно усогласување со мерките на економската, социјалната и развојната политика, се основа Економско- социјален совет.

(2) Дејноста на Економско-социјалниот совет се темели на потребата за тристрана соработка меѓу Владата на Република Македонија (во натамошниот текст: Владата), синдикатите и здруженијата на работодавачите, во решавањето на економските и социјалните прашања и проблеми.

(3) Економско-социјалниот совет:

1) ги следи, проучува и оценува влијанието на економската политика и мерките на економската политика на социјалната стабилност и развој;

2) ги следи, проучува и оценува влијанието на социјалната политика и мерките на социјалната политика на економската стабилност и развој;

3) ги следи, проучува и оценува влијанието на промените на цените и платите на економската стабилност и развој;

4) му дава образложено мислење на министерот за труд за прашања и проблеми поврзани со склучувањето и примената на колективните договори;

5) им предлага на Владата, работодавачите и синдикатите, односно на нивните здруженија на повисоко ниво, водење на усогласена политика на цени и плати;

6) дава мислења по предлози на закони од областа на трудот и социјалната сигурност;

7) ја промовира и поттикнува потребата на тристрана соработка (трипартитен социјален дијалог) меѓу социјалните партнери за решавање на економските и социјалните прашања и проблеми;

8) го поттикнува мирното решавање на колективните работни спорови и

9) дава мислења и предлози на министерот за труд во врска со другите прашања утврдени со овој закон.

(4) Економско-социјалниот совет се основа со спогодба меѓу Владата, репрезентативните синдикати на територијата на Република Македонија и репрезентативните здруженија на работодавачи на територијата на Република Македонија.

(5) Со спогодбата за основање на Економско-социјалниот совет поблиску се определуваат неговите овластувања.

(6) Економско-социјалниот совет може да основа одбори и комисии за одделни прашања од својот делокруг.

(7) Економско-социјалниот совет донесува деловник со кој се уредува начинот на работата на Советот.

Состав на Економско-социјалниот совет

Член 247

(1) Со спогодбата за основање на Економско-социјалниот совет се определува неговиот состав.

(2) При утврдување на составот мора да се води сметка за соодветна застапеност на социјалните партнери.

XXII. ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ ВО СТРАНСТВО

Испраќање работник на работа во странство

Член 248

(1) Во согласност со договорот за вработување работодавачот може да го испрати работникот на работа во странство. Должината на испраќањето ќе се пресметува врз основа на референтен период од една година од денот на испраќањето.

(2) Работникот може да го одбие испраќањето на работа во странство од оправдани причини, како што се:

1) бременост;

2) инвалидност;

3) здравствени причини;

4) грижа за дете кое не наполнило седум годишна возраст;

5) грижа за дете кое не наполнило 15 години возраст, ако работникот живее сам со детето и се грижи за неговото воспитување и заштита и

6) други причини определени со договорот за вработување, односно со колективниот договор којшто непосредно го обврзува работодавачот.

(3) Ако договорот за вработување не предвидува можност за работа во странство, работодавачот и работникот се должни да склучат нов изменет договор за вработување. Договорот може да се склучи за време на довршување на проектот, односно за време на довршување на работите кои испратениот работник ги врши во странство.

Договор за вработување за вршење на работи во странство

Член 249

(1) Ако работникот склучува договор за вработување за вршење на работа во странство и за тоа време за правата и обврските од деловниот однос се применуваат, исто така, и странските прописи според меѓународното приватно право, договорот за вработување покрај обврзувачките норми според овој закон мора да содржи и одредби за:

1) траењето на работата во странство;

2) празниците и слободните работни денови;

3) минималниот годишен одмор;

4) висина на платата и валутата, во којашто таа се исплаќа;

5) другите примања во пари, на кои работникот има право за време работата во странство и

6) условите за враќање во татковината.

(2) Наместо одредбите од ставот (1) точки 4 и 5 на овој член, договорот за вработување може да се повикува на друг закон, друг пропис или на колективен договор којшто го уредува тоа прашање.

Испраќање на работници во рамки на давање услуги

Член 249-а

(1) Работно правните односи на работниците кои се испратени од нивниот работодавач за извршување на работи за давање на услуги за друг работодавач од територијата на земја членка на Европската унија во територијата на Република Македонија се утврдени со овој закон, посебни правила или релевантен колективен договор со кој се регулира:

1) траењето на работното време и периодите за одмор;

2) минималната плата, минималните побарувања на плата и стапка на прекувремена заработувачка;

3) здравје и безбедност при работа;

4) условите за работа на жените, младите лица и работничките кои се грижат за дете помало од три години и

5) еднаков третман на мажите и на жените и забрана на дискриминација.

(2) Додатоците поврзани со работното место се сметаат за дел од минималната плата, освен ако не се плаќа надоместок за трошоците што реално произлегуваат од работното место, како што се патните трошоци, трошоците за сместување и исхрана.

(3) Кога се работи за првично склопување и/или почетно инсталирање на стока, а тоа претставува интегрален дел од некој договор за снабдување со стока и е неопходно да се употреби стоката со која се снабдува и кога тоа го извршуваат квалификувани и/или стручни работници на претпријатието кое снабдува. Точките 1 и 2 од став (1) на овој член не се применуваат, доколку работникот се испраќа на не повеќе од осум дена.

(4) Државниот инспекторат за труд ќе обезбеди информации за условите за работа согласно со посебните правила, главно во врска со водењето на градежните работи вклучувајќи ги и склопувањата, регулирање на терен, склопување и расклопување на градби, поправање на технички, технолошки и производство на градежни опреми, рушење и одржување, соработка со овластени тела од Европската унија и земјите членки на Европската унија за идентификација, контрола и проценка на условите за работа од овој став и обезбедување на релевантни информации за условите при работа.

(5) Одредбите од ставот (1) на овој член не го спречува спроведувањето на принципите и условите за вработување да бидат поповолни за вработените.

XXIII. РАБОТА НА ДЕЦА ПОМЛАДИ ОД 15 ГОДИНИ, УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ

Член 250

(1) Кај работодавачот може учениците кои наполниле 14 години возраст и студентите да вршат практична работа во рамките на образовната програма.

(2) Во случаите од став (1) на овој член соодветно се применуваат одредбите на овој закон за работното време, одморите и паузите, за посебната заштита на работниците кои сé уште не наполниле 18 години возраст, како и за одговорноста за надомест на штета.

Чираци

Член 251

За чиракот за време на професионалното оспособување кај работодавачот се применуваат одредбите на овој и на друг закон со кои се уредува посебна заштита на работниците кои сé уште не наполниле 18 години возраст, распоредувањето на работното време, одморот за време на работното време, неделниот одмор, за платениот одмор, отсутност од работа поради празнување, отсутност од работа поради неспособност за работа поради болест, отсутност од работа поради вршење на функција или обврски според посебни закони и одговорност за надомест на штета.

Посебни договори

Член 252

(1) Работодавачот може со определено лице да склучи договор поради вршење работи кои се надвор од дејноста на работодавачот, а кои имаат за предмет самостојна изработка или поправка на определени предмети, самостојно извршување на определена физичка или интелектуална работа.

(2) Договорот од ставот (1) на овој член може да се склучи и за културно-уметнички работи со лице кое врши културно-уметничка дејност.

(главата XXIV РАБОТНА КНИШКА и членовите 253, 254 и 255 се избришани)

XXV. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ОБЛАСТА НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Надзор од страна на инспекцијата на трудот

Член 256

(1) Надзор над примената на овој закон, другите закони и вработување прописи за работните односи, колективните договори и договорите за работа со кои се уредуваат правата и обврските на работникот и работодавачот од работниот однос, врши органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот.

(2) Работите на инспекцискиот надзор од ставот (1) на овој член ги врши инспекторот на трудот.

Овластувања на инспекцијата на трудот

Член 257

(1) Во спроведувањето на надзорот инспекторот на трудот ги има овластувањата утврдени со закон и врз основа на закон донесените прописи.

(2) Работникот, синдикатот и работодавачот можат да бараат од инспекторот на трудот да изврши инспекциски надзор.

Укажување за отстранување на повреди на закон и други прописи

Член 258

(1) Ако инспекторот на трудот утврди повреда на закон, друг пропис, колективен договор, договор за вработување и други акти, над чија примена врши инспекциски надзор, со решение ќе му нареди на работодавачот да донесе или поништи акт со кој ќе ги отстрани утврдените неправилности и недостатоци.

(2) За постапувањето по донесеното решение, работодавачот е должен да го извести инспекторот на трудот.

Член 258-а

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот на трудот утврди дека е сторена неправилност од членовите 19, 23, 24, 50, 70, 71, 182, 183, 195, 219-в и 252 на овој закон, должен е да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или работодавачот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот инспекторат за труд во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе работодавачи.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или работодавачот на кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или работодавачот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку инспекторот за труд при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на испекциски надзор.

(8) Доколку инспекторот за труд при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред прекршочната комисија.

(9) Државниот инспекторат за труд кој што го извршил инспекцискиот надзор, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Член 258-б

Министерството за труд и социјална политика – Државниот инспекторат за труд за извршените контроли изготвува кварталнии извештаи и ги објавува на веб страниците на Министерството за труд и социјална политика и на Државниот инспекторат за труд, на унифициран кваратален преглед.

Забрана за вршење на работи на работодавачот

Член 259

(1) Ако инспекторот за труд затекне на работа кај работодавачот лице со кое не е заснован работен однос согласно со законот и лицето не е пријавено во задолжително социјално осигурување, со решение ќе му нареди на работодавачот, во рок од 15 дена да заснова работен однос со затеченото или друго лице на неопределено време и да му исплати надомест во висина од три просечни исплатени бруто плати во Републиката, објавена во тековниот месец.

(2) Ако работодавачот не постапи по решението од ставот (1) на овој член, инспекторот за труд ќе донесе решение за забрана на работа во работната просторија на работодавачот, до постапувањето по наредбата од ставот (1) на овој член.

(3) Извршувањето на наплатата на надоместокот од ставот (1) на овој член го остварува затеченото лице, согласно со Законот за извршување.

(4) Ако во рок од две години кај работодавачот од ставот (1) на овој член на работа се затекне лице со кое не е заснован работен однос, согласно закон, инспекторот за труд ќе донесе решение за забрана на работа во работната просторија на работодавачот во траење од 30 дена.

(5) За прекршокот од ставовите (1) и (4) на овој член инспекторот за труд поднесува барање за поведување прекршочна постапка.

Овластување на институцијата за јавни приходи

Член 260

(1) Организацијата надлежна за работите на јавните приходи е должна да го известува надлежниот инспектор на трудот за работодавачите кои не извршиле пресметка и исплата на плати, односно најниска плата за претходниот месец.

(2) Известувањето од ставот (1) на овој член се доставува до инспекторот на трудот според седиштето на работодавачот.

Покренување на прекршочна постапка

Член 261

Инспекторот на трудот ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка, ако констатира дека работодавачот, односно одговорното лице со повреда на закон или други прописи, колективни договори и договор за вработување со кои се уредуваат работните односи, извршил прекршок.

Одлагање на извршување на одлука

Член 262

(1) Ако инспекторот на трудот утврди дека со конечна одлука на работодавачот е повредено право на работникот, на барање на работникот, со решение ќе го одложи извршувањето на таа одлука, ако работникот завел работен спор до донесувањето на правосилна одлука на судот.

(2) Работникот од ставот (1) на овој член, барањето до инспекторот на трудот може да го достави во рок од 30 дена од денот на поведувањето на работниот спор пред надлежниот суд.

(3) Против конечното решение на инспекцијата на трудот од ставот (1) на овој член не може да се покрене управен спор.

Право на жалба

Член 263

(1) Против решението на инспекторот на трудот од членовите 258, 259 и 262 на овој закон може да се изјави жалба до министерот надлежен за работите од областа на трудот, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(2) Жалбата против решението од членот 259 не го одложува извршувањето на решението.

XXVI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 264

(1) Глоба во износ од 7.000 евра, во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на работодавач - правно лице ако:

1) не е склучен договор за вработување меѓу работникот и работодавачот и работодавачот не го пријавил работникот во задолжително пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и осигурување во случај на невработеност пред стапување на работникот на работа (член 13 ставови (1),(2),(3) и (7));

2) не обезбеди услови за безбедност на животот и здравјето на работниците во согласност со прописите за безбедност и здравје при работа (член 42);

3) не ги штити и почитува личноста, достоинството, приватноста на работникот и не се грижи за заштита на личните податоци на работникот (членовите 43 ставови (1) и (2) и член 44 ставови (1),(2),(3) и (4)) и

4) го оневозможува или ќе се обиде да го оневозможи инспекторот на трудот во спроведувањето на надзорот.

(2) Глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

(3) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на работодавач - физичко лице.

Член 265

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на работодавач - правно лице ако:

1) договорот за вработување не се чува во работните простории на работодавачот каде што работи работникот и не му е врачен примерок од договорот за вработување на работникот (член 15 ставови (2) и (3));

2) склучи договор за вработување со лице кое не наполнило 15 години возраст и кое нема општа здравствена способност (член 18);

3) склучи договор за вработување или овозможи работа на млади лица спротивно на членот 18 од овој закон или ако склучи договор за вработување спротивно на овој закон (член 19 ставови (1) , (2) и (3));

4) склучи договор за вработување со странец кој не ги исполнува условите определени со овој или со друг закон (член 20);

5) работодавачот направи измени на договор за вработување спротивно на овој закон (член 28-а ставови (2), (3) и (4));

6) не го запознае работникот со мерките за безбедност и здравје при работа и не го обучи за нивната примена, согласно прописите за безбедност и здравје при работа (член 32);

7) на работникот кој работи со скратено работно време му наложи да работи преку договореното работно време (член 48 и 60);

8) не обезбеди заштита на правата во случај на пренесување на трговско друштво или делови на трговско друштво (член 68-а, 68-б, 68-в, 68-г, 68-д);

9) не обезбеди информирање и консултирање на работникот во смисла на членовите 94-а и 95 од овој закон;

10) не исплатил плата, и не уплатил придонеси од плата (членови од 105 до 114);

11) на работникот му нареди да работи со подолго работно време од работното време определено со закон, не води или неправилно води евиденција на работното време и на прекувремената работа и не го извести инспекторот за воведување на прекувремена работа (членови 116, 117, 119 и 120);

12) не ги почитува прописите за прераспределбата и распоредот на работното време (членови 124 и 125);

13) ноќната работа ја организира спротивно на членовите од 127 до 131 од овој закон, односно не го извести инспекторот за воведување на ноќна работа;

14) на работникот не му обезбеди пауза за време на работното време, одмор меѓу два последователни дена, неделен и годишен одмор во согласност со овој закон и не издаде решение за годишен одмор (членови од 132 до 156);

15) на работничка , татко и посвоител на дете со потешки пречки во развојот не им обезбеди право на посебна заштита во согласност со овој закон (членови од 160 до 171);

16) на работници кои се уште не наполниле 18 години возраст не им обезбеди заштита во согласност со овој закон (членови од 172 до 176);

17) на инвалидите и на повозрасните работници не им обезбеди заштита во согласност со овој закон (членови од 177 до 180);

18) вршењето на работа во странство го организира спротивно на овој закон (членови 248 и 249);

19) организира работа на деца, ученици и студенти спротивно на овој закон (член 250) и

20) не постапи по решението на инспекторот за отстранување на повреда на закон или друг пропис или по налог на инспекторот за труд за забрана на работа (членови 256 до 263).

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на директорот, односно друго одговорно лице кај работодавачот.

(3) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на работодавач - физичко лице.

Член 265-а

(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на работодавач - правно лице ако:

1) не ги исполнува пропишаните и договорените услови за вршење на работата определени со закон, колективен договор, акт на работодавачот, односно барани од страна на работодавачот (член19);

2) објави слободно работно место во спротивност на овој закон (членови 23 и 24);

3) на инспекторот за труд не му достави примерок од договорот за вработување за вршење на работа дома (член 50);

4) работодавачот се обиде да оствари или остварува забранет надзор над синдикатот (член 195);

5) не издаде потврда со список или издаде потврда со список со нецелосни податоци за работниците членови на синдикатот кои плаќаат членарина (член 213-в);

6) работник кој организирал или учествувал во штрајк, организиран во согласност со закон, го стави во понеповолна положба со другите работници (член 239);

7) откажувањето на договорот за вработување не биде изречено во писмена форма и содржина, согласно со закон и не биде врачен (членови 70 и 71);

8) тогаш кога е должен да учествува во постапка за мирно решавање на работните спорови (членови 182 и 183) и

9) склучи договор спротивно на членот 252 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на директорот, односно одговорното лице кај работодавачот.

(3) Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на работодавач - физичко лице.

Член 266

(1) Глоба во износ од 1.200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на синдикатот, односно здружението на синдикатите и работодавачите, ако:

1) синдикатот, односно здруженијата на синдикатите и работодавачите во рок од 30 дена од денот на настанувањето на промената не ја пријави промената на називот на синдикатот и неговите здруженија на повисоко ниво, седиштето, подрачјето на дејствување, називот на органите и телата, лицата овластени за застапување, престанокот на дејствувањето, односно овластувањата во правниот промет (член 193);

2) синдикатот, односно здруженијата на синдикатите и работодавачите, колективниот договор не го објават на пропишаниот начин (член 232);

3) синдикатот, односно здруженијата на синдикатите и работодавачите, тогаш кога за тоа се должни, одбијат да учествуваат во постапката за мирење предвидена со овој закон (членови 182 и 183);

4) синдикатот, односно здруженијата на синдикатите не најават штрајк (член 236 став (2));

5) синдикатот, односно здруженијата на синдикатите започнат штрајк пред спроведување на постапка за мирење, предвидена со овој закон, односно пред спроведување на друга постапка за мирно решавање на спорот (член 236 став (3)) и

6) синдикатот, односно здруженијата на синдикатите во писмото за најава на штрајк не ги наведат причините за штрајк, местото, денот и времето на почетокот на штрајкот (член 236 став (5)).

(2) Надлежен орган за изрекување на прекршочните санкции по ставот (1) од овој член е надлежниот суд.

Прекршочен орган

Член 266-а

(1) За прекршоците утврдени во членовите 264 и 265 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот (во натамошниот текст: Прекршочниот орган).

(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочната комисија).

(3) Прекршочната комисија одлучува по прекршоците утврдени во овој или друг закон и изрекува прекршочни санкции утврдени во овој закон или друг закон.

(4) Против одлуката за прекршок што ја донел Прекршочниот орган може да се поднесе тужба за поведување управен спор.

Формирање и работа на Прекршочна комисија

Член 266-б

(1) Прекршочна комисија формира министерот надлежен за работите од областа на трудот. Министерот може да формира повеќе прекршочни комисии кои ќе бидат надлежни за водење на прекршочна постапка за одделни области или за одделни подрачја на Република Македонија.

(2) Прекршочната комисија е составена од претседател и два члена од редот на државните службеници вработени во органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот. Претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит.

(3) Прекршочната комисија се избира за време траење од три години со право на реизбор на членовите.

(4) Претседателот и член на Прекршочната комисија може да се разреши:

1) со истекот на времето за кое е именуван за член;

2) по негово барање;

3) со исполнување на условите за старосна пензија согласно со закон;

4) ако му се утврди трајна неспособност;

5) ако се утврди прекршување на прописите за водење на прекршочна постапка со правосилна одлука;

6) ако не ги исполнува обврските кои произлегуваат од работењето во Прекршочната комисија и

7) ако не пријавил постоење конфликт на интерси за случај за кој решава Прекршочната комисија.

(5) Прекршочната комисија има право да изведува докази и собира податоци кои се неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи и презема дејствија утврдени со овој закон, Закон за прекршоците или друг закон.

(6) Членовите на Прекршочната комисија се самостојни и независни во работата на Прекршочната комисија и одлучуваат врз основа на своето стручно знаење и самостојно убедување.

(7) Прекршочната комисија работи на седница, а одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(8) Министерот надлежен за работите од областа на трудот донесува деловник и трошковник за работа на Комисијата за прекршоци.

(9) Прекршочната комисија води единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки на начин пропишан од министерот надлежен за работите од областа на трудот.

Порамнување

Член 266-в

(1) За прекршоците утврдени во членовите 264 и 265 од овој закон, државниот инспектор за труд е должен на сторителот на прекршокот, пред да поднесе барање за прекршочна постапка да му предложи постапка за порамнување, согласно со овој или друг закон и Законот за прекршоците.

(2) Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување на постапка за порамнување, државниот инспектор за труд составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот, лицата затекнати на самото место и издавањето на платен налог за плаќање на изречената глоба.

(3) Записникот и платниот налог ги потпишуваат државниот инспектор за труд и сторителот на прекршокот.Со потписот на приемот на платниот налог се смета дека сторителот се согласува да ја плати глобата, во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог, на сметка на органот назначен во платниот налог.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и платниот налог го потпишува одговорното лице, односно лицето кое се нашло на лице место при инспекцискиот надзор или друго службено или одговорно лице кое изјавило дека има право да го потпише записникот и да го прими платниот налог.

(5) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (3) на овој член, ќе плати само половина од изречената глоба.

(6) Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од ставот (3) на овој член, државниот инспектор на труд ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до прекршочниот орган.

Насловот на членот 266-г и членот 266-г се избришани

XXVII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Примена на одредбите на овој закон на започнатите постапки за заштита на права

Член 267

(член 267 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05)

Постапките за остварување и заштита на правата започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се довршат според одредбите на законот кој важел во време на започнување на постапката освен ако одредбите од овој закон не се поповолни за работникот.

Донесување на подзаконските акти

Член 268

(член 268 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05)

(1) Министерот надлежен за работите од областа на трудот ќе ги донесе подзаконските прописи за спроведување на овој закон во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегувањето во сила на подзаконските прописи од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

Усогласување на прописите

Член 269

(член 269 од Законот објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05)

(1) Постојните колективни договори и акти на работодавачот ќе се усогласат со овој закон најдоцна во рокот од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Колективните договори кои нема да се усогласат во рокот определен во ставот (1) на овој член престануваат да важат.

(3) До склучувањето на колективните договори и донесувањето на акти на работодавачот согласно со овој закон, непосредно се применуваат одредбите на овој закон.

(4) Постојните договори за работа склучени до влегувањето во сила на овој закон се сметаат за договори за вработување.

Рок за електронско евидентирање на работното време

Член 270

(член 270 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија "бр. 62/05)

Обврската на работодавачот за електронско евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа од членот 116 став (7) на овој закон, започнува да важи од 1 јануари 2006 година.

Престанување на важност на законите

Член 271
(член 271 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија ”бр. 62/05)

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 14/95, 53/97, 21/98, 25/2000, 3/2001, 50/2001, 25/2003 и 40/2003) и исправките на Законот објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/94, 59/97 и 34/2000 и Законот за штрајк („Службен лист на СФРЈ" број 23/91).

Член 272
(член 272 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 62/05)

Постојните младински задруги ќе се трансформираат и ќе го усогласат своето работење во согласност со закон до 31 декември 2005 година.

Член 273
(член 30 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 106/08)

Работодавачот е должен во рок од два месеца од влегувањето во сила на овој закон на работникот да му ја врати работничката книшка.

Член 274
(член 31 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 106/08)

Рокот од членот 46 се смета кај договори склучени по влегувањето во сила на овој закон.

Член 275
(член 45 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 130/09)

Синдикатите и здруженијата на работодавачи на повисоко ниво регистрирани пред денот на влегување во сила на овој закон се должни да се пререгистрираат во министерството надлежно за работите од областа на трудот, во согласност со овој закон, во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 276
(член 46 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија ”бр. 130/09)

(1) Комисијата се формира во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Барање за утврдување на репрезентативност, согласно овој закон, синдикатите и здруженијата на работодавачи доставуваат во рок од 30 дена од денот на формирањето на Комисијата.

Член 277
(член 47 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 130/09)

(1) Општите колективни договори се усогласуваат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Колективните договори на ниво на гранка, односно оддел, согласно со Националната класификација на дејности и колективните договори на ниво на работодавач се усогласуваат во рок од шест месеци од потпишувањето на општите колективни договори.

Член 278
(член 48 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 130/09)

Одредбите од колективните договори кои нема да се усогласат во рокот од член 47 од овој закон престануваат да важат.

Член 279
(член 49 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 130/09)

Во целиот текст на Законот за работните односи по зборот „ гранка“, односно „гранки“ во било кој род и број се додаваат зборовите: „односно оддел, согласно со Националната класификација на дејности“.

Член 280
(член 44 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија” бр. 124/10)

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3319.

Врз основа на член 2, став 3 и член 18 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именува лица во Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 36/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 23/97, 37/2005, 84/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 42/2010 и 97/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 декември 2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ КОИ ГИ ИМЕНУВА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2005, 71/2005, 2/2006, 8/2006, 46/2006, 18/2007, 94/2007, 103/2007, 126/2007, 138/2007, 39/2008, 137/2008, 154/2008, 63/2009, 76/2009, 144/2009, 39/2010 и 63/2010), во член 1 во табелата по алинејата „директор на Државниот комунален инспекторат – 2,8“ се додава нова алинеја која гласи: - „директор на Управата за сигурност во железничкиот систем – 2,9“.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 17 ноември 2010 година.

Член 3

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-2224/7
1 декември 2010 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3320.

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007 и 156/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ГРАД СКОПЈЕ СО ДОЛГОРОЧЕН КРЕДИТ СО ДЕВИЗНА КЛАУЗУЛА КАЈ ТУТУНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност Градот Скопје да се задолжи кај Тутунска банка АД-Скопје, со долгорочен кредит со девизна клаузула во износ од 8.500.000 евра (осум милиони и петстотини илјади евра).

Член 2

Средствата од долгорочниот кредит со девизна клаузула од член 1 на оваа одлука Град Скопје ќе ги користи за финансирање на Проектот "Изградба на катни гаражи Даме Груев и Цветен Пазар" под следните услови:

- рок за враќање: 10 (десет) години со вклучени 2 (две) години грејс период;
- каматна стапка: 3 месечен ЕУРИБОР плус 5,1% процентни поени годишно;
- провизија за обработка: 1,25 % еднократно, пред првото влечење на кредитот;
- без провизија за предвремено враќање.

Член 3

Условите и начинот на користење на заемот, како и сервисирањето на обврските кои произлегуваат од истиот, се утврдуваат со Договорот за долгорочен кредит со девизна клаузула кој ќе се склучи помеѓу Град Скопје и Тутунска банка АД-Скопје.

Член4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-7486/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

3321.

Врз основа на член 9 од Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 декември 2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ

1. Сабре Незироски се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, на негово барање.

2. За член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот се именува Надица Николовска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-4921/2
1 декември 2010 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3322.

Врз основа на член 17 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/99 и 43/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 декември 2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Од должноста членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија – Скопје, поради истек на мандатот, се разрешуваат:

- Васко Апостоловски,
- Гоце Кузмановски,
- Нелко Нелковски,
- Ромео Јосифовски.

2. За членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија – Скопје, се именуваат:

- Васко Апостоловски,
- Гоце Кузмановски,
- Нелко Нелковски,
- Ромео Јосифовски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-5214/2
1 декември 2010 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3323.

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009 и 97/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 декември 2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ХС „ЗЛЕТОВИЦА“ - ПРОБИШТИП

1. Седат Јакуповски се разрешува од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип, поради истек на мандатот за кој е именуван.

2. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“ – Пробиштип, се именува Димчо Лазов.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-5894/2 Претседател на Владата
1 декември 2010 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

3324.

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009 и 97/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 декември 2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, поради истек на мандатот за кој се именувани се разрешуваат:
- Тони Димитриоски,
- Ристе Новачевски,
- Киро Тодоровски.

2. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија се именуваат:
- Тони Димитриоски,
- Ристе Новачевски,
- Киро Тодоровски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-6016/2 Претседател на Владата
1 декември 2010 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

3325.

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009 и 97/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 декември 2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, поради истек на мандатот за кој се именувани се разрешуваат:
- Златко Јанкоски
- Соња Туниева и
- Кирил Пецаков, на негово барање.

2. За членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија се именуваат:
- Златко Јанкоски
- Соња Туниева.

3. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-6127/2 Претседател на Владата
1 декември 2010 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

3326.

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009 и 97/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 декември 2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОДОСТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ ХС „ЗЛЕТОВИЦА“-ПРОБИШТИП

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“-Пробиштип, поради истек на мандатот за кој се именувани се разрешуваат:
- Ванчо Костадиновски
- Васко Арсов.

2. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица“-Пробиштип, се именуваат:
- Зоран Минов
- Власте Савовски.

3. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-6154/6 Претседател на Владата
1 декември 2010 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

3327.

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009 и 97/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 декември 2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „СТРЕЖЕВО“-БИТОЛА

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола, поради истек на мандатот за кој се именувани се разрешуваат:
- Мирјана Веловска
- Томе Ристевски
- Александар Крстевски.

2. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола се именуваат:
- Горан Гурчиновски
- Гоце Талевски
- Марија Ивановска.

3. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-6237/4 Претседател на Владата
1 декември 2010 година на Република Македонија,
Скопје м-р **Никола Груевски**, с.р.

3328.

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009 и 97/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 декември 2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ „СТРЕЖЕВО“-БИТОЛА

1. Од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола, се разрешуваат:

- Никола Наумовски
- Кире Крстески.

2. За членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“-Битола се именуваат:

- Илија Филиповски
- Костадин Тасковски.

3. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-7392/1
1 декември 2010 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3329.

Врз основа на член 162 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006, 153/2007, 152/2008, 161/-2008, 81/2009, 156/2009 и 83/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 декември 2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

1. Ангел Максимовски се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

2. За член на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија се именува Ацо Стојанов, дипл. правник.

3. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-7393/1
1 декември 2010 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3330.

Врз основа на член 135 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007, 77/2008, 67/2009 и 88/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 декември 2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ - ВИНИЦА

1. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - Виница се именува Гоце Василев.

2. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-7394/1
1 декември 2010 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

3331.

Врз основа на член 9 став 3 од Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 декември 2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА

1. Газменд Сејфули се разрешува од должноста заменик на директорот на Управата за Финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии.

2. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-7395/1
1 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

3332.

Врз основа на член 9 став 3 од Законот за финансиската полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2007), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1 декември 2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА УПРАВАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА

1. За заменик на директорот на Управата за Финансиска полиција, орган во состав на Министерството за финансии, се именува Бесим Билали.

2. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-7396/1
1 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

3333.

Врз основа на член 16 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.10/97, 54/97, 13/01, 2/02 и 54/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, издаде

Л И Ц Е Н Ц А
ЗА ПОСТОЈАНО ПРИРЕДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА ВО ИГРАЧНИЦА (КАЗИНО)

1. Лиценца за постојано приредување на посебни игри на среќа во играчница (казино) се издава на Друштвото за угостителство и игри на среќа „ПРИНЦЕС ХОТЕЛ И КАЗИНО„ ДОО Богородица Гевгелија.

2. Приредувањето на посебните игри на среќа во играчница (казино) ќе се врши во играчницата (казино) што се наоѓа во хотел “Принцес“ во Гевгелија на ул.“Граничен Премин Богородица“.

3. Во играчницата (казино), корисникот на Лиценцата за приредување на посебните игри на среќа, ќе постави 627 автомати за игри на среќа на кои може да учествува само еден играч, 3 автомати за игри на среќа (електронски рулет) на кои може да учествуваат повеќе играчи, 15 маси за рулет, 8 маси за блек џек , 7 маси за покер и 8 маси за тексас холдем покер.

4. Корисникот на Лиценцата е должен да плати надоместок за Лиценцата кој изнесува 520.000 евра, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата и тоа:

- 50% од износот, 260.000 евра, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија да уплати на денот на доделувањето на Лиценцата и
- остатокот од 50% во еднакви годишни рати, најдоцна до 30 јануари во тековната година за секоја година додека трае Лиценцата, во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија што се применува на денот на уплатата.

Уплатата на средствата од алинеите 1 и 2 на оваа точка се вршат во Буџетот на Република Македонија на Трезорска сметка 100000000063095, уплатна сметка број 840-62207, приходно конто 718113, програма 00 и банка на примачот: Народна банка на Република Македонија.

Потврдата за уплатениот износ од алинеја 1 на оваа точка корисникот на Лиценцата ја доставува до Министерството за финансии.

Корисникот на Лиценцата ги доставува до Министерството за финансии и потврдите за уплатените годишни рати, од алинеја 2 на оваа точка.

5. Лиценцата корисникот не може да ја пренесе.

6. Доколку од страна на корисникот на Лиценцата не биде платен надоместокот за плаќање на Лиценцата од точка 4 алинеите 1 и 2, Лиценцата се одзема.

7. Корисникот на Лиценцата е должен претходно да побара одобрение од Министерството за финансии за секоја промена на основната главнина поголема од 20% и за идентитетот на лицата кои се сопственици на трговското друштво.

8. Корисникот на Лиценцата со право на приредување на играта на среќа за која е издадена Лиценцата, се стекнува по уплатата на првиот дел од надоместокот за плаќање на Лиценцата утврден во точка 4, алинеја 1.

9. Оваа лиценца се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-7497/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
Абдилаќим Адеми, с.р.

3334.

Врз основа на член 8 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 88/2008, 115/2008 и 10/2010), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.12.2010 година, донесе

МАКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2011 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Одржувањето на макроекономската стабилност и постепено зголемување на економскиот раст, е основниот макроекономски приоритет во 2011година.

Владата во следната година ќе продожи со политиките насочени кон заздравување на економијата преку реализација на неколку активности за подобрување на потенцијалот за економски раст. Капиталните инвестиции предвидени со Буџетот за 2011 година се на историски највисоко ниво, со што ќе влијаат во насока на зголемување на економската активност и ревитализација на индустријата и градежништвото, како ми со нив пповрзаните индустриски гранки. Во областа на инфраструктурата, се предвидува реализација на неколку прокети во делот на патната и железничката инфраструктура која не поврзува со главните трговски партнери, како и инвестиции во делот на енергетиката во насока на зголемување на домашното производство на енергија и подобра конекција за околните земји. Предвидени се и инвестиции во образованието, здравството, како и силна поддршка на земјоделството.

Во насока на подобрување на условите за економски раст, ќе продолжат реформите во катастарот, како и имотно-правните односи. Во финансискиот сектор ќе продолжат реформите за отварање на пазарот за нови финансиски институции и зајакнување на конкуренцијата и ефикасноста, како предулсов за поефтини и поквалитетни услуги за фирмите и граѓаните.

II. ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА ВО СВЕТОТ[1]

Светската економија во 2010 година постепено закрепнува од последиците од најголемата економска криза во последните 80 години, иако голем дел од земјите сеуште се соочуваат со предизвици. Финансиската нестабилност, како и должничката криза и потребата од фискална консолидација, останууваат врвни прииоритети за најголемиот број земји во ЕУ и Југоисточна Европа.

[1] Анализата и проекциите се засновани на Светски економски преглед за 2010 година(World Economic Outlook –WEO 2010) публикуван од Меѓународниот монетарен фонд.

Економското закрепнување во ЕУ и Еврозоната, иако сеуште кревко, напредува со побрзо темпо од предвиденото. Засилениот раст, особено во вториот квартал (2,4% во споредба 1,0% во првиот квартал)[2], е воден пред сé од зголемениот извоз на индустриското производство, што се должи на континуираната динамика на растот на глобалната економија и трговија во првата половина од годината. Охрабрувачки сигнали доаѓаат и поради заживувањето на домашната побарувачка, вклучувајќи ја и приватната потрошувачка, особено во Германија. Растот на БДП е особено изразен во Германија која во вториот квартал забележа раст од 4,1% на годишно ниво. Силниот раст на германската економија се очекува да биде генератор на растот и во останатите земји членки и да придонесе за негово натамошно стабилизирање. За 2010 година растот во Еврозоната е проектиран на 1,7%, додека за 2011 година на 1,5%. На ниво на ЕУ за 2011 година се предвидува раст на БДП од 1,7%.

Во рамки на земјите од Југоисточна Европа-ЈИЕ[3] по падот на економската активност (со исклучок на Албанија) во 2009, во 2010 година се забележуваат првите знаци на постепено закрепнување. Со исклучок на Турција (која забележа висок просечен годишен раст од 11% во првото полугодие од 2010 година) кај останатите економии се забележува умерен раст (Србија и Албанија) или забавување на падот на БДП. Подобрувањето на состојбата се должи на зголемување на странската побарувачка како резултат на подобрување на состојбите во светската економија. Но, во оваа група на земји и понатаму се присутни проблемите со слабата домашна побарувачка и невработеноста. Во 2010 се очекува просечната стапка на раст на БДП на земјите од ЈИЕ да достигне околу 1,3%, додека во 2011 година се очекува засилен раст од околу 3% како резултат на натамошното динамизирање на светската, а особено европската економија.

Во услови на пораст на невработеноста во развиените земји (за Евро-зоната стапката на невработеност е проектирана на 10% во 2011 година, додека во САД на ниво од 9,6%) се очекува ниско ниво на инфлација од 1,3% во 2011 година, додека во брзорастечките и во економиите во развој таа е повисока и е проектирана на 5,2%. Според проекциите се очекува Евро-зоната 2011 година да ја заврши со стапка на инфлација од 1,5%.

По падот на светската трговија од 11% во 2009 година што се случи под влијание на економската криза, како резултат на економското заздравување во 2010 година, се очекува обемот на светската трговија да се зголеми за 11,4% во 2010 година, додека за 2011 се очекува забавена стапка на раст на светската трговија од 7%

Во 2010 година се очекува светскиот БДП да порасне за 4,8%, додека за 2011 година се очекува раст од 4,2%. Во 2011 година порастот на производството во брзорастечките економии и во економиите на земјите во развој е проценет на 6,4%, додека за напредните економии проектираниот раст изнесува 2,2%.

Проектираниот раст на светската економија е подложен на нагорни и надолни ризици. Нагорните ризици произлегуваат од можноста преносниот ефект од силниот раст на Кина и Индија позначително да влијае врз глобалниот економски раст, како и од можноста фискалните стимули кои ги преземаат економиите позначително да влијаат врз растот. Надолните ризици произлегуваат од одржливоста на јавниот долг (особено во земјите од јужна Европа) и можноста за пошироко прелевање на овие проблеми, како и од можноста за прекумерно силен раст на азиските економии, кој може да создаде нагорен притисок врз цените на примарните производи што би предизвикало затегнување на макроекономските политики, со негативни ефекти врз економскиот раст.

[2]Извор: EUROSTAT

[3]Групата земјите во Југоисточна Европа ги вклучува: Република Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Косово, Романија, Србија, Турција, Хрватска и Црна Гора.

III. ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3.1. Бруто домашен производ

По регистрираниот пад на економската активност во Република Македонија во 2009 година од 0,9%, што значеше дисконтинуитет во релативно високите стапки на економски раст остварени во претходните години и по регистрираниот пад од 1,1% во првиот квартал од 2010 година, во вториот квартал[4] македонската економија забележа реален раст на БДП од 0,4%, што претставува пондериран полугодишен раст од -0,3%.

Во вториот квартал од 2010 година **растот на БДП анализиран според расходен метод** беше воден од домашната побарувачка. Инвестициската побарувачка оствари реален раст од 11,5% на годишна основа и истата имаше најголем придонес врз економскиот раст (3 процентни поени). Минимален раст од 0,1% регистрираше и финалната лична потрошувачка, што претставува прв позитивен резултат по пет квартали и истото се очекува да биде пресвртна точка во однос на идните движења на оваа компонента на БДП. Финалната јавна потрошувачка забележа пад од 9,3%. Екстерната побарувачка во вториот квартал, за разлика од претходниот квартал, имаше незначителен негативен придонес врз економскиот раст. Реалниот раст на извозот на стоки и услуги изнесуваше 16,5%, додека увозот забележа реална стапка на раст од 12,5%.

Анализата на **БДП според производен метод** укажува дека во вториот квартал економскиот раст е воден од услугите придонесувајќи со 0,8 процентни поени во растот, во чии рамки секторот Сообраќај, складирање и врски регистрираше највисока стапка на раст од 3,9%, што е соодветно со позитивните перформанси во секторот Индустриско производство, каде беше забележан реална стапка на раст од 0,8%. Секторот Финансиски услуги продолжува со стабилните стапки на раст, во вториот квартал регистрирајќи раст од 3,2%. Земјоделското производсво забележа минимален раст од 0,1%, додека во секторот Градежништво по период од шест квартали беше забележан пад од 12%,.

Позначителни нагорни движења се очекуваат во втората половина од годината. **Водечкиот композитен индекс**[5] во вториот квартал 2010 година споредено со претходниот квартал бележи зголемување од 2,8 индексни поени. Споредено со истиот квартал претходната година, индексот е повисок за 4,2 индексни поени, што укажува дека растот на економската активност ќе продолжи во втората половина од годината со тенденција за остварување на повисоки стапки на раст и приближување до проектираната стапка на раст за 2010 година.

3.2. Инфлација

Инфлацијата мерена преку трошоците на живот во периодот јануари – септември регистрираше раст од 1,1%. Ваквото движење се должи на растот на цените за домување, како последица на растот на цената за електрична енергија. Исто така, нагорниот тренд на цената на нафтата на светските берзи имплицираше раст на цените за течни горива и нафта во земјата. Цените за исхрана во анализираниот период забележежаа намалување од 0,8%. Во последните месеци се забележува нагорна тенденција на цените за исхрана, која придружено со очекуваниот раст на базичната инфлација ќе придонесе за приближување до проектираната стапка на инфлација од 2% за 2010 година. Притоа, дополнителен притисок врз инфлацијата во последниот квартал од годината се очекува од проектираниот позитивен БДП јаз.

---

[4] Последен расположлив податок

[5] Агрегатен показател кој му претходи на економскиот циклус и истиот го сочинуваат осум водечки индикатори за економскиот циклус.

3.3. Пазар на труд

Бројот **на невработени лица** во вториот квартал од 2010 година според Анкета на работна сила се намали за 4,3% во однос на претходниот квартал, кој пад во најголем дел беше апсорбиран со зголемување на бројот на вработени (раст од 1,8%) и во помал дел со зголемување на неактивното население (раст од 0,8%). Работоспособното население во истиот квартал се зголеми за 0,2%.



Извор:ДЗС

Ваквите движења на пазарот на труд предизвикаа стапката на невработеност да се намали за 1,4 процентни поени споредено со претходниот квартал, изнесувајќи 32,1% во вториот квартал од 2010 година. Стапката на активност на населението се намали на 56%, што претставува намалување од 0,3 процентни поени во однос на претходниот квартал, додека стапката на вработеност порасна на 38,1% од 37,5% во првиот квартал од 2010 година. На нето основа во вториот квартал од 2010 споредено со претходниот квартал е регистрирано зголемување на работните места во приватниот сектор, каде бројот на вработени порасна за 1%, додека во останатиот дел од економијата пораст на вработеноста од 3,9%.

Во изминатиот период од 2010 остварен е номинален раст на просечната **нето плата** од 2,8% и реален раст од 1,8%. Номиналниот раст на просечната **бруто плата** е понизок (0,7%) и истото е резултат на дополнителното намалување на стапките за задолжително социјално осигурување од кумулативни 28,4% на 27% од почетокот на 2010 година. Ваквата тенденција на раст на платите се очекува да се задржи до крајот на годината и истото треба да придонесе за остварување на проекциите за просечен номинален раст на нето и бруто платите од 2,8% и 0,8%, соодветно. Во август 2010 година, 2,7% од работниците не примиле плата, што е за 1 процентен поен помалку во споредба со истиот период од претходната година.

3.4. Надворешен сектор

Подобреното меѓународно макроекономско окружување резултираше со позитивни тенденции во **надворешниот сектор** во првите девет месеци од 2010 година. Трговската размена (во евра) се зголеми за 15,9% споредено со истиот период претходната година. Притоа, во овој период извозот забележа значителен раст од 24,8%, додека увозот бележи раст од 9,6%, придонесувајќи на тој начин трговскиот дефицит да се намали за 5,6%. Ваквата појава е резултат на комбиниран ефект од проширеното позитивно салдо во размената со железо и челик и нивни производи и метална руда и метални отпадоци, како и намаленото негативно салдо на размената на останата транспортна опрема, на индустриски машини и делови, погонски машини и уреди и производи за храна.



Извор:ДЗС

Значителнот пораст од 36% на приватните трансфери во периодот јануари – август 2010 година, придонесе за дефицитот на тековната сметка да се сведе на исклучително ниско ниво од 1,3% од проектираниот БДП, што претставува намалување од 5,1 процентни поени во однос на истиот период од минатата годи-

на. Позитивните движења во надворешниот сектор се очекува да продолжат и во наредниот период имајќи ги предвид ревидираните нагорни проекции за економијата на ЕУ во 2010 година од 1% на 1,8%.

3.5. Монетарен сектор

Примарните пари[6] во септември 2010 година на годишна основа забележаа раст од 9,5%, во услови на пораст на вкупните ликвидни средства на банките од 9,2% и раст на готовите пари во оптек[7] од 10%.

На годишна основа, **вкупните депозити** се зголемија за 14,5% при што од секторски аспект зголемувањето главно се должи на порастот на депозитите на домаќинствата кои остварија пораст од 17,6%, додека депозитите на претпријатијата се повисоки за 6,8%. Анализирано според валутата на годишна основа денарските депозити забележаа висок раст од 21%, додека девизните депозити продолжија да го забавуваат растот до 9,1%.

На годишна основа, продолжува забрзаниот **раст на вкупните кредити,** при што годишната стапка на раст изнесува 7,7%. Доминантен придонес во растот, од секторски аспект, има кредитирањето на секторот на приватните претпријатија кое е зголемено за 10,3%, а забрзан раст се забележа и кај кредитирањето на домаќинствата од 4,3%. Од валутен аспект, денарските кредити бележат годишен раст од 5,5%, додека девизните кредити продолжуваат да остваруваат висок раст, од 15,8%.

Просечната пондерирана каматна стапка на денарските кредити изнесува 9,3%, односно истата во однос на септември 2009 година забележа намалување од 1 п.п. Просечната каматна стапка на девизните кредити изнесува 7,4%, при што на годишна основа забележа намалување од 0,9 п.п.

Бруто девизните резерви во септември 2010 година изнесуваат 1.689,32 милиони евра и во однос на декември 2009 година се повисоки за 91,6 милиони евра.

3.6. Фискален сектор

3.6.1. Буџетски приходи

Вкупните приходи на општиот буџет (Буџетот на Република Македонија и буџетите на единиците на локална самоуправа) заклучно со 30.09.2010 изнесуваат 104.865 милиони денари, додека вкупните расходи достигнаа 110.420 милиони денари. Притоа остварен е дефицит од 1,3% од БДП. Вкупните приходи на Буџетот на Република Македонија се реализираа во износ од 97.969 милиони денари, од кои 82.527 милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, односно 84% од вкупните изворни приходи. Даночните приходи во овој период се реализираа во износ од 54.279 милиони денари. Во тие рамки најголемо учество имаат приходите наплатени по основ на данокот на додадена вредност со 51%. Социјалните придонеси изнесуваа 28.248 милиони денари. Неданочните приходи се реализираа во износ од 10.592 милиони денари, вклучувајќи уплата на профит од Народна банка во износ од 408 милиони денари, административни и судски такси во износ од 1.303 милиони денари и наплатени патарини во износ од 1.378 милиони денари. Капиталните приходи изнесуваа 3.336 милиони денари, главно од дивиденда, приватизација и закуп на градежно земјиште, како и продажба на станови. Приходите по основ на донации се реализираа во износ од 1.129 милиони денари, и тоа донација од Холандија во износ од 431 милиони денари и 698 милиони денари кои буџетските корисници ги остварија по основ на мултилатерална и билатерална соработка.

---

6 Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вкучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

7 Вклучува и готовина во благајна на банките.

3.6.2. Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот на Република Македонија во истиот период изнесуваа 104.567 милони денари. Во овој период исплатени се вкупно 16.975 милиони денари за плати и надоместоци. Расходите за стоки и услуги изнесуваа 10.620 милиони денари, а социјалните трансфери 47.831 милиони денари. Во овие рамки редовно се сервисираа обврските на државата за социјална заштита на најранливите категории на населението, детски додаток итн. За редовна исплата на пензиите се наменија 25.664 милиони денари, додека трансферите до приватните пензиски фондови се реализираа во износ од 2.329 милиони денари. За исплата на паричен надоместок на невработените лица преку Агенцијата за вработување се наменија 1.427 милиони денари. Средствата за финансирање на здравствените услуги и надоместоци се реализираа во износ од 14.261 милиони денари. Во рамки на другите трансфери, од буџетот редовно се трансферираа дотациите до единиците на локална самоуправа, при што 904 милиони денари од приходот од данок на додадена вредност се трансферираше на локално ниво. Дополнително 8.923 милиони денари се трансферираа кон локалната власт преку блок дотации наменети за финансирање на пренесените надлежности, како и наменски дотации за финансирање на материјалните трошоци во локалните јавни установи.

За редовно сервисирање на обврските по основ на камати се наменија 2.262 милиони денари, од кои 1.514 милиони денари се однесува на камати по надворешно задолжување. Капиталните расходи се реализираа со подобра динамика отколку во претходните години, при што заклучно со септември за оваа намена се реализирани 10.973 милиони денари.

3.6.3. Јавен долг

Вкупниот јавен долг[8] на Република Македонија заклучно со септември 2010 година изнесува 2.393,1 милиони евра што претставува 34,2% во однос на БДП. Ова ниво на јавен долг го содржи долгот на Народна банка на Република Македонија по основ на издадени благајнички записи.

Јавниот долг на Република Македонија не вклучувајќи го долгот на НБРМ заклучно со септември 2010 година изнесува 1.885,1 милиони евра, односно 27% во однос на БДП.

Истовремено, државниот долг[9] на Република Македонија заклучно со септември 2010 година изнесува 1.651,0 милиони евра. Во однос на БДП државниот долг во септември 2010 година изнесува 23,6% од БДП, што е на значително пониско ниво од Мастришкиот критериум според кој државниот долг односно долгот на општа влада не смее да надминува 60% од БДП.

---

[8] Јавен долг претставува збир на сите финансиски обврски создадени со задолжување на Република Македонија, вклучувајќи го долгот на општините,општините во градот Скопје и градот Скопје, долгот на јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и долгот на Народна банка на Република Македонија

[9] Државен долг претставува збир на финансиски обврски создадени со задолжување на Република Македонија, вклучувајќи го долгот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

IV. ОЧЕКУВАНИ МАКРОЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2011 ГОДИНА

4.1. Бруто домашен производ

Макроекономските проекции за 2011 година се базираат врз две клучни претпоставки: очекуваното стабилизирање на екстерната побарувачка како резултат на постепеното подобрување на состојбите во европската и светската економија, и заздравувањето на домашната агрегатна побарувачка, преку балансиран умерен раст на инвестициите и потрошувачката.

Врз тие основи, растот на економијата во Република Македонија во 2011 е проектиран на ниво од околу 3,5% на реална основа.

Анализирано според **производната страна на БДП**, главен двигател на растот во 2011 година се очекува да биде индустриското производство со проектирана реална стапка на раст од 5,2%. Позитивните тенденции во меѓународното окружување се очекува да влијаат врз поголемо искористување на производните капацитети и раст на индустријата на пошироко основа. Како резултат на амбициозната програма за капитални инвестиции, во 2011 година се очекува раст на градежништвото од 4,8%. Во насока на реализација на предвидениот раст се и зголемениот обем на издадените одобренија за градба во изминатите месеци, како и врз основа на зголемената предвидена вредност на договорените градежни работи во однос на претходната година, што се очекува да се ефектуира во 2011 година.



Извор: ДЗС, пресметки и проекции на МФ

Со оглед на тоа што растот во земјоделството е поврзан со нови инпути и адекватни инвестиции и во 2011 година, Владата на Република Македонија ќе продолжи со зголемување на субвенциите во земјоделството во насока на поддршка на овој сектор. Како резултат на очекуваните ефекти од субвенциите од претходни години, како и поради очекуваната зголемена екстерна побарувачка за земјоделски производи и отпочнувањето со работа на првиот откупен центар, во 2011 година се очекува земјоделството да оствари реален раст од 3%.

Како резултат на очекувањата за раст на индустријата, земјоделството и градежништвото, адекватен раст се очекува и во секторот Услуги. Во рамки на услугите, стапката на раст во секторот Финансиски услуги се очекува да биде највисока и да изнесува 3,7%, додека растот во секторот Сообраќај, складирање и врски е проектиран на 3,6%.

Од аспект на **расходната страна на БДП**, двигател на економскиот раст во 2011 година се очекува да биде приватната и инвестицискатa потрошувачка. Реалниот раст на бруто инвестициите се очекува да изнесува 10%. Ваквиот раст се базира на претпоставките за пораст на кредитирањето на претпријатијата и постепеното враќање на довербата на економските субјекти во посткризниот период. Имено, намалената базична каматна стапка се очекува да придонесе за постепено намалување и на активните каматни стапки, додека ориентираноста на финансирањето на буџетскиот дефицит кон странски извори ќе овозможи комерцијалните банки поголем дел од средствата да пласираат во приватниот сектор. Фискалната политика се очекува да има и директен ефект врз нивото на бруто инвестициите преку умерената експанзивна политика, односно преку зголемени капитални расходи.

Дополнителен импулс се очекува да имаат странските директни инвестиции, кои се проектирани на ниво од 3,4% од планираниот БДП. Имено, ревидираните нагорни проекции за економијата на ЕУ во 2010 и 2011 година обезбедуваат добра основа за ревитализација на инвестициите и привлекување на инвеститори кои во посткризниот период бараат дестинации дестинации со ниски трошоци.

Финалната лична потрошувачка во 2011 година се очекува да се зголеми за околу 2,5%. Ваквата проекција се базира на претпоставките за раст на платите од 4,0%, усогласувањето на пензиите согласно закон, одржливиот раст на приватните трансфери, како и раст на кредитирањето на населението за околу 9,0%. Растот на финалната јавна потрошувчка се очекува да биде умерен и истиот е проектиран на ниво од 1,0%.

Повисокиот раст на бруто инвестициите подразбира и поголем увоз на производи за инвестиции. Очекувањата за повисоко искористување на производните капацитети, освен што ќе влијае позитивно врз извозот ќе услови и позабрзан увоз на електрична енергија. Според тоа, реалната стапка на раст на извозот на стоки и услуги е проектиран на 5,5%, додека увозот се очекува да расте со 5,7%.

4.2. Инфлација

Инфлацијата мерена според трошоците на живот во 2011 година се очекува да биде ниска и стабилна. Се предвидува истата да биде пониска од 3,0%. Ваквата проценка се заснова на порастот на цените за исхрана во земјата и очекувањата за раст на цените за исхрана во странство. Проектираниот раст на глобалната економија ќе имплицира и одредено зголемување на светските цени на нафтата, кои ќе имаат влијание и врз домашната економија.Притисокот на домашната побарувачка врз инфлацијата се очекува да биде минимален.

4.3. Пазар на труд

Како резултат на зголемената економска активност во 2011 година на **пазарот на труд**, се очекува раст на бројот на вработени од околу 3%, додека бројот на невработени се очекува да се намали за околу 3,4%. Неактивното население се очекува да се зголеми за 0,5%, додека растот на работоспособното население е проектиран на 0,8%. Ваквите движења во пазарот на труд имплицираат стапка на невработеност во 2011 година од околу 30,6% и стапка на вработеност од 39,2%.

Во 2011 година, номиналниот пораст на просечната **нето и бруто плата** се очекува да изнесува 4,0%. Реалниот раст на просечната нето/бруто плата се очекува да биде понизок (1,0%) како резултат на очекуваниот раст на потрошувачките цени во 2011 година.

4.4. Монетарен сектор

Стабилниот номинален **девизен курс** на денарот во однос на еврото ќе се задржи и во 2011 година, во функција на одржување на ценовната стабилност како крајна цел на монетарната политика[10]. Постепеното закрепнување на македонската економија, умереният раст на приватните трансфери и одржливиот дефицит на тековната сметка се фактори кои ќе резултираат во постабилна екстерна позиција. Според тоа, девизните резерви ќе се задржат на адекватно ниво за одржување на стабилен девизен курс на денарот, како интермедијарен таргет на монетарната политика.

[10] Види Одлука за целите на монетарната политика за 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.146 од 08.11.2010 година

4.5. Фискален сектор

Гавен принцип врз кој се предвидува да почива фискалната политика во 2011 година е почитувањето на буџетска дисциплина, што ќе овозможи одржување на ниското ниво на дефицит и јавен долг. Истовремено, фискалната политика за 2011 година е во насока на подобрување на буџетската структура-намалување на недискрециските трошоци и обезбедување на поголем простор за капитални инвестиции во функција на развојот.

4.5.1. Буџетски приходи

Планираните приходи на консолидираниот буџет за 2011 година изнесуваат 148.408 милиони денари или околу 32,5% од планираниот БДП, односно во споредба со 2010 година се очекува да се зголемат за 7,0%. Соодветно на очекувањата за зголемување на домашната побарувачка и раст на извозот и увозот, најголеми приходи се очекува да се остварат по основ на данокот на додадена вредност. Останатите даноци ќе остварат пораст од околу 7%, со исклучок на приходите по основ на царини, кои во согласност со прифатената политика за постепено намалување на цариниte за увозот од ЕУ, се очекува да останат на непроменето ниво. Согласно очекуваниот пораст на вработените и платите, во 2011 година се очекува пораст на приходите од придонеси од задолжително социјално осигурување од околу 6%.

4.5.2. Буџетски расходи

Во 2011 година ќе продолжи спроведувањето на умерена експанзивна фискална политика во насока на поддршка на инвестициите во економијата, со нагласен акцент на рестриктивност и ригорозна контрола на непродуктивните трошоци, со што јавната потрошувачка ќе даде соодветен придонес во заживувањето на економската активност. Буџетските расходи за 2011 година се проектирани во износ од 159.992 милиони денари или на ниво од 35,0% од проектираниот БДП.

Капиталните расходи во 2011 година се проектирани на ниво од 5,1% од планираниот БДП. Учеството на капитални расходи во вкупниот буџет изнесува 14,6%, односно за капитални расходи се наменети 23.345 милиони денари или 5.649 милиони денари повеќе во однос на 2010 година, што претставува раст од 31,9%. Капиталните расходи ќе бидат наменети за изградба и реконструкција на регионални и локални патни правци и отпочнување на изградбата на автопат на Коридор X, како и за одржување на постојаната железничка инфраструктура од Коридор X. Во рамки на капиталните расходи планирани се инвестиции во областа на транспортот, здравството, образованието, социјалната и детската заштита, културата и спортот. Исто така, предвидени се средства за доуредување на технолошко индустриските развојни зони. Капиталните расходи на кус рок ќе придонесат за зголемување на економскиот раст, додека на среден и долг рок ќе предизвикаат зголемување на конкурентноста на економијата.

Во рамки на тековните расходи социјалните трасфери имаат најголемо учество, односно планирано е нивно зголемување за 4,6%. Расходите за исплата на плати се планирани на незначително повисоко ниво од 1,0% во споредба со 2010 година, додека кај расходите за стоки и услуги планирано е зголемување од 7,0%, што главно се должи на предвидените средства за спроведувањето на пописот на населението во 2011 година. Со цел осигурување на правилната распределба на доходот во 2011 година предвидено е зголемување на трансферите, односно предвидени се средства за редовна и навремена исплата на пензии, надоместоци за невработени лица, здравствени услуги како и исплата на социјални надоместоци согласно законските права на корисниците на социјална и детска заштита, како и средства за функционирање на постојните дневни центри и народни кујни за најзагрозените категории на граѓани. Расходите за субвенции и трансфери вклучуваат зголемен износ на субвенции во земјоделството за 15 милиони евра, на ниво од 115 милиони евра, како и средства за исплата на ученичките и студентските стипендии, поддршка на мали и средни претпријатија, итн.

Планираните вкупни буџетски приходи и буџетски расходи имплицираат **буџетски дефицит од 2,5% во 2011 година**. Во истиот е вклучен дефицитот на основниот буџет од 2%, дефицитот на Агенцијата за државни патишта од 0,2% и дефицитот на проектите финансирани од странски кредити од 0,3%.

4.5.2. Јавен долг и финансирање на буџетскиот дефицит

Имајќи го предвид ниското ниво на јавен и државен долг во Република Македонија постои простор во 2011 година да се проектира умерен пораст на инвестициската активност преку користење на кредитна поддршка од странство, без притоа да се загрози долгорочната одржливост на нивото на задолженост на земјата.

Финансиските средства за проектираниот дефицит од 2,5% во 2011 година и отплатата на долговите кон странство главно ќе се обезбедат од надворешни извори: кредити од меѓународните финансиски институции, кредитни линии наменети за финансирање на посебни проекти и со друго задолжување од странство.

Во оваа насока, во периодот 2011 година се проектира пораст на државниот долг за 1,7 процентни поени односно од проектираното 24,2% во однос на БДП во 2010 година на 25,9% во 2011 година. Ваквото зголемување на државниот долг е резултат на новите инвестиции од областа на патната и железничката инфраструктура, водоводот и канализацијата, спортските објекти, изградба на социјални станови како и инвестиции во областа на образованието, кои ќе бидат имплементирани од страна на органите на државната управа.

V. РИЗИЦИ ВРЗ ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРОЕКЦИИТЕ

Остварувањето на макроекономските проекции го карактеризира одреден степен на неизвесност кој соодветствува на посткризниот период.

Проекциите на екстерните движења се базираат главно на очекувањата за забрзување на економскиот раст во Европската унија, како најзначаен трговски партнер, односно одржувањето на позитивните стапки на раст во светот. Оттаму, главниот ризик произлегува од состојбата и случувањата поврзани со економиите на земјите кои се најголеми трговски партнери на Република Македонија. Имено, имајќи ја во вид состојбата во дел од економиите, како и проблемите со јавните финансии на поодделни економии (пред се во Јужна Европа), неизвесноста е сеуште присутна. Негативните движења во окружувањето секако би се одразило врз економијата на Македонија преку намалување на надворешната побарувачка и индустриското производство.

VI. МАКРОЕКОНОМСКАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2011 ГОДИНА СЕ ОБЈАВУВА ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“.

Бр. 51-7443/1
7 декември 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

3335.

Врз основа на член 114-а од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија", бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08, 67/09 и 88/10), министерот за здравство донесе

У П А Т С Т В О
ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ КОЈА СЕ ОДНЕСУВА НА ТРЕТМАНОТ НА БИПОЛАРНОТО РАСТРОЈСТВО (МАНИЧНО-ДЕПРЕСИВНО РАСТРОЈСТВО)

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на третманот на биполарното растројство (манично-депресивно растројство).

Член 2

Начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на Третманот на биполарното растројство (манично-депресивно растројство) е даден во Прилог 1, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

За секој поединечен случај, по сопствена оценка, докторот може да отстапи од одредбите на ова упатство во секоја фаза од третманот на пациентот, со соодветно образложение за потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот.

Потребата за отстапување и оценката од став 1 на овој член од страна на докторот соодветно се документира во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува една година од денот на неговото влегување во сила.

Бр. 10-10297/2
6 декември 2010 година
Скопје

Министер,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

Третман на биполарно растројство (манично-депресивно растројство)

ОСНОВНИ ПРАВИЛА

- Основна цел на лекувањето е третман на акутните состојби и спречување на повторната појава на маничните и депресивните епизоди.
- Секогаш мора да се направи проценка дали депресивниот пациент порано имал периоди на манија или хипоманија и дали има биполарно растројство.
- Акутните фази на биполарните растројства вообичаено треба да се третираат во психијатриски болници.
- Да се спроведе хоспитализација на маничен пациент.

ОПШТА РАСПРОСТРАНЕТОСТ И КЛАСИФИКАЦИЈА

- Зачестеноста, во текот на животот, на биполарното растројство е приближно 1.0-1,6%.
- Биполарните растројства се поврзани со висок ризик на самоубиство стандарден однос на морталитет СМР=20), најмалку една половина од пациентите имаат барем еден обид за самоубиство за време на нивната болест.
- Растројството е класифицирано во две категории:
  - Тип 1: вклучува и манични и депресивни епизоди.
  - Тип 2: можни се епизодите на хипоманија и депресија.

СИМПТОМИ И ДИЈАГНОЗА

- Пациентот, вообичаено, има епизоди на тешка депресија и маничност или хипоманија, додека ретки се само маничните епизоди.

Хипоманија

- Умерено но јасно забележливо зголемување на расположението, кое се разликува од вообичаеното функционирање на пациентот.
- Времетраењето варира од денови до недели.
- Присутни се најмалку три од наведените симптоми:
  - Зголемување на активност и на физичкиот немир
  - Зголемување на зборливоста
  - Тешкотии во концентрацијата и расеаност
  - Намалување на потребата за спиење
  - Зголемување на сексуалниот интерес и еротизирано однесување
  - Неконтролирано трошење на пари или друго непромислено однесување
  - Зголемување на дружељубивоста или зближувањето со луѓето.

Манија

- Симптомите се исти како за хипоманија, но се поизразени и поради тоа има губиток на работната способност има одраз врз социјалното функционирање. Поради недостаток на способност за расудување и хиперактивност, маничните пациенти често се причина за нарушување на семејните односи, професионалната кариера и често се изложуваат себеси на други опасни ситуации.
- Често на манијата претходи умерена пресимптоматска фаза, пациентот чувствува зголемена енергија, намалена потреба за сон, зголемена возбуденост.
- Пациентот може за време на консултацијата со лекарот да се однесува нормално и да дава добри објаснувања за неговото однесување. Затоа анамнезата, покрај од пациентот, треба да се земе и од други луѓе блиски до пациентот.
- За дијагностицирање, три од следниве симптоми треба да се присутни најмалку една недела (четири ако е присутна иритабилност):
  - Зголемување на активноста и физичкиот немир.
  - Зголемување на зборливоста или наплив на зборови.
  - Проток на мисли или чувства поради забрзаното размислување.
  - Недостаток на потиснување.
  - Смалена потреба од спиење (пациентот спие само неколку часа во ноќта).
  - Зголемена самодоверба или делузија на грандиозност.
  - Расеаност или постојана промена во активноста или плановите.
  - Непромислено и неодговорно однесување, кое пациентот не го препознава
  - Зголемена сексуална активност и промискуитет.
- При психотичните мании пациентот има или делузии или халуцинации.
- Понекогаш може да се развие и делирантна состојба, состојба на конфузност, која бара веднаш да се спроведе адекватен хоспитален третман.

Епизоди на депресија

- Фазите на депресија кај биполарното растројство не се разликуваат од тешките состојби на депресија, но фармакотерапијата е различна.

Мешани епизоди

- Епизодите на манија и депресија ги има истовремено или бргу се менуваат наизменично (брзо менување на циклуси).
- Расположението може да е депресивно, но активноста може да е забрзана.
- Типично состојбата на пациентите бргу се менува и се менуваат симптомите на двете екстремни расположенија, но има и период на истовремено постоење на спротивставените симптоми.

ДИФЕРЕНЦИЈАЛНА ДИЈАГНОЗА

- Некои медикаменти (амфетамини, кортикостероиди, леводопа, изониазид) и хипертироидизам, како и некои интракранијални процеси, можат да предизвикаат манија, иако многу ретко.
- Алкохолот и злоупотреба на супстанци.
- Најчеста причина за недијагностицирање е тоа што раните фази на еуфорија не се регистрираат, а во време на депресивна фаза се мисли дека имаат депресија.

ТРЕТМАН

- Како правило, акутните фази на биполарното растројство треба да бидат третирани од страна на психијатар.
- Фармакотерапијата се разликува во различните фази на болеста.
- Протоколот на третман кај тип II главно е сличен со тип I, разликата е во третманот со антидепресивните медикаменти (поголем ризик кај тип II) и соодветноста на ламотригин како терапија за поддршка (не како монотерапија во тип I).
- По акутната фаза, неопходна е превенцијата од појава на следни епизоди. Да се следи психијатрискиот статус на пациентот, да се спроведе едукација на пациентот и неговите најблиски за биполарното растројство за да се идентификуваат следните епизоди во рана фаза и да се избегнат факторите на ризик, како што се стресот и недостатокот на спиење.
- Опциите за третман во различните фази се дадени во Табела 1.

Табела 1: Рекапитулар на опции за третман на тип 1 на биполарно растројство во разните фази од растројството

Фаза на болест	Третман
Акутна манија	
	Литиум (концентрации од 0.80-1.20 mmol/L)
	Валпроат
	Карбамазепин
	Атипични антипсихотици
	Клоназепам како адјувант
	Горните лекови во комбинација
	Електроконвулзивна терапија (во случаи резистентни на терапија)
Епизоди на депресија	
	Литиум (концентрации од 0.80-1.20 mmol/L)
	Ламотригин
	Валпроат
	Карбамазепин
	Горните лекови во комбинација
	Антидепресиви (само во комбинација со еден од горните лекови; се престанува постепено по 6-12 недели од подобрувањето)
	Електроконвулзивна терапија
Мешани епизоди	
	Валпроат
	Литиум (0.80-1.20 mmol/L)
	Карбамазепине
	Атипични антипсихотици
	Горните лекови во комбинација
Брзо изменувачки фази	
	Валпроат
	Карбамазепин
	Литиум
	Ламотригин (при тип II)
	Горните лекови во комбинација
Терапија за одржување	
	Литиум (концентрации од 0.60-1.00 mmol/L)
	Карбамазепин
	Валпроат
	Ламотригин (не како монотерапија кај тип I)
	Оланзапин
	Горните лекови во комбинација

Третман на манија и хипоманија

- Маничните пациенти обично треба да бидат хоспитализирани. Може да е потребен и присилен третман (без согласност од страна на пациентот). Умерените манични фази кај кооперабилни пациенти може да се третираат екстрахоспитално со интензивен надзор и грижа од страна на психијатар.
- Фармаколошкиот третман на манија вообичаено треба да се состои од комбинација на најмалку два вида лекови (ннд-**А**), како на пример, додавање литиум или валпроат (ннд-**А**) во комбинација со еден атипичен антипсихотик (ннд-**А**).
- Хипоманијата е умерена состојба со кратко траење. Може да биде третирана екстрахоспитално со додавање психостабилизатор како поддршка на терапијата и/или со атипичен антипсихотик.

Третман на биполарна депресија

- Неправилната употреба на антидепресив без психостабилизатор во терапијата може да провоцира хипоманија или манија, и/или да забрза повторна појава на епизода на болеста.
- Овој третман се состои од стабилизатор самостојно или во комбинација со антидепресив.
- Од психостабилизаторите литиум и ламотригин (ннд-**С**) имаат најдобар антидепресивен ефект, а од атипичните антипсихотици кветиапин (300-600 mg/ден).

Третман на мешани епизоди

- Обично се употребуваат истите лекарства што се употребуваат и кај третманот на манија.
- Препорачани се валпроат и оланзапин.
- Употребувањето на антидепресиви во време на мешани епизоди може да ги влоши симптомите со провоцирање на маничната симптоматологија и промени во расположението, поради што тие не треба да бидат употребувани.

ТЕРАПИЈА НА ОДРЖУВАЊЕ

- Во фазата на ремисијата, терапијата треба да биде континуирана со цел да се превенираат нови епизоди на болеста.
- Лекарствата што можат да провоцираат манија или хипоманија (антидепресивите) или депресија (конвенционални невролептици) треба да се избегнуваат.
- Ако има рекурентни епизоди на болеста, терапијата на одржување треба да биде доживотна. Дури и по многу долги ремисии (10 години) со терапија на одржување, при прекин на терапијата на одржување може повторно да се јават епизоди на болеста.

- Матичниот лекар може да ја преземе одговорноста за терапијата на одржување, откако состојбата на пациентот е стабилизирана и откако одговорот на терапијата е добар.
- Ако се употребува литиум, концентрацијата на лекот мора да биде контролирана најмалку 2 пати во годината (оптималното ниво на терапија на одржување е 0,6-1.00 mmol/L), и најмалку еднаш во годината да се исконтролираат серумскиот ТСН, креатининот и електролитниот статус.
  - Серумската концентрација на литиумот е во тесен терапевтски опсег: концентрација 1,5 mmol/L може да биде токсична. Клиренсот на литиумот се редуцира со дехидратација, хипонатремија, употреба на антиинфламаторни лекарства, бубрежна инсуфициенција.
  - Ако постои сомнение за предозираност, серумската концентрација на литиумот треба бргу да се измери, дозата да се намали или медикаментот да се исклучи на одредено време. Во случај на интоксикација, потребна е итна хоспитализација.
  - Препаратите на литиум вообичаено се намалуваат постепено во период од неколку недели. Нагол прекин на третманот може да провоцира манија или депресија.
  - Психосоцијалната интервенција во фазата на ремисија (инструкции за пациентот, когнитивна психотерапија, семејни интервенции) (ннд-**D**) се многу корисни за адаптација кон болеста и превенција од нови епизоди.

Циклотимија

- Циклотимија (F34.0) е ментално растројство каде што наизменично се изменуваат хипоманични и благи депресивни епизоди. Не се случуваат тешки депресивни или манични состојби.
- Проценка за преваленца во текот на животот е 0.4-1%.
- До половина од пациентите подоцна развиваат биполарно растројство.
- Литиумот, валпроатот и карбамазепинот се опциите за фармакотерапија. Сепак, повеќето пациенти не бараат третман поради благост на симптомите.
- Пациентите треба да се информирани за ризикот од биполарно растројство, особено ако фамилијарната анамнеза сугерира постоење на висок ризик.

ПОВРЗАНИ ДОКАЗИ

- Валпроатите се ефикасни во третманот на манија. Ефикасноста е компарабилна со ефикасноста на литиум и карбамазепин (ннд-**A**).
- Рисперидон како монотерапија и како адјувантен третман е ефикасен во намалување на симптомите на манија и ефикасноста е компарабилна со халоперидол (ннд-**A**).
- Ламотригин може да биде ефикасен во третман на биполарна депресија (ннд-**C**).

А Н Е К С 1

ТРЕТМАН СО ЛИТИУМ

Воведување

- Со литиумот може да се започне веднаш кога дијагнозата на манија е потврдена.
- Почетната доза е 600-1200 мг/ден во две дози (ннд-**A**).
- 80% од пациентите се чувствуваат подобро за 2-3 недели.
- Антипсихотичниот третман може да се прекине кога ефектите од литиумот ќе станат сосема видливи.
- Валпроат (ннд-**B**) и карбамазепин (ннд-**D**) се алтернативни средства на литиумот.
- Констатирано е дека долготрајната терапија со литиум го намалува ризикот од самоубиство кај биполарното растројство (ннд-**C**).
- Пред да се започне со третманот, треба да се направат следниве испитувања:
  - Седиментација на еритроцити
  - Крвна слика (литиумот често предизвикува бенигни леукоцитози, со леукоцити од 11-15x10^9/L), кое може да маскира инфекција
  - ЕКГ
  - Тест на функцијата на тироидната жлезда (ако е зголемена, литиумот е контраиндициран)
  - Тест на присуство на протеини во урината (при протеинурија, литиумот е контраиндициран)
  - Електролитен статус (Na^+, K^+) и креатинин (функцијата на бубрезите)
  - Клиренс на креатинин во случај на сомнение или потврдена бубрежна дисфункција
  - Тест на бременост ако бременоста не е исклучена
  - Телесна тежина

Следење

- Да се следи функцијата на тироидната жлезда еднаш годишно, но и секогаш кога има клиничко сомневање за хипотироидизам. Кај жените постари од 40 години функцијата на тироидеата треба да се проверува два пати годишно. Појавата на хипотироидизам е 2-5% кај пациентите коишто земаат терапија со литиум.
- При сомнение на бубрежна слабост се одредуваат креатинин и клиренсот на креатининот (литиумот не предизвикува бубрежна слабост).
- Литиумот може да предизвика промени во ЕКГ: реверзибилен Т-бран аплатиран или инверзен, ретко синусна депресија и аритмија.

Концентрации на плазмата

- За дејствување, потребен е серум со концентрација од 0.8-1.2 mmol/L. Кај постарите пациенти пониските концентрации се доволни.
- Концентрацијата на плазма се одредува со испитување на примерок земен 12 часа по последната доза на литиум.
- Во почетокот на третманот еднаш неделно сѐ додека пациентот не се стекне со стабилна состојба (две мерења треба да дадат иста концентрација).
- Ако дозирањето се смени, концентрацијата да се провери по една недела.
- Кај третманот на манијата, кога дозите на литиум се големи, концентрацијата треба да се следи секој втор ден.
- Ако има сомнение за интоксикација.
- Кај некои ризични состојби третманот со литиум треба да се прекине и да се испита концентрацијата (треска, гастроентеритис, породување, хируршки интервенции, дехидрирање, бессознание).
- Нивоата на литиум треба да се испитуваат редовно:
  - Ако пациентот се лекува со диуретици;
  - За време на намалено земање на сол или диети (недостатокот на натриум може да предизвика интоксикација со литиум);
  - За време на терапијата со НСАИЛ.
- Пациентот и неговата фамилија треба да се запознати со знаците на интоксикација и како промената на односот на вода и сол во телото може да влијае врз отстранување на литиумот.
- Нивоата на литиум не треба редовно да се проверуваат во стабилни животни ситуации, но пациентот треба да е редовен во клиничкото следење на состојбата.

Алгоритам 1: БАР депресија



Легенда:
1. AED = анти епилептичен лек
2. БАР = Биполарно афективно растројство
3. Th = терапија
4. GP = лекар по општа пракса

Алгоритам 2: БАР манија



Легенда:
1. AED = анти епилептичен лек
2. БАР = Биполарно афективно растројство
3. Th = терапија
4. GP = лекар по општа пракса

3336.

Врз основа на член 114-а од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија", бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08, 67/09 и 88/10), министерот за здравство донесе

У П А Т С Т В О
ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ КОЈА СЕ ОДНЕСУВА НА СКРИНИНГОТ НА КОЛОРЕКТАЛЕН КАРЦИНОМ

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на скринингот на колоректален карцином.

Член 2

Начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на Скринингот на колоректален карцином е даден во Прилог 1, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

За секој поединечен случај, по сопствена оценка, докторот може да отстапи од одредбите на ова упатство во секоја фаза од третманот на пациентот, со соодветно образложение за потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот.

Потребата за отстапување и оценката од став 1 на овој член од страна на докторот соодветно се документира во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува една година од денот на неговото влегување во сила.

Бр. 10-10297/3
6 декември 2010 година
Скопје

Министер,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

Скрининг на колоректален карцином

ЦЕЛИ НА УПАТСТВАТА

- Да се набројат униформни и конзистентни препораки за скрининг на колоректален канцер, кои се базираат врз докази;
- Да се помага на институциите коишто ја обезбедуваат здравствената грижа и на пациентите во имплементирање на скринингот на колоректалниот канцер, со крајна цел намалување на инциденцијата, морбидитетот и морталитетот од колоректалниот канцер;
- Да му се помогне на лекарот-практичар (од ПЗЗ), а исто така и на пациентот во донесување одлуки околу соодветната здравствена грижа во специфични здравствени установи.

ДЕФИНИЦИЈА

- Скрининг на колоректален канцер претставува секундарна превенција и има за цел откривање на прекурсорите на колоректалниот канцер (аденоми) и колоректален канцер во ран асимптоматски стадиум кај здрава популација.

Симптоматски пациенти

- Симптоматските лица не се цел на скринингот. Такви лица треба да се упатат за изведување дијагностички процедури.

Асимптоматски лица

- Кај асимптоматските пациенти коишто се согласуваат да учествуваат во скрининг програмата треба да се одреди нивото на ризик.

СТРАТИФИКАЦИЈА НА РИЗИКОТ

Пред да се донесе одлука како најдобро да се изведе скринингот и кога да се започне со него, лекарот-практичар треба да го одреди индивидуалниот степен-ниво на ризик базиран врз возраста, личната и фамилијарната историја (1). Неколку прашања треба да помогнат да се одреди дали пациентот можеби има зголемен ризик за колоректален канцер (6):

- Дали некогаш сте имале колоректален канцер или аденоматозен полип?
- Дали сте имале воспалително цревно заболување (ВЦЗ) (улцерозен колитис или Кронова болест)?
- Дали некој член од фамилијата имал колоректален канцер или аденоматозен полип?
- Ако е одговорот позитивен, дали тоа биле роднини од прво колено (РПК) (родители, близнак, или деца) и на која возраст канцерот или аденоматозниот полип биле дијагностицирани?

Низок ризик

- Пациенти на возраст под 50 години
- Без лична историја за колоректални аденоми или колоректален канцер или воспалителна цревна болест
- Без фамилијарна историја за колоректален канцер

Просечен ризик

- Возраст од 50 години и повеќе
- Без лична историја за колоректални аденоми или канцер или пак воспалителна цревна болест
- Да нема фамилијарна историја за колоректален канцер
- Индивидуи со афектирани роднини подалечни од прво колено треба да се означат дека се со просечен ризик

Умерен-среден ризик

- Еден или повеќе роднини од прво колено (родител, близнак, деца) со колоректален канцер
- Лична историја за колоректален аденоматозен полип или канцер

Висок ризик

- Јасна фамилијарна историја за колоректален канцер со повеќе афектирани индивидуи но без евиденција за генетски синдром
- Фамилијарна историја за наследен неполипозен колоректален канцер (ХНПКРК или попознат како синдром на Lynch) или фамилијарна аденоматозна полипоза (ФАП - Гарднер или Туркот)
- Лична историја за воспалително цревно заболување (ВЦЗ)

СКРИНИНГ НА ИНДИВИДУИ СО НИЗОК РИЗИК

Околу 10% од случаите со колоректален канцер се јавува кај пациенти на возраст до 50 години. Најголем број од индивидуите се со лична или фамилијарна историја, која го зголемува ризикот. Кај една асимптоматска индивидуа под 50 години без лична или фамилијарна историја, која би го зголемила ризикот за колоректален канцер, нема потврда што би го поткрепила скринингот (не се правени студии на пациенти до 50 години)

- Асимптоматските индивидуи со низок ризик не би требало да имаат колоректален карцином и скринингот не се препорачува (1)
- Индивидуите во оваа група може да го намалат ризикот за развивање колоректален канцер преку стратегијата за примарна превенција (ннд-**C**)

СКРИНИНГ НА ИНДИВИДУИ СО ПРОСЕЧЕН РИЗИК

(Види алгоритам 1)

Околу 70-80% од пациентите со колоректален канцер произлегуваат од оваа група. Лицата со просечен ризик треба да започнат со скринингот од 50 години и да продолжат сè додека да наполнат 74 години. Скринингот кај постари лица од 74 години треба да се препорачува откако клиничар ќе го процени бенефитот од скринингот кај пациентот, врз база на очекуваниот животен век (5-годишната стапка на морталитет) и бројот на коморбидни состојби (1,9).

Има 4 скрининг опции за индивидуите со просечен ризик, и секоја од нив има предности и недостатоци во однос на ефективноста, магнитудата на ефективноста, ризиците и над сè, чинењето (таб.1). Личниот избор и расположливоста, како и пристапот до тестот (варира од материјалните можности на пациентите), исто така ќе влијаат врз одлуката.

- Употребата на кој било скрининг е подобра опција отколку да не се прави
- Доколку едно лице било подложено на скрининг (пример, колоноскопија), понатаму тој да не се прави додека не помине соодветен интервал.

Тест на фекално окултно крвавење (ФОКТ)

- Треба да се употребува тестот базиран на Гвајак. Доколку тестот е позитивен, треба како следен чекор да се препорача колоноскопија. Доколку колоноскопијата е негативна, тогаш наредниот скрининг тест не е потребен во наредните 10 години.
- Резултатите од големи студии за скрининг со окултно фекално крвавење покажуваат намалување на смртноста од колоректален канцер (ннд-А), но ваков скрининг резултира со голем број колоноскопии направени на скринираната популација. Чинењето-ефективноста на скринингот е контроверзна. Само околу 50% од оние што се поканети може да се очекува дека ќе го направат скринингот (ннд-В).

ПОВРЗАНИ ДОКАЗИ

- Единечен ФОКТ во комбинација со ректално туше НЕ СЕ препорачува како скрининг опција.
- Доколку ФОКТ е позитивен, пациентот треба да се испрати на колоноскопија.
- Доколку пациентот има ректално крвавење, да не се прави ФОКТ, туку на пациентот да му се препорача дијагностичка евалуација.
- Доказите покажуваат дека диетата и рестрикцијата на лекови (вклучувајќи и аскорбинска киселина) немаат значајно влијание врз резултатите на ФОКТ. Сепак, постојат докази дека витамин Ц во доза од 250 мг/ден може да има влијание врз резултатите на ФОКТ.
- Во земјите на Западна Европа, се изведува. ФОКТ СЕНСА наместо помалку сензитивниот ФОКТ со Гвајак реагенс (т.н. ФОКТ 2).
- Постојат други скрининг модалитети за тестирање на примероци на столица ФОКТ со имунохемиско тестирање, кое исто така е со поголема сензитивност од ФОКТ со Гвајак реагенс (6), и тестирање на ДНК во цел волумен на еден фекален испразнок (6).

Други скрининг модалитети

- Флексибилна сигмоидоскопија на секои 5 години (може во комбинација со ФОКТ еднаш годишно или на две години). Колоноскопијата се препорачува како нареден тест за пациенти со патолошки резултати.
- Двојно контрастна иригографија (ДКИ) на секои 5 години. Кај пациенти со патолошки резултати на иригографија* се препорачува колоноскопија.
- Колоноскопија на секои 10 години. Доколку колоноскопијата е негативна, понатамошен скрининг не е потребен во наредните 10 години.
- КТ колонографијата (т.н. виртуелна колоноскопија) се наметнува како ветувачка опција за скрининг на колоректален канцер*.
- Се препорачува индивидуите со просечен ризик да бидат охрабрувани да учествуваат во организиран популациски скрининг програм за да се добие максимална стапка на партиципација, а со тоа и висока стапка на детекција на колоректалниот канцер.

Табела 1.Карактеристики на изведба на разните видови опции за скрининг на КРК

Скрининг	Предности	Негативности	Сензитивност	Специфичност
ФОКТ	• Лесен, сигурен, евтин, погоден и едноставен за изведување • Сигурни докази од рандомизирани и контролирани студии за намалување на морталитетот од скринингот	• Потребно е учество на пациентот за комплетирање на тестот (собирање примероци од столица) • Пациентот може да смета дека тестот е непријатен за изведување • Нема директна визуелизација на колоректумот • Може да не се видат многу полипи	30-50% за карциноми (еднократен ФОКТ)	98-99%
Флексибилна сигмоидоскопија	• Обично добро се толерира без седација • Умерено чини • Доволно докази за редукција на морталитетот со скринингот	• Бара подготовка на цревото • Пациентот може да смета дека тестот не е пријатен • Постои мал ризик од крвавење и перфорација • Се прегледува само мал дел од колонот	50-70% од напреднатите аденоми и карциноми	
Двојно контрастна иригографија	• Се гледа цел колоректум • Седација не е потребна • Релативно сигурна	• Бара подготовка на цревото • Изложеност на радијација • Пациентот може да смета дека е некомфорен и оптоварувачки • Нема контролирани студии за евалуација на неговата ефикасност за скрининг на КРК	48% за поголеми аденоми (>1 см) 55 - 85% за карциноми	85% за карциноми
Колоноскопија	• Директна визуелизација на цел колоректум • Можност за отстранување на аденомите во исто време • Намалување на морталитетот од КРК во студиите со ФОКТ што се припишува на follow-up дијагностички колоноскопии	• Бара подготовка на колонот • Треба пациентот да се допрати до дома и да се советува да не оди на работа тој ден • Мал ризик од крвавење и перфорација • Пациентот може да смета дека прегледот го оптоварува и дека е некомфорен	90% за полипи >1 см 90% за карциноми	99%.

ПОВРЗАНИ ДОКАЗИ

- Ректалното туше често е вклучено како дел од физикалниот преглед но НЕ СЕ препорачува како скрининг тест за колоректален канцер
- Карциноембриогеничниот антиген НЕ СЕ препорачува како скрининг тест за колоректален канцер
- Ригидната сигмоидоскопија НЕ СЕ препорачува како средство за скрининг на колоректален канцер

СКРИНИНГ НА ИНДИВИДУИ СО УМЕРЕНО ЗГОЛЕМЕН РИЗИК
(Види алгоритам 2)

Кон оваа група припаѓаат пациентите коишто имаат:

- Роднина од прво колено (близнак, родител или дете) со колоректален карцином (1) или аденом (б) дијагностициран на возраст под 60 години или две или повеќе роднини од прво колено со дијагностициран колоректален канцер на која било возраст (да не е наследен синдром)
- Колоноскопија на секоја 5-та година, почнувајќи од 40 години возраст, или 10 години порано од возраста на најмладиот дијагностициран член од фамилијата со колоректален канцер, независно дали е прв заболен
- Еден роднина од прво колено (1) или две роднини од второ колено (б) заболен/и од колоректален канцер (1) или аденом (б) на возраст од 60 години или постар
- Скринингот се изведува исто како кај пациенти со просечен ризик но со започнување на 40 години возраст.

СКРИНИНГ НА ИНДИВИДУИ СО ВИСОК РИЗИК
(Види алгоритам 3)

Пациенти со фамилијарна историја за хередитарен неполипозен колоректален канцер (ХНПКР)

Индивидуи со фамилијарна историја за хередитарен неполипозен колоректален карцином (ХНПКР или Lynch синдром) припаѓаат во групата со висок ризик за добивање колоректален канцер во текот на животот и изнесува и до 80%. Две третини од тие канцери се јавуваат во проксималните партии на колонот, и тоа кај помладата возраст (просечно околу 45-тата година)

- Кај такви индивидуи е неопходно генетско тестирање (1,2)
- Колоноскопија на секоја или секоја втора година почнувајќи од 20 години возраст или 10 години порано од возраста на најмладиот член на фамилијата со докажана болест независно дали е прво дијагностициран (1,2)
- Лекарот треба да се сомнева и за други канцери, кои исто така се јавуваат со зголемена честота, како оваријалниот, желудочниот и уретералниот.

Пациенти со фамилијарна историја на аденоматозна полипоза (ФАП)

Лица со фамилијарна историја за класичен тип на фамилијарна аденоматозна

полипоза (ФАП-Гарднер, Туркот) спаѓаат исто така во групата со висок ризик за добивање колоректален канцер. Кај нив може да започне развивањето на мултипли бенигни колоректални аденоми рано во тинејџерските години. Просечната возраст на која едно такво лице развива колоректален канцер е 40-та година.

- Кај такви лица се неопходни советување и генетско тестирање
- Флексибилна сигмоидоскопија (бидејќи класичната ФАП речиси секогаш го зафаќа ректосигмоидниот колон) секоја година, почнувајќи помеѓу 10 и 12 години возраст и да се продолжи до возраст помеѓу 35-та и 40-та година, ако е негативна
- Кај атенуираните форми на ФАП има предоминација на тумори на десната страна на колонот поради што се неопходни тотални колоноскопии
- Поради честотата на дуоденални и гастрични полипи, неопходно е и правење горнодигестивна ендоскопија во периодот кога пациентот треба да подлежи на колектомија.

Пациенти со лична историја за воспалителни цревни заболувања (ВЦЗ)

Пациенти со лична историја за воспалителни цревни заболувања (ВЦЗ) треба да бидат свесни дека долгогодишната историја за ВЦЗ, која го зафаќа колонот го зголемува ризикот за појава на колоректален канцер (8). Поради тоа се советува:

- скрининг колоноскопија на 8-10 години по почетокот на болеста
- регуларна контролна колоноскопија годишно или секоја втора година, започнувајќи 8-10 години по почетокот на панколитис или Кронова болест, или 12-15 години по почетокот на левостранколитис.

НАДЗОР НА ИНДИВИДУИ СО ЛИЧНА ИСТОРИЈА ЗА КОЛОРЕКТАЛЕН КАНЦЕР ИЛИ АДЕНОМАТОЗНИ ПОЛИПИ
(Види алгоритам 4)

Лица со еден или два мали аденоми (<1 cm)

- Колоноскопски надзор 5 години после иницијалната полипектомија
- Ако е наодот нормален да се повтори најдоцна до 5 години

Лица со големи аденоми (>1cm), мултипли аденоми (3 или повеќе) или тежок степен на дисплазија или вилозни промени

- Контролна колоноскопија во период од 3 години по иницијалната полипектомија
- Ако сигмоидоскопијата е негативна да се повтори во период од 3 години

Лична историја за куративна тераписка ресекција поради колоректален канцер

- Контролна колоноскопија во период од 1 година по ресекцијата на канцерот
- Ако е нормален наодот, повторна колоноскопија во период од 3 години
- Ако е нормален наодот на третата година, контролна колоноскопија на секоја 5-та година
- Ендоскопистите може да го скратат контролниот период доколку на контрол-

ните колоноскопии се откријат еден/повеќе метахрони иницијални полипи, видот на аденомите на хистопатолошка обработка (дисплазија од среден степен, вилозитети).

ПОВРЗАНИ ДОКАЗИ

- Присуство на неоплазми во дисталниот колон го зголемува ризикот од напредната неоплазија во проксималниот колон; меѓутоа, околу 50% од пациентите со проксимално напреднати неоплазми немаат дистални полипи (ннд-**A**).
- Потенцијалната корист на диеталните влакна во превенција на колоректални аденоми и карциноми не е евидентна во рандомизирани контролирани студии со 2-4 години следење (ннд-**C**).
- Консумација на големи количини лук се чини дека е асоцирана со намален ризик за ларингеален, желудочен, колоректален и ендометријален канцер и аденоматозни колоректални полипи, но не постојат докази од контролирани студии (nnd-**D**).
- Дневен внес со храната на 1 г калциум може да има умерен протективен ефект врз развојот на колоректалните аденоматозни полипи, но доказите се недоволни за да се препорача општа употреба на калциумски додатоци за превенција на колоректален канцер (ннд- **C**).
- Антиоксидантните додатоци не можат да бидат препорачани за превенција на гастроинтестинален канцер. Потенцијалниот превентивен ефект на селенот треба понатаму да се испитува (ннд-**A**).

Алгоритам 1. Скрининг за колоректален канцер



Алгоритам 2: Скрининг на лице со умерено зголемен ризик за колоректален карцином



Алгоритам 3: Скрининг на лица со висок ризик за колоректален карцином



Алгоритам 4: Надзор на лица со лична историја за колоректален канцер/полипи



3337.

Врз основа на член 114-а од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија", бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08, 67/09 и 88/10), министерот за здравство донесе

У П А Т С Т В О
ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ КОЈА СЕ ОДНЕСУВА НА ТРЕТМАНОТ НА ВИРУСНИТЕ ХЕПАТИТИСИ

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на третманот на вирусните хепатитиси.

Член 2

Начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на Третманот на вирусните хепатитиси е даден во Прилог 1, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

За секој поединечен случај, по сопствена оценка, докторот може да отстапи од одредбите на ова упатство во секоја фаза од третманот на пациентот, со соодветно образложение за потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот.

Потребата за отстапување и оценката од став 1 на овој член од страна на докторот соодветно се документира во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува една година од денот на неговото влегување во сила.

Бр. 10-10297/4
6 декември 2010 година
Скопје

Министер,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

Третман на вирусните хепатитиси

ОСНОВНИ ПРАВИЛА

- Хепатитис А и Е најдобро може да се превенираат со соодветна хигиена на храната и водата за пиење, особено во високоризични земји.
- Хепатитис Б и Ц може да се превенираат со засилени мерки на грижа кај професиите со висок ризик и сексуалното однесување. Многу важен поединечен фактор на ризик за хепатитис Ц е интравенската зависност од дрога.
- Профилакса со вакцинација за хепатитис А е индицирана пред патување во високоризични земји.
- Вакцинација за хепатитис Б е индицирана кај високоризични професии (ннд-**В**) и за ризични групи.

ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ЗА ДИЈАГНОЗА

- При сомнение за акутен вирусен хепатитис, треба да се направат следниве тестови: ИгМ антитела кон вирусот на хепатитис А (anti-HAV IgM), HBsAg, ИгМ антитела кон хепатитис Б core антигенот (анти-HbcIgM) и анти-ХЦВ тест.
- Ако клинички благ хепатитис е придружен со симптоми сугестивни за мононуклеоза (температура, лимфаденопатија, спленомегалија, горнореспираторни симптоми), индицирани се следниве дополнителни тестови: брз тест за мононуклеоза или анти-ЕБВ и анти-ЦМВ тест.

ХЕПАТИТИС А

Инкубациски период

- 15 до 50 дена

Начин на пренесување

- Обично феко-орално

Клиничка слика

- Акутен почеток
- Намален апетит и гадење се иницијални симптоми
- Температура
- Жолтица

Лабораториски тестови

- АЛТ и АСТ во серумот се покачени.
- Етиолошка дијагноза се прави преку детерминирање на анти ХАВ ИгМ во серум.
- Вкупните антитела може да се одредат за да ја детерминираат потребата од профилакса. Позитивен тест за тотални антитела (а негативен за ИгМ антитела) е знак на претходна инфекција, која штити од повторна инфекција.
- Види сл. 1.

Профилакса

- Избегнување на сомнителна храна (полжави и друга морска храна) при патување во високоризични земји.
- Краткорочно, 80% заштита може да се постигне со гамаглобулин (за кратки патувања, кои траат помалку од 1 до 2 месеци). Дозата е 2 ml i.m. за возрасни и 0,02 - 0,04 ml/kg за деца.
- Оние што престојуваат долг период или патуваат често во високоризични земји би требало да се вакцинираат.
  - Деца на 15 и повеќе години и возрасни примаат две дози на вакцина Havrix1440 ELISA-U/ml, 1 ml), дадени на 0, 6-12 (месеци).
  - Деца од 1 до 15 години примаат половина од дозата за возрасни (0,5 ml) дадени на 0, и 6-12 (месеци).
  - Epaxal вакцина се дава во иста доза за возрасни и деца над 2 години.
- Хепатитис А + Б комбинирана вакцина
  - Се дава во три дози на 0, 1, 6 (месеци).
  - Сепаратна вакцина е на располагање за деца под 16-годишна возраст.
- Хепатитис А профилакса се препорачува секогаш за туристи коишто патуваат во тропските земји, во Африка и во земјите на Среден Исток околу Медитеранот. За балтичките земји, Русија и во земјите од поранешната Источна Европа, профилакса се препорачува доколку престојот е над еден месец или доколку се спроведуваат повторувани патувања.

Контагиозност

- Една недела по појавата на жолтица, вирусот не се излачува повеќе во фецесот.
- Нема долготрајно носителство на вирусот.

Тек на болеста и следење

- Болеста е самоограничувачка (self - limiting) и нема на располагање специфична терапија.
- Нивото на серумската АЛТ би требало да се следи неделно сè додека таа не почне да паѓа.

ХЕПАТИТИС Б

Период на инкубација

- 1-6 месеци

Начин на инфекција

- Парентерален (игли користени кај и.в. зависници од дрога, крвни продукти)
- Сексуален контакт
- Перинатална трансмисија

Следниве групи треба да се тестираат за ХБВ инфекција:

- лица родени во хиперендемски региони
- хомосексуалци,
- лица што кога било употребиле дрога по парентерален пат,
- пациенти на хемодијализа,
- лица со ХИВ инфекција,
- бремени жени,
- членови на семејство, членови на домаќинство и сексуални партнери на ХБВ-инфицирани лица.

Треба да се направи тестирање за HBsAg и анти-HBs, а серонегативните лица треба да се вакцинираат **(I)**.[1]

Клиничка слика

- Слична на хепатитис А, но со побавен почеток
- Зглобни симптоми кај 10-20% од пациентите
- Кожни симптоми
- Концентрацијата на црнодробните трансаминази побавно се качува отколку кај хепатитис А.

Лабораториска дијагноза

- Зголемени АСТ и АЛТ во серумот. (види Анекс 1)
- Специфична дијагноза се врши со одредување на HBsAg и анти-HBc ИгМ.

1 Препораката се содржи во упатството на NGC за хроничен хепатитис Б. За нивото на доказите, види табела 2

- За проценка на инфективноста, треба да се одреди присуството на хепатитис Б е-антиген (HBeAg). (Ако резултатот е позитивен, пациентот веројатно има активен хепатитис и болеста е многу позаразна, со оглед дека вирусот активно се размножува).
- Види Табела 1.

Табела 1. Толкување на серологијата на вирусот на хепатитис Б

	HBsAg	Анти-HBs	Анти-HBc	Анти-HBc	HBeAg	Анти-HBe
1. Негативен кај околу 10-15% од лицата со минатата историја на инфекција. Кај тие случаи, анти-HBc е единствен маркер за минатата инфекција 2. Прв тест што станува позитивен (дури пред клиничките симптоми) 3. При егзацербација на хронична инфекција, анти-HBc IgM може повторно да стане позитивен						
Неинфицирани	–	–	–			
Вакцинирани	–	+	–			
Природен имунитет	–	+[1)]	+			+
Акутна инфекција						
• Рана	+[2)]	–	–	–	+/–	
• Доцна	+	–	+	+++	+	
Носител						
• Инфективен	+	–	+	+/–[3)]	+	–
• Помалку инфективен	+	–	+	–	–	+

Профилакса

- Избегнување на високоризично однесување (незаштитен сексуален однос со потенцијален вирусоносител, употреба на нечисти инјекциони игли).
- Избегнување на крвен контакт во професии што вклучуваат контакт со човечка крв.

Вакцинација на ризични групи

- Целни групи
  - Новороденчиња чиишто родители се HBsAg позитивни (ннд-**А**). Ако мајката е носител, детето треба да добие исто така, пред првата вакцинација, доза на анти-хепатитис Б имуноглобулин (125 IU).
  - Лица што живеат со HBsAg-носители или со пациенти со акутна хепатитис Б инфекција.
  - Сексуални партнери на HBsAg-носители и сексуални партнери на пациенти со акутна хепатитис Б инфекција.
  - Лица со крваречки нарушувања што имаат потреба од редовен третман со крвни продукти.

- И.в. зависници од дрога, нивните сексуални партнери и другите што живеат во истото домаќинство. Особено е важно да се вакцинираат новороденчиња од мајки што користат дрога и.в.
- Лица вклучени во проституција.
- По повреди од убод со игла и изложеност на крв, во согласност со проценката на ризикот, потребна е профилакса така што случајот не може да биде упатен во професионална здравствена заштита.
- Здравствени работници што планираат работа во ендемски подрачја.

- Вакцинација против хепатитис Б може, исто така, да се разгледува при индивидуални случаи за лица, кои, поради нивната работа, се со зголемен ризик од контакт со крв. Вакцинација, исто така, треба да се има предвид за оние што се под грижа на вакви лица. На пример:
  - Бабици, орални хирурзи и одреден лабораториски персонал.
  - Персонал што работи во единици за хемодијализа третирајќи пациент што е HBsAg носител. Другите пациенти во таков центар.
  - Персонал во детски центар што се грижи за дете коешто е HBsAg носител.
  - Другите деца во таков центар.
  - Кој било што е вклучен во згрижувањето на и.в. зависник од дрога.
- Администрација на вакцината
  - Хепатитис Б вакцина 1.0 мл и.м. (0.5 мл за деца).
  - Дозата се повторува на 1 и 6 месеци. По успешната иницијална вакцинација, обично не се потребни бустер инјекции.
  - Околу 10% од вакцинираните не добиваат доволен имунитет. Ако ризикот од изложеност на вирусот е висок и долготраен, присуството на имунитет треба да се потврди серолошки околу 2 месеца по третата инјекција (ннд-**B**). Ако нема одговор на антитела, се даваат три дополнителни дози во интервал од два месеца и присуството на имунитет се потврдува серолошки околу 2 месеца по третата инјекција. Ако сè уште нема одговор на антителата, ризикот од експозиција треба да се намали, на пример, со промена на работното место.

Имуна профилакса по изложеност на вирусот

- Анти-хепатитис Б имуноглобулинот треба да им се дава на новороденчињата од HBsAg позитивни мајки (+ хепатитис Б вакцинација)(ннд-**A**).

Дејствување по изложеност на инфицирана крв

- За детални инструкции види член 1.

Контагиозност

- Повеќето пациенти со хепатитис Б инфекција оздравуваат; меѓутоа, мал процент (<5%) од возрасните пациенти остануваат носители на вирусот (во нордиските земји).
- Одредувањето на HBeAg е од помош во проценката на инфективноста на HBsAg позитивни пациенти.

Текот на акутна болест и следење

- Повеќето случаи се самолимитирачки.
- Во активната фаза на болеста се мониторираат еднаш неделно: серумската АЛТ, протромбинското време и, ако е потребно, концентрациите на преалбуминот и билирубинот, сè дури не почнат да се враќаат на нормала.
- HBsAg треба да се одреди три месеци по почетокот на болеста.

Хроничен стадиум на болеста

- Ако HBsAg остане позитивен 6 месеци по почетокот на болеста, веројатно пациентот ќе стане хепатитис Б носител. Состојбата на носителство се потврдува со позитивен тест за HBsAg по 12 месеци.
- HBeAg-позитивни пациенти со висока серумска ХБВ ДНК, но нормална АЛТ, треба да се мониторираат во интервали од 3 до 6 месеци. (алгоритам 3). Многу почест мониторинг треба да се спроведе ако нивото на АЛТ стане покачено. Пациенти што ќе останат HBeAg -позитивни со ниво на ХБВ ДНК поголемо од 20 000 IU/ml, по период од 3 до 6 месеци на елевирана АЛТ повеќе од 2 пати над горната граница на нормалата, треба да бидат разгледани за црнодробна биопсија и антивирусна терапија (алгоритам 3).
- HBeAg-позитивни пациенти со перзистентно нормална АЛТ треба да се тестираат за АЛТ на 3-6 месечни интервали. АЛТ заедно со ХБВ ДНК мора да се тестираат почесто кога нивото на АЛТ ќе стане покачено. Статусот на HBeAg треба да се проверува секои 6-12 месеци. (**III**) Пациенти што ќе останат HBeAg позитивни со ниво на ХБВ ДНК>20 000 IU/ml, по 3-6 месечен период на елевирана АЛТ меѓу 1-2 х горна нормална граница, или што ќе останат HBeAg позитивни со ниво на ХБВ ДНК>20 000 IU/ml и се постари од 40 години, треба да се разгледаат за црнодробна биопсија, а треба да се смета на терапија ако биопсијата покаже умерена/тешка инфламација или значајна фиброза. (III)[2]
- Пациенти што ќе останат HBeAg позитивни со ниво на HBV DNA 20 000 IU/ml, по 3-6 месечен период на елевирана АЛТ 2 х горна нормална граница, треба да се разгледаат за терапија. (**III**)[3]
- HBeAg-негативни пациенти со нормална АЛТ и HBV ДНК<2000 IU/ml
  треба да се тестираат за АЛТ секои 3 месеци за време на првата година, за да се провери дека се тие навистина во „состојба на инактивно носителство", а потоа секои 6-12 месеци. (**III**)[4]
- Тестирање и почест мониторинг на ХБВ ДНК треба да се прават ако АЛТ или АСТ растат над нормалната граница. (**III**)[5]
- Ризикот од хепатом е зголемен кај хроничен хепатитис Б.

2 Исто како 1
3 Исто како 1
4 Исто како 1
5 Исто како 1

ХЕПАТИТИС Ц

- Најчест тип на хепатитис во многу земји.
- Повеќето случаи на посттрансфузионен нон-А-нон-Б хепатитис се предизвикани од хепатитис Ц. Има околу 500 милиони носители на хепатитис Ц.

Период на инкубација

- 20-120 дена

Начин на инфекција

- Парентерален како и за хепатитис Б, но инфективноста е многу пониска. Извори за експозиција вклучуваат интравенско уживање на дрога, тетоважа, крвна трансфузија и секс без заштита со партнер позитивен на хепатитис Ц. Меѓутоа, шансата да се добие вирусот преку незаштитен секс е прилично ниска, а се смета дека безбеден секс не е апсолутно неопходен кај долготрајни врски.
- Хепатитис Ц беше честа причина за трансфузионен хепатитис пред воведувањето скрининг на крвните продукти за хепатитис Ц.
- Постојат пациенти што се здобиваат со хепатитис Ц без да примат кога било крвна трансфузија или да припаѓаат на која било ризична група.

Клиничка слика

- Клиничката презентација обично е блага. Само околу 25% од инфицираните лица развиваат жолтица; во споредба со 50% од оние инфицирани со хепатитис Б. Некои пациенти остануваат асимптоматски.
- Екстрахепатични манифестации, како есенцијална криоглобулинемија, гломерулонефритис, автоимун тироидитис, Сјогренов синдром и porphyria cutanea tarda се соопштени кај пациенти со хроничен хепатитис Ц.

Лабораториска дијагноза

- Флуктуирачки концентрации на хепатичната трансминаза (АЛТ) се честа и честопати единствена манифестација на хепатитис Ц. Концентрациите периодично можат да се вратат на нормалата.
- Серумското ниво на АЛТ и АСТ ретко надминува 800 U/L.
- Специфична дијагноза се поставува со одредување антитела кон хепатитис Ц и со РНК (HCV RNA).[6]
- Антителата може да се откријат 10 недели по експозицијата.
- ХЦВ РНК обично е позитивна на почетокот на симптомите.

Контагиозност

- Мнозинството пациенти со антитела се исто така носители на вирусот и можат да ја шират инфекцијата.

6 Тестот е достапен во Македонија

Текот на болеста и следење

- Алкохолот го предиспонира пациентот за компликации од хепатитис Ц.
- Акутната фаза често е поблага од хепатитис Б, но болеста почесто станува хронична (во 50-80% од пациентите).
- Тестирањето на трансаминазите не е од помош во акутната фаза затоа што тие флуктуираат. Меѓутоа, мониторингот е важен ако се предвидува консултација со специјалист.
- Просечното време од примарната инфекција до црнодробна болест е: хроничен хепатитис 13 години, активен хепатитис 18 години, цироза 21 година и хепатом 28 години. Некои пациенти (20-30%) развиваат цироза на црниот дроб поскоро, за 5-7.5 години од почетокот на болеста.

ДЕЛТА АГЕНС (ХЕПАТИТИС Д)

- Се јавува како суперинфекција асоцирана со хепатитис Б.
- Предизвикан од вирус сателит што може да инфицира само HBsAg позитивно лице (двата вируса може да се стекнат при иста експозиција).
- Вообичаен за и.в. зависници од дрога и хепатитис Б носители.
- Текот на болеста може да биде фулминантен.
- Специфична дијагноза може да се постави со одредување серумски антитела кон ХДВ и, ако е потребно, со докажување на ХДВ РНК.
- Терапија со интерферон се испробува (ннд-**В**).

ТРЕТМАН НА ХЕПАТИТИС И ИНДИКАЦИИ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА КОНСУЛТАЦИЈА

Акутен хепатитис

- Тежината се проценува преку одредување на серумскиот албумин и протромбинското време. Болеста е блага ако протромбинското време е над 40% и ако серумскиот албумин е над 30 g/L.
- Антивирусна терапија не е од помош во акутната фаза.

Хроничен хепатитис Б

- Со терапија со интерферон алфа (4-6 месеци), HBeAg се губи од серумот во 35% од пациентите (ннд-**А**). Наместо интерферонот, можат да се користат орално ламивудин, телбивудин[7] или адефовир[8] . Кај интравенски корисници на дрога, пред терапијата е потребна трајна апстиненција подолго од една година.
- Пациенти со HBeAg-позитивен хроничен хепатитис Б, АЛТ повисока од 2 пати од нормалата или умерен/тежок хепатитис на биопсија, а DNA>20 000 IU/ml, треба да се предвидат за терапија.(I) [9]

7 Делумно недостапно во Р. Македонија
8 Недостапно во Р. Македонија
9 Исто како 1

- Терапијата треба да се одложи за 3 до 6 месеци кај лица со компензирана црнодробна болест, за да се одреди дали ќе се појави спонтана HBeAg сероконверзија. (**II-2**) [10]
- Пациенти со иктерични скокови на АЛТ треба веднаш да се лекуваат. (**III**)[11]
- Терапијата може да се почне со еден од 6 одобрени антивирусни лекови, но се претпочитаат пегИФН-алфа, адефовир или ентекавир[12].(**I**)[13]
- АЛТ перзистентно нормална или минимално покачена (2 пати од нормалата). Кај овие пациенти главно не треба да се почне терапија. (**I**)[14]
- Црнодробна биопсија може да се има предвид кај пациенти со флуктуирачки или минимално покачени вредности на АЛТ, особено кај оние над 40 години возраст. (**II-3**)[15]
- Терапија може да почне ако во црнодробната биопсија има тешка некроинфламација или значајна фиброза. (**I**)[16]
- Деца со покачена АЛТ повеќе од 2 пати од нормалата. Овие пациенти треба да се предвидат за терапија, ако АЛТ остане зголемена на тоа ниво подолго од 6 месеци.(**I**)[17]
- Пациенти со HBeAg-негативен хроничен хепатитис Б (серумска HBVDNA>20 000 IU/ml, и АЛТ2х над нормалата) треба да се предвидат за терапија.(**I**)[18]
- Црнодробна биопсија може да се има предвид кај HBeAg-негативни пациенти со пониско ниво на HBVDNA(2000-20 000 IU/ml) и гранично нормални или минимално покачени вредности на АЛТ. (**II-2**)[19]
- Терапија може да започне ако во биопсијата има умерена/тешка инфламација или значајна фиброза. (**I**)[20]

Хроничен хепатитис Ц

- Серумската АЛТ останува покачена 6 месеци по почетокот на симптомите; меѓутоа, нормална АЛТ не ја исклучува можноста од хроничен хепатитис.
- Податок за генотип на вирусот е важен водич за тераписките решенија. Терапијата е поефикасна за генотип 2 или 3 отколку за генотип 1 и 4.
- Пациенти со позитивен тест за HCV RNA и постојано покачена АЛТ поверојатно имаат благ хроничен хепатитис, така што тераписките одлуки може да се направат без црнодробна биопсија кај генотип 2 и 3.

10 Исто како 1
11 Исто како 1
12 Недостапно во Р. Македонија
13 Исто како 1
14 Исто како 1
15 Исто како 1
16 Исто како 1
17 Исто како 1
18 Исто како 1
19 Исто како 1
20 Исто како 1

- Црнодробна биопсија е индицирана кај пациенти со сомнение за некоја друга црнодробна болест покрај HCV хепатитис.
- Терапијата се состои од комбинација на интерферон алфа или пегилиран интерферон алфа (**ннд А**) и рибавирин (**ннд А**) за 12-72 недели кај генотип 1 и 4, а за генотип 2 и 3 за 12-48 недели. Времетраењето на терапијата е одредено од одговорот. Ефикасноста на терапијата се мониторира со HCV-PCR тест.
- Терапијата се прекинува ако нема одговор најдоцна за 24 недели (HCV RNA сè уште позитивен).
- Со комбинираната терапија, вирусот се ерадицира од крвта во околу 50-90% од пациентите.
- Контраиндикации за антивирусна терапија се: декомпензирана цироза, тешка црнодробна дисфункција, цитопенија, имуносупресивни состојби, ХИВ позитивитет, злоупотреба на алкохол или дрога, тешка депресија, автоимуна болест, тешка генерализирана болест и бременост.
- Со оглед на тератогениот ефект на рибавиринот, во текот на целиот третман и уште 6 месеци по терапијата треба да се врши сигурна контрола на бременоста.
- Може да се смета на трансплантација на црниот дроб кај напредната цироза, доколку нема контраиндикации.

СПОСОБНОСТ ЗА РАБОТА

- Во акутната фаза во согласност со општите принципи, на пример, пациентот може да се врати на работа веднаш штом општата состојба тоа ќе го дозволи.
- Хроничното вирусоносителство не треба да го спречи лицето да работи.

ПОВРЗАНИ ДОКАЗИ

Кохранови прегледи

- Изгледа дека рибавиринот сам нема сигнификантен корисен ефект на вирусолошкиот одговор и црнодробниот морбидитет кај хроничниот хепатитис Ц, во споредба со плацебо или без терапија, но може привремено да го подобри биохемискиот и хистолошкиот одговор (ннд-**B**).
- Поради лошиот квалитет на расположливите студии, нема доволен доказ за ефикасноста на хепатитис Б вакцинацијата при ризикот за хепатитис Б на деца или возрасни коишто претходно не биле изложени на хепатитис Б или чијашто изложеност не е позната. Според анализите коишто се ограничени со учесници достапни за следење, изгледа дека вакцинацијата е ефикасна (ннд-**D**).

Упатство од National Guideline Clearinghouse

Табела 2. Квалитет на докази врз кои се базирани препораките преземени од упатството за хепатитис Б од National Guideline Clearinghouse

Степен	Дефиниција
I	Рандомизирани контролирани студии
II-1	Контролирани студии без рандомизација
II-2	Кохорт или case-контролирани аналитични студии
II-3	Мултипни временски серии, драматични неконтролирани експерименти
III	Експертски мислења, дескриптивна епидемиологија

А Н Е К С 1

ПРОЦЕНКА НА ПАЦИЕНТ СО АБНОРМАЛНИ ЦРНОДРОБНИ ТЕСТОВИ

МБД упатства
18. 5.2007

- Основни правила
- Причини за покачени концентрации на АСТ или АЛТ
- Лесен пораст (<3х над горната референтна граница), отсуство на симптоми
- Значаен пораст на АЛТ (>3х над горната референтна вредност)

ОСНОВНИ ПРАВИЛА

- Да се идентификуваат пациенти со црнодробна или билијарна болест, кои бараат специфична терапија (хроничен вирусен хепатитис, автоимун хепатитис, хемохроматоза, Вилсонова болест, билијарна опструкција).
- Следење на пациенти со лесно абнормални резултати и тие да се упатат за биопсија на црниот дроб ако црнодробните тестови останат абнормални за повеќе од 6 месеци или се влошат за време на следењето.
- АСТ и АЛТ се осетливи показатели за црнодробна оштета. Алкалната фосфатаза е покачена кај холестаза, но исто така и кај болести на коските.

ПРИЧИНИ ЗА ЗГОЛЕМЕНИ КОНЦЕНТРАЦИИ НА АСТ ИЛИ АЛТ

- Обезност или дијабетес (стеатоза и стеатохепатитис)
- Токсична хепатоцелуларна оштета (алкохол, анаболни стероиди, лекови, хербални производи)
- Срцева слабост (црнодробна конгестија)
- Билијарна опструкција
- Акутен и хроничен хепатитис
- Тумори на црниот дроб
- АСТ е покачена и кај некроза на миокардот

ЛЕСЕН ПОРАСТ (<3Х НАД ГОРНАТА РЕФЕРЕНТНА ВРЕДНОСТ), БЕЗ СИМПТОМИ

Иницијални испитувања
- АЛТ, алкална фосфатаза, гГТ, билирубин, гликемија, липиди
- Протромбинско време, албумин
- Се препорачува исто така горноабдоминална ултрасонографија

- Ако нивото на трансаминазите остане покачено, по следење од 4-12 недели треба да се провери следново:
  - HBsAg, анти-ХЦВ, ИгГ, ИгМ, ИгА, антимазномускулни антитела, митохондријални антитела, серумско железо, серумски феритин, трансглутаминазни антитела.

Сомнение за **алкохолна болест на црниот дроб** постои ако:

- Дневниот внес на алкохол е >40 гр за жени, >60 гр за мажи
- Односот АСТ/АЛТ >1.5, покачен МЦВ, покачена гГТ
- Нормализација на нивото на ензимите по 2 недели апстиненција, а МЦВ и гГТ се нормализираат побавно
- Ако вредностите се зголемени подолго од 3 месеци или постојат знаци за нарушена црнодробна функција, како што се снижено ниво на коагулационите фактори (абнормално тромбопластинско време), албумин или преалбумин, за проценка на тежината на црнодробната оштета може да се направи биопсија на црниот дроб. Резултатот од биопсијата не влијае врз третманот на алкохолната болест, но може да помогне во исклучувањето на други хронични црнодробни болести.
- Ако постои суспекција за оштета предизвикана од лек, лекот треба да се прекине. Придружен иктерус е знак за сериозна црнодробна оштета предизвикана од лекот. Ако концентрацијата на АЛТ е само лесно покачена (2-3 пати над горната нормална вредност), употребата на некои лекови (на пр. статини) може да продолжи ако црнодробните функционални тестови се мониторираат на 1-3 месечни интервали.

Стеатоза на црниот дроб е сугерирана од

- Значајна дебелина (>БМИ)
- НИДДМ
- Ултрасонографски светол ехогеничен црн дроб.
- Црнодробна биопсија е индицирана ако нивото на трансаминазите остане покачено за повеќе од 6 месеци (АЛТ>3 х од горната граница на референтната вредност; заради диференцијална дијагноза меѓу стеатозата и стеатохепатитот, кој има посериозна прогноза).

Билијарна опструкција се сугерира при

- Епигастрична колика
- Покачена алкална фосфатаза во серумот
- Покачена амилаза во серумот
- Горноабдоминалната ултрасонографија открива калкули, опструкција на билијарното стебло (дилатирани жолчни канали), црнодробни или панкреатични тумори и комплициран панкреатитис.

Запамети ги ретките (но чести) болести што може да се лекуваат

- Хроничен автоимун хепатитис (АЛТ обично повисока од АЛТ, високо ниво на

ИгГ во серумот, позитивни антинуклеарни антитела и анти-мазномускулни антитела)
- Хроничен вирусен хепатитис (HBsAg, ХБВ ДНК, анти-ХЦВ антитела, ХЦВ РНК)
- Хемохроматоза (серумско железо, трансферин, сатурација на трансферинот >60%, феритин)
- Вилсонова болест (ниска концентрација на церулоплазмин).

ЗНАЧАЈНО ПОКАЧЕНА АЛТ (>3 Х ОД ГРАНИЦАТА НА РЕФЕРЕНТНАТА ВРЕДНОСТ)

- Ако нема симптоми, повтори ги тестовите по 1-2 недели и во исто време направи тестови за да се одреди етиологијата (види погоре).
- Ако серумската АЛТ не паѓа за време на следење од 6 месеци, планирај црнодробна биопсија.
- Ако пациентот има симптоми, како замор, чешање, жолтица или анорексија, упати го во болница.
- За испитување на жолтица види 2, а за покачена серумска алкална фосфатаза види 3а.

Автор: Pekka Pikkarainen Article ID: ebm 00213 (009.012) © 2009 Duodecim Medical Publications

Табела 1. Толкување на серологијата на вирусот на хепатитис Б

	HBsAg	Анти-HBs	Анти-HBc	Анти-HBc	HBeAg	Анти-ХБе
1. Негативен кај околу 10-15% од лицата со минатa историја на инфекција. Кај тие случаи, анти-HBc е единствен маркер за минатa инфекција 2. Прв тест што станува позитивен (дури пред клиничките симптоми) 3. При егзацербација на хронична инфекција, анти-HBc ИгМ може повторно да стане позитивен						
Неинфицирани	–	–	–			
Вакцинирани	–	+	–			
Природен имунитет	–	+[1)]	+			+
Акутна инфекција						
• Рана	+[2)]	–	–	–	+/–	
• Доцна	+	–	+	+++	+	
Носител						
• Инфективен	+	–	+	+/–[3)]	+	–
• Помалку инфективен	+	–	+	–	–	+

Алгоритам 1: Пристап кон пациент со лесен пораст на трансаминазите



* АСМА - антиглаткомускулни антитела
** АМА - антимитохондријални антитела

Алгоритам 2: Пристап кон пациент со висок пораст на трансаминазите



АЛТ - аланин
аминотрансфераза

Алгоритам 3: Водење на хронична ХБВ инфекција



Алгоритам 4: Водење на хронична ХБВ инфекција



3338.

Врз основа на член 114-а од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија", бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08, 67/09 и 88/10), министерот за здравство донесе

У П А Т С Т В О
ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ КОЈА СЕ ОДНЕСУВА НА ТРЕТМАНОТ НА ХРОНИЧНАТА КОРОНАРНА АРТЕРИСКА БОЛЕСТ

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на третманот на хроничната коронарна артериска болест.

Член 2

Начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на Третманот на хроничната коронарна артериска болест е даден во Прилог 1, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

За секој поединечен случај, по сопствена оценка, докторот може да отстапи од одредбите на ова упатство во секоја фаза од третманот на пациентот, со соодветно образложение за потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот.

Потребата за отстапување и оценката од став 1 на овој член од страна на докторот соодветно се документира во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува една година од денот на неговото влегување во сила.

Бр. 10-10297/5
6 декември 2010 година
Скопје

Министер,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

Третман на хроничната коронарна артериска болест

ОСНОВНИ ПРАВИЛА

- Анамнезата, физикалниот наод и некои основни испитувања вообичаено се доволни за клиничка дијагноза на стабилна ангина пекторис (АПс).
- Дијагнозата често се потврдува врз основа на поволен одговор на медикаментозна терапија.
- За потврдување на дијагнозата и планирање на натамошниот третман, иницијална неинвазивна стратегија подразбира примена на коронарен стрес тест (КСТ), миокардна перфузиона томосцинтиграфија (МПС) или стрес ехокардиографија.
- Коронарниот стрес тест дава податоци за толеранцијата на напор, хемодинамскиот одговор, симптомите и ST-сегмент промените. Миокардната перфузиона томосцинтиграфија и стрес ехокардиографијата се алтернативни иследувања, кога КСТ не може да биде изведен, е неинтерпретабилен или последователно по КСТ кога дијагнозата останува нејасна.
- Покрајнивната улога во иницијалната проценка, МПС и стрес ехокардиографијата даваат податок и за екстензивноста и локализацијата на исхемијата.
- Ехокардиографијата и другите неинвазивни иследувања (магнетна резонанца) даваат податок за левокоморната функција.
- Тешка новооткриена или прогресивна - нестабилна ангина пекторис често бара итна хоспитализација и понекогаш ангиопластика или реваскуларизација.
- Третманот на хронична КАБ вклучува проценка на вкупниот ризик, третманот на ризик-факторите е каузален (причински) третман.
- Основната терапија за повеќето пациенти се состои од нитрати, аспирин, бета-блокатори, АКЕ инхибитори и статини.

ДЕФИНИЦИЈА

- Во хронична коронарна артериска болест (хронична КАБ) спаѓаат следниве групи пациенти:
  - пациенти со прележан миокарден инфаркт,
  - пациенти по миокардна реваскуларизација со:
    - перкутана коронарна интервенција (ПКИ), или
    - хируршка миокардна реваскуларизација (аорто-коронарен бајпас – АКБП);
  - пациенти со ангиографски докажана КАБ и
  - пациенти кај кои со неинвазивни дијагностички процедури е добиен реален-доказ за миокардна исхемија, кои се без симптоми-асимптоматски или со симптоми и знаци на стабилна ангина пекторис, клинички синдром којшто се одликува со нелагодност во градите, вратот, рамото, грбот или раката, типично провоцирана од напор или емоционален стрес, а се смирува со нитроглицерин.
- За да се смета дека пациентот има АПс, нужно е:
  - симптомите да се стабилни во последните 60 дена;
  - во тој период да нема промена во честотата, траењето, провоцирачките фактори и начинот на смирување на болката;
  - да нема докази за скорешна миокардна повреда.

ДИЈАГНОЗА И РИЗИК СТРАТИФИКАЦИЈА

Почетни дијагностичко-прогностички испитувања

Анамнеза:

- Одлики на **градна болка** типична за стабилна ангина пекторис:
  - Квалитет: притисок, стегање, печење, гушење;
  - Локализација: ретростернална, епигастрична, долна вилица;
  - Пропагација: врат, долна вилица, рамо, двете раце, епигастриум, субстернално;
  - Траење: најчесто 2-10 минути, но не подолго од 20 минути;
  - Провоцирачки фактори: физички напор, психички стрес, големо количество • храна, изложување на ладно;
  - Начин на смирување: со одмор или НТГ.
  - **Придружни симптоми**: страв, потење, забрзана срцева работа. Само половина од пациентите имаат типична презентација. Анамнезата за градна болка е потипична за дијагноза кај мажи отколку кај жени на возраст <50 години. Веројатноста за КАБ кај мажи на возраст >55 години со типична градна болка е 90%.
  - Податок за застапеност на **ризик-фактори** за КАБ.
  - Податок за можни **неатерогени причини** (пр. аортна стеноза).
  - Податок за симптоми на **системска атеросклероза** (клаудикации, ТИА, шумови).
  - Податок за минати и/или актуелни заболувања и коморбидитети.

Важно! Можни се разни форми на атипична симптоматологија:

- Асимптоматски пациенти: жени, болни со дијабет, неуропатии, возрасни пациенти.
- Диспнеа при напор може да биде презентирачки симптом наместо градната болка.
- Други форми на клиничка презентација на хронична КАБ се: колапс при напор, аритмии, нестабилна ангина, акутна или хронична срцева слабост, миокарден инфаркт и ненадејна срцева смрт.

Табела 1. Клиничка класификација на градна болка

Тип на градна болка	**Одлики**
Типична ангина	*Исполнува 3 од наведените карактеристики:* • Субстернална градна болка (со одреден квалитет и времетраење) • Провоцирана со напор или стрес • Смирувачка со одмор и/или нитроглицерин
Атипична ангина	*Исполнува 2 од наведените карактеристики*
Некардијална градна болка	*Исполнува 1 или ниедна од наведените карактеристики*

Модифицирано од Diamond-1983г.

- Одлики на атипична градна болка, која не упатува на КАБ:
  - се појавува и во одмор,
  - толеранцијата на напор е добра и покрај болката,
  - трае со часови и денови,
  - поврзана е со дишење или движење на градниот кош,
  - има остар карактер,
  - лоцирана е латерално во предел на срцевиот врв,
  - може да се чувствува на допир,
  - се доживува како палпитации или повремени предвремени удари,
  - лоцирана е во горниот абдомен или под левиот ребрен лак,
  - не се смирува со НТГ во тек на неколку минути.

Табела 2. Градација на ангина пекторис (CCSC) според Канадското кардиоваскуларно здружение за степенот на функционална онеспособеност на пациентот

Класа на АП	Појава на АП	Толеранција на напор
CCS -класа 1	Само при ексцесивен напор	≥120 W
CCS -класа 2	При брзо одење или одење по нагорнина	80-120 W
CCS -класа 3	При одење по рамно со нормална брзина	20-80 W
CCS -класа 4	Во мир, при зборување или облекување	<20 W

Физикален преглед:

Физикалниот наод кај пациент со хронична КАБ е најчесто нормален доколку нема некое придружно заболување или нарушување.

- Физикалниот наод **вон епизода на градна болка** може да идентификува присуство на:
  - систолни шумови: пациентите со КАБ често имаат придружена каротидна болест или генерализирана атеросклеротична болест. Аортна стеноза исто така често е придружена со КАБ;
  - парадоксално цепење на II срцев тон или со срцева палпација детектирано присуство на ЛКХ[1]. Пациент со ЛКХ може да добие градна болка дури и при лесна КАБ;
  - бледило како последица на анемија.
- Физикалниот наод **за време на градна болка** може да идентификува појава на:
  - трет/четврт срцев тон, како и појава на белодробни 'ркалки како транзиторни знаци за срцева слабост, која може да се појави по продолжен исхемичен напад;
  - шум на митрална регургитација (поради исхемија на папиларен мускул); парадоксално цепење на II срцев тон.

Напомена! Физикалниот преглед има за цел да идентификува: појава на левокоморна дисфункција како последица на миокардна исхемија, како и евентуално постоење на друго срцево или несрцево заболување, кое може да резултира со појава на градна болка.

1 ЛКХ - левокоморна хипертрофија

Табела 3. Состојби коишто провоцираат или влошуваат исхемија од неатерогено потекло (во отсуство на значајна КАБ): ACC/AHA.

Зголемена кислородна побарувачка	Намалено кислородно снабдување
Несрцеви: • Хипертермија • Хипертиреоидизам • Симпатомиметична токсичност (кокаин) • Артериска хипертензија • Анксиозност • А-В фистула	**Несрцеви:** • Анемија • Хипооксемија (пневмонија, астма, ХОББ, ПАХ, апнеа во сон) • Симпатомиметична токсичност (кокаин) • Хипервискозност • Полицитемија
Срцеви: • Хипертрофична кардиомиопатија • Аортна стеноза • Дилататива кардиомиопатија • Тахикардија (преткоморна, коморна)	**Срцеви:** • Аортна стеноза • Хипертрофична кардиомиопатија

Легенда: ХОББ - хронична обструктивна белодробна болест; ПАХ - пулмонална артериска хипертензија; А-В артерио-венска

Основни лабораториски испитувања[2]

- **Треба да се прави кај сите пациенти:**
  - Липиден статус: вкупен холестерол, HDL -холестерол, LDL -холестерол, триглицериди (ннд[3]-**B**); гликемија (ннд-**B**); полна крвна слика, вклучително и Ле (ннд-**B**) во дијагноза и во прогноза); креатинин (ннд-**C**).
- **Треба да се прави кај пациенти кај кои врз основа на клиничка евалуација е индицирано:**
  - маркери на миокардно оштетување (ако постојат индиции за АКС [4]) (ннд-**A**)
  - функција на тиреоидна жлезда (ннд-**C**).
- **Умно е да се прави:**
  - OGTT (орален гликоза толеранс тест) (ннд-**B**)(се препорачува кај сите пациенти со прележан миокарден инфаркт без докажана шеќерна болест, доколку постои сомнеж за метаболички синдром).
- **Би можело да се прави:**
  - HsCRP (високо сензитивен Ц реактивен протеин) (ннд -**B**);

2 ограничено достапни во Р Македонија (се однесува на анализите со ниво на препорака: би можело да се прави

3 ннд=ниво на доказ

4 АКС акутен коронарен синдром

- LpA, Apo A, Apo B (ннд-**B**);
- хомоцистеин (ннд-**B**) ;
- Hgb A1C (ннд-**B**) ;
- NT-BMP (натриуретичен пептид) (ннд-**B**).

Рендгенографија на срце и бели дробови

- Вообичаено е нормална кај пациенти со хронична КАБ.
- Индицирана е за потребите на диференцијална дијагноза: срцева слабост (СС) (ннд-**C**), валвуларна болест (валвуларни калцификати), перикардит, дисекција на аорта или белодробно заболување (ннд-**B**).

- **Треба да се прави:**
  - При сомнеж за СС, (ннд-**C**) патолошки наод при срцева аускултација, или сомнеж за белодробна болест (ннд-**B**).

Електрокардиограм (ЕКГ)

- Вообичаено во мирување е нормален (кај 30-50% од пациентите).
- Можно е присуство на:
  - патолошки Q забец (претходен МИ)
  - ST-T бран абнормалности (се сензитивни но неспецифични)
  - лесно продолжен PR интервал (<240 мс)
  - знаци за ЛКХ
  - блок на лева гранка.
- За време на градна болка кај >50% од пациентите доаѓа до појава на ST - сегмент депресија, која е реверзибилна и е силен доказ за КАБ.
- Кај пациенти со ST-T абнормалности во мирување, за време на градна болка- може да дојде до нормализирање, т.н. псевдонормализација.

- **Треба да се прави кај сите пациенти:**
  - вон епизода на градна болка за иницијална евалуација (ннд-**C**) во цел на дијагноза и во прогноза);
  - за време на епизода на градна болка (ннд-**B**).

Проценка на ризик за постоење на КАБ и појава на идни несакани срцеви збиднувања

- Врз основа на основните испитувања се проценува клиничката веројатност за постоење на КАБ, така што пациентите се стратификуваат во три групи:
  - Пациенти со ниска веројатност (<10%) за постоење на КАБ;
  - Пациенти со умерена веројатност (10-90%) за постоење на КАБ;
  - Пациенти со висока веројатност (>90%) за постоење на КАБ и појава на идни несакани срцеви збиднувања, што ја одредува понатамошната дијагностичко-терапевтска процедура.

- Основни карактеристики врз основа на кои се врши ризик стратификација:
  - Левокоморна функција (изразена преку истисната фракција-ИФ);
  - Анатомска распространетост на КАБ (број на зафатени коронарни крвни садови);
  - Стабилност/нестабилност на атеросклеротичната плака (влошување на клиничките симптоми);
  - Општа состојба на пациентот и присуството на несрцеви заболувања.
- Ризик стратификација може да се врши и врз основа на клинички показатели, што е дадено во Табела 4.

Табела 4. Проценка на непосреден ризик за смрт или нефатален миокарден инфаркт кај пациентите, врз основа на наодите од основните испитувања.
едно од наведеното:

Висок ризик	**Умерен ризик**	**Низок ризик**
Присуство на најмалку едно од наведеното: • Продолжителна градна болка (>20 мин), која се уште трае • Белодробен едем • Динамични ST -сегмент промени ≥1 мм • АР со нова MR • АР со хипотензија	*Присуство на најмалку едно од наведеното:* • Продолжителна градна болка (>20 мин), во моментот нема • АР ноќе • АР со динамични ST - сегментпромени • Новопојавена АР (CCSC-III ,IV) • Патолошки Q, ST - депр. ≤1мм • Возраст >65	*Присуство на најмалку едно од наведеното:* • Зголемена честота, тежина, времетраење наАР • АР со низок праг • АР de novo • (2 недели-2 месеци)

Легенда: АР - ангина пекторис, MR - митрална регургитација, CCSC - класификација според Канадското кардио-васкуларно здружение.

Дополнителни дијагностичко-прогностички испитувања

Се преземаат заради дијагноза, ризик стратификација и прогноза на болни со ХКАБ, како и детектирање на други причини за градна болка.

Коронарен стрес тест (КСТ)

Коронарен стрес тест се изведува заради потврда на дијагнозата и/или проценка на тежината на болеста.

Препораки за примена на КСТ како почетно испитување за поставување дијагноза на хронична КАБ кај симптоматски пациенти:

- **Треба да се прави кај:**
  - Симптоматски пациенти со умерена преттест-веројатност за КАБ (проценета врз основа на возраст, пол и симптоми), кои имаат интерпретабилен ЕКГ (вклучувајќи ги оние со блок на десна гранка и ST-сегмент депресија <1мм) и можат да се оптоварат со напор (ннд- **B**)

- **Умно е да се прави кај:**
  - Пациенти со сомнеж за вазоспастична ангина (ннд- **C**).

- **Би можело да се прави кај:**
  - Пациенти со ≥1мм ST-сегмент депресија на базален ЕКГ, или кои се на терапија со дигоксин (ннд-**B**)
  - Пациенти со ниска преттест-веројатност за КАБ (проценета врз основа на возраст, пол и симптоми). (ннд-**B**)

- **Не се препорачува кај:**
  - Пациенти со ЕКГ абнормалности:
    - WPW облик на ЕКГ (ннд-**B**)
    - Ритам на електростимулатор (pacemaker) (ннд-**B**)
    - ≥1 мм ST-сегмент депресија во мир (ннд-**B**)
    - Блок на лева гранка (ннд-B)
  - Пациенти со потврдена КАБ (како пациенти со претходен МИ или ангиографски докажана КАБ). Но, кај овие пациенти КСТ има улога во проценка на функционален капацитет и прогноза. (ннд-**B**)

Препораки за примена на КСТ како почетно испитување за поставување дијагноза на хронична КАБ кај асимптоматски пациенти:

- **Умно е да се прави кај:**
  - Асимптоматски пациенти со дијабет, кои планираат интензивна физичка активност. (ннд-**C**)

- **Би можело да се прави кај:**
  - Пациенти со бројни ризик-фактори (ХТА, ХЛП, дијабет, пушење, семејна оптовареност), со цел да послужи како терапевтски водич за редукција на ризик–фактори.
  - Евалуација на асимптоматски мажи >45 години и жени >55 години, кои:
    - планираат да отпочнат интензивна физичка активност, особено ако воделе седантерен живот
    - се занимаваат со професии при кои влијаат врз јавната безбедност
    - имаат висок ризик за КАБ врз основа на постоење друга болест (ПВБ и/или хронична бубрежна болест).

- **Не се препорачува како:**
  - Рутински скрининг кај асимптоматски пациенти.

Препораки за примена на КСТ заради ризик стратификација и прогноза на болни со хронична КАБ:

- **Треба да се прави кај:**
  - Сите пациенти без значајни патолошки промени на ЕК-грамот во мир (кои се подложени на иницијална евалуација) (ннд-**B**)
  - Пациенти со сомнеж за КАБ или позната КАБ, кои биле претходно евалуирани, а кај кои дошло до значајни промени во симптоматологијата. (ннд-**C**)

- **Умно е да се прави кај:**
  - Пациенти по реваскуларизација (ПКИ или хируршка) кај кои доаѓа до влошување на симптоматскиот статус. (ннд-**B**)

- **Би можело да се прави кај:**
  - Пациенти со патолошки ЕК-грам во мир од типот на:
    - WPW синдром (ннд-**B**)
    - Ритам на електростимулатор (pacemaker) (ннд-**B**)
    - ≥1мм ST-сегмент депресија (ннд-**B**)
    - Блок на лева гранка. (ннд-**B**)
  - Рутинска периодична реевалуација во отсуство на клинички промени, со цел да послужат за водење на медикаментозниот третман. (ннд-**C**)

- **Не се препорачува кај:**
  - Пациенти со сериозни коморбидитети, кои го намалуваат преживувањето или индикацијата на реваскуларизација (ннд-**C**)
  - Високоризични пациенти со нестабилна ангина. (ннд-**C**)

Препораки за примена на КСТ кај пациенти по реваскуларизација:

- **Умно е да се прави кај:**
  - Пациенти по реваскуларизација (ПКИ или хируршка) кај кои доаѓа до влошување на симптоматскиот статус (ннд-**B**)
  - Пациенти по реваскуларизација (ПКИ или хируршка), во склоп на рехабилитацијата, за планирање на степенот на физичка активност. (ннд-**B**)

- **Би можело да се прави кај:**
  - Детекција на рестеноза кај селектирани високоризични асимптоматски пациенти во тек на првите 12 месеци по ПКИ (ннд-**B**)

- Рутинска периодична реевалуација кај селектирани високоризични асимптоматски пациенти со цел детекција на рестеноза, графт оклузија, некомплетна реваскуларизација и прогресија на КАБ. (ннд-**B**)

Не се препорачува кај:

- Локализација на исхемија при планирање на ПКИ интервенција (ннд-**B**)
- Рутинско периодично мониторирање на асимптоматски пациенти по ПКИ или АКБП без специфична индикација. (ннд-**B**)

Табела 5. Веројатност за КАБ кај симптоматски пациенти, базирано врз возраст, пол, класификација на симптомите и коригирана според резултатите од КСТ (ACC/AHA)

Возраст	Типична ангина		Атипична ангина		Неангинозна градна болка	
	мажи	жени	мажи	жени	мажи	жени
30-39	69,7	25,8	21,8	4,2	5,2	0,8
40-49	87,3	55,2	46,1	13,3	14,1	2,8
50-59	92,0	79,4	58,9	32,4	21,5	8,4
60-69	94,3	90,1	67,1	54,4	28,1	18,6

Доколку се додаде нивото на ST-сегмент депресија при КСТ, се добива следниов ризик за КАБ:

Возраст	ST-депресија (мм)	Типична ангина		Атипична ангина		Неангинозна градна болка		Асимптоматски пациенти	
		мажи	жени	мажи	жени	мажи	жени	мажи	жени
30-39	0.0-0,4	25	7	6	1	1	<1	<1	<1
	0,5-0,9	68	24	21	4	5	1	2	4
	1,0-1,4	83	42	38	9	10	2	4	<
	1,5-1,9	91	59	55	15	19	3	7	1
	2,0-2,4	96	79	76	33	39	8	18	3
	>2,5	99	93	92	63	68	24	43	11
40-49	0-0,4	61	22	16	3	4	1	1	<1
	0,5-0,9	86	53	44	12	13	3	5	1
	1,0-1,4	94	72	64	25	26	6	11	2
	1,5-1,9	97	84	78	39	41	11	20	4
	2,0-2,4	99	93	91	63	65	24	39	10
	>2,5	>99	98	97	86	87	53	69	28
50-59	0-0,4	73	47	25	10	6	2	2	1
	0,5-0,9	91	78	57	31	20	8	9	3
	1,0-1,4	96	89	75	50	37	16	19	7
	1,5-1,9	98	94	86	67	53	28	31	12
	2,0-2,4	99	98	94	84	75	50	54	27
	>2,5	>99	99	98	95	91	78	81	56
60-69	0-0,4	79	69	32	21	8	5	3	2
	0,5-0,9	94	90	65	52	26	17	11	7
	1,0-1,4	97	95	81	72	45	33	23	15
	1,5-1,9	99	98	89	83	62	49	37	25
	2,0-2,4	99	99	96	93	81	72	61	47
	>2,5	>99	99	98	98	94	90	85	76

Радионуклидни методи на визуелизација - МПС и стрес ехокардиографија

Најдобро проценети методи на визуелизација, кои комбинираат оптоварување на пациентот, се стрес ехокардиографија и миокардна перфузиона сцинтиграфија. Можат да применуваат оптоварување со напор или фармаколошко оптоварување, а се користат во дијагностички и во прогностички цели. Методите имаат предност над класичниот КСТ во смисла на повисока сензитивност, квантификација и локализација на регијата на исхемија, како и моќ да даде информација и во услови на патолошки ЕКГ во мир и кај пациенти коишто не можат да бидат оптоварени со напор. Тие имаат предности кај пациентите по реваскуларизација (споредено со КСТ), бидејќи даваат информација за локализацијата на исхемијата во услови на позната КАБ и кај ангиографски интермедиерна лезија. Исто така, доказот на исхемија, односно нејзино отсуство (во услови на потврдена КАБ), дава прогностичка информација за идните несакани збиднувања. Двете методи даваат податоци и за левокоморната функција како во мир, така и, што е особено важно, при напор.

Препораки за примена на радионуклидните методи на визуелизација и стрес ехокардиографијата со оптоварување со напор, како почетно испитување со цел дијагностицирање на хронична КАБ кај пациенти коишто можат да бидат оптоварени со напор:

- **Треба да се прави кај:**
  - Пациенти со умерена преттест-веројатност за КАБ, кои имаат патолошки базален ЕКГ:
    - WPW облик на ЕКГ (ннд-**B**)
    - ≥1 мм ST-сегмент депресија во мир (ннд-**B**)
  - Пациенти со неодреден КСТ, но кои постигнале добра толеранција на напор, кои немаат висока веројатност за КАБ и кај кои дијагнозата сè уште не е потврдена. (ннд-**B**)

- **Умно е да се прави како:**
  - Оптоварување со напор кај пациенти со претходна реваскуларизација (ПКИ или АКБП) кај кои е важна локацијата на исхемијата (ннд-**B**)
  - Алтернатива на КСТ во услови кога опремата, обученоста на персоналот и цената тоа го дозволуваат (ннд-**B**)
  - Алтернатива на КСТ кај пациенти со ниска преттест-веројатност за КАБ (жени или пациенти со атипична градна болка) (ннд-**B**)
  - Проценка на функционалната тежина на интермедиерна лезија по СК (ннд-**C**)
  - Локализација на исхемијата при планирана реваскуларизација кај пациенти со претходна СК (ннд-**B**)
  - Проценка на миокардната животоспособност. (ннд-**B**)

- **Би можело да се прави:**
  - Како почетно иследување кај пациенти со нормален базален ЕКГ, кои можат да бидат оптоварени со напор и не примаат дигоксин (ннд–**B**)
  - Како почетно иследување кај пациенти со ниска или висока преттест-веројатност за КАБ со патолошки базален ЕКГ од типот на:
    - WPW синдром (ннд-**B**)
    - >1мм ST-сегмент депресија (ннд-**B**)
  - Како почетно иследување кај пациенти со ниска или висока преттест-веројатност за КАБ со патолошки базален ЕКГ од типот на:
    - ритам на електростимулатор (ннд-**C**)
    - блок на лева гранка. (ннд-**B**)

Препораки за примена на радионуклидните методи на визуелизација и стрес ехокардиографијата со фармаколошко оптоварување како почетно испитување во дијагноза на КАБ кај пациенти коишто не можат да бидат оптоварени или да постигнат адекватно оптоварување со напор:

- **Треба да се прави како:**
  - Фармаколошко оптоварување (аденозин, дипиридамол) кај пациенти со умерена преттест- веројатност за КАБ, кои имаат патолошки базален ЕКГ:
    - Ритам на електростимулатор (pacemaker) (ннд-**C**)
    - Блок на лева гранка (ннд-**B**)
  - Фармаколошко оптоварување (аденозин, дипиридамол, добутамин) кај пациенти со умерена преттест-веројатност за КАБ, кои имаат патолошки базален ЕКГ:
    - Употреба на дигоксин со > 1 мм ST-сегмент депресија (ннд-**B**)
    - ЛКХ со > 1 мм ST-сегмент депресија на базален ЕКГ (ннд-**B**)
  - Фармаколошко оптоварување (аденозин, дипиридамол, добутамин) кај пациенти со неодреден КСТ, кои не постигнале соодветно ниво на оптоварување, кои не можат да бидат оптоварени со напор и кај кои дијагнозата сè уште не е потврдена. (ннд-**B**)

- **Умно е да се прави:**
  - Како фармаколошко оптоварување кај пациенти со претходна реваскуларизација (ПКИ или АКБП) кај кои е важна локацијата на исхемијата (ннд-**B**)
  - Како алтернатива на оптоварување со напор (КСТ) во услови кога опремата, обученоста на персоналот и цената тоа го дозволуваат (ннд-**B**)
  - Како алтернатива на КСТ кај пациенти со ниска преттест-веројатност за КАБ (жени или пациенти со атипична градна болка) (ннд-**B**)
  - За проценка на функционалната тежина на интермедиерна лезија по СК (ннд- **C**)

- За локализација на исхемијата при планирана реваскуларизација кај пациенти со претходна СК (ннд-**B**)
- За проценка на миокардна животоспособност. (ннд-**B**)

- **Би можело да се прави како:**
  - Фармаколошко оптоварување или добутаминска ехокардиографија кај пациенти со ниска или висока веројатност за КАБ во отсуство на блок на лева гранка или ритам на електростимулатор (pacemaker) (ннд-**B**)
  - Фармаколошко оптоварување кај пациенти со ниска или висока веројатност за КАБ при постоење на блок на лева гранка (ннд-**B**) или ритам на електростимулатор (pacemaker) (ннд-**C**)
  - Добутаминска ехокардиографија кај пациенти со блок на лева гранка. (ннд-**C**)

Препораки за примена на радионуклидните методи на визуелизација и стрес ехокардиографија како почетно испитување за дијагноза и ризик стратификација кај асимптоматски пациенти:

- **Би можело да се прави како:**
  - Оптоварување со напор кај асимптоматски пациенти со тешки коронарни калцификати на ЕВСТ, кои може да се оптоварат, а имаат патолошки базален ЕКГ:
    - WPW облик на ЕК-грам (ннд-**C**)
    - >1 мм ST-сегмент депресија во мир (ннд-**C**)
  - Оптоварување со напор кај асимптоматски пациенти со умерен или висок ризик за КАБ, кои имаат високоризични професии (ннд-**B**)
  - Фармаколошко оптоварување (аденозин, дипиридамол), кај пациенти со висок коронарен калциумски скор со абнормалности по тип на:
    - Ритам на електростимулатор (pacemaker) (ннд-**C**)
    - Блок на лева гранка (ннд-**C**)
  - Фармаколошко оптоварување (аденозин, дипиридамол), кај асимптоматски пациенти со умерен или висок ризик за КАБ коишто имаат високоризични професии (ннд-**C**)
  - Фармаколошко оптоварување (аденозин, дипиридамол), или добутаминска ехокардиографија кај пациенти со можна исхемија на амбулаторен ЕКГ-мониторинг или со висок калциумски скор кај пациенти коишто не можат да се оптоварат со напор. (ннд-**C**)

- **Не се препорачува:**
  - Оптоварување со напор или фармаколошко оптоварување или добутаминска ехокардиографија кај асимптоматски пациенти со нормален базален ЕКГ, кои не примаат дигоксин (ннд-**C**)
  - Фармаколошко оптоварување или добутаминска ехокардиографија кај асимптоматски пациенти, кои може да се оптоварат со напор, не примаат дигоксин, немаат блок на лева гранка, ниту ритам на електростимулатор. (ннд-**C**)

Препораки за примена на радионуклидните методи на визуелизација и стрес ехокардиографија по КСТ за дијагноза и ризик стратификација на КАБ кај асимптоматски пациенти:

- **Би можело да се прави:**
  - Оптоварување со напор кај асимптоматски пациенти со умерен или висок Duke Treadmill ризик-скор (ннд-**C**)
  - Фармаколошко оптоварување (аденозин или дипиридамол) или добутаминска ехокардиографија кај асимптоматски пациенти со претходен неинтерпретирачки КСТ (ннд-**C**)

- **Не се препорачува:**
  - Фармаколошко или оптоварување со напор или стрес ехокардиографија кај асимптоматски пациенти со низок Duke Treadmil ризик–скор. (ннд-**C**)

Препораки за примена на радионуклидните методи на визуелизација и стрес ехокардиографија како почетно иследување во ризик стратификација на болни со хронична КАБ, кои можат да се оптоварат со напор:

- **Треба да се прави:**
  - За да се одредат распространетоста, тежината и локализацијата на болеста, кај пациенти без блок на лева гранка или ритам на електростимулатор (pacemaker), а кои имаат патолошки ЕКГ во мир (блок на десна гранка, >1мм ST-сегмент депресија, или употребуваат дигоксин-состојби коишто спречуваат точна интерпретација на ЕКГ промените при напор) (ннд-**C**)
  - Кај пациенти со неодреден КСТ, а со умерена или висока веројатност за КАБ. (ннд-**B**)

- **Умно е да се прави:**
  - Кај пациенти со влошување на симптомите по реваскуларизација (ннд-**B**)
  - Како алтернатива на КСТ во услови кога цената, опремата и обученоста на персоналот тоа го овозможуваат. (ннд-**B**)

- **Не се препорачува:**
  - Оптоварување со напор кај пациенти со патолошки ЕКГ по типот на блок на лева гранка, ритам на електростимулатор или WPW (ннд-**C**)
  - Која било од методите на визуелизација кај пациенти со тешки коморбидитети, кои го ограничуваат преживувањето. (ннд-**C**)

Препораки за примена на радионуклидните методи на визуелизација и стрес ехокардиографија како почетно иследување во ризик стратификација на болни со хронична КАБ, кои не можат да се оптоварат со напор:

- **Треба да се прави:**
  - Кај сите пациенти коишто не можат да бидат оптоварени со напор (ннд-**B**)
  - Фармаколошко оптоварување со аденозин или дипиридамол, заради одредување на распространетоста, тежината и локализацијата на болеста, кај пациенти со блок на лева гранка или ритам на електростимулатор (pacemaker). (ннд-**C**)

- **Умно е да се прави:**
  - Во сите ситуации како алтернатива на КСТ во услови кога цената, опремата и обученоста на персоналот тоа го овозможуваат. (ннд-**B**)

- **Би можело да се прави:**
  - Добутаминска ехокардиографија кај пациенти со блок на лева гранка. (ннд-**C**)

- **Не се препорачува:**
  - Фармаколошко оптоварување кај пациенти со тешки коморбидитети, кои го ограничуваат преживувањето. (ннд-**C**)

Препораки за примена на радионуклидните методи на визуелизација и стрес ехокардиографија како почетно иследување во ризик стратификација на асимптоматски пациенти:

- **Би можело да се прави:**
  - Оптоварување со напор кај асимптоматски пациенти со висок калциумски скор на ЕВСТ, кои можат да се оптоварат со напор, а имаат едно од следново:
    - WPW облик на ЕКГ (ннд-**C**)
    - <1 мм ST-сегмент депресија во мир (ннд-**C**)
  - Оптоварување со напор кај асимптоматски пациенти коишто имаат високоризични професии (ннд–**B**)
  - Фармаколошко оптоварување со вазодилататори кај пациенти со висок калциумски скор на ЕВСТ, но со патолошки базален ЕКГ:
    - Ритам на електростимулатор (pacemaker) (ннд-**C**)
    - Блок на лева гранка (ннд-**C**)
  - Фармаколошко оптоварување кај пациенти со можна исхемија на амбулаторно ЕКГ-мониторирање и/или висок калциумски скор на ЕВСТ кај пациенти коишто не можат да се оптоварат со напор. (ннд-**C**)

- **Не се препорачува:**
  - Оптоварување со напор кај асимптоматски пациенти со блок на лева гранка (ннд-**C**)
  - Која било од методите на визуелизација како почетно испитување кај асимптоматски пациенти со нормален ЕК-грам, кои не примаат дигоксин (ннд-**C**)
  - Фармаколошко оптоварување или добутаминска ехокардиографија кај

асимптоматски пациенти, кои можат да се оптоварат со напор, немаат блок на лева гранка или ритам на електростимулатор (ннд-**С**).

Препораки за примена на радионуклидните методи на визуелизација и стрес ехокардиографија по КСТ во ризик стратификација на асимптоматски пациенти:

- **Би можело да се прави како:**
  - Оптоварување со напор кај асимптоматски пациенти коишто имале умерен или висок Duke Treadmil скор (ннд-**С**)
  - Фармаколошко оптоварување кај асимптоматски пациенти со претходно неинтерпретирачки ЕКГ при КСТ (ннд-**С**).

- **Не се препорачува:**
  - Која било од методите на визуелизација кај асимптоматски пациенти со низок Duke Treadmil скор (ннд-**С**).

Ехокардиографија/радионуклидна вентрикулографија

Дводимензионална и доплер ехокардиографија имаат улога во потврдување или исклучување на валвуларна срцева болест или хипертрофична кардиомиопатија како причина за симптомите и во проценка на ЛК функција. Се проценува: глобалната левокоморна функција, сегментните абнормалности на sидното движење, исхемична митрална регургитација, ЛК аневризма или интракавитарни тромби.

Препораки за примена на ехокардиографија/радионуклидна вентрикулографија заради дијагностицирање на КАБ:

- **Треба да се прави кај:**
  - Пациенти со патолошки наод при аускултација, кој сугерира валвуларна срцева болест или хипертрофична кардиомиопатија (ннд-**В**)
  - Пациент со сомнеж за срцева слабост (ннд-**В**)
  - Пациент со претходен миокарден инфаркт (ннд-**В**)
  - Пациент со блок на лева гранка, патолошки Q забец, други значајни патолошки промени на ЕКГ, ЕКГ-знаци за ЛК хипертрофија (ннд-**С**).

- **Умно е да се прави кај:**
  - Пациенти со клик или шум којшто сугерира ПВМ (ннд-**С**).

- **Не се препорачува кај:**
  - Пациенти со нормален ЕКГ, без претходен МИ, без знаци коишто сугерираат срцева слабост, валвуларна болест или хипертрофична кардиомиопатија (ннд-**С**).

Препораки за примена на ехокардиографија/радионуклидна вентрикулографија за ризик стратификација и прогноза на болните со хронична КАБ заради проценка на левокоморната функција во мирување:

- **Треба да се прави кај:**
  - Пациенти со сомнеж за срцева слабост, патолошки наод при аускултација, патолошки ЕКГ, претходен МИ, патолошки Q забец, блок на гранка, значајни ST-сегмент промени (ннд-**B**)
  - Пациенти со артериска хипертензија (ннд-**B**)
  - Пациенти со систолен шум којшто сугерира митрална регургитација за проценка на етиологија и тежина (ннд-**C**)
  - Пациенти со комплексни коморни аритмии (ннд-**B**).

- **Умно е да се прави кај:**
  - Пациенти со нормален ЕКГ во мир, без претходен МИ, кои не се сметаат за кандидати за СК (ннд-**C**).

- **Не се препорачува:**
  - Периодична реевалуација на ЛК функција кај стабилен пациент (ннд-**C**)
  - Пациенти со нормален ЕКГ, без претходен МИ и без симптоми и знаци на срцева слабост (ннд-**B**).

Континуирано ЕКГ-мониторирање

- **Се изведува како:**
  - Амбулаторно мониторирање по методот на Холтер, при амбулантско водење на болни, и
  - Мониторирање во единиците за интензивна нега, при болничко лекување на болни со хронична КАБ.
  - Може да детектира асимптоматска исхемија (ST-депресија).
  - Асимптоматска исхемија е почеста од симптоматската исхемија, но не е безопасна (ннд-**B**).
  - Асимптоматската исхемија има исто клиничко значење како симптоматската исхемија. Во дијагноза на исхемија, нејзиното значење е ограничено на ризик стратификација на пациенти со нестабилна ангина.

Препораки за изведување на амбулаторно 24-часовно ЕКГ мониторирање по Холтер:

- **Треба да се прави кај:**
  - Сомнеж за аритмија (ннд-**B**).

• **Умно е да се прави кај:**

• Сомнеж за вазоспастична ангина (ннд-**С**).

Неинвазивни методи за проценка на коронарна калцификација и коронарна анатомија

Два современи модалитети на овие техники се: EBCT (ultra fast electron beam CT) и MDCT (multidetector or multislice CT). Тие овозможуваат надминување на основниот проблем на компјутеризираната томографија, а тоа е малата просторна резолуција (spatial resolution) и артефактите поради движење (motion artefact). Методите се вредни во детекција на коронарниот калциум и квантификација на коронарната калцификација (еден од најстарите е Агатстон скорот). Постојат номограми за интерпретација на вредностите на калциум скорот, бидејќи тој има различно прогностичко значење во зависност од полот, возраста и расата. Калциум скорот повеќе корелира со изразеноста на коронарната атеросклероза (плаки), отколку со локацијата и тежината на стенозата. EBCT и/или MDCT изведена со контраст овозможува неинвазивен приказ на коронарните артерии. Има докажана дијагностичка вредност во детекција на КАБ (16, 64 slice MDCT), но засега недостасуваат информации за прогностичката вредност на резултатите од овие иследувања.

Препораки за примена на СТ ангиографија за дијагноза и ризик стратификација и прогноза на болните со хронична КАБ:

• **Би можело да се прави кај:**

Пациенти со ниска преттест-веројатност за КАБ со неодреден КСТ и/или наод од радионуклидните методи на визуелизација и стрес ехокардиографија (ннд-**С**)

Табела 6. Збирни препораки за бројни неинвазивни иследувања во евалуација на болните со стабилна ангина

Дијагностички тест	За дијагноза		За прогноза	
	Класа на препорака	Ниво на доказ	Класа на препорака	Ниво на доказ
Лабораториски анализи				
· Крвна слика, креатинин	I	C	I	B
· гликемија	I	B	I	B
· липиден профил	I	B	I	B
· Хс СРП, хомоцистеин, лп (а), апоА, апоВ	IIb	B	IIb	B
Електрокардиограм				
· Иницијална евалуација	I	C	I	C
· Во тек на епизода на градна болка	I	B		
· Рутинско периодично снимање	IIb	C	IIb	C
Амбулаторно ЕКГ мониторирање				
· Сомнеж за аритмија	I	B		
· Сомнеж за вазоспастична ангина	IIa	C		
· Сомнеж за ангина со нормален КСТ	IIa	C		
Рендгенографијана срце и бел дроб				
· Сомнеж за СС или патолошки аускултаторен наод	I	B	I	B
· Сомнеж за значајна белодробна болест	I	B		
Ехокардиографија				
· Сомнеж за СС, патолошки аускултаторен наод, патолошки ЕК-грам, Q забец, блок на гранка, ST-сегмент денивелација,	I	B	I	B
· Стар MI,	I	C	I	B
· Дијабет или ХТА			I	B/C
· Пациент со умерен/среден ризик без друга можност за одредување на ЛК ф-ја			IIa	C

КСТ				
· Прв избор за иницијална евалуација (освен при патолошки ЕК-грам или неможност на оптоварување со напор)	I	B	I	B
· Пациент со позната КАВ и значајно влошување во симптоматологијата			I	B
· Рутинско периодично тестирање при позната дијагноза кај стабилен пациент	IIb	C	IIb	C
МПС со КСТ и СТРЕС ЕХО				
· Прв избор за иницијална евалуација кај пациент со патолошки ЕКГ, кој може да се оптовари со напор	I	B	I	B
· Пациент со неодреден КСТ, кој може адекватно да се оптовари	I	B	I	B
· Појава на АП по реваскуларизација	IIa	B	IIa	B
· Идентификација на локација на исхемија при планирана реваскуларизација	IIa	B		
· Проценка на функционално значење на интермедиерна лезија по СК	IIa	C		
Фармаколошки МПС и СТРЕС ЕХО				
· Прв избор за иницијална евалуација кај пациент со патолошки ЕКГ и неможност на оптоварување со напор	I	B	I	B
· Пациент со инконклузивен КСТ, кој не може адекватно да се оптовари со напор	I	B	I	B
· Проценка на миокардна животоспособност	IIa	B		
· Останати индикации како за МПС со напор, каде што локалните услови претпочитаат фармаколошко оптоварување	IIa	B	IIa	B
Неинвазивна СТ ангиографија				
· Ниска веројатност за КАВ и позитивен или неодреден КСТ	IIb	C		

Неинвазивна ризик стратификација

- Врз основа на податоци добиени од неинвазивни иследувања се врши ризик стратификација во три ризични групи:

- **Високоризични пациенти (3% годишен морталитет)**
  - Тешка ЛК дисфункција во мир (ИФ<35%)
  - Високоризичен Треадмил скор (≥ -11)
  - Тешка ЛК дисфункција во напор (ИФ<35%)
  - Со напор индуциран голем перфузионен дефект (особено антериорно)
  - Со напор индуцирани мултипни перфузиони дефекти од умерен степен
  - Голем фиксен перфузионен дефект, проширена ЛК или зголемена белодробна задршка
  - Со напор индуциран умерен перфузионен дефект со ЛК проширување и зголемена белодробна задршка
  - Патолошко sидно движење во повеќе од 2 сегмента при ниска доза на добутамин или ниска фреквенца
  - Доказ за екстензивна исхемија со стрес ехо.

- **Умерено ризични пациенти (1-3% годишен морталитет)**
  - Лесна/умерена ЛК дисфункција во мир (ИФ 35-49%)
  - Интермедиерен Treadmil скор (од -11 до +5)
  - Со напор индуциран умерен перфузионен дефект
  - Ограничена исхемија и нарушено sидно движење при висока доза на добутамин.

- **Нискоризични пациенти (1% годишен морталитет)**
  - Нискоризичен Treadmil скор (>/=5)
  - Нормален или мал перфузионен дефект во мир или напор
  - Нормално sидно движење (стрес ехо).

Инвазивна дијагноза, ризик стратификација и прогноза

- **Коронарна ангиографија (КА) и лева вентрикулографија**

  - Коронарната артериографија има за цел проценка на анатомијата на коронарните артерии и на бројот, тежината и локацијата на коронарните стенози.
  - Во услови на значајна стеноза во исто време може да се спроведе и терапевтска процедура: балон ангиопластика и по потреба, имплантација на ендоваскуларна протеза.

Препораки за примена на КА заради дијагноза на КАБ:

- **Треба да се направи кај:**
  - Тешка стабилна ангина (класа III според CCSC), со висока преттест-веројатност за КАБ, особено кога симптомите неадекватно реагираат на медикаментозен третман (ннд-**B**)
  - Пациенти коишто преживеале ненадејна срцева смрт (ннд-**B**)
  - Пациенти со сериозни коморни аритмии (ннд-**C**)
  - Пациенти претходно третирани со миокардна реваскуларизација (ПКИ или АКБП), кои повторно развиле рана појава на умерена или тешка ангина пекторис (ннд-**C**)
  - Пациенти со сомнеж за вазоспастична ангина (ннд-**B**)
  - ST-сегмент депресија 1,5-2мм, која се појавила на ниско ниво или низок пулс/притисок продукт во тек на КСТ
  - Значаен перфузионен дефект на МПС иследување или на стрес ехокардиографија, индикативен за миокардна исхемија.
  - Останати индикации:
    - Срцева слабост од непозната етиологија (барање етиолошки причинител)
    - Заедно со инвазивна проценка на валвуларна срцева болест
    - Проценка пред срцева трансплантација. [6]

- **Умно е да се прави кај:**
  - Пациенти со несигурна дијагноза по неинвазивно испитување, со конфликтни наоди од неинвазивните методи, а кои се со умерен или висок ризик за КАБ (ннд-**C**)
  - Пациенти со висок ризик за рестеноза по ПКИ или АКБП изведена врз прогностички значајна регија – артерија (ннд-**C**)
  - Пациенти коишто не можат да бидат подложени на неинвазивно иследување поради болест, онеспособеност или патолошка угоеност (ннд-**C**)
  - Пациенти со професија што бара сигурна дијагноза (ннд-**C**)
  - Пациенти кај кои поради возраста (млада возраст), или врз основа на неинвазивни иследувања, или останати клинички параметри постои сомнеж за неатеросклеротична причина за миокардна исхемија (ннд-**C**)
  - Пациенти со висока преттест-веројатност за болест на главното стебло или тросадовна болест (ннд-**C**).

- **Би можело да се прави кај:**
  - Коронарна артериографија комбинирана со интракоронарен ацетил холински тест доколку артериограмот е визуелно нормален за да се процени ендотелно зависната проточна резерва и да се исклучи коронарен вазоспазам (вазоспастична ангина) (ннд-**C**)

6 недостапни во Р. Македонија

- Коронарна артериографија комбинирана со интраваскуларен ултразвук (IVUS со цел да се процени коронарна проточна резерва (Syndroma X) (ннд-**С**)
- Пациенти со повторувачки хоспитализации поради градна болка, кај кои дефинитивна дијагноза е нужна (ннд-**С**)
- Пациенти со силна желба за дефинитивна дијагноза и ниска веројатност за КАБ (ннд-**С**).

- **Не се препорачува кај:**
  - Пациенти со значајни коморбидитети кај кои ризикот од КА е поголем од корисноста на процедурата (ннд-**С**)
  - Пациенти со силна лична желба за дефинитивна дијагноза и ниска веројатност за КАБ (ннд-**С**).

Препораки за примена на КА за ризик стратификација и прогноза:
Кај пациенти со хронична стабилна ангина пекторис:

- **Треба да се прави кај:**
  - Пациенти со високоризичен наод од неинвазивните иследувања независно од тежината на АП (ннд-**В**)
  - Пациенти со класа III и IV АПс, и покрај оптимална медикаментозна терапија (ннд-**В**)
  - Пациенти со стабилна ангина, кои се подготвуваат за мајорна несрцева операција, особено васкуларна (аортна аневризма, феморален бајпас, каротидна ендартеректомија) (ннд-**В**)

- **Умно е да се прави кај:**
  - Пациенти со инконклузивни или конфликтни наоди од неинвазивните иследувања (ннд-**С**)
  - Пациенти со висок ризик за рестеноза по ПКИ или АКБП изведени во прогностички значајна регија (ннд-**С**)
  - Пациенти со значајна ЛК дисфункција (ЕФ 45%), ангина од класа I или II и исхемија којашто не ги исполнува критериумите на висок ризик од неинвазивните иследувања (ннд-**С**).

- **Би можело да се прави кај:**
  - Пациенти со класа I и II ангина, очувана ЛК функција (ИФ>45%) и исхемија којашто не ги исполнува критериумите на висок ризик од неинвазивните иследувања (ннд-**С**)
  - Пациенти со класа III и IV ангина, која со медикаментозна терапија се подобрила во класа I и II (ннд-**С**)
  - Пациенти со класа I и II ангина, но со изразени несакани ефекти на медикаментозната терапија (ннд-**С**).

- **Не треба да се прави кај:**
  - Пациенти со класа I и II ангина кои имаат добар одговор на медикаментозна терапија и кои немаат доказ за исхемија со неинвазивни иследувања (ннд-**C**)
  - Пациенти кои не сакаат реваскуларизација (ннд-**C**)

Кај пациенти со претходна реваскуларизација:

- **Треба да се прави кај:**
  - Кај пациенти коишто развиваат АП по ПКИ (ннд-**C**)
  - Брза и рана појава на АП по АКБП (ннд-**C**)
  - По АКБП, кога стабилна ангина се развива по интервал над 5 години, особено ако со неинвазивни иследувања се добие доказ за исхемија (ннд-**B**).

Кај асимптоматски пациенти:

- **Умно е да се прави кај:**
  - Пациенти кај кои со неинвазивни иследувања е најдено дека се високоризични пациенти (ннд-**C**).

- **Би можело да се прави кај:**
  - Пациенти кај кои не се добил соодветен одговор по неинвазивни иследувања (ннд-**C**)
  - Пациенти со клинички карактеристики коишто сугерираат висока веројатност за тешка КАБ (ннд-**C**).

- **Не се препорачува кај:**
  - Пациенти коишто одбиваат реваскуларизација (ннд-**C**).

ТЕРАПЕВТСКИ ТРЕТМАН

Цели на терапевтскиот третман

1. Подобрување на прогнозата преку превенирање на МИ и смрт. Примарни цели на третманот се редуцирање на инциденцата на тромботични збиднувања и превенција на развој на коморна дисфункција.
2. Намалување на морбидитетот (намалување или целосно отсуство на симптомите на градна болка). Ова се постигнува преку мерки и активности чијашто цел е:
   - редукција на прогресијата на плаката
   - стабилизирање на плаката
   - превенција на тромбоза во услови на ендотелна дисфункција и руптура на плака.

Нефармаколошки третман

- Подразбира преземање мерки и активности, како и примена на медикаменти што имаат за цел:
  - Коригирање на модифицирачките ризик–фактори, кои имаат проатерогено дејство, присутни кај пациентот (пр.: редукција на телесна тежина, прекин на пушење, регулирање на крвниот притисок, регулирање на шеќерната болест).
  - Коригирање на модифицирачките ризик–фактори, кои имаат антиатерогено дејство (пр.: примена на соодветен вид исхрана-DASH диета, умерен внес на алкохол, умерен внес на сол, редовна умерена физичка активност).
- **Општ третман:** едукација на пациентот, семејството и поширокаата околина (на работното место), за природата и прогнозата на болеста, потребата од редукција на ризик-факторите, потребата од регуларна физичка активност, хигиено-диететскиот режим, медикаментозниот третман, формите на самопомош и барање лекарска помош при акутен атак на градна болка, како и сите останати информации што ќе ги побара пациентот или семејството.
- **Третман на акутен атак на градна болка**
  - Совет: да ја прекине активноста што ја предизвикала градната болка, да употреби сублингвален нитрат за акутно ослободување од градна болка.
  - Доколку болката не се смири со одмор, со сублингвален НТГ и трае 10-20 минути, да побара лекарска помош.
  - Пациентот се советува за потенцијалните несакани ефекти на НТГ и начин на справување при нивна примена.
  - Пациентот се советува и за превентивната примена на НТГ (пред планирана ексцесивна активност).
- **Пушење:** пациентот треба да се советува (инсистира) да прекине со пушење.
- **Диететски режим** (исхрана и алкохол): пациентот се советува да прифати медитеранска диета (DASH), диета богата со овошје, зеленчук, риба, влакнеста храна, како и совет за редукција на телесната тежина, доколку пациентот е натхранет или здебелен.
- **Алкохол:** умерена консумација е дозволена, додека ексцесивна консумација е штетна.
- **Омега 3 масни киселини** се препорачуваат барем еднаш неделно (особено кај високоризични пациенти, оние што прележале миокарден инфаркт). Корисноста од нивната примена е непотврдена кај нискоризични пациенти со стабилна АП.
- **Витамини и антиоксиданси:** се покажа дека нивната примена не води до редукција на кардиоваскуларниот ризик кај пациентите со хронична КАБ. Тие не се препорачуваат кај овие пациенти.
- **Соодветна контрола на другите ризик-фактори:** хипертензија, дијабет.
- **Физичка активност:** се препорачува соодветно на можностите на пациентот. Коронарен стрес тест може да послужи како водич за препорачување на ниво-

то на физичка активност.

- **Физиолошки фактори:** препорачани се активности чијашто цел е редукција на стрес (како значаен фактор којшто провоцира акутен атак на градна болка).
- **Управување со моторно возило:** дозволено е управување со приватно моторно возило, но стресни ситуации во сообраќајот треба да се избегнуваат.
- **Вработеност, т.е. враќање на работното место:** пациентите секогаш треба да бидат охрабрувани да се вратат на работното место, со извесни модификации доколку е тоа нужно.
- **Сексуална активност:** сексуалниот акт може да тригерира градна болка. Тој е дозволен, но без премногу физички и емоционални барања.
  - НТГ пред активноста може да биде советуван.
  - Употребата на phosphodiesterasa инхибитори (силденафил-вијагра) не е забранета, тие можат безбедно да бидат применети, но не кај пациенти коишто примаат долгодејствувачки нитрати. Се објаснува несаканата интеракција меѓу овие два лека.
- **Анемија, хипертиреоидизам:** треба да бидат коригирани доколку се дијагностицираат.

Табела 7. Цели во модификацијата на ризик-факторите и постапки за нивно постигнување

Цел	Интервенции и препораки
Пушење: Целосно прекинување (класа I, ннд - **A**)	Охрабрување на пациентот и семејството да прекине да пуши. По потреба и употреба на никотинска заместителна терапија. Правило на 5А: прашај, советувај, процени, помогни, организирај **ask, advise, access, assist, arrange.**
Телесна тежина: Индекс на телесна маса - ИТМ: 18.5-24.9 kg/m^2 (класа I, ннд - **A**) и/или обем на струк: мажи < 102 cm; жени < 88 cm (класа I, ннд-**B**) мажи < 100 cm; жени < 90 cm (класа IIa, ннд-**B**)	Мерење на ИТМ и обем на струк. Физичка активност, редукција на внес на храна, DASH диета (богата со свежо овошје и зеленчук, житарки и незаситени масти, риба).
Физичка активност 30-60 мин 5-7 пати неделно (класа I, ннд-**B**)	Давање препораки за вид и честота на физичка активност: аеробна, 5-7 пати неделно 30-60 минути одење, трчање или возење велосипед. Вежби на отпор 2 пати неделно (класа IIб, ннд-**C**). Нагла и интензивна физичка активност не се препорачува.
КП: < 140/90 mmHg (85mmHg - *Кохранови прегледи*) < 130/80 mmHg (кај болни со ДМ, КАБ, СС) < 120/80 mmHg (при нефропатија со протеинурија) (класа I, ннд - **A**)	Модификација на животен стил (класа I, ннд-**B**) Медикаментозна терапија (класа I, ннд-**C**)
ДМ тип I: ХбА1ц 6.2-7.5% Гл-гладно 5.1-6.5 Гл-постпрандијална 7.6-9.0 Гл-предвечера 6.0-7.5	Соодветна диета Хипогликемична терапија Третман на останати ризици (класа I, ннд-**B**)
ДМ тип II: ХбА1ц 6.2-7.5% Гл - гладно 6.1-7.0 Гл - постпрандијално 7.6-9.0	Соодветна диета Хипогликемична терапија Третман на останати ризици (класа I, ннд-**B**)

Вкупен холестерол <4,5 mmol/L кај пациенти со ХКАБ (*Кохранови прегледи)* **ЛДЛ-холестерол** < 4.9 mmol/L-пациенти без ризик-фактори < 4.1 mmol/L-пациенти со 1 ризик-фактор <3,4 mmol/L-пациенти со ДМ или >2 ризика < 2.6 o mmol/L-пациенти со ХКАБ (Класа I, ннд - **A**) <1,6-1,8 mmol/L-пациенти со КАБ (Класа IIa, ннд -**A**) **нон-ХДЛ-холестерол** < 5.1mmol/L-пациенти без ризик-фактори < 4.9mmol/L-пациенти со 1 ризик-фактор < 4.1mmol/L-пациенти со ДМ или >2 ризика < 3.4mmol/L-пациенти со КАБ (класа I, ннд-**B**) <2,6mmol/L-пациенти со ХКАБ (класа IIa, ннд-**B**) Хол/ХДЛ хол однос <4,0 (*Кохранови прегледи*) **ХДЛ-холестерол** жени >1.1 mmol/L мажи >0,9 mmol/L >1,0 (*Кохранови прегледи*) **Триглицериди** < 1.7 mmol/L (<2,0 *Кохранови прегледи*)	Диететска терапија (намален внес на заситени масти и холестерол <200mg/d) (класа I, ннд-**B)** Додавање растителни стероли и вискозни влакна (класа IIa, ннд - **A)** Дневна физичка активност (класа I, ннд-**B)** Редукција на ТТ (класа I, ннд-**B)** Зголемена употреба на омега 3 масни киселини (класа IIб, ннд-**B)** Антилипемици (статини, ниацин, фибрати)

Легенда: КП - крвен притисок; ДМ- дијабетес меллитус; ХбА1ц - гликозилиран хемоглобин; СС = срцева слабост; КАБ - коронарна артериска болест; Гл - гликемија; ТТ - телесна тежина; ИТМ - индекс на телесна маса.

Фармаколошки третман

- Има за цел редукција на морталитетот (смртноста) и морбидитетот (појава на МИ), редукција на појавата на епизоди на АП, а со тоа подобрување на квалитетот на живот на овие пациенти.

Препораки за фармакотерапија на пациенти со хронична КАБ:

Медикаменти коишто ја подобруваат прогнозата:

- **Антитромботични агенси**
  - Аспирин (75-150 mg/дневно) кај сите пациенти без специфични контраиндикации (гастроинтестинално крвавење, алергија или интолеранција кон аспирин) (класа I, ннд-**A**)
  - Клопидогрел 75 mg/дневно, како алтернатива на аспирин кај пациенти коишто не можат да примаат аспирин (класа IIa, ннд-**B**)
  - Антикоагуланси (варфарин или тромбин инхибитори) како алтернатива или во комбинација со аспирин може да се дадат кај одредени високоризични пациенти (пр. пост-МИ) (класа IIб)
  - Дипиридамол не се препорачува за антитромботичен третман кај пациенти со стабилна ангина поради слабиот антитромботичен ефект, а високиот ризик за влошување на симптомите на градна болка поради феноменот на кражба (класа III).
- **Антилипемици**
  - Статини кај сите пациенти со КАБ (класа I, ннд-**A**)
  - Високи дози статини кај високоризични пациенти со потврдена КАБ (класа IIa, ннд-**B**)
  - Фибрати кај пациенти со низок ХДЛ и високи Тг со дијабет или метаболички синдром (класа IIб, ннд-**B**)
  - Фибрати или никотинска киселина како додаток на статини кај високоризични пациенти со низок ХДЛ и високи Тг (класа IIб, ннд-**C**).
- **АКЕ инхибитори**
  - Кај пациенти со коинцидентни индикации за АКЕ инхибитори (хипертензија, срцева слабост) (класа I, ннд А)
  - Кај сите пациенти со АП и потврдена КАБ (класа IIa, ннд-**B**).
- **Бета-блокатори**
  - Кај пациенти по МИ или со срцева слабост (класа I, ннд-**A**).

Препораки за примена на медикаменти за подобрување на прогнозата кај пациенти со КАБ:

- **Треба да се даде:**
  - Аспирин 75mg/дневно кај сите пациенти во отсуство на контраиндикации (ннд-**A**)
  - Статини кај сите пациенти со КАБ (ннд-**A**)

- АКЕ-инхибитори кај сите пациенти со КАБ, кои имаат артериска хипертензија, срцева слабост, ЛК дисфункција, стар ИМ со ЛК дисфункција и дијабет (ннд-**А**)
- Орални бета-блокатори во отсуство на контраиндикации кај пациенти со стар ИМ или СС (ннд-**А**).

- **Умно е да се даде:**
  - АКЕ инхибитори кај сите пациенти со АП и потврдена КАБ (ннд-**В**)
  - Клопидогрел кога аспиринот е контраиндициран (ннд-**В**)
  - Висока доза статини кај високоризични пациенти со потврдена КАБ (ннд-**В**).

- **Би можело да се даде:**
  - Фибрати кај пациенти со низок ХДЛ и високи Тг со дијабет или метаболички синдром (ннд-**В**)
  - Фибрати или никотинска киселина како додаток на статини кај високоризични пациенти со низок ХДЛ и високи Тг (ннд-**С**).

Медикаменти коишто ги редуцираат симптомите и исхемијата

- **Нитрати**
  - Краткодејствувачки (за акутно ослободување од градна болка и/или за ситуациона профилакса) (класа I, ннд-**С**)
  - Долгодејствувачки нитрати (за превенција на градна болка) (класа I, ннд-**С**)
- **Бета-блокатори** (класа I, ннд-**А**)
- **Калциум канал-блокатори** (класа I, ннд-**А**)
- **Активатори на калиумови канали** (класа I, ннд-**С**)
- **Инхибитори на синусниот јазол**[7] (класа IIа, ннд-**В**)
- **Метаболички агенси** (класа IIб, ннд-**В**)

Препораки за примена на медикаменти за редуцирање на симптомите и исхемијата кај пациенти со стабилна ангина:

- **Треба да се даде:**
  - Кратко (брзо) дејствувачки нитрати за акутно смирување на градна болка и/или ситуациона профилакса (ннд-**В**)
  - Орални бета-блокатори (се претпочитаат селективни бета1 блокатори) (ннд-**А**)
  - Калциум канал-блокатори како монотерапија, во ситуации на интолеранција кон бета-блокатори или недоволна контрола на симптомите со бета-блокатори, се препорачуваат како монотерапија (ннд-**А**), долгодејствувачки нитрати (ннд-**С**), или никорандил[7] (ннд-**С**)
  - Додавање дихидропиридински калциум канал-блокатори при инсуфициентност на бета-блокаторите како монотераппија (ннд-**В**).

- **Умно е да се даде:**
  - Инхибитори на синусниот јазол, при интолеранција кон бета-блокатори (ннд-**В**)
  - Долгодејствувачки нитрат или никорандил[7] како замена на калциум

7 недостапни во Р. Македонија

канал-блокатор како монотерапија или комбиниран со бета-блокатор при нејзин неуспех (ннд-**C**).

- **Би можело да се даде:**
  - Метаболички агенси[7] доколку се достапни како дополнителна терапија или замена при нетолеранција на конвенционалната терапија (ннд-**B**).

Табела 8. Медикаменти за редукција на симптоми и исхемија

Медикамент	Дејство	Карактеристики	Препорака
Краткодејствувачки нитрати	Венодилатација, ↓дијастолно полнење, ↓интракардијален притисок, ↑субендокардна перфузија	Сублингвална администрација Ситуациона профилакса	**класа I** ннд-**C**
Долгодејствувачки нитрати	Венодилатација, ↓дијастолно полнење и интракардијален притисок, ↑субендокардна перфузија	Орална/трансдермална администрација Одржување на „nitrate free" период	**класа I** ннд-**C**
Бета-блокатори	↓O2 побарувачка, срцева фреквенца, контрактилност и КП	↓несакани ефекти со Б1селективни блокатори Титрирање на доза Докажан ефект во редукција на симптоми и подобрена толеранција на напор Влошува вазоспастична ангина	**класа I** ннд - **A**
Калциум канал-блокатори	Хетерогена класа: системска и коронарна вазодилатација ↓миокардна контрактилност, СФ и А-В спроводливост (верапамил и дилтиазем)	Докажан ефект во редукција на симптоми и подобрена толеранција на напор Ефикасност споредлива со бета-блокаторите Потврдена ефикасност при вазоспастична ангина	**класа I** ннд - **A**
Активатори на калиумовите канали	Отворање на калиумови канали „nitrate like" вазодилататорен ефект	↓ смртност, МИ и хоспитализации поради АП Ограничено достапен	**класа I** ннд-**C**
Инхибитори на синусниот јазол	↓ СФ	Ефикасност споредлива со бета-блокатори во редукција на симптоми	**класа IIa** ннд-**B**
Метаболички агенси	↑ гликозна утилизација пропорционална на метаболизмот на масни киселини	Ограничени хемодинамски ефекти Ограничена достапност	**класа IIб** ннд-**B**

Специфичности во медикаментозниот третман на посебни поттипови на КАБ: Синдром икс (SYNDROMA X)

Препораки за медикаментозен третман за подобрување на симптомите:

- **Треба да се даде:**
  - Нитрати, бета-блокатори и калциум канал–блокатори, сами или во комбинација (ннд-**B**)
  - Статини кај пациенти со ХЛП (ннд-**B**)
  - АКЕ инхибитори кај пациенти со артериска хипертензија (ннд-**C**).

- **Умно е да се даде:**
  - Обид за третман со останати антиангинални медикаменти (никорандил и метаболички активни медикаменти) (ннд-**C**).

- **Би можело да се даде:**
  - Аминофилин при континуирана болка присутна при примање комплетна терапија од класа I (ннд-**C**)
  - Имипрамин[7] при континуирана болка присутна при примање комплетна терапија од класа I (ннд-**C**).

Вазоспастична ангина

Препораки за медикаментозен третман за подобрување на симптомите:

- **Треба да се даде:**
  - Калциум канал-блокатори и доколку е нужно, нитрати (ннд-**B**).

Асимптоматски пациенти

- **Треба да се дадат:**
  - Аспирин (во отсуство на контраиндикации) кај пациенти со претходен МИ;
  - Статини кај пациенти со сомнеж за КАБ или со документирана КАБ со ниво на ЛДЛ Хол 3.4 mmol/L, со целна вредност 2.6 mmol/L;
  - АКЕ-инхибитори кај сите пациенти со КАБ коишто имаат дијабет и/или ЛК систолна дисфункција;
  - Бета-блокатори (во отсуство на контраиндикации) кај пациенти со претходен МИ.
- **Умно е да се дадат:**
  - Аспирин (во отсуство на контраиндикации) кај пациенти без претходен МИ;
  - Бета-блокатори (во отсуство на контраиндикации) кај пациенти без претходен МИ;
  - АКЕ-инхибитори кај сите пациенти со КАБ коишто имаат дијабет и/или ЛК систолна дисфункција;
  - Антилипемици кај пациенти со сомнеж за КАБ или со документирана КАБ со ниво на ЛДЛ Хол 3.4 mmol/L, со целна вредност 2.6 mmol/L.

Иницијалниот третман на пациент со хронична КАБ подразбира:

А = Аспирин и антиангинална терапија
Б = Бета-блокатори и крвен притисок
Ц = Пушење и холестерол
Д = Диета и дијабет
Е = Едукација и вежба

Медикаменти во третман на хронична КАБ

- **Аспирин**
  - Индикации: кај пациенти со хронична КАБ
  - Доза: 75-150mg/d (100-250mg/дневно Кохранови прегледи)
  - Ефекти врз клиничкиот статус: редукција на тоталниот кардио-васкуларен ризик. Се препорачува за сите пациенти со КАБ, освен доколку не е контраиндициран. Тоталната корист од аспиринот се зголемува со зголемување на ризикот од КАБ (ннд-**А**).

- **Клопидогрел**
  - Индикации: кај пациенти со хронична КАБ, со преосетливост на аспирин.
  - Клинички ефекти: редукција на тоталниот кардио-васкуларен ризик, особено по имплантација на стент, но нема јасен доказ за подобрување на прогнозата кај хронична КАБ (ннд-**В**) (Кохранови прегледи).

- **АКЕ инхибитори**
  - АКЕ инхибиторите имаат кардиоваскуларно протективно дејство, кое е независно од нивното антихипертензивно дејство.
  - Индикации: АКЕ инхибиторите треба да се користат во рутинска секундарна превенција кај пациентите со прележан миокарден инфаркт, систолна левокоморна дисфункција, дијабет и која било форма на атеросклеротична васкуларна болест (Кохранови прегледи).Кај пациентите со ХКАБ, АКЕ инхибиторите водат до намалување на морбидитетот и збиднувањата коишто се последица на исхемична срцева слабост.

- **Бета-блокатори**
  - Препорачани се како почетен третман кај сите пациенти со хронична КАБ, освен при постоење на контраиндикации.
  - Клинички ефекти: сите бета-блокатори се подеднакво ефикасни при ангина пекторис. Тоа се антиангинални лекови коишто ја редуцираат појавата на градна болка, како во мирување така и при напор, со што водат до подобрување на толеранцијата на напор, преку намалување на миокардната кислородна консумација, со намалување на срцевата фреквенца (оптимално до 50-60мин). Имаат докажано кардиопротективно дејство, намалувајќи ја

појавата на несакани срцеви збиднувања, морталитетот и морбидитетот кај болните со хронична КАБ. Особено ја подобруваат прогнозата кај пациентите со прележан миокарден инфаркт кај кои водат до намалување на ризикот за реинфаркт и ненадејна срцева смрт. Лек од прв избор се кај пациентите со ХКАБ и аритмии. (Кохранови прегледи)[7]

- **Калциум антагонисти**
  - Препорачани се како иницијален третман кај пациенти со ангинозна болка при хронична КАБ, кои не можат да примаат бета-блокатори (ннд- **Б**).
  - Клинички ефекти: калциум-антагонистите се подеднакво ефикасни во купирање на градната болка како и бета-блокаторите кај пациентите со хронична КАБ. Поефикасни се во купирање на епизодите на градна болка кај пациентите со вазоспастична ангина од бета-блокаторите. Краткодејствувачките, брзоослободувачки форми на калциум-антагонисти го зголемуваат ризикот од несакани срцеви збиднувања, срцева смрт, срцева слабост и МИ, поради што тие не се препорачуваат за употреба. Долгодејствувачките, бавноослободувачки форми на калциум-антагонисти се ефикасни во ослободување од симптоми кај пациентите со хронична стабилна ангина, но нема доволно докази за нивно кардиопротективно дејство.
    - Недихидропиридинските калциум-антагонисти (верапамил и дилтиазем) се препорачуваат доколку пациентот нема левокоморна слабост.
    - Дихидропиридинските деривати (амлодипин, фелодипин, исрадипин, нисолдипин)[7] можат да се комбинираат со бета-блокаторите.
      Амлодипин и фелодипин можат да се употребуваат и кај пациентите со срцева слабост (Кохранови прегледи).

- **Нитрати**
  - Претставуваат антиангинални лекови, кои се препорачуваат како почетен третман кај пациенти со ангинозна болка при хронична КАБ, кои не можат да примаат бета-блокатори или калциум- антагонисти.
  - Клинички ефекти: тоа се антиангинални препарати, кои ослободуваат од симптоми на градна болка, ја зголемуваат толеранцијата на напор, но немаат докажано кардиопротективно дејство.
  - Краткодејствувачки нитрати служат за брзо ослободување од градна болка, се користат при градна болка појавена во мирување или при напор, како и превентивно неколку минути пред планирано оптоварување.
  - Долгодејствувачки нитрати имаат долгорочен антиисхемичен ефект. Се даваат во времето кога симптомите се најчести (дневен интервал) во доза од 20-40-60 мг. Нитратни лепенки може да се користат за третман на ноќни ангинозни напади. Поради развивање толеранција, треба да се прави пауза во нивната администрација.

Напомена во однос на примена на комбинирана терапија:

- **При непостигнат оптимален терапевтски ефект, б-блокаторите се комбинираат со бавноослободувачките дихидропиридини (нифедипин), или со новата генерација долгодејствувачки дихидропиридини (амлодипин и фелодипин).**
- **Крајна внимателност, а по можност избегнување на примената на комбинација на б-блокатори со недихидропиридински калциум- антагонисти (верапамил и дилтиазем), поради заемно потенцирање на дејството, и потенцирање на несаканите ефекти врз ритамот и спроведувањето.**
- **При непостигнат оптимален терапевтски ефект, б-блокаторите се комбинираат со долгодејствувачки нитрати, што доведува до поуспешен третман отколку на б-блокаторите или нитратите поединечно.**
- **Калциум-антагонистите може да се комбинираат со нитрати, кога применети како монотерапија кај пациенти коишто не можат да примаат бета-блокатори не доведуваат до купирање на градната болка.**
- **Комбинација на дихидропиридински калциум-антагонист и долгодејствувачки нитрат има заемно потенцирачко дејство врз периферната вазодилатација и рефлексната активација на барорецепторите.**
- **Не се препорачува истовремена заедничка употреба на дихидропиридински и недихидропиридински калциум-антагонисти.**

- **Антилипемична терапија**
  Антилипемиците се препорачани лекови од прв ред во третман на пациентите со хронична КАБ поради нивното докажано кардиопротективно дејство, дејство во подобрување на ендотелната дисфункција, антиинфламаторно и антитромбогено дејство.

- **Целни вредности на липидните фракции кај пациенти со хронична КАБ:**
  - ЛДЛ -холестерол:<2,6 mmol/L (умно е да биде 1,6-1,8mmol/L)
  - нон-ХДЛ= вкупен холестерол - ХДЛ-холестерол<3,4 mmol/L
  - ХДЛ-холестерол:>1,1 mmol/L
  - Тг<1,7 mmol/L

- **Мерки и активности за постигнување на целните вредности:**
  Според препораките на ACC/AHA за корекција на липидниот статус кај пациентите со хронична КАБ, и заради лекување и секундарна превенција од несакани срцеви збиднувања, препорачани се следниве постапки:
  - Кај пациенти со ЛДЛ-холестерол >2,6 mmol/L, давање терапија за намалување на ЛДЛ-холестеролот <2.6 ммол/, умно е 1,6-1,8mmol/L;
  - Кај пациенти со ЛДЛ-холестерол од 2.6-3.4 mmol/L, препорачано е:
    - Примена на хигиено-диететски мерки и/или
    - Медикаментозна терапија.
  - Кај пациенти со ЛДЛ-холестерол <2.6 mmol/L, а Тг<1,7 mmol/L, се советува поставување секундарна терапевтска цел: постигнување целно ниво на нон-

ХДЛ-холестерол <3.4 mmol/L, со:
- Примена на хигиено-диететски мерки и/или
- Зголемување на дозата на статини (но да не се доведе ЛДЛ-холестеролот <1.3 mmol/L) и/или
- Примена на комбинирана терапија на статини со никотинска киселина или фибрати.

- Кај пациенти со ЛДЛ-холестерол <2.6 mmol/L, Тг <1.7 mmol/L, и ХДЛ-холестерол <1.0 mmol/L се препорачува:
  - Примена на хигиено-диететски мерки и/или
  - Зголемување на дозата на статини (но да не се доведе ЛДЛ-холестеролот <1.3 mmol/L) и/или
  - Примена на комбинирана терапија на статини со никотинска киселина или фибрати.

- **Типови на антилипемични средства:**
  - **HMG CoA редуктаза инхибитори (статини)**
    - *Индикации за примена кај пациенти со хронична КАБ:*
      - ЛДЛ-холестерол >2.6 mmol/L, како изолирано нарушување;
      - ЛДЛ-холестерол >2.6 mmol/L и Тг >1.7 mmol/L;
      - ЛДЛ-холестерол >2.6 mmol/L и ХДЛ - холестерол <1.0 mmol/L;
      - Нарушување на сите три липидни фракции;
      - Во комбинација со ниацин или фибрати кај пациенти кај кои само со статини е постигнато целно ниво на ЛДЛ-холестерол, но не и на Тг и ХДЛ-холестеролот.
  - **Никотинска киселина**
    - *Индикации за примена кај пациенти со хронична КАБ:*
      - Покачување на нивото на ХДЛ-холестерол >1.0 mmol/L, или намалување на нивото на Тг<1.7 mmol/L.
  - **Секвестранти на жолчни киселини**
    - *Индикации за примена кај пациенти со хронична КАБ:*
      - Намалување на ЛДЛ-холестерол < 2.6 mmol/L, кај пациенти со вредност >3.4 mmol/L, само во случаи кога Тг >2.2 mmol/L. Се дава во комбинација со статини кога само со нив како со монотерапија не е постигнато целното ниво.
  - **Фибратна киселина (фибрати)**
    - *Индикации за примена кај пациенти со хронична КАБ:*
      - Зголемување на нивото на ХДЛ-холестерол >1.0 mmol/L, или намалување на нивото на Тг< 1.7 mmol/L. Се даваат во комбинација со статини кај кои е постигната целната вредност на ЛДЛ-холестеролот, а сè уште не е постигната целната вредност на ХДЛ-холестеролот и Тг.

Напомена!
- **Примена на антилипемична терапија е апсолутно индицирана кај пациенти со хронична КАБ, доколку нивото на ЛДЛ-холестерол >3,4 mmol/L.**

- **Медикаменти од избор се статините.**
- **Цел е нивото на ЛДЛ кај овие пациенти да се доведе <2,6 mmol/L.**
- **Потребно е регуларно следење на ефектите од лекот и појавата на несакани ефекти. За таа цел, липидниот статус се проверува 6-8 недели по отпочнувањето на терапијата или по промена на дозата на лекот. По постигнувањето на целната вредност, а во отсуство на несакани ефекти, проверката се прави на 12 месеци.**
- **Кај пациенти со хронична КАБ, а во отсуство на несакани ефекти, статините се применуваат цел живот.**

Понови медикаменти

- **Активатори на калиумовите канали[7]**
  - Никорандил е главен претставник од оваа група, има двоен механизам на дејство, претставува активатор на калиумовите канали и има „nitrate like" ефекти. Вообичаена доза за антиангинален ефект е 20 mg, но хронично давање може да доведе до толеранција. Во моментов не е позната вкрстена толеранција со нитрати.
- **Инхибитори на синусниот јазол[7]**
  - Дејствуваат намалувајќи ја срцевата фреквенца преку селективна директна инхибиција на синусниот јазол, со негативно хронотропно дејство во мир и при напор, што се покажало дека води до редукција на ангинозните симптоми. Ivabradine е главен претставник од оваа група. Trimetazidine и ranolazine претставуваат метаболички, антиангинални медикаменти, бидејќи нивното примарно дејство не е преку редукција на срцевата фреквенција или крвниот притисок. Може да се применуваат во комбинација со хемодинамски активни медикаменти.
- **Метаболички агенси[7]**
  - Дејствуваат зголемувајќи ја гликозната утилизација во корелација со метаболизмот на масните киселини.

Миокардна реваскуларизација - реваскуларизационен третман

- **Индикации за реваскуларизација:**
  - Кога и покрај оптимална медикаментозна терапија не е можна контрола на симптомите, на задоволство на пациентот.
  - Кога резултатите од неинвазивните иследувања покажуваат значајна регија на загрозен миокард.
  - Кога постои висока веројатност за успех при прифатлив ризик од морбидитет и морталитет.
  - Кога пациентот претпочита интервентен, наспроти медикаментозен третман и е целосно информиран за ризикот од постапката.

- **Критериуми за избор на метод на реваскуларизација:**
  - Ризик од пери-процедурален морбидитет и морталитет.
  - Веројатност за успех, вклучително и фактори како што е техничката погодност на лезијата за ангиопластика или хируршки бајпас.
  - Ризик од рестеноза или графт оклузија.
  - Комплетност на реваскуларизацијата. Ако се размислува за ПКИ, дали таа ќе обезбеди комплетна реваскуларизација, или најмалку на исто рамниште како АКБП?
  - Дијабетичната состојба.
  - Локалното искуство (на болницата) со ПКИ/АКБП.
  - Желбата на пациентот.

- **Контраиндикации за реваскуларизација:**
  - Пациенти со едно или двосадовна болест без значајна проксимална стеноза на LAD, кои се со лесни симптоми или без симптоми, а не примиле адекватна медикаментозна терапија или немаат манифестна исхемија или имаат мала регија на исхемија (при неинвазивни иследувања).
  - Гранична (50%-70%) коронарна стеноза во не LMN локација, без манифестна исхемија на неинвазивните иследувања.
  - Незначајна (50%) коронарна стеноза.
  - Високоризична процедура (10-15% ризик за морталитет), освен доколку очекуваната корист во преживувањето го надминува ризикот, или пациентот има исклучително лош квалитет на живот.

Препораки за реваскуларизација заради подобрување на прогнозата кај пациенти со стабилна ангина

- **Треба да се прави кај:**
  - АКБП кај значајна болест на главното стебло или еквивалент (остиална или проксимална стеноза на LAD и Cx) (ннд-**A**)
  - АКБП кај значајна проксимална стеноза на три главни КА, особено кај пациенти со ЛК дисфункција или со рана или екстензивна исхемија на функционалните тестови (ннд-**A**)
  - АКБП кај едно или двосадовна КАБ со високостепена стеноза на проксималната ЛАД, со исхемија на функционалните тестови (ннд-**A**)
  - АКБП кај значајна КАБ проследена со ЛК дисфункција и доказ за очувана животоспособност при функционалните тестови (ннд-**B**).
- **Умно е да се прави кај:**
  - АКБП кај едно или двосадовна КАБ без значајна проксимална стеноза на ЛАД кај пациенти коишто преживеале НСС[8] или одржлива КТ[9] (ннд-**B**)
  - АКБП кај значајна тросадовна КАБ кај пациенти со шшеќерна болест со доказ за исхемија при функционалните тестови (ннд-**C**)

8 нсс=ненадејна срцева смрт
9 одржлива КТ - коронарна тахикардија

- ПКИ или АКБП кај пациенти со исхемија на функционалните тестови и доказ за чести епизоди на исхемија во текот на секојдневните активности (ннд-**C**).

Препораки за реваскуларизација заради подобрување на симптомите кај пациенти со стабилна ангина

- **Треба да се прави кај:**
  - АКБП кај повеќесадовна КАБ при КА погодни за хируршко премостување (реваскуларизација) кај пациенти со умерено до тешки симптоми, кои не може да се контролираат со медикаментозна терапија, кај кои ризикот од операцијата не ја надминува потенцијалната корист (ннд-**A**)
  - ПКИ при едносадовна КАБ при КА погодна за ПКИ процедура (реваскуларизација), кај пациенти со умерени до тешки симптоми, кои не може да се контролираат со медикаментозна терапија, кај кои ризикот од процедурата не ја надминува потенцијалната корист (ннд-**A**)
  - ПКИ кај повеќесадовна КАБ во отсуство на високоризична анатомија на КА, погодни за ПКИ процедура, кај пациенти со умерени до тешки симптоми, кои не може да се контролираат со медикаментозна терапија, кај кои ризикот од процедурата не ја надминува потенцијалната корист (ннд-**A**).

- **Умно е да се прави кај:**
  - ПКИ кај едносадовна КАБ кај КА погодни за ПКИ процедура кај пациенти со лесни до умерени симптоми, кои за пациентот сепак се неприфатливи, кај кој ризикот од процедурата не ја надминува потенцијалната корист (ннд-**A**)
  - АКБП кај едносадовна КАБ кај КА погодни за хируршко премостување, кај пациенти со умерени до тешки симптоми, кои не можат да се контролираат со медикаментозна терапија, кај кои ризикот од процедурата не ја надминува потенцијалната корист (ннд-**A**)
  - АКБП кај повеќесадовна КАБ при КА погодни за хируршко премостување (реваскуларизација) кај пациенти со лесни до умерени симптоми, кои за пациентот сепак се неприфатливи, кај кој ризикот од процедурата не ја надминува потенцијалната корист (ннд-**A**)
  - ПКИ кај повеќесадовна КАБ кај КА погодни за ПКИ процедура кај пациенти со лесни до умерени симптоми, кои за пациентот сепак се неприфатливи, кај кој ризикот од процедурата не ја надминува потенцијалната корист (ннд-**A**).

- **Би можело да се прави:**
  - АКБП при едносадовна болест погодна за хируршка реваскуларизација, кај пациенти со лесни до умерени симптоми, кои се за нив неприфатливи, кај кои оперативниот ризик не е поголем од проценетиот годишен морталитет (ннд-**B**).

Се изведува на два начина:

- **Перкутани коронарни интервентни процедури (ПКИ) (дилатација и/или вградување ендоваскуларни протези);**
- **Хируршка миокардна реваскуларизација (аорто-коронарен бајпас-АКБП).**

СЛЕДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТИ СО ХРОНИЧНА КАБ

- По почетната проценка и вклучувањето на пациентот во лекување според усвоениот алгоритам, се препорачува прва контрола по 1 месец.
- Натамошните контроли се на 4 месеци во текот на првата година и на 6 месеци во наредните години во услови на клинички стабилна состојба на пациентот.
- При контролите се врши:
  - **Ревизија на податоци од анамнезата:** промена во квалитетот на симптомите, редукција на ризик-факторите.
  - **Се регистрираат промени во физикалниот наод.**
  - **Се следат промени во електрокардиограмот** во мирување.

    Препораки за изведување ЕК-грам во мирување:
    - **Треба да се прави:**
      - Кај сите пациенти кај кои има развој на симптоматологија (ннд-**B**).
    - **Би можело да се прави:**
      - ЕКГ во мир за рутинска реевалуација (ннд-**C** како за дијагноза така и за прогноза).
  - **Се изведуваат лабораториски анализи** (според состојбата на пациентот и спецификите на применуваната терапија).

    Препораки за изведување лабораториски анализи:
    - **Умно е да се прави:**
      - Липиден профил и гликемија на гладно на годишно ниво (ннд-**C**).
  - **Се изведува КСТ**

    Препораки за изведување КСТ:
    - **Треба да се прави:**
      - Кај сите пациенти со позната КАБ и значајно влошување на симптоматологијата (ннд-**B**).
    - **Би можело да се прави:**
      - За рутинско следење во отсуство на промена во клиничката состојба (ннд-**C**).
- Секоја промена на состојбата бара повторна проценка на ризикот кај конкретниот пациент.
- Успешен третман подразбира комплетна елиминација на ангинозната болка и враќање на пациентот кон нормални активности со функционален капацитет од класа I, постигнат со минимални несакани ефекти од фармаколошкиот третман.

ПОВРЗАНИ ДОКАЗИ

- ЦРП има независна вредност како предиктор на ризикот од КАБ, но заклучувачки докази за неговата улога во проценката на ризик недостасуваат (ннд-**C**).
- Нискогликемична диета може лесно да ги редуцира тоталниот холестерол и ХбА1ц, но доказите се недоволни за ваквите диети да се препорачаат заради подобрување на ризик-факторите за КАБ (ннд-**C**).
- Диететски или суплементи на омега 3 масти и вклучување на риба во исхраната (најмалку еднаш неделно) покажуваат позитивни ефекти во секундарната превенција, така што тоа може да се земе предвид, иако не постојат јасни докази дека тоа влијае врз прогнозата (ннд-**C**).
- Хормон заместителната терапија не дава предност ниту во примарната ниту во секундарната превенција, поради што таа не се препорачува во рутинска примена, а пациентките коишто веќе ја применуваат се препорачува да ја прекинат.
- Ниту антиоксидантна терапија со витамин Е, ниту терапија со витамините А и Ц немаат корисен ефект во примарната и во секундарната превенција.
- Фолната киселина, како и Б6 и Б12, го намалува нивото на хомоцистеин. Но, намалувањето на хомоцистеинот нема корисен ефект во секундарната превенција.

Алгоритам 1: Иницијална проценка на пациент со градна болка



Алгоритам 2: Медикаментозен третман на пациент со хронична коронарна артериска болест



3339.

Врз основа на член 114-а од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08, 67/09 и 88/10), министерот за здравство донесе

У П А Т С Т В О
ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ КОЈА СЕ ОДНЕСУВА НА ТРЕТМАНОТ НА ХРОНИЧНАТА СРЦЕВА СЛАБОСТ (ХСС)

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на третманот на хроничната срцева слабост (ХСС).

Член 2

Начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на Третманот на хроничната срцева слабост (ХСС) е даден во Прилог 1, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

За секој поединечен случај, по сопствена оценка, докторот може да отстапи од одредбите на ова упатство во секоја фаза од третманот на пациентот, со соодветно образложение за потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот.

Потребата за отстапување и оценката од став 1 на овој член од страна на докторот соодветно се документира во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува една година од денот на неговото влегување во сила.

Бр. 10-10297/6
6 декември 2010 година
Скопје

Министер,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

Третман на хроничната срцева слабост (ХСС)

ЦЕЛ

- Дијагностицирај ја причината за срцевата слабост и лекувај ја каде што е можно.
- Направи процена на изразеноста на болеста и идентификувај ги егзацербирачките фактори.
- Млади пациенти и пациенти во неопределена состојба мора да бидат упатени на ехокардиографски преглед.
- Биди свесен за постоењето на лекови и инвазивни интервенции, кои ја подобруваат прогнозата.
- Избегнувај лажно позитивна дијагноза поставена врз основа на постоењето на неспецифични симптоми.

ОСНОВНИ ПРАВИЛА

- Препознај ги болеста и егзацербирачките фактори.
- Состојбата е често прогресивна и прогнозата е лоша доколку не се лекува.
- Систолната срцева слабост може да биде асимптоматска или симптомите може да бидат лесни.
- Корелацијата меѓу истисната (ејекционата) фракција, односно левокоморната систолна пумпна сила и функционалниот капацитет на пациентот може да биде слаба.
- Третманот би требало да биде насочен секогаш кон причините: артериска хипертензија, миокардна исхемија, валвуларна болест итн.
- Ехокардиографијата е индицирана со цел да се детерминираат причината и изразеноста на болеста.
- Неколку придружни болести може да постојат, кои можат да ги комплицираат дијагнозата и третманот.
- Лекувањето на артериската хипертензија и коронарната артериска болест е важно во примарната превенција на болеста. Во секундарната превенција на болеста, АКЕ-инхибиторите се најважна група лекови и тие можат да бидат употребени за лекување на асимптоматски пациенти и пациенти со висок ризик.

ДЕФИНИЦИЈА

- Хронична срцева слабост е патофизиолошка состојба во која поради абнормална срцева пумпна функција, периферните ткива не добиваат доволно крв за да ги задоволат своите метаболички потреби.
- За дефиниција на една состојба како срцева слабост треба да бидат исполнети следниве критериуми:
  - Симптоми типични за срцева слабост (недостаток на воздух во мир или при физички напор, слабост, замор, отоци на глуждовите)
  - Знаци типични за срцева слабост (тахикардија, тахипнеа, белодробни 'ркалки, плеврална ефузија, зголемен југуларен венски притисок, периферни отоци, хепатомегалија)
  - Објективни знаци за структурни или функционални абнормалности на срцето во мир (кардиомегалија, трет срцев тон, срцеви шумови, абнормалности на ехокардиограм, зголемена концентрација на натриуретични пептиди).

ЕТИОЛОГИЈА

- Коронарната срцева болест и /или хипертензијата се причини за срцева слабост во 80% случаи;
- Систолна дисфункција;
  - Исхемично срцево заболување;
  - Хипертензија (почеста причина за дијастолна дисфункција);
  - Валвуларни болести;
  - Кардиомиопатии:
    - Семејни/генетски или несемејни/негенетски (вклучувајќи го миокардитот)
    - Хипертрофична, дилатациона, рестриктивна, аритмогена деснокоморна
  - Преткоморна фибрилација со брз коморен одговор, опстојувачка тахикардија;
  - Други причини
    - Ендокрини: дијабетес мелитус, хипер и хипотироидизам, Cushing синдром, адренална инсуфициенција, акромегалија, феохромоцитом;
    - Нутриционi: згоеност, кахексија, дефицит на тиамин, селен;
    - Инфилтративни: саркоидоза, амилоидоза, хемохроматоза, болести на сврзно ткиво;
    - Токсини: алкохол, лекови, кокаин, тешки метали (жива, кобалт, арсен);
    - Лекови: бета-блокатори, калциум-антагонисти, антиаритмици, цитотоксични агенси;
    - Други: Chagas-ова болест, ХИВ инфекција, перипартална кардиомиопатија, изразена хронична бубрежна болест.
- Дијастолна дисфункција
  - Левокоморна хипертрофија придружена со хипертензија и напредната возраст;
  - Исхемично срцево заболување;
  - Амилоидоза, перикардит и други ретки состојби, кои доведуваат до рестриктивна кардиомиопатија;
- Десносрцева слабост;
  - Вистинска десносрцева слабост често е предизвикана од белодробно заболување со покачен белодробен артериски притисок. Пациенти со хронична опструктивна белодробна болест често имаат едновремено и хронично срцево заболување;
- Левосрцева слабост може постепено да води кон белодробна хипертензија и десносрцева слабост.

Напомена! Срцева слабост не треба никогаш да биде дефинитивна дијагноза, секогаш треба да се трага по етиологијата.

ЕГЗАЦЕРБИРАЧКИ ИЛИ ПРЕЦИПИТИРАЧКИ ФАКТОРИ

- Тешки инфекции, особено белодробни инфекции;
- Анемија;

- Хипер или хипотироидизам;
- Брзи или бавни срцеви ритми (преткоморна фибрилација);
- Високоволуменски инфузии (кристалоидни раствори или крв);
- Употреба на нестероидни антиревматици, особено при оштетена бубрежна функција;
- Употреба на лекови коишто ја намалуваат миокардната контрактилност (verapamil, бета-блокатори и нивни комбинации);
- Неупотреба на лекови од страна на пациентот;
- Прекумерна телесна тежина;
- Ендокринолошки абнормалности (на пр. дијабетес мелитус, хипертиреоидизам и хипотиреоидизам);
- Прекумерна употреба на алкохол и сол;
- Хипертензија;
- Асимптоматски миокарден инфаркт, нестабилна ангина пекторис;
- Белодробна емболија.

СИМПТОМИ

- Општа слабост, недостаток на воздух и намален капацитет за физичка активност;
- Диспнеа при вообичаени активности (NYHA II) е неспецифичен симптом, кој може да биде последица на хронично срцево заболување, прекумерна телесна тежина или немање кондиција на пациентот;
- Диспнеа и кашлање при хоризонтална позиција на телото (ортопнеа) се појавуваат само при умерена или тешка срцева слабост;
- Зголемување на телесната тежина и невоочлив едем се сензитивни но неспецифични знаци за срцева слабост, ако се појават независно еден од друг. Но, кога и двата се присутни имаат клиничко значење, особено при мониторирање на терапевтскиот одговор;
- Појава на едем на долните екстремитети;
- Необјаснета конфузија, променет ментален статус;
- Абдоминални симптоми, поради асцит или хепатомегалија;
- Губењето на апетитот е придружено само со напредна срцева слабост (кардијална кахексија).

ФИЗИКАЛЕН ПРЕГЛЕД

Клиничките знаци на срцевата слабост (Табела 1) треба да бидат проценувани со внимателна клиничка процена, која вклучува опсервација, палпација и аускултација.

- Тахикардија (90 удари/минута), ако не употребува бета-блокатори во терапија;
- Тахипнеа (20 /минута);
- Значајно покачен југуларен венски притисок (ЈВП), односно може да се забележат југуларни пулсации кога пациентот е во седечка положба.

Знакот е специфичен во случаи кога пациентот нема белодробно заболување. Овој знак е придружен со тешка срцева слабост. Поумерено покачен ЈВП (8 cm) се гледа кај пациент во полуседечка положба. Позитивен хепатојугуларен рефлекс е од помош во носење на конечната одлука. Но, постои голема интеропсерверска варијабилност поради која тестот недоволно се употребува;

- S3 (присуство на трет срцев тон при аускултација) кај пациенти над 40- годишна возраст е специфичен знак, кој сугерира постоење на декомпензирана срцева слабост;
- Митрална регургитација без постоење на валвуларна болест;
- Зголемено срце (на палпација);
- Асцит, хепатомегалија, позитивен хепатојугуларен рефлекс;
- Белодробни 'ркалки коишто сугерираат белодробен застој се неспецифичен знак, кој може да биде асоциран со тешко белодробно заболување;
- Невоочлив едем на долните екстремитети може да биде исто така предизвикан од други состојби;
- Едем на долни екстремитети, во отсуство на венска слабост;
- Намалени пулсации на периферни артерии.

Напомена! Бидејќи знаците и симптомите се неспецифични, дијагнозата на срцева слабост треба да се базира врз објективни тестови, вообичаено ехокардиографија.

Табела 1. Клучни моменти во клиничкиот преглед на пациенти со срцева слабост

Изглед	Раздвиженост, нутриционен статус, телесна тежина
Пулс	Брзина, ритам и карактер
Оптоварување со течност	Југуларен венски притисок, периферни отоци (глуждови и сакрум), хепатомегалија, асцит
Бели дробови	Брзина на движење, ркалки, плеврална ефузија
Срце	Поместување на врвот, галопен ритам, трет срцев тон (S3), шумови коишто укажуваат на постоење на валвуларна дисфункција

ИНИЦИЈАЛНИ ИСПИТУВАЊА (ВИДИ АЛГОРИТАМ 1)

Детална анамнеза и детален физикален преглед

1.Прашања што треба да се постават за да се детерминира тежината на болеста

- Конфузија;
- Покачување на телесна тежина во блиско минато;
- Степен на лимитираност на физичката активност.

2.Прашања што треба да се постават за да се детерминира етиологијата на болеста:

- Позитивни срцеви фактори на ризик (пушење, дијабет, хиперлипидемија, позитивна семејна анамнеза, машки пол, конгенитално срцево заболување);
- Анамнеза на хипертензија;
- Анамнеза за болки во градите (податок за дијагностицирана коронарна артериска болест/периферна васкуларна болест);
- Палпитации;
- Ревматска треска;
- Бактериски ендокардит;
- Неодамнешни патувања во странство;
- Тапа повреда на градниот кош;
- Постпартален период;
- Анемија;
- Симптоми за тироидна дисфункција;
- Употреба на алкохол;
- Неодамнешна вирусна инфекција;
- Податок за ХИВ позитивност.

Електрокардиографија

- Електрокардиограм треба да се направи кај секој пациент со сомнеж за постоење на срцева слабост.
- Електрокардиографски нарушувања се вообичаени кај пациенти со сомнеж за постоење на срцева слабост (Табела 2).
- Може да има знаци за прележан инфаркт или исхемија, што укажува и на причината за срцева слабост.
- Хипертрофија (левокоморна хипертрофија, левопреткоморна хипертрофија) и блок на лева гранка на His-овиот сноп.
- Аритмиите и преткоморната фибрилација можат да се однесуваат како егзацербирачки фактори.

Напомена! Нормален електрокардиограм сугерира дека дијагнозата на срцева слабост е крајно неверојатна (10%).

Табела 2. Вообичаени електрокардиографски нарушувања при постоење на срцева слабост

Нарушување	Причина	Што треба да се преземе
Синус тахикардија	Декомпензирана СС, анемија, фебрилност, тиреотоксикоза	Клиничка процена Лабораториски испитувања
Синус брадикардија	Бета-блокада, digoxin, антиаритмици, хипотиреоидизам, болест на синусен јазол (SSSy)	Евалуација на лековите Лабораториски испитувања
Преткоморна тахикардија/ флатер/ фибрилација	Хипертиреоидизам, инфекција, митрална валвуларна болест, декомпензирана срцева слабост, инфаркт	Забавување на ПК спроведување, терапевтска конверзија, електроконверзија, катетер аблација, антикоагулација
Коморни аритмии	Исхемија, инфаркт, кардиомиопатија, миокардит, хипокалемија, хипомагнеземија Digoxin токсичност	Лабораториски испитувања, КСТ, испитување на перфузија, коронарна ангиографија, електрофизиологија, ICD
Исхемија/инфаркт	Коронарна артериска болест	Ехокардиографија, тропонини, коронарна ангиографија, реваскуларизација
Q забец	Инфаркт, ХКМП, БЛГ, преексцитација	Ехокардиографија, коронарна ангиографија
ЛК хипертрофија	Хипертензија, болест на аортна валвула, ХКМП	Ехокардиографија/ доплер
ПК блок	Инфаркт, интоксикација со лекови, миокардит, саркоидоза, Лајмова болест	Евалуација на лековите, електростимулатор, системско заболување
Ниска волтажа	Гојност, емфизем, перикардна ефузија, амилоидоза	Ехокардиографија, рендгенографија
Должина на QRS комплекс од > 120 ms со морфологија на БЛГ	Електрична и механичка дисинхронија	Ехокардиографија, срцева ресинхронизирана терапија

СС = срцева слабост; ПК = преткоморно-коморен; ЛК = левокоморна; КМП = кардиомиопатија; ICD = имплантиран кардиовертер-дефибрилатор ХКМП = хипертрофична кардиомиопатија; КСТ = коронарен стрес тест; БЛГ = блок на лева гранка на His-овиот сноп.

Рендгенографија на граден кош

- Рендгенографијата е суштинска компонента во диференцијалната дијагноза на срцевата слабост. Дозволува процена на белодробната конгестија и може да ги идентификува важните белодробни и торакални причини на диспнеата.
- Рендгенографијата (во две проекции) е корисна за идентификување на кардиомегалија, белодробна конгестија и плеврална акумулација на течност и може да идентификува присуство на белодробна болест или инфекција како причини или како дополнителни фактори за појавата на диспнеата (Табела 3).
- Рендгенографија на граден кош се препорачува рано во дијагностичкиот алгоритам со цел да се најде позитивен доказ за присуство на хронична срцева слабост и со цел да се испитаат други потенцијални причини за недостаток на воздух (ннд-**B**).[1]

1 ннд=Ниво на доказ

- Кардиомегалија (систолна дисфункција). Калкулирано во ml/m^2 или со кардиоторакален индекс (КТ индекс поголем од 0.5 е патолошки). Вообичаено нема добра корелација меѓу големината на срцето и функцијата на левата комора. Варијациите во големината на срцето повеќе се одраз на состојбата на десната комора. Особено при акутна срцева слабост, срцето има нормална големина.
- Белодробна венска конгестија, интерстицијален едем, Kerley–еви Б линии, билатерална плеврална ефузија. Интерпретација на умерена васкуларна конгестија на изолирана рендгенографија на граден кош е тешка и недоволна за поставување дијагноза. При умерена срцева слабост рендгенографијата на градниот кош е недоволно сензитивна и нејзината интерпретација може да води кон погрешна дијагноза. Нејасните промени на рендгенографијата на градниот кош треба да се гледаат во контекст на комплетната клиничка слика.

Напомена! Кардиомегалија може да биде отсутна не само при акутна туку и при хронична срцева слабост.

Табела 3. Вообичаени рендгенографски промени при постоење на срцева слабост

Промени	Причина	Што треба да се преземе
Кардиомегалија	Дилатирана ЛК, ДК или преткомори Перикардна ефузија	Ехокардиографија/доплер
Коморна хипертрофија	Хипертензија, аортна стеноза, ХКМП	Ехокардиографија/доплер
Нормален наод на белите дробови	Белодробна конгестија не е веројатна	Преоцени ја дијагнозата Сериозна белодробна болест не е веројатна
Белодробна венска конгестија	Зголемен ЛК притисок на полнење	Постоењето на ЛК СС е потврдено
Интерстицијален едем	Зголемен ЛК притисок на полнење	Постоењето на ЛК СС е потврдено
Плеврална ефузија	Зголемен ЛК притисок на полнење СС е веројатна ако ефузијата е билатерална Белодробна инфекција, хирургија или малигна ефузија	Размисли за несрцева етиологија ако е голема (обилна) Ако е голема (обилна) размисли за дијагностички или терапевтски центри
Kerley–еви Б линии	Зголемен лимфатичен притисок	Митрална стеноза или хронична СС
Зголемена транспарентност на белите дробови	Емфизем или белодробна емболија	Спирална КТ, спирометрија, ехокардиографија
Белодробна инфекција	Пневмонија може да е секундарна на белодробна конгестија	Лекувај ги инфекцијата и СС
Белодробна инфилтрација	Системска болест	Работи на дијагнозата

ЛК = лева комора; ДК = десна комора; ХКМП = хипертрофична кардиомиопатија; СС = срцева слабост; КТ = компјутеризирана томографија

- **Лабораториски тестови**[2]
  - Треба рутински да се проверат: базични хематолошки тестови, серум–калиум, натриум, креатинин, ALT (аланин трансфераза), гликоза, CRP (C-реактивен протеин), седимент на урина и серум слободен T4 или TSH за диференцијална дијагноза.
  - Дополнителни лабораториски испитувања се потребни согласно со клиничката слика (Табела 4). Хипонатремија и бубрежна слабост индицираат лоша прогноза. Преткоморната фибрилација и срцевата слабост можат да бидат единствен симптом на тиреотоксикоза кај постар пациент. Покачена концентрација на ALT сугерира хепатална конгестија. Срцевите ензими при декомпензирана срцева слабост често се лесно покачени.
  - Натриуретски пептиди (ANP, BNP, NT-proBNP)[3]
    - Преткоморниот натриуретски пептид (ANP) и мозочниот натриуретски пептид (BNP) се ослободуваат како одговор на преткоморно и коморно растегнување.
    - BNP, кој се синтетизира во коморите, е посоодветен за дијагноза на срцева слабост затоа што е постабилен и поспецифичен од ANP, кој се синтетизира во преткоморите.
    - Плазма концентрациите на натриуретичните пептиди се корисни биомаркери за дијагноза на срцева слабост и за третман на пациенти со веќе дијагностицирана срцева слабост. Постојат докази за нивна употреба во дијагнозата, проценатa на изразеноста, во одлуката за хоспитализација/отпуштање од болница и идентификацијата на пациенти со ризик од појава на срцеви збиднувања. Нормалната концентрација кај нелекуван пациент има висока негативна предиктивна вредност, со што дијагнозата на срцева слабост може да се отфрли како причина за симптомите. Ова може да има важна улога особено во примарната здравствена заштита. Високо ниво на натриуретичните пептиди и покрај оптималната терапија укажува на лоша прогноза.
    - Ако постои сомнеж дека срцевата слабост е причина за присутната диспнеа, натриуретичните пептиди се клинички корисни за да го „отфрлат" постоењето на систолна срцева слабост.
    - Нормален BNP (100μg/L) има висока негативна предиктивна вредност (дијагнозата за срцева слабост може да се отфрли со 95% сигурност).
    - Значајно зголемени плазма-концентрации сугерираат постоење на срцева слабост.
    - Плазма-концентрации коишто се наоѓаат лесно над горната референтна граница формираат „сива зона" со големи можности за грешка.
    - Лесно зголемени вредности на BNP можат да се сретнат при: астма, белодробен емболизам и ХОББ, кои го зголемуваат левокоморниот притисок. Лесно зголемување се среќава и при: аортна стеноза, левокоморна хипертрофија, миокардна исхемија, тахикардија, бубрежна дисфункција, црнодробна ци-

2 Повеќето од лабораториските тестови се тешко достапни или не се достапни во сите здравствени установи

3 Тешко достапни во Р. Македонија

роза, сепса, инфекција, повисока возраст, женски пол и хиперволемија од кое било потекло. Преткоморната фибрилација го зголемува ANP и го прави бескорисен за процена. Преткоморната фибрилација, исто така, влијае и врз одредувањето на BNP. Гојноста и лекувањето може да ги намалат вредностите на натриуретичните пептиди.

- Зголемените BNP и ANP концентрации ја рефлектираат изразеноста на срцевата слабост и лошата прогноза. Многу високи концентрации на BNP имаат прогностичко значење за изразеноста на болеста и зголемениот морталитет.
- Како придонес на дијагнозата, BNP исто така се користи и за мониторирање на прогресијата на болеста.
- Заклучок: BNP не е соодветен за скрининг; нормалните концентрации го исклучуваат постоењето на срцева слабост, а многу високи концентрации имаат прогностичко значење за изразеноста на болеста, но во мониторирањето на болеста, BNP има само дополнителна улога.
- Одредување на нивото на мозочниот натриуретски пептид (BNP) или NT-proBNP и/или правење електрокардиограм би требало да се изведе, со цел да се утврди потребата од ехокардиографија кај пациенти со сомнеж за срцева слабост (ннд-**B**).

- Спирометријата е базично испитување за диспнеата. Јасно абнормални резултати укажуваат на постоење на белодробно заболување. Пациенти со ХОББ имаат честопати придружна КАБ и срцева слабост.

Табела 4. Вообичаени лабораториски нарушувања при постоење на срцева слабост

Промени	Причина	Што треба да се преземе
Зголемен серум креатинин(> 150 µmol/L)	Бубрежна болест Употреба на АКЕИ/АРБ или алдостерон-блокатори	Калкулирај ја брзината на ГФ Размисли за намалување на АКЕИ/АРБ или употребата на алдостерон-блокатори Провери ги калиумот и уреата
Анемија (< 13 g/dL кај мажи, < 12 g/dL кај жени)	Хронична СС, хемодилуција, губиток на железо или негова слаба утилизација, бубрежна слабост, хронична болест	Работи на дијагнозата Размисли за третман
Хипонатремија (< 135 mmol/L)	Хронична СС, хемодилуција, ослободување на АВП, диуретици	Размисли за рестрикција на внес на течности, намалување на дозата на диуретици Ултрафилтрација, вазопресин-антагонисти
Хипернатремија (> 150 mmol/L)	Хипергликемија Дехидратација	Процени го внесот на течности Работи на дијагнозата
Хипокалемија (< 3.5 mmol/L)	Диуретици, секундарен хипералдостеронизам	Ризик од аритмии Размисли за суплементи на калиум, АКЕИ/АРБ или употребата на алдостерон-блокатори
Хиперкалемија (> 5.5 mmol/L)	Бубрежна слабост, суплементи на калиум, ренин-ангиотензин-алдостерон систем блокатори	Прекини ја терапијата со штедачи на калиум (АКЕИ/АРБ и алдостерон блокатори) Процени ги бубрежната функција и pH Ризик од брадикарија
Хипергликемија (> 6.5 mmol/L)	Дијабетес, инсулин резистенција	Евалуирај ја хидратацијата, третирај ја гликозната интолеранција
Хиперурикемија (> 500 µmol/L)	Третман со диуретици, гихт, малигнитет	Alopurinol Намалување на употреба на диуретици
BNP > 400 pg/mL, NT-proBNP > 2000 pg/mL	Зголемен коморен ѕиден стрес	СС е веројатна Индикација за ехо Размисли за третман
BNP < 100 pg/mL, NT-proBNP < 400 pg/mL	Нормален ѕиден стрес	Реевалуација на дијагнозата СС е неверојатна
Висок албумин (> 45 g/L)	Дехидратација, миелом	Рехидратација
Низок албумин (< 30 g/L)	Слаба нутриција, бубрежен губиток	Работи на дијагнозата

Зголемени трансаминази	Дисфункција на црн дроб Десносрцева слабост Интоксикација со лекови	Работи на дијагнозата Конгестија на црн дроб Евалуација на терапијата
Зголемени тропонини	Миоцитна некроза Пролонгирана исхемија, изразена СС, миокардит, сепса, бубрежна слабост, белодробен емболизам	Евалуирај ја кривата на пораст (слабо покачување е типично за изразена СС) Коронарна ангиографија Евалуација за реваскуларизација
Абнормални тестови на тиреоидна функција	Хипер/хипотиреоидизам Amiodarone	Третирај ја тиреоидната абнормалност
Уринализа	Протеинурија, гликозурија, бактерии	Работи на дијагнозата Исклучи инфекција
INR > 2.5	Зголемена доза на антикоагулантна терапија Конгестија на црниот дроб	Евалуација на дозата на антикоагулантната терапија Процена на функцијата на црниот дроб Процена на дозата на антикоагулантната терапија
CRP > 10 mg/L, неутрофилна леукоцитоза	Инфекција, инфламација	Работи на дијагнозата

ГФ = гломеруларна филтрација; СС = срцева слабост; АКЕИ = ангиотензин конвертирачки ензим инхибитор; АРБ = ангиотензин рецептор блокатор; АВП = аргинин вазопресин; BNP = натриуретички пептид; INR = international normalized ratio; CRP - C-реактивен протеин.

Ехокардиографија[4]

- Називот ехокардиографија се однесува на сите срцеви ултразвучни техники за визуелизација, вклучувајќи пулсен и континуиран доплер, колор доплер и ткивен доплер.
- Важно и објективно иследување за процена на присуство и тежина на срцевата слабост. Често со ехокардиографија се открива и причината за срцева слабост.
- Според упатствата, ехокардиографија треба да се направи кај сите пациенти со клиничка дијагноза на срцева слабост. Размислувањето е на место во ситуации кога можните нови информации коишто би се добиле со ехокардиографија не би ја промениле веќе донесената одлука за третманот.
- Со ехокардиографија, исто така, може да се направи разлика помеѓу систолна и дијастолна срцева слабост: при систолна дисфункција ЛКИФ[5] е помала од 40%, при дијастолна дисфункција ЛКИФ е нормална. Интерпретирањето на дијастолната дисфункција со ехокардиографија може да биде проблематично.
- Асимптоматска срцева слабост на која е потребно лекување може да биде детектирана со ехокардиографија, на пример по миокарден инфаркт.
- Со ехокардиографија може да се процени и систолниот притисок на десната комора. Систолниот притисок е одраз на притисокот во белодробните артерии, што е од големо значење при дијагноза на белодробна емболија.
- Ехокардиографија треба да се направи кај сите помлади пациенти со срцева слабост, како и кај сите пациенти со нејасна дијагноза или етиологија. Дури и кога дијагнозата на срцева слабост е потврдена, ехокардиографија може да се направи за да се определи степенот на систолна функција на срцето (NYHA класификацијата е одраз на комплетниот функционален капацитет на пациентот).
- Најпрактичното мерење на коморната функција за разликување меѓу пациентите со систолна дисфункција и пациентите со сочувана систолна функција е мерењето на ЛКИФ (нормална 45-50%). Оваа гранична (cut-off) вредност е арбитрарна. Во Табелата 5 се дадени најчестите ехокардиографски абнормалности при срцева слабост.

Напомена! Во практиката ехокардиографско иследување не може да им биде овозможено на сите пациенти со суспектна срцева слабост. Ехокардиографијата треба да биде резервирана за пациенти коишто имаат клинички потврдена срцева слабост и чијшто третман може да зависи од ехокардиографскиот наод.

4 Тешко достапни во Р. Македонија

5 ЛКИФ= левокоморна истисна (ежекциона) фракција

Табела 5. Вообичаени ехокардиографски абнормалности при постоење на срцева слабост

Промени	Абнормалност	Клинички импликации
ЛКИФ	Редуцирана (< 45-50%)	Систолна дисфункција
ЛК функција, глобална и фокална	Акинезија, хипокинезија, дискинезија	Миокарден инфаркт/исхемија Кардиомиопатија, миокардит
Крајно-дијастолен дијаметар	Зголемен (> 55-60 mm)	Волуменско оптоварување Веројатна срцева слабост
Крајно-систолен дијаметар	Зголемен (> 45 mm)	Волуменско оптоварување Веројатна срцева слабост
Фракционо скратување	Редуцирано (< 25%)	Систолна дисфункција
Големина на лева преткомора	Зголемена (>40 mm)	Зголемен притисок на полнење Дисфункција на митралната валвула Преткоморна фибрилација
Левокоморна дебелина	Хипертрофија (> 11-12 mm)	Хипертензија, аортна стеноза, Хипертрофична кардиомиопатија
Валвуларна структура и функција	Валвуларна стеноза или регургитација (особено аортна стеноза и митрална регургитација)	Може да биде примарна причина за срцевата слабост или компликувачки фактор Процени ги градиентите и регургитантната фракција Процени ги хемодинамските последици Размисли за хируршки третман
Профил на проток над митралното устие	Абнормалности на записот за раното или доцното дијастолно полнење	Индицира дијастолна дисфункција и сугерира механизам
Врвната брзина на трикуспидната регургитација	Зголемена (>3 m/s)	Зголемен деснокоморен систолен притисок Сомнеж за постоење на белодробна хипертензија
Перикард	Ефузија, хемоперикард, здебелување	Размисли за тампонада, уремија, малигнитет, системско заболување, акутен или хроничен перикардит, констриктивен перикардит
VTI на ниво на аортна валвула	Редуцирано (< 15 cm)	Намален ударен волумен
Инфериорна вена кава	Дилатиран ретроградeн проток	Зголемен деснопреткоморен притисок Деснокоморна дисфункција Конгестија на црн дроб

VTI=Velocity time integral

ДИЈАГНОСТИЧКИ КРИТЕРИУМИ

1. **Диспнеа или слабост или обете при одење на рамно.**
2. **Коморен галоп или срцева фреквенција над 90 удари/минута или обете ако срцевата фреквенција не е забавена под дејство на медикаменти).**
3. **Зголемен југуларен венски притисок или венска конгестија на рендгенографија на граден кош, или обете.**
4. **Значајно зголемено срце на рендгенографија на граден кош.**

- Ако пациент којшто не е под терапија има три од четирите горенаведени симптоми или знаци, тогаш присуството на срцева слабост е високо веројатно. Болеста што придонесла за срцева слабост треба да биде идентификувана.
- Критериумите за дијагноза на срцева слабост според Европското кардиолошко здружение се дадени во Табела 6.

Табела 6.
Дијагноза на срцева слабост - поедноставен дијаграм

Неопходно	Не оди во прилог	Оди во прилог	Мора да се исклучи
Знаци и симптоми на срцева слабост: диспнеа, малаксаност, оток на глуждови	Нормален електрокардиограм	Одговор кон терапија	Буврежно заболување, анемија
Срцева дисфункција (вообичаено детектирана со ехокардиографија)	Нормален рендгенграм на граден кош	Кардиомегалија или белодробна конгестија на рендгенграм на граден кош	Белодробно заболување (рендгенографија на граден кош, белодробни функционални тестови)
	Нормална толеранција на напор при стрес-тест	Намалена толеранција на напор при стрес-тест	
	Нормална концентрација на плазма ANP, BNP	Зголемена концентрација на плазма ANP, BNP	

ANP = натриуретички пептид; BNP = натриуретички пептид

ПРОБЛЕМИ СО ДИЈАГНОЗАТА

- Гореспоменатите четири традиционални критериуми се специфични и превенираат лажно позитивна дијагноза, што е вообичаено. Совпаѓање на мислењата меѓу докторите за присуството на третиот срцев тон (S3), и во однос на проценатa на југуларниот венски притисок, е мало, со што се намалуваат клиничката вредност и корисност на овие опсервации.
- Отсуство на поединечен симптом или знак не значи и дека пациентот нема срцева слабост; најспецифичните знаци не се сензитивни и се јавуваат само при напредната и нелекувана срцева слабост.
- Срцева слабост којашто треба да се лекува може да биде асимптоматска и видлива само со ултразвук.

За процена на ефикасност на третманот, повеќе сензитивни (и истовремено повеќе неспецифични) критериуми може да се користат, особено во однос на постоењето на каква било нивна промена:

- Диспнеа при напор, ноќно кашлање
- Белодробни 'ркалки, пораст на телесна тежина, отоци на нозете, конгестија на црн дроб.

Проблеми со диференцијалната дијагноза се предизвикани од:

- Зголемена телесна тежина, особено кај жените; истовремено ја прави интерпретацијата на рендгенографијата на градниот кош потешка
- Физичка неактивност и отсуство на физичка подготвеност
- Венска инсуфициенција или имобилизација: може да предизвика отоци на нозете (позитивниот ефект на диуретската терапија не ја потврдува дијагнозата на срцева слабост)
- Белодробна болест: ХОББ и со напор-индуцирана астма
- Асимптоматска КАБ со диспнеа при напор како главен симптом (важно!)
- Неколку егзацербирачки фактори претходно набројани
- Дијастолна дисфункција со диспнеа при напор како главен симптом со нормална големина на срцето на рендгенографија
- Повторувачки белодробни емболии.

Ако дијагнозата не е сигурна, размисли за:

- Одредување на ANP или BNP
- Консултација со кардиолог
- Ехокардиографија
- Намалување на лекови.

СОСТОЈБИ КАЈ КОИ ТРЕБА ВЕДНАШ ДА СЕ ПРЕПОРАЧА БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ

- Клинички или електрокардиографски знаци за акутна миокардна исхемија;
- Белодробен едем или тежок респираторен дистрес;
- Компликација со друга тешка болест (пр.: пневмонија);
- Анасарка (генерализиран едем);
- Симптоматска хипотензија или синкопа;
- Срцева слабост рефрактерна на терапија препорачана амбулантски;
- Тромбемболиска компликација, која бара интервенција;
- Решавање клинички значајни аритмии;
- Хиперкалемија;
- Несоработка со пациентот за амбулантско водење и лекување.

НАТАМОШНИ ИСПИТУВАЊА[6]

- Етиологијата на срцевата слабост треба секогаш да се идентификува уште во иницијалната фаза. Други третмани, покрај фармаколошката терапија, треба да бидат достапни, како на пример: коронарна реваскуларизација или валвуларна хирургија.
- Натамошните испитувања најчесто се индицирани за определување на етиологијата на срцевата слабост. Кои од нив ќе се препорачаат е одлука на кардиологот:
  - Трансезофагеална ехокардиографија - се препорачува кај пациенти кај кои постои неадекватен трансторакален ехо-прозорец (гојност, вентилирани пациенти), при комплицирани срцеви мани, сомнеж за ендокардит, конгенитални срцеви заболувања или со цел да се отфрли постоење на тромб во левиот преткоморен апендикс при преткоморна фибрилација.
  - Стрес-ехокардиографија (добутамин или со оптоварување) - се користи како метод за детектирање исхемија како причина за коморна дисфункција и за проценување на миокардната животоспособност при постоење на изразена хипокинезија или акинезија. Може да биде корисна за идентификација на миокардно зашеметување (stunning), хибернација и во зависност од симптомите на срцева слабост, постоење на валвуларни абнормалности. Кај пациентите со срцева слабост стрес-ехокардиографијата може да има помала сензитивност и специфичност како резултат на ЛК дилатација или присуство на блок на гранка.

Натамошни неинвазивни тестови со визуелизација

Кај пациенти кај кои ехокардиографијата во мирување не обезбедила адекватни информации и кај пациенти со сомнеж за постоење на КАБ, натамошните неинвазивни тестови со визуелизација може да ги вклучат: магнетната резонанца, компјутеризираната томографија или радионуклидните тестови.

6 Повеќето од дополнителните испитувања се тешко достапни или не се достапни во сите здравствени установи

- Магнетна резонанца на срце - претставува најточен и најрепродуктибилен метод за мерење на срцеви волумени, глобална функција, регионално sидно движење, дебелина на sид, миокардна маса и тумори, срцеви валвули, конгенитални дефектии перикардна болест. Стана златен стандард за точност и репродуцибилност за процена на волумени, маса и sидни движења. Користењето парамагнетни контрасти, како што е гадолиниум, може да обезбеди докази за постоење на воспаление, инфилтрација и лузна кај пациенти со инфаркт, миокардит, перикардит, кардиомиопатии и инфилтративни болести. Ограничувањата ги вклучуваат: цената на чинење, достапноста, пациенти со дисритмии или имплантирани помагала и неподносливоста.
- Компјутеризирана томографија (КТ) на срце - кај пациенти со срцева слабост, неинвазивната дијагноза на коронарната анатомија би можела да биде од корист и да помогне во одлуката за коронарна ангиографија. За КТ ангиографија може да се размислува при постоење на ниска или средна преттестверојатност за КАБ и при неубедливи резултати од стрес-тест или стрес визуелизационен (imaging) тест. Демонстрацијата на атеросклерозата на КТ скен го потврдува постоењето на КАБ, но неопходно не зборува и за исхемија.
- Радионуклидна вентрикулографија - претставува релативно прецизен метод за одредување на ЛКИФ и најчесто се користи во контекст на миокардна перфузија, обезбедувајќи информации за животоспособност и исхемија. Има ограничувачка вредност за процена на волумени или суптилни индекси на систолна и дијастолна функција.
- Белодробни функционални тестови - мерење на белодробната функција има ограничена вредност за дијагнозата на срцева слабост. Како и да е, овие тестови се корисни за демонстрирање или отфрлање на респираторните причини за недостатокот на воздух или за проценатa на потенцијалниот придонес на белодробните болести на диспнеата на пациентот. Рутинската спирометрија ја евалуира изразеноста на опструктивната белодробна болест. Постоење на белодробна конгестија може да има влијание врз резултатите од тестот. Крвните гасови се нормални при добро компензирана хронична срцева слабост. Намалување на артериското кислородно заситување треба да води кон барање на други дијагнози.
- Стрес-тест - корисен е во објективната евалуација на капацитетот на подносливоста на напор и симптомите коишто се јавуваат при напор како што се диспнеата и малаксаноста. Шестминутниот тест на одење е едноставен, репродуктибилен, достапен и често употребуван тест за процена на субмаксималниот функционален капацитет и за евалуација на одговорот на интервенции. Нормален максимален стрес- тест кај пациент којшто не прима терапија за срцева слабост исклучува дијагноза на симптоматска срцева слабост. Може да се употребува или велосипед или подвижна (treadmil) трака со модификуван протокол за срцева слабост, што подразбира бавно зголемување на оптоварувањето. За време на оптоварувањето се претпочита употреба на гасни анализи затоа што обезбедува високо репродуктибилни мерења на ограничувањата на оптоварувањето, увид во диференцијацијата меѓу срце-

вата и респираторната причина на диспнеата, процена на вентилаторната ефикасност и носи прогностички информации. Максималната кислородна потрошувачка (peak VO2) и аеробниот праг (treshold) се корисни индикатори на функционалниот капацитет на пациентот, а максималниот VO2 и кривата на односот VE/VCO2 (вентилаторен одговор на оптоварување) се од виока прогностичка вредност. Максималната вредност на односот на измената на гасови е корисен индекс на степенот на достигнатата анаеробиоза (способност за клеточно опстојување во анаеробни услови).

- Амбулаторно електрокардиографско мониторирање (Холтер) - е корисно за пациенти чиишто симптоми сугерираат постоење на аритмии (палпитации, синкопа) и за мониторирање на коморна фреквенција кај пациенти со преткоморна фибрилација. Може да ги детектира и квантификува природата, честотата и траењето на преткоморните и коморните аритмиии и асимптоматските епизоди на исхемија, кои би можеле да бидат одговорни за симптомите или да ги егзацербираат кај пациентите со срцева слабост. Епизодите на симптоматски, неопстојувачки коморни тахикардии се чести кај пациентите со срцева слабост и се поврзани со лоша прогноза.

Срцева катетеризација

Срцева катетеризација е непотребна за рутинска дијагноза и лекување на пациентите со срцева слабост. Инвазивните испитувања често се употребуваат со цел да се утврди етиологијата, да се добијат прогностички информации и ако се размислува за миокардна реваскуларизација.

- Коронарна ангиографија
  - Треба да се изведе кај пациентите со срцева слабост, кои имаат ангина или значајна исхемија, освен ако не може да им се изведе реваскуларизација од кој било вид (класа I, ннд-**B**).
  - Се препорачува кај пациенти со висок ризик за КАБ, без контраиндикации со цел да се востанови дијагноза и се планира стратегија на третман (класа I, ннд-**C**).
  - Се препорачува кај пациенти со срцева слабост и како доказ за значајна валвуларна болест (класа I, ннд-**C**).
  - Треба да се размисли за нејзина примена кај пациентите со срцева слабост коишто имаат анамнеза за ангина при напор или сомнеж за исхемична ЛК дисфункција, по срцев застој и кај оние со повеќе ризик-фактори за КАБ (класа I, ннд-**C**).
  - Би можела ургентно да се примени кај селектирани пациенти со изразена срцева слабост (шок или акутен белодробен едем) и кај пациенти коишто адекватно не одговараат на третман.
  - Коронарна ангиографија и ЛК вентрикулографија се исто така индицирани кај пациенти со рефрактерна срцева слабост од непознато потекло и
  - Кај пациенти со доказ за постоење на изразена митрална регургитација или болест на аортна валвула, кои се потенцијално хируршки коригибилни (класа IIa, ннд-**C**).

- Десносрцева катетеризација - обезбедува вредни хемодинамски информации за притисоците на полнење, васкуларната резистенција и минутниот волумен. Нејзината улога во клиничката практика за дијагноза на срцевата слабост е ограничена. Претставува база за класификацијата по Forrester и е најточен метод за хемодинамска евалуација на пациенти коишто се рефрактерни на третман, пред срцева трансплантација или за евалуација на третман при клиничките истражувања. Мониторирање на хемодинамските параметри со помош на пулмонален артериски катетер (PAC) би можело да се размисли кај хоспитализирани пациенти со кардиоген/некардиоген шок или кај оние пациенти што се рефрактерни на соодветниот третман. Како и да е, користењето на PAC не покажало дека ја подобрува прогнозата.
- Ендомиокардна биопсија - со нејзина помош можат да се дијагностицираат специфични миокардни нарушувања. Клиничката одлука мора да биде направена врз основа на достапни студии на клинички случаи и експертски мислења. Во најновата публикувана заедничка изјава на AHA/ACC/ESC за индикациите на ендомиокардната биопсија се сугерира дека за изведување на процедурата треба да се размисли кај пациенти со акутна или фулминантна срцева слабост од непозната етиологија, чија состојба бргу се влошува со коморни аритмии и/или преткоморно-коморен блок, или кај пациенти коишто не одговараат на конвенционална терапија за срцева слабост. Примената на ендомиокардна биопсија може да биде предмет на размислување и при хронична срцева слабост со сомнеж за инфилтративен процес како што е: амилоид, саркоид, хемохроматоза, како и при еозинофилен миокардит и рестриктивна кардиомиопатија од непознато потекло.

ДИЈАСТОЛНА ДИСФУНКЦИЈА

- Кај мажите типична клиничка комбинација е присуство на коронарна артериска болест придружена со систолна срцева слабост, додека кај жените покачениот крвен притисок типично е придружен со левокоморна дијастолна дисфункција.
- Дијастолната дисфункција вообичаено е поврзана со систолна дисфункција. Може, како и да е, понекогаш да се јави и како независен ентитет: ЛКИФ останува речиси нормална (45-50%), но дијастолата е нарушена така што ЛК активно не ја повлекува крвта и поради тоа недоволно се полни.
- Може да биде детектирана единствено со ехокардиографија.
- Дијастолна дисфункција е суспектна кога диспнеата е главен симптом и кога
  - Големината на срцето е нормална или речиси нормална.
  - Електрокардиограмот покажува знаци за левокоморна хипертрофија.
  - Пациентот е постар (>75 години) и има исхемично срцево заболување или хипертензија.
- Главна диференцијално-дијагностичка дилема за дијастолна дисфункција е исхемијата, која истовремено е и причина за дијастолна дисфункција.

- Лекувањето е слично како при систолна дисфункција.
  - Диуретиците се основни при постоење на задршка на течности. Ексцесивната дехидратација ќе води кон егзацербација на симптоми.
  - Намалување на брзата фреквенција со бета-блокатори, со намера да се продолжи дијастолата.
  - Одржување на синусен ритам и преткоморната функција би можеле да бидат исклучително важни и треба да се обезбедуваат на кој било начин.
  - Ангитензин рецептор блокаторот цандесартан бил корисен за пациентите со дијастолна дисфункција вклучени во студијата CHARM.
- Терапијата со лекови на дијастолната дисфункција не ги подобрува симптомите и прогнозата така како што е при третманот на систолната дисфункција.

ТЕЖИНА НА СРЦЕВАТА СЛАБОСТ

- Клиничкиот наод и симптомите не корелираат со ЛКИФ, која, пак, од своја страна ја детерминира прогнозата кај пациентот. Ехокардиографијата иследување коешто дава објективен наод за систолниот капацитет на срцето.
- Се користи и вербална експресија, односно клиничка симптоматска дескрипција: без симптоми, лесна (кога пациентите можат да се движат наоколу без сериозно ограничување со појава на диспнеа или малаксаност), тешка (пациенти со изразени симптоми, кои често бараат лекарска помош) и средно изразена (за преостанатите) срцева слабост.
- Вообичаено се користат две класификации (Табела 7) за тежината на срцевата слабост. Едната се потпира врз симптомите и капацитетот на оптоварување (New York Heart Association - NYHA функционална класификација). NYHA класификацијата се покажала клинички корисна. Најновите класификации се потпираат врз обете, структурата на срцето и симптомите (Табела 7). Во контекст на миокардниот инфаркт, за тежината на срцевата слабост се користат две други класификации: Killip и Forrester класификација (Табела 8).
- NYHA (New York Heart Association) класификацијата го опишува вкупниот функционален капацитет кај пациентот. При New York Heart Association III и IV прогнозата е лоша и сите форми на лекување треба да се применат.
- Левокоморна истисна фракција (ЛКИФ):
  - ЛКИФ под 25% вообичаено значи тешка дисфункција (кореспондира со NYHA класа III и IV). Главна цел на терапијата е намалување на симптомите, особено белодробниот едем.
  - ЛКИФ над 45% вообичаено ја отфрла дијагнозата на систолна дисфункција, но не и на дијастолна дисфункција.

Табела 7. Класификација на срцевата слабост според структурните абнормалности (ACC/AHA), или според симптомите поврзани со функционалниот капацитет (NYHA)

ACC/AHA стадиуми на срцева слабост	NYHA функционална класификација
Стадиуми на срцева слабост базирани врз структурата и оштетеноста на срцевиот мускул	Тежина базирана врз симптоми и физичка активност
Стадиум A: Постои висок ризик за развој на срцева слабост. Не се идентификуваат структурни или функционални абнормалности, нема знаци или симптоми.	Класа I: Нема ограничување на физичката активност. Вообичаената физичка активност не предизвикува неподнослива слабост, палпитации или диспнеа.
Стадиум B: Развиена структурна болест на срцето, која е силно поврзана со развој на срцева слабост, но без знаци или симптоми.	Класа II: Лесно ограничување на физичката активност. Нема симптоми во мир, но вообичаена физичка активност доведува до слабост, палпитации, или диспнеа.
Стадиум C: Симптоматска срцева слабост поврзана со структурна болест на срцето.	Класа III: Значајно ограничување на физичката активност. Нема симптоми во мир, но помалку од вообичаена физичка активност доведува до слабост, палпитации или диспнеа.
Стадиум D: Напредната структурна болест на срцето и изразени симптоми на срцева слабост во мир и покрај максималната терапија.	Класа IV: Неспособни да изведат каква било физичка активност без тегоби. Симптомите се појавуваат во мир. Ако се преземе каква било активност, тегобите се зголемуваат.

ACC = American College of Cardiology; AHA = American Heart Association;

Табела 8. Две класификации на тежината на срцевата слабост во контекст на акутен миокарден инфаркт (АМИ)

Killip класификација	Forrester класификација
Дизајнирана да обезбеди клиничка процена на изразеноста на циркулаторните нарушувања во третманот на АМИ	Дизајнирана да го опише клиничкиот и хемодинамски статус во АМИ
Стадиум I: Нема срцева слабост. Нема клинички знаци за срцева декомпензација.	1. Нормална перфузија и пулмонален капиларен притисок (PCWP).
Стадиум II: Срцева слабост. Дијагностичките критериуми вклучуваат 'ркалки, S3 галоп и белодробна венска хипертензија. Белодробна конгестија со влажни 'ркалки во долната половина на белодробните полиња.	2. Нарушена перфузија и низок пулмонален капиларен притисок (хиповолемија).
Стадиум III: Изразена срцева слабост. Вистински белодробен едем со 'ркалки низ белодробните полиња.	3. Речиси нормална перфузија и висок пулмонален капиларен притисок (белодробен едем).
Стадиум IV: Кардиоген шок. Знаците вклучуваат хипотензија (КПс од < 90 mmHg) и знаци за периферна вазоконстрикција како што се: олигурија, цијаноза и потење.	4. Нарушена перфузија и висок пулмонален капиларен притисок (кардиоген шок).

ПРОГНОЗА

- Одредувањето на прогнозата кај срцевата слабост е комплексно. Мора да се земат предвид: различната етиологија, возраста, честите придружни болести, варијациите во индивидуалната прогресија и исходот (ненадејна *vs.* прогресивна смрт). Влијанието врз прогнозата на специфичните третмани кај индивидуален пациент со срцева слабост често е тешко за предвидување. Параметрите што најчесто се цитираат како независни предвидувачи на прогнозата се дадени во Табела 9.

Табела 9. Состојби поврзани со лоша прогноза кај пациенти со срцева слабост

Демографски	Клинички	Електро-физиолошки	Функционални при напор	Лабораторија	Визуелизација
Повисока возраст*	Хипотензија*	Тахикардија Q запци	Редуцирана работа, низок максимален VO2*	Изразито високи вредности на BNP/NT про BNP*	Ниска ЛКИФ*
Исхемична етиологија*	NYHA функционална класа III-IV*	Широк QRS*		Хипонатремија*	
Реанимирана ненадејна срцева смрт*	Претходна хоспитализација поради срцева слабост*	ЛК хипертрофија Комплексни коморни аритмии*		Зголемен тропонин* Зголемени биомаркери, неврохуморална активација*	
Слаба комплијанса	Тахикардија	Мала варијабилност на срцевата фреквенција Преткоморна фибрилација	Мала дистанца при 6-минутен тест на одење	Зголемен креатинин/уреа	Зголемени ЛК волумени
Бубрежна дисфункција	Белодробни ‘ркалки	Т-бран алтернанса	Висока крива на VE/VCO2	Зголемен билирубин Анемија	Низок срцев индекс
Дијабетес	Аортна стеноза		Периодично дишење	Зголемена мокрачна киселина	Висок ЛК притисок на полнење
Анемија	Мал индекс на телесна маса				Рестриктивен тип на дијастолно нарушување, белодробна хипертензија
ХОББ	Нарушувања на дишење при спиење				Нарушена деснокоморна функција
Депресија					

*значаен (силен) претскажувач

ПРИНЦИПИ НА ЛЕКУВАЊЕ

- Модификација на однесувањето: регуларна физичка активност, избегнување на пораст на телесната тежина. Редукција на внес на сол, умерен внес на алкохол. При изразена срцева слабост треба да биде ограничен внесот на течности (1.5-2 L), како и нивото на физичката активност.
- Секогаш кога е можно причината на срцевата слабост треба да се лекува, како на пр.: реваскуларизација, валвуларна хирургија, востановување на синусен ритам.
- Факторите на егзацербација и започнување на срцевата слабост треба да се препознаат и лекуваат.
- Мора да се земат предвид другите придружни болести; најчесто присутни се бубрежната слабост и ХОББ.
- Потребно е давање соодветни лекови со доволна доза.
- АКЕ-инхибиторите и/или бета-блокаторите ја подобруваат прогнозата на систолната срцева слабост. Повеќето од овие пациенти се со прележан миокарден инфаркт. Дури и кај асимптоматските пациенти прогнозата ќе се подобри и манифестациите на болеста ќе се намалат.
- Негата треба да биде доверена на медицинска сестра специјализирана за срце со цел да го контролира третманот со лекови и да ги регистрира промените на состојбата на пациентот.
- Контрола на преткоморната фибрилација
- Непотребна тахикардија го оштетува миокардот. Особено дијастолната дисфункција се влошува со скратување на дијастолата, што може да доведе и до акутен белодробен едем.
- Одржување синусен ритам може да биде успешно со Amiodarone; другите лекови за одржување (Група IA, IC) не се сигурни. Amiodarone, исто така, ќе го спречи брзиот коморен одговор при преткоморна фибрилација.
- Катетер аблацијата и/или преткоморно-коморната електростимулација може да биде искористена заради одржување синусен ритам.
- Економичната контрола на срцевата фреквенција при преткоморна фибрилација треба да се обезбеди со Холтер мониторирање, ако е потребно: срцева фреквенција во мир од 60-80 удари/мин и при оптоварување 110-115 удари/мин.

ЦЕЛИ НА ЛЕКУВАЊЕТО ПРИ СРЦЕВА СЛАБОСТ (види Алгоритам 2)

- Целта на дијагнозата и лекувањето на срцевата слабост не се разликуваат од која било друга состојба, имено, да доведе до намалување на морбидитетот и морталитетот (Табела 10). Со оглед на тоа што годишната смртност од срцева слабост е многу висока, нагласокот е особено ставен на крајниот исход во клиничките студии. Како и да е, за многу пациенти и особено за возрасните, можноста да се води независен живот, ослободен од изразени симптоми и избегнување на хоспитализации се цели коишто во некои случаи би можеле

да бидат еквивалентни на желбата за продолжување на животот. Превенцијата на срцевата слабост или нејзината прогресија останува суштински дел од лекувањето.

- Алгоритам 2 обезбедува стратегија за третман со лекови и помагала кај пациенти со симптоматска срцева слабост и систолна дисфункција. Суштински е да се детектираат и размисли за третман на вообичаените срцеви и несрцеви придружни заболувања.
- АКЕ-инхибиторите или ангиотензин рецептор блокаторите и адекватната доза на бета-блокаторите би требало да бидат препишувани на сите пациенти коишто имаат намалена ЛКИФ (< 40-45%), вклучувајќи ги асимптоматските пациенти со цел да се подобри прогнозата.
  - АКЕ-инхибиторите ја подобруваат прогнозата при лесна, средно и силно изразена срцева слабост, како и кај срцева слабост којашто се должи на миокарден инфаркт, дури и кај асимптоматски пациенти.
  - Рестрикција на сол или диуретиците го зголемуваат ефектот на АКЕ инхибиторите.
  - Одговорот на терапијата е бавен.
  - Зголемената вредност на креатининот во почетокот на третманот не е специфична контраиндикација за употреба на АКЕ-инхибиторите.
- Бета-блокаторите, кога се даваат соодветно, ја подобруваат прогнозата кај пациентите коишто толерираат намалување на ефектите на симпатичкиот нервен систем. Особено пациенти со исхемично срцево заболување ќе имаат корист од бета-блокатори.
- Диуретиците се прва линија на симптоматски третман на белодробен и периферни едеми. Одговорот на терапијата е брз. Иницијалната доза е вообичаено поголема од онаа за одржување која треба да биде минимализирана.
  - Диуретиците на Henle-овата јамка (loop) се повеќе ефикасни од тиазидните диуретици и нивната комбинирана терапија може да биде користена во рефрактерните случаи на волуменско оптоварување.
- Digoxin-от е индициран за оптимизирање на коморната фреквенција при преткоморна фибрилација.
- Нитратите може да се комбинираат со други лекови кај пациенти со симптоматска срцева слабост.
- Калциум-канал блокаторите amlodipine и felodipine може да се користат кај пациенти со придружна хипертензија.
- Гореспоменатите лекови се комбинираат индивидуално кај секој пациент.
- Дури и повремената употреба на нестероидните антиинфламаторни лекови би требало да се избегнува кога се работи за бубрежна болест.

Табела 10. Цели на третманот на хронична срцева слабост

1. Прогноза	Намалување на морталитетот
2. Морбидитет	Ослободување на симптоми и знаци Подобрување на квалитетот на живеење Елиминирање на едеми и задршка на течност Зголемување на капацитетот на оптоварување Намалување на слабост и недостаток на воздух Намалување на потребата за хоспитализација Обезбедување на палијативна нега
3. Превенција	Појава на миокардно оштетување Прогресија на миокардно оштетување Ремоделирање на миокардот Повторна појава на симптоми и акумулација на течност Хоспитализација

НЕФАРМАКОЛОШКИ ТРЕТМАН НА СРЦЕВАТА СЛАБОСТ

- **Прифаќање на лекувањето** - доброто прифаќање на лекувањето се покажало дека ги намалува морбидитетот и морталитетот и го подобрува квалитетот на живеењето. За таа цел се препорачува (класа I, ннд-**C**):
  - Да се покани член на семејството да земе учество во едукативните програми и одлуките што се однесуваат на третманот и грижата за пациентот.
  - Пациентите треба да знаат за нивниот третман, особено за позитивните и несаканите ефекти на лековите и за тоа како лековите треба да се земаат и титрираат. Ова може да биде тешко да се изведе кај пациенти со когнитивна дисфункција.
  - Пациентите треба да бидат свесни дека позитивните ефекти од терапијата може да се јават подоцна и да немаат нереални очекувања во однос на почетниот одговор на третманот. Мора да се објасни дека несаканите ефекти се најчесто транзиторни и дека можат да поминат месеци за повторно титрирање и процена на комплетните ефекти на лекот.
  - Интервенции за подобрување на прифаќањето на третманот се препорачуваат, кои треба да претставуваат цел на здравствените работници.
- **Препознавање на симптоми** - симптомите на влошување на срцевата слабост можат значајно да варираат. Пациентите и/или оние што се грижат за нив треба да научат да ги препознаат симптомите на влошување и да преземат соодветни мерки. За таа цел се препорачува (класа I, ннд-**C**):
- **Примена на флексибилна доза на диуретиците**, која ќе се заснова врз симптомите и балансот на течности, но во рамките на максималните препорачани дози и само откако претходно ќе се дадат детални инструкции и ќе се примени едукација.
- **Мониторирање на телесната тежина** - зголемувањето на телесната тежина често е поврзано со влошување на срцевата слабост и задршка на течности.

Пациентите треба да се свесни дека влошување може да настапи и без зголемување на телесната тежина. За таа цел се препорачува (класа I, ннд-**C**):

- Пациентите треба да ја мерат телесната тежина регуларно со цел да ги мониторираат промените, најдобро како дел од дневната рутина. Во случај на ненадеен пораст на телесната тежина >2 kg во 3 дена, пациентите може да ја зголемат дозата на диуретиците и треба да го известат здравствениот тим којшто се грижи за нив. Ризикот од празнењето на течности како резултат на претерана употреба на диуретици мора да биде објаснет.

- **Диета и исхрана** - се препорачува рестрикција на внес на сол кај симптоматска срцева слабост со цел да се превенира задршка на течности. Иако не постојат специфични препораки, претеран внес на сол треба да се избегнува. Пациентите би требало да се едуцираат околу количеството на сол што се содржи во вообичаената храна (класа IIa, ннд-**C**).
- **Внес на течност** - би можело да се размисли за рестрикција на внес на течност од 1.5-2 L/дневно кај пациенти со изразени симптоми на срцева слабост, особено при хипонатремија. Рутинско ограничување на течност кај сите пациенти со лесни до умерено изразени симптоми не се покажува како клинички корисно (класа IIb, ннд-**C**).
- **Алкохол** - може да има негативен инотропен ефект и може да биде поврзано со зголемување на крвниот притисок и ризикот од аритмии. Претераната употреба може да биде штетна. За таа цел се препорачува:
  - Внесот на алкохол да биде ограничен на 10-20 g/дневно (1-2 чаши вино/дневно) (класа IIa, ннд-**C**)
  - Пациенти со сомнеж за алкохолно предизвикана кардиомиопатија мора комплетно да апстинираат од внес на алкохол (класа I, ннд-**C**).
- **Намалување на телесната тежина** - би требало да се размисли за намалување на телесната тежина кај дебелите индивидуи (индекс на телесна маса од >30 kg/m^2) со срцева слабост со цел да се превенира прогресијата на болеста, да се намалат симптомите и да се подобри квалитетот на живеење (класа IIa, ннд-**C**). При умерена до изразена срцева слабост, намалување на телесната тежина не би требало рутински да се препорачува затоа што несаканиот губиток на телесната тежина и анорексијата се вообичаени проблеми.
- **Несакан губиток на телесната тежина** - клиничка и субклиничка малнутриција кај пациенти со изразена срцева слабост се вообичаени. Патофизиологијата на срцевата кахексија при срцева слабост е комплексна и комплетно необјаснета, но нарушениот метаболизам, слабиот внес на храна, намалениот нутриционен внес, конгестијата на жолчката и воспалителните механизми може да се важни фактори. Срцевата кахексија е важен претскажувач на намаленото преживување. За таа цел се препорачува (класа I, ннд-**C**):
  - Ако намалувањето на телесната тежина за последните 6 месеци е 6% од претходната стабилна телесна тежина без знаци за задршка на течност, пациентот се дефинира како кахектичен. Нутритивниот статус на пациентот треба внимателно да се процени.

- **Пушење** - познато е како ризик-фактор за кардиоваскуларни заболувања. Нема проспективни студии коишто ги евалуирале ефектите на престанокот на пушење кај пациентите со срцева слабост. Опсервационите студии ја поддржуваат врската меѓу престанокот на пушењето и намалениот морбидитет и морталитет. За таа цел се препорачува (класа I, ннд-**C**):
  - Пациентите да примат поддршка и совет и да бидат мотивирани да престанат да пушат.
- **Имунизација** - би требало да се размисли за пнеумококна вакцинација и годишна вакцина против грип кај пациенти со симптоматска срцева слабост коишто немаат контраиндикации (класа IIa, ннд-**C**).
- **Активност и физички тренинг** - физичката неактивност е вообичаена кај пациентите со симптоматска срцева слабост и придонесува за нејзина прогресија. Регуларен, иницијално надгледуван, физички тренинг на отпорност и издржливост ја подобрува автономната контрола преку зголемување на вагусниот тонус и намалување на симпатичката активност, ги подобрува мускулната сила, вазодилататорниот капацитет и ендотелната дисфункција и го намалува оксидативниот стрес. Неколку систематички прегледи и метаанализи на мали студии покажаа дека физичкото кондиционирање со физички тренинг ги намалува морталитетот и хоспитализациите кога ќе се спореди само со вообичаена грижа, ја подобрува поднесливоста на напор и го подобрува квалитетот на живеење. Срцеви рехабилитациони програми по кардиоваскуларно збиднување или епизода на декомпензација претставуваат ефикасна опција на третман кај пациенти со срцева слабост. За таа цел се препорачува:
  - Регуларна, умерена дневна активност кај сите пациенти со срцева слабост (класа I, ннд-**B**)
  - Физички тренинг за сите стабилни хронични пациенти со срцева слабост. Нема докази дека физичкиот тренинг би требало да биде ограничен за која било група на пациенти со срцева слабост (етиологија, NYHA класа, ЛКИФ, или лекови). Програмите за физички тренинг најверојатно имаат слични ефекти, без оглед дали се одвиваат во болници или дома (класа I, ннд-**A**).
- **Сексуална активност** - сексуалните проблеми врзани за кардиоваскуларните заболувања, третманот со лекови (бета-блокатори) или психолошките проблеми како што се слабост и депресија, се вообичаени кај пациентите со срцева слабост. Постојат ограничени докази за влијанието на сексуалната активност врз клиничкиот статус на пациентите со лесни или умерени симптоми. Има извештаи за лесно зголемување на ризикот од декомпензација предизвикан од сексуалната активност кај пациентите со NYHA III-IV. Кардиоваскуларни симптоми, како што се диспнеа, палпитации или ангина, за време на сексот ретко се јавуваат кај пациенти коишто не чувствуваат слични симптоми при умерено ниво на физичко оптоварување.
  - Пациентите може да се советуваат да користат сублингвален нитроглицерин како профилакса од диспнеа или градна болка за време на сексуалната активност.

- Phosphodiesterase 5 (PDE5) инхибиторите (како sildenafil) го намалуваат белодробниот притисок, но моментално не се препорачуваат за пациентите со напредната срцева слабост. Тие никогаш не треба да бидат користени со нитратните препарати (класа III, ннд-**B**).
- Се советува индивидуализирано советување на обата машки и женски пациенти и нивните партнери (класа I, ннд-**C**).

- **Бременост и контрацепција** - може да доведе до влошување на срцевата слабост, како резултат на пораст на крвниот волумен и пораст на минутниот волумен, како и значаен пораст на екстраваскуларната течност. Важно е дека многу лекови што се користат во третманот на срцева слабост се контраиндицирани за време на бременоста. Ризикот од бременост се смета за поголем од ризикот од употреба на контрацептивни средства.
  - Се препорачува жените со срцева слабост да дискутираат за контрацепцијата и да ја планираат бременоста со лекарот, со цел да бидат соодветно информирани за потенцијалните ризици пред да донесат одлука.
- **Патување** - големи надморски височини (>1500 m) и патувања во многу топли и влажни краишта би требало да не се дозволуваат кај симптоматските пациенти. Планирано патување би требало да се дискутира со тимот за срцева слабост. Како правило, за долги патувања се претпочита патување со авион.
- **Нарушување на спиењето** - пациентите со симптоматска срцева слабост често имаат нарушувања на дишењето врзани со спиење (централна или опструктивна апнеа во сон, sleep-apnea). Овие нарушувања може да се поврзани со зголемен морбидитет и морталитет. За таа цел се препорачува:
  - Намалување на телесната тежина кај пациенти со изразено прекумерна телесна тежина, прекин на пушење и апстиненција од алкохол можат да го намалат ризикот (класа I, ннд-**C**).
  - Би требало да се размисли за третман со континуиран позитивен притисок (CPAP) на опструктивна апнеа во сон (sleep-apnea) документирана со полисонографија (класа IIa, ннд-**C**).
- **Депресија и нарушувања на однесувањето** - најдено е дека преваленцијата на клинички значајната депресија кај пациентите со срцева слабост е околу 20% и дека може да биде повисока кај пациенти коишто се испитувани со повеќе сензитивни инструменти и кај оние со понапредната срцева слабост. Депресијата е поврзана со зголемен морбидитет и морталитет. За таа цел се препорачува (класа IIa, ннд-**C**):
  - Постојат ограничени докази за скринингот и начините за процена, како и за ефикасноста на психолошките и фармаколошките интервенции кај пациентите со срцева слабост. Како и да е, би требало да се размисли за скрининг за депресија и започнување соодветен третман на пациенти со сугестивни симптоми.

ФАРМАКОЛОШКИ ТРЕТМАН НА СРЦЕВАТА СЛАБОСТ
Ангиотензин конвертирачки ензим (АКЕ) инхибитори

- АКЕ инхибиторите (АКЕИ) треба да бидат препишани кај сите пациенти со срцева слабост (ЛКИФ ≤ 40%), односно кај пациентите во сите функционални класи по NYHA како резултат на левокоморна систолна дисфункција (класа I, ннд-**А**). Третманот со АКЕИ ги подобрува коморната функција и квалитетот на живеење на пациентите, ги намалува хоспитализациите поради влошување на срцевата слабост и го подобрува преживувањето (ннд-**А**). Кај хоспитализираните пациенти, третманот со АКЕИ треба да започне пред напуштањето на болницата. Најголемиот ефект се јавува во првите 90 дена и пациентите со најниска ЛКИФ имаат најмногу корист.
- АКЕИ се користат и профилактички кај асимптоматска срцева слабост кога пациентот има кардиоваскуларни ризик-фактори (ннд-**А**).
- Специјални индикации за терапија со АКЕИ се валвуларна инсуфициенција и хипертензија, дури и при нормална ЛКИФ. Валвуларната стеноза е конвенционална контраиндикација. Како и да е, повеќето пациенти со аортна стеноза може да ги толерираат АКЕИ ако лекот е започнат со ниска доза и пациентите се мониторираат за ортостатски проблеми.
- Контраиндикации за примена на АКЕИ се: анамнеза за ангионевротски едем и постојна билатерална стеноза на реналните артерии. Внимание треба да се обрне, односно да се бара мислење од специјалист доколку постојат: значајна хиперкалемија (K^+>5.0 mmol/L), значајна бубрежна дисфункција (креатинин >221 μmol/L), значајна аортна стеноза и симптоматска или асимптоматска хипотензија (систолен крвен притисок <90 mmHg).

Како да се користат АКЕИ кај срцева слабост:

- Започнување со третман:
  - Провери ги бубрежната функција и електролитите во серум;
  - Повторна проверка на бубрежната функција и електролитите во серум, во рамки на 1-2 недели од започнување со лекувањето.
- Титрирање на дози:
  - Дозата на АКЕИ се зголемува од почетната доза до целната доза по 2-4 недели (Табела 11). Не зголемувај ја дозата ако значајно дојде до влошување на бубрежната функција или се појави хиперкалемија. Се проверуваат бубрежната функција и електролитите во серум во рамки на 1-4 недели од зголемувањето на дозата. Побрза титрација до целната доза може да се изведе кај пациентите во болница или доколку пациентот интензивно се следи и доколку подносливоста кон лекот тоа го дозволува.
  - За постигнување максимално намалување на морталитетот, дозата треба да се титрира до целната доза (во согласност со резултатите од последните студии), освен во случаи кога постои лимитираност поради несаканите ефекти (ннд-**А**).

- Повторно провери ги бубрежната функција и серум електролитите за 1, 3 и 6 месеци по достигнување на целната доза и 6 месеци потоа.
- Медицинска сестра специјализирана за срцева слабост може да помогне при едукацијата на пациентите, нивното следење (лично, по телефон), мониторирање на биохемиските анализи и титрирањето на лекот.

Потенцијални несакани ефекти:

- Најважни несакани ефекти од АКЕИ се: кашлицата (20%), хипотензијата, хиперкалемијата и ангиоедемот, кои може да се појават дури и неколку месеци по започнувањето на терапијата.
  - За време на третманот, концентрацијата на калиумот во серумот треба да остане под вредноста 5.5 mmol/L и на креатининот под 220-250 μmol/L. Концентрациите на калиумот и креатининот во серум треба често да се проверуваат на почетокот на терапијата; кај изразена срцева слабост во рамки на една недела од започнување на лекувањето.
  - Мало зголемување (< 20%) на концентрацијата на креатининот во серум може да се очекува и е незначајно. Зголемување од 30% може да се толерира ако не продолжи натаму. Бубрежна слабост (со протеинурија) и пораст на креатининот во серум се специјални индикации, но можатда бидат и контраиндикации за АКЕИ. Во вакви случаи, електролитниот баланс и креатининот во серум мора да се мониторираат особено во иницијалната фаза. Изразен пораст на концентрацијата на креатининот во серум може да биде предизвикан било со диуретици или со АКЕИ, и особено со комбинација на овие два лека. Ако изразена срцева болест има потреба од терапија со АКЕИ и концентрацијата на креатининот во серум расте изразено, првин треба да бидат намалени дозите на диуретиците, а потоа, ако е потребно, да се намали дозата или да се прекине со давање на АКЕИ. Голем пораст на креатининот во серумот може понекогаш да зборува за стеноза на реналната артерија. Да се проверат и нефротоксичните лекови како што се нестероидните антиинфламаторни лекови. Пораст на креатининот до 50% од базалната вредност или до апсолутна концентрација од 265 μmol/L(~ 3 mg/dL) е прифатлив. Ако креатининот порасне над 265 μmol/L (~ 3.0 mg/dL), но под 310 μmol/L (~ 3.5 mg/dL), подели ја дозата на АКЕИ на половина и мониторирај ги лабораториските наоди од крвта. Ако креатининот порасне до 310 μmol/L \ (~ 3.5 mg/dL) или погоре, прекини со давање на АКЕИ веднаш и мониторирај ги лабораториските наоди од крвта.
- Бубрежна слабост, диуретици коишто штедат калиум и spironolactone, особено го зголемуваат ризикот од хиперкалемија. При хиперкалемија прекини ги првин овие лекови. Ако калиумот се покачи над 5.5 μmol/L, подели ја дозата на АКЕИ на половина и мониторирај ги лабораториските наоди од крвта. Ако калиумот се покачи над 6.0 mmol/L, прекини со давање на АКЕИ веднаш и мониторирај ги лабораториските наоди од крвта.
- Ризикот од хипокалемија предизвикана од употреба на диуретици е намален поради истовремената употреба на АКЕИ.

- Да се процени и гломеруларната филтрација особено кај возрасни жени коишто се ниски по раст.
- Симптоматската хипотензија е честа и вообичаено се подобрува со време, така што пациентите треба да се успокојуваат. Доколку хипотензијата предизвикува вртоглавица, „лебдеење" и/или конфузија, размисли дали има потреба од давање хипотензивни лекови (нитрати, калциум-антагонисти и други вазодилататори, но не и АРБ/бета-блокатори /алдостерон-антагонисти). Ако нема знаци за конгестија (едеми, 'ркалки), размисли за намалување на дозата на диуретици. Ако ова не го разрешува проблемот, барај совет од специјалист.

  Асимптоматската хипотензија не бара интервенција. Систолниот притисок може да се дозволи да падне до 90 mmHg, доколку пациентот остане асимптоматски. Пациенти коишто се под терапија со диуретици се чувствителни кон АКЕИ и можат да манифестираат иницијална хипотензивна реакција. При тешка срцева слабост дозата на одржување на АКЕИ, според клиничките студии, е претежно висока: 20 mg дневно за enalapril (често и повисока). Но, и помали дози коишто се толерираат од страна на пациентите може да дадат корист.
- Ако АКЕИ предизвикуваат вознемирувачка кашлица, префрли го пациентот на ангиотензин рецептор блокатор (АРБ).
- За време на бременоста, лекот се менува.
- Интеракција со лекови на која треба да се внимава:
  - K^+ суплементи/ диуретици, штедачи на K^+.
  - Супституенти со „малку сол", но со висока содржина на K^+.

Совети за пациентот:

- Дај му пишан совет и објасни ја очекуваната корист од третманот, кој треба да доведе до подобрување на симптомите, да го спречи влошувањето на срцевата слабост што ќе води до хоспитализација и ќе го продолжи животот.
- Симптомите се подобруваат во рамки на неколку недели до неколку месеци од започнувањето на третманот.
- Советувај го пациентот да ги пријави несаканите ефекти, како што се: вртоглавица/симптоматска хипотензија, кашлица (види во горниот текст за тоа како да се надминат).
- Советувај го пациентот да ги избегнува нестероидните антиинфламаторни антиревматици, кои не се препишани од лекар и супституенти за сол коишто содржат калиум (K^+).

Табела 11. Препорачани дози за АКЕИ – почетна доза и целна доза

АКЕ инхибитор	Почетна доза/ден	Целна доза/ден
Captropril	6.25 mg (три пати на ден)	25-50 mg (три пати на ден)
Enalapril	2.5 mg (два пати на ден)	10-20 mg (два пати на ден)
Lisinopril	2.5-5 mg (еднаш на ден)	20-35 mg (еднаш на ден)
Ramipril	2.5 mg (еднаш на ден)	5 mg (два пати на ден)
Trandolapril	0.5 mg (еднаш на ден)	4 mg (еднаш на ден)

Ангиотензин рецептор блокатори (АРБ)

- Ангиотензин рецептор блокатори (АРБ) се препорачуваат освен ако не се контраиндицирани или не се поднесуваат, кај пациенти со срцева слабост и ЛКИФ ≤ 40%, кои остануваат со симптоми и покрај оптималниот третман со АКЕИ и бета-блокатори, освен ако не земаат истовремено алдостерон-антагонисти. Третманот со АРБ ги подобрува коморната функција и квалитетот на живеење на пациентите и ги намалува хоспитализациите поради влошување на срцевата слабост (класа I, ннд-**A**).
- Третманот го намалува ризикот од смрт од кардиоваскуларни заболувања (класа IIa, ннд-**B**).
- Ангиотензин рецептор блокатори (АРБ) се препорачуваат како алтернативен третман кај пациенти коишто не ги поднесуваат АКЕИ. Кај овие пациенти, АРБ го намалува ризикот од смрт од кардиоваскуларни заболувања или ги намалува хоспитализациите поради влошување на срцевата слабост. Кај хоспитализираните пациенти, третманот со АРБ би требало да се започне пред испуштање од болница (класа I, ннд-**A**).
- Пациенти на кои треба да им бидат дадени АРБ (индикациите се базирани врз резултатите добиени од пациенти вклучени во рандомизираните студии).
  - ЛКИФ ≤ 40% и други.
  - Како алтернатива кај пациенти со лесни до изразени симптоми (NYHA функционална класа II-IV) коишто не ги поднесуваат АКЕИ.
  - Или кај пациенти со перзистентни симптоми (NYHA функционална класа II-IV), и покрај третманот со АКЕИ и бета-блокатори.
  - АРБ можат да предизвикаат влошување на бубрежната функција, хиперкалемија и симптоматска хипотензија со честота слична како кај АКЕИ. Тие не предизвикуваат кашлица.
- Контраиндикации за примена на АРБ се:
  - Идентични како за АКЕИ, освен ангиоедемот.
  - Пациенти коишто примаат АКЕИ и алтостерон-антагонисти.
  - АРБ би требало да бидат користени само кај пациенти со соодветна бубрежна функција и нормална концентрација на калиумот во серум; сериско мониторирање на електролитите во серум и бубрежната функција се задолжителни, особено ако АРБ се користат заедно со АКЕИ.

Како да се користат АРБ кај срцева слабост (Табела 12):

- Започнување со третман:
- Провери ги бубрежната функција и електролитите во серум;
- Почетна доза: било candesartan[7] од 4-8 mg еднаш дневно или valsartan од 40 mg два пати дневно.
- Повторно провери ги бубрежната функција и електролитите во серум во рамки на 1 недела од започнување со лекувањето.

Титрирање на дози:

- Размисли за зголемување на дозата по 2-4 недели. Немој да ја зголемуваш дозата ако постои влошување на бубрежната функција или хиперкалемија. Повторно провери ги бубрежната функција и електролитите во серум по 1 до 4 недели од зголемувањето на дозата.
- Во отсуство на гореспоменативе проблеми, обиди се да ја достигнеш целната доза базирана врз докази (evidence based target dose) - candesartan од 32 mg еднаш дневно или valsartan од 160 mg два пати дневно - или до максималната поднослива доза (Табела 12).
- Повторно провери ги бубрежната функција и електролитите во серум за 1, 3 и 6 месеци по достигнување на дозата на одржување и 6 месеци потоа.
- Медицинска сестра специјализирана за срцева слабост може да помогне при едукацијата на пациентите, нивното следење (лично, по телефон), мониторирање на биохемиските анализи и титрирањето на лекот.

Потенцијални несакани ефекти се идентични како кај АКЕИ, освен кашлицата.

- Интеракција со лекови на која треба да се внимава:
- K^+ суплементи/ диуретици-штедачи на K^+.
- Супституенти со „малку сол", но со висока содржина на K^+.

Совети за пациентот:

- Дај му пишан совет и објасни ја очекуваната корист од третманот којшто треба да доведе до подобрување на симптомите, да го спречи влошувањето на срцевата слабост што ќе води до хоспитализација и ќе го продолжи животот.
- Симптомите се подобруваат во рамки на неколку недели до неколку месеци од започнувањето на третманот.
- Советувај го пациентот да ги пријави несаканите ефекти, како што се: вртоглавица/симптоматска хипотензија.
- Советувај го пациентот да ги избегнува нестероидните антиинфламаторни антиревматици, кои не се препишани од лекар и супституенти за сол коишто содржат калиум (K+).

7 Недостапен во Р. Македонија

Табела 12. Препорачани дози за АРБ – почетна доза и целна доза

АКЕ инхибитор	Почетна доза/ден	Целна доза/ден
Candesartan	4 или 8 mg (еднаш дневно)	32 mg (еднаш дневно)
Valsartan	40 mg (два пати на ден)	160 mg (два пати на ден)

Диуретици

- Диуретиците се препорачуваат кај пациенти со срцева слабост и клинички знаци или симптоми на конгестија (класа I, ннд-**B**).
- Конвенционалните диуретици, во споредба со плацебо кај пациентите со хронична срцева слабост, се чини дека ги намалуваат ризикот од смрт и влошувањето на болеста. Споредени со контролна активна група, диуретиците се чини дека го подобруваат капацитетот на оптоварување (ннд-**B**).

Како да се користат диуретиците кај срцева слабост:

- Започнување со третман:
  - Провери ги бубрежната функција и електролитите во серум.
  - Се започнува со тиазиден диуретик ако има лесна задршка на течности.
  - На повеќето пациенти почесто им се препишуваат диуретици на Henle-овата јамка (loop diuretic) отколку тиазидни диуретици поради повисоката ефикасност на индуцираната диуреза и натриуреза.

Дозирање на диуретиците (Табела 13).

- Започни со ниска доза и зголемувај ја сé до појава на клиничко подобрување на симптомите и знаците на конгестија.
- Ако серум креатининот е над 180-200 μmol/L или брзината на гломеруларната филтрација (GFR) е под 30 ml/min, треба да се користи furosemide. Максимална доза на hydrochlortiazide е 50 mg и не треба да се надминува. Ако е потребна повисока доза, треба да се препорача furosemide. Ако е потребно, дозата на furosemide може да се покачува.
- При многу изразена задршка на течности, треба да се комбинираат тиазидни диуретици и furosemide.
- Дозите треба да се адаптираат, особено по востановување на сува телесна тежина, со цел да се избегне ризикот од бубрежна дисфункција и дехидратација. Целта е да се одржува „сува тежина" со најниска достигната доза.
- Во амбулантски услови би требало пациентите да се охрабруваат да ги адаптираат дозите на диуретиците сами според дневното мерење на телесната тежина и присуството на други знаци на задршка на течности (отоци, диспнеа). Постоење само на едеми на нозете не претставувареален индикатор. Потребна е едукација на пациентите.

Потенцијални несакани ефекти:

- Сите диуретици имаат тенденција лесно да ја покачат концентрацијата на серум креатинин и уреа. Поизразено покачување на овие концентрации може да е показател на дехидратација, поради внес на ексцесивна доза. Во ваков случај, пациентот ќе се жали на замор и ортостатска хипотензија, што е најважен несакан ефект на диуретската терапија. Пациент со срцево страдање често се чувствува подобро ако е лесно хиперволемичен. Поради тоа пациентите често самостојно ја намалуваат дозата на диуретици.
- Провери ја концентрацијата на калиум и натриум во серум на 2 недели, 3 месеци и една година. Ако постои бубрежна слабост, потребна е почеста контрола.
- Практични совети при појава на несакани ефекти се дадени во Табела 14.

Диуретици и АКЕИ /ангиотензин рецептор-блокатори (АРБ)/алдостерон- антагонисти:

- Волуменското оптоварување и хипонатремијата поради ексцесивната диуреза може да го зголемат ризикот од хипотензија и бубрежна дисфункција при терапија со АКЕИ и АРБ.
- Ако со диуретиците се користат АКЕИ /АРБ/алдостерон-антагонисти, вообичаено не е потребно да се додава калиум.
- Сериозна хиперкалемија може да се појави доколку се користат во комбинација диуретици коишто штедат калиум, вклучително алдостерон-антагонисти и АКЕИ /АРБ. Диуретици коишто штедат калиум-неалдостеронски антагонисти треба да се избегнуваат. Комбинација на алдостерон-антагонисти и АКЕИ /АРБ треба да се користи само под внимателна супервизија.

Табела 13. Дози на диуретици кај пациенти со срцева слабост

Диуретик	Почетна доза (mg)		Вообичаена дневна доза (mg)	
Диуретици на Henle-ова јамка*				
· Furosemide	20-40		40-240	
· Bumetanide[8]	0.5-1.0		1-5	
· Torasemide	5-10		10-20	
Тиазидни диуретици**				
· Bendroflumenthiaside[9]	2.5		2.5-10	
· Hydroclorthiazide	25		12.5-100	
· Metalozone	2.5		2.5-10	
· Indapamide	2.5		2.5-5	
Диуретици коишто штедат K^+***	+АКЕИ/АРБ	-АКЕИ/АРБ	+АКЕИ/АРБ	-АКЕИ/АРБ
· Spirinolactone/	12.5-25	50	50	100-200
eplerenone[10]	2.5	5	20	40
· Amiloride	25	50	100	200
· Triamterene				

* Дозите можеби ќе има потреба да се адаптираат според волуменското оптоварување/ тежината; ексцесивните дози може да предизвикаат бубрежна дисфункција и ототоксичност.

** Не користи тиазидни диуретици ако гломеруларната филтрација (GFR) е под 30 ml/min, освен ако се препишани во комбинација со диуретици на Henle-ова јамка.

***Aldosterone би требало секогаш да се претпочита во однос на другите диуретици коишто штедат калиум.

8 Недостапен во Р. Македонија
9 Недостапен во Р. Македонија
10 Недостапен во Р. Македонија

Табела 14. Практични размислувања во третманот на срцева слабост со диуретици на Henle-овата јамка

Проблеми	Сугестии за надминување
Хипокалемија/хипомагнеземија	• Зголеми ја дозата на АКЕИ/АРБ • Додај алдостерон-антагонист • Обезбеди суплементи со калиум • Обезбеди суплементи со магнезиум
Хипонатремија*	• Рестрикција на течност • Прекини ги тиазидните диуретици или додај диуретици на Henle-ова јамка, ако е можно • Намали ја дозата/прекини со диуретици на Henle-ова јамка, ако е можно • Додај интравенска поддршка со инотропни лекови • Размисли за ултрафилтрација
Хиперурикемија/гихт**	• Размисли за давање на аллопуринол • За симптоматски гихт користи colchicine за ослободување од болка • Избегнувај НСАИЛ
Хиповолемија/дехидратација	• Процени го волуменскиот статус • Размисли за намалување на дозата на диуретиците
Недоволен одговор или резистенција на диуретици	• Провери ги прифаќањето на лекувањето и внесот на течност • Зголеми ја дозата на диуретици • Размисли за менување на furosemide со bumetanide или toresamide • Додај алдостерон-антагонист • Комбинирај ги диуретиците на Henle-ова јамка со тиазиди/metolazone • Давај ги диуретиците на Henle-ова јамка двапати на ден или на празен стомак • Размисли за краткотрајна интравенска инфузија со диуретици на Henle-ова јамка
Бубрежна слабост (ексцесивен пораст на уреа и/или креатинин)	• Провери дали постои хиповолемија/дехидратација • Исклучи ги од употреба другите нефротоксични лекови, како на пр.: НСАИЛ, trimethoprim • Воздржи се од давање алдостерон-антагонист • Ако се користи комбинација на диуретици на Henle-ова јамка и тиазидни диуретици, прекини ги тиазидните диуретици • Размисли за намалување на дозата на АКЕИ/АРБ • Размисли за ултрафилтрација

* Изразена срцева слабост секогаш е придружена со лесна хипонатремија (130-135 mmol/L), што е знак за лоша прогноза. Не треба да се коригира со додаток на сол, туку со рестрикција на внес на течности.

** Хиперурикемија и гихт вообичаено се јавуваат кај дебели мажи и жени со бубрежна слабост, особено кога дозата на диуретиците е многу голема.

НСАИЛ = неселективни антиинфламаторни лекови.

Алдостерон-антагонисти

- За додавка на алдостерон-антагонисти треба да се размисли, освен ако не се контраиндицирани или не се поднесуваат, кај сите пациенти со ЛКИФ ≤ 35% и присуство на изразени симптоми за срцева слабост, односно коишто се во NYHA функционална класа III или IV, во отсуство на хиперкалемија и значајна бубрежна дисфункција. Алдостерон-антагонистите ги намалуваат хоспитализациите поради влошување на срцевата слабост и го подобруваат преживувањето кога ќе се додадат на постојната терапија, вклучувајќи ги и АКЕИ. Кај хоспитализираните пациенти коишто ги исполнуваат овие критериуми, третманот со алдостерон-антагонисти треба да започне пред напуштање на болницата (класа I, ннд-**A**).
- Spironolactone од 25 mg/дневно ги намалува морталитетот и хоспитализациите кај пациенти со конгестивна срцева слабост, кои се под терапија со АКЕИ и диуретици на Henle-ова јамка (ннд-**A**).
- Spironolactone (12.5-25mg) или некои други алдостерон-антагонисти (eplerenone) можат исто така да бидат додадени во терапијата на срцева слабост. Концентрацијата на калиум во серум мора да се мониторира.
- Пациенти на кои би требало да им бидат дадени АРБ (индикациите се базирани врз резултатите добиени од рандомизираните студии)
  - ЛКИФ ≤ 35%.
  - Умерени до изразени симптоми на срцева слабост (NYHA функционална класа III или IV).
  - Оптимална доза на бета-блокатори и АКЕИ или на АРБ (но не заедно АКЕИ и АРБ).
- Контраиндикации се: концентрација на калиум во серум од >5.0 mmol/L, концентрација на креатинин во серум од >220 μmol/L (~μ2.5 mg/dL), истовремено давање диуретици коишто штедат калиум и суплементи на калиум, комбинација на АКЕИ и АРБ.

Како да се користи spironolactone (или eplerenone) кај срцева слабост (Табела 13):

- Започнување со третман со spironolactone (или eplerenone):
  - Провери ги бубрежната функција и електролитите во серум.
  - Почетна доза: spironolactone од 25mg еднаш дневно (или eplerenone од 25mg еднаш дневно).
  - Повторно провери ги бубрежната функција и електролитите во серум во рамки на 1 и 4 недели од започнување со лекувањето.
- Титрирање на дози:
  - Размисли за зголемување на дозата по 4-8 недели. Немој да ја зголемуваш дозата ако постои влошување на бубрежната функција или хиперкалемија. Повторно провери ги бубрежната функција и електролитите во серум по 1 до 4 недели од зголемувањето на дозата.
  - Во отсуство на гореспоменативе проблеми, обиди се да ја достигнеш целната доза којашто е базирана врз докази (evidence-based target dose) - spironolactone од 50 mg еднаш дневно или eplerenone од 50 mg еднаш дневно - или до максималната поднослива доза (Табела 13).

- Повторно провери ги бубрежната функција и електролитите во серум за 1, 2, 3 и 6 месеци по достигнување на дозата на одржување и 6 месеци потоа.
- Медицинска сестра специјализирана за срцева слабост може да помогне при едукацијата на пациентите, нивното следење (лично, по телефон), мониторирање на биохемиските анализи и титрирањето на лекот.

Потенцијални несакани ефекти:

- Хиперкалемија - ако калиумот се покачи од >5.5 mmol/L, преполови ја дозата на spironolactone (или eplerenone), на пр.: 25 mg секој втор ден и мониторирај ги анализите на крвта. Ако калиумот се покачи од >6.0 mmol/L, прекини го spironolactone (или eplerenone) веднаш и мониторирај ги анализите на крвта; можеби ќе биде потребен специфичен третман за хиперкалемија.
- Влошувачка бубрежна функција - ако креатининот се покачи од >220 μmol/L (>2.5 mg/dL), преполови ја дозата на spironolactone (или eplerenone), на пр.: 25 mg секој втор ден и мониторирај ги анализите на крвта. Ако креатининот се покачи од >310 μmol/L (>3.5 mg/dL), прекини го spironolactone (или eplerenone) веднаш и мониторирај ги анализите на крвта; можеби ќе биде потребен специфичен третман за бубрежната дисфункција.
- Чувствителност на градите и/или нивно зголемување - замени го spironolactone со eplerenone.
- Интеракција со лекови на која треба да се внимава:
  - K^+ суплементи/ диуретици-штедачи на K^+.
  - АКЕИ, АРБ, НСАИЛ (избегнувај ги, освен ако не се од суштинско значење).
  - Супституенти со „малку сол", но со висока содржина на K^+.

Совети за пациентот:

- Дај му пишан совет и објасни ја очекуваната корист од третманот, кој треба да доведе до подобрување на симптомите, да го спречи влошувањето на срцевата слабост што ќе води до хоспитализација и ќе го продолжи животот.
- Симптомите се подобруваат во рамки на неколку недели до неколку месеци од започнувањето на третманот.
- Советувај го пациентот да ги пријави несаканите ефекти, како што се: вртоглавица/симптоматска хипотензија.
- Советувај го пациентот да ги избегнува нестероидните антиинфламаторни антиревматици, кои не се препишани од лекар и супституенти за сол коишто содржат калиум (K^+).
- Ако се појави дијареа или повраќање, пациентот треба да го прекине spironolactone и да го контактира својот лекар.

Бета-адренергични блокатори

- Бета-блокаторите, доколку не се контраиндицирани или не се толерираат добро, треба да бидат препишани кај сите пациенти со симптоматска срцева слабост и ЛКИФ ≤ 40%. Третманот со бета-блокатори ги подобрува коморната функција и квалитетот на живеење на пациентите, ги намалува хо-

спитализациите поради влошување на срцевата слабост и го подобрува преживувањето. Доколку е можно, кај хоспитализираните пациенти, третманот со бета-блокатори треба да започне внимателно пред напуштањето на болницата (класа I, ннд-**A**).

- Бета-блокаторите се ефективни во намалување на вкупниот морталитет кај исхемична и неисхемична конгестивна срцева слабост. Постојат недоволни податоци за процена на различната ефективност меѓу различни бета-блокатори (ннд-**A**).
- Бета-блокаторите заедно со АКЕ-инхибиторите ги подобруваат симптомите (мерени со NYHA класа) кај пациентите со хронична срцева слабост (ннд-**A**).
- Бета-блокаторите се препорачуваат кај сите пациенти со срцева слабост, независно од етиологијата. Мора да бидат користени адекватни дози.
- На кои пациенти треба да им бидат препишани бета-блокаторите? (Индикациите се базирани врз резултатите добиени од пациенти вклучени во рандомизираните студии.)
  - ЛКИФ ≤ 40%.
  - Лесни до изразени симптоми (NYHA функционална класа II-IV); пациенти со асимптоматска ЛК систолна дисфункција по акутен миокарден инфаркт.
  - Оптимална доза на АКЕИ и/или АРБ (и алдостерон–антагонист, ако е индициран).
  - Пациентите треба да бидат клинички стабилни (на пр. да нема скорешна промена на дозата на диуретиците). Внимателно, пред напуштање на болницата, можно е започнување третман кај скорешно декомпензиран пациент кај кого има подобрување од примена на претходен третман, кај пациенти коишто не се зависни од интравенски дадени инотропни лекови и коишто можат да бидат опсервирани во болница најмалку 24 часа од започнување на третманот со бета-блокатори.
- Контраиндикации за примена на бета-блокатори се: астма (ХОББ не е контраиндикација), срцев блок од втор или трет степен, болест на синусен јазол (во отсуство на постојан pacemaker), синус-брадикардија (<60 удари/минута), хипотензија (<90 mmHg).
- Внимание/барање совет од специјалист:
  - При изразена (NYHA функционална класа IV) срцева слабост.
  - Моментална или неодамнешна (<4 недели) егзацербација на срцевата слабост, на пр.: хоспитализација поради влошување на срцевата слабост.

Како да се користат бета-блокаторите кај срцева слабост:

- Започнување со третман:
  - Почетна доза (види Табела 16) под супервизија во амбулантски услови;
  - Можно е внимателно започнување третман кај скорешно декомпензиран пациент пред напуштање на болницата.
- Титрирање на дози:
  - Дозата се зголемува во интервали од по неколку недели, а пациентот треба да биде мониториран од медицински персонал. Употребата на високи

дози ја подобрува прогнозата, но во практиката, високи дози често водат кон проблем поради брадикардијата.

- Пациентите треба да доаѓаат на контроли кај лекар на 2-4 недели поради потребата од титрирање на бета-блокаторот (кај некои пациенти е потребна забавена брзина на титрацијата). Не зголемувај ја дозата при контролата ако постојат знаци за влошување на срцевата слабост, симптоматска хипотензија (на пр. вртоглавица) или значајна брадикардија (пулс <50 удари/минута).
- Во отсуство на гореспоменативе проблеми, дуплирај ја дозата на бета-блокаторот при секоја лекарска контрола (на двонеделен интервал) сé до исполнување на целната доза, која е базирана врз докази (evidence-based target dose), види Табела 15.
- При секоја лекарска контрола, мониторирај ги срцевата фреквенција, крвниот притисок и клиничкиот статус (на пр.: симптоми, знаци - особено оние за конгестија, телесната тежина).
- За одговор кон терапија, потребни се најмалку 1-2 месеци. На почетокот може да биде зголемена потребата од диуретици (за да се обезбедат услови за примена на бета-блокаторите).
- Постојат докази за ефектот на metopropol, cavedilol, bisopropol и nebivolol. Не постои доказ за ефект на други бета-блокатори. Терапијата со cavedilol можеби дава најголема корист. Ги намалува и морбидитетот и морталитетот независно од тоа дали основното срцево страдање е исхемично или не. Неселективниот бета-блокатор – carvedilol може да ги влоши симптомите на астма.
- Кај возрасните (>75-80 години) користа од бета-блокаторите е помала, а несаканите ефекти се почести.
- Провери ги уреата во крвта, креатининот и електролитите за 1-2 недели од започнувањето и 1-2 недели од целната титрација на бета-блокаторите.
- Прекини го лекот при појава на несакани ефекти.
- Медицинска сестра специјализирана за срцева слабост може да помогне при едукацијата на пациентите, нивното следење (лично, по телефон), мониторирање на биохемиските анализи и титрирање на лекот.

Потенцијални несакани ефекти:

- Симптоматска хипотензија - често се подобрува со тек на време; Доколку хипотензијата предизвикува вртоглавица, „лебдеење" и/или конфузија, размисли дали има потреба од давање нитрати, калциум- антагонисти и други вазодилататори (ова не се однесува на АКЕИ /АРБ). Ако нема знаци за конгестија (едеми, 'ркалки), размисли за намалување на дозата на диуретици. Ако ова не го разрешува проблемот, барај совет од специјалист. Асимптоматската хипотензија не бара интервенција.
- Ексцесивна брадикардија - сними електрокардиограм (или амбулаторно мониторирање каде што е индицирано) за да се исклучи постоење на срцев блок. Дозата на бета-блокаторот можеби ќе треба да се намали или лекот да се

исклучи. Ако срцевата фреквенција е <50 удари/минута и симптомите се влошуваат, намали ја дозата на бета-блокаторот на половина или, ако постои изразено влошување, прекини го бета-блокаторот (ретко е потребно). Размисли за потребата од други лекови коишто ја забавуваат срцевата фреквенција, како на пр.: digoxin, amiodarone, diltiazem/verapamil (diltiazem-от и verapamil-от се генерално контраиндицирани кај пациенти со срцева слабост). Евентуално побарај совет од специјалист.

- Влошување на симптоми/знаци (на пр. диспнеа, слабост, едем, зголемување на телесната тежина) - зголеми ја дозата на диуретици (често е само времена мерка) и продолжи со бета-блокаторот (често со пониска доза), ако е можно. Ако постои изразена слабост (и/или брадикардија), намали ја дозата на бета-блокаторот на половина. Контролирај го пациентот на 1-2 недели. Ако не настапи подобрување, барај совет од специјалист. Ако постои изразено влошување, прекини го бета-блокаторот (ретко е потребно) и побарај совет од специјалист.
- Интеракција со лекови на која треба да се внимава:
  - Diltiazem и verapamil се контраиндицирани кај пациенти со срцева слабост.
  - Digoxin, amiodarone.

Совети за пациентот:

- Дај му пишан совет и објасни ја очекуваната корист од третманот, кој треба да доведе до подобрување на симптомите, да го спречи влошувањето на срцевата слабост што ќе води до хоспитализација и ќе го продолжи животот.
- Симптомите се подобруваат во рамките на неколку недели до неколку месеци од започнувањето на третманот.
- Советувај го пациентот да ги пријави несаканите ефекти, како што се: вртоглавица/симптоматска хипотензија, кашлица (види во горниот текст за тоа како да се надминат).
- Советувај го пациентот да ги избегнува нестероидните антиинфламаторни антиревматици, кои не се препишани од лекар и супституенти за сол коишсодржат калиум (K^+).

Табела 15. Препорачани дози за бета-блокатори – почетна и целна доза

Препарат	Почетна доза/ден	Целна доза/ден
Metoprolol succinate	12.5-25 mg (еднаш на ден)	200 mg (еднаш на ден)
Carvedilol	3.125 mg (два пати на ден)	25-50 mg (два пати на ден)
Bisoprolol	1.25 mg (еднаш на ден)	10 mg (еднаш на ден)
Nebivolol	1.25 mg (еднаш на ден)	10 mg (еднаш на ден)

Hydralazine[11] и isosorbide dinitrate (H-ISDN)

- Кај пациенти со симптоми и ЛКИФ ≤ 40%, како алтернатива може да се користи комбинација на H-ISDN, доколку постои неподносливост кон обата лек АКЕИ и АРБ (постоење на бубрежна дисфункција или хиперкалемија) (ннд-А). Би требало да се размисли за додавка на комбинацијата на H-ISDN кај пациенти со перзистентни симптоми, и покрај третманот со АКЕИ, бета-блокатори, АРБ или алдостерон- антагонисти. Третманот кај овие пациенти може да го намали ризикот од смрт (класа IIa, ннд-**B**).
- Ги намалува хоспитализациите поради влошување на срцевата слабост (класа IIa, ннд-**B**).
- Ги подобрува коморната функција и капацитетот на оптоварување (класа IIa, ннд-**A**).
- Пациенти на кои би требало да им бидат дадени H-ISDN. (Индикациите се базирани врз резултатите добиени од пациентите вклучени во рандомизираните студии.)
  - Како алтернатива на АКЕИ/АРБ кога постои неподносливост кон обата лека.
  - Како додатна терапија на АКЕИ, доколку постои неподносливост на АРБ или алдостерон-антагонистите.
  - Доказите се најсилни кај пациентите коишто за себе велат дека се Афроамериканци.
- Контраиндикации се: симптоматска хипотензија, лупус синдром, изразена бубрежна слабост (можеби ќе биде потребно намалување на дозата).

Како да се користат hydralazine и isosorbide dinitrate кај срцева слабост:

- Започнување со третман:
  - Почетна доза: hydralazine од 37.5 mg и ISDN 20 mg три пати дневно.
- Титрирање на дози:
  - Размисли за зголемување на дозата по 2-4 недели. Немој да ја зголемуваш дозата ако постои симптоматска хипотензија.
  - Ако лековите се поднесуваат, обиди се да ја достигнеш целната доза базирана врз докази (evidence-based target dose) - hydralazine од 75 mg и ISDN 40 mg три пати дневно - или до максималната поднослива доза.

11 Недостапен во Р. Македонија

Потенцијални несакани ефекти:

- Симптоматска хипотензија (пр.: вртоглавица) - често се подобрува со тек на време; размисли за намалување на дозите на другите хипотензивни лекови (ова не се однесува на АКЕИ/АРБ/бета-блокатори/алдостерон-антагонисти). Асимптоматската хипотензија не бара интервенција.
- Артралгија/мускулни болки, болки во зглобовите или отоци, перикардит/плеврит, кожен раш или грозница - размисли за со лекови предизвикан, сличен на лупус синдром (lupus like syndrome), провери АНА, прекини со H-ISDN.

Digoxin

- Кај пациенти со симптоматска срцева слабост и преткоморна фибрилација (ПФ), digoxin-от може да биде користен за забавување на брзата коморна фреквенција. Кај пациенти со ПФ и ЛКИФ ≤ 40% би требало да се користи за контрола на срцевата фреквенција како додавка или пред да бидат дадени бета-блокатори (класа I, ннд-**C**).
- Кај пациентите коишто се во синусен ритам со симптоматска систолна дисфункција и ЛКИФ ≤ 40 %, третманот со digoxin (како додавка на АКЕИ) ги подобрува коморната функција и квалитетот на живеење на пациентите, ги намалува хоспитализациите поради влошување на срцевата слабост, но нема ефект врз преживувањето (класа IIa, ннд-**B**).
- Digoxin-от би требало да се додаде во терапија кај пациенти со срцева слабост и синусен ритам, кои се сé уште со симптоми по давање на оптимална терапија (ннд-**A**).
- Пациенти со срцева слабост на кои би требало да им биде даден digoxin (Индикациите се базирани врз резултатите добиени од пациентите вклучени во рандомизираните студии):

Преткоморна фибрилација.

- Со коморна фреквенција во мир од 80 удари/минута, при оптоварување од 110-120 удари/минута.
- Синусен ритам.
- ЛК систолна дисфункција (ЛКИФ ≤ 40%).
- Умерени до изразени симптоми (NYHA функционална класа II-IV).
- Оптимална доза на АКЕИ и/или АРБ, бета-блокатори и алдостерон-антагонисти, ако се индицирани.
- Контраиндикации се: срцев блок од втор или трет степен (во отсуство на постојан pacemaker), внимание при сомнеж за болест на синусен јазол, преексцитациски синдром, претходен доказ за постоење на нетолерантност кон digoxin.

Како да се користи digoxin кај срцева слабост:

- Започнување со третман:
  - Почетна доза: доза на оптоварување за digoxin генерално не е потребна кај стабилни пациенти во синусен ритам. Единечна дневна доза на одржување од 0.25 mg вообичаено се дава кај возрасни со нормална бубрежна функција. Кај постари пациенти и кај оние со нарушена бубрежна функција, би требало да се користи намалена доза од 0.125 mg или 0.0625 mg еднаш дневно.
  - Концентрацијата на digoxin[12] би требало да се провери рано за време на хроничната терапија кај пациентите со добра бубрежна функција. Можеби ќе треба да помине подолго време за достигнување стабилна концентрација на digoxin во крвта кај оние со нарушена бубрежна функција.
  - Нема докази дека регуларното мерење на концентрацијата на digoxin во крвта води до подобра прогноза. Терапевтската серумска концентрација би требало да биде меѓу 0.5 и 0.9 ng/ml.
  - Одредени лекови може да ја зголемат концентрацијата на digoxin во серум (amiodarone, diltiazem, verapamil, одредени антибиотици, quinidine).

Потенцијални несакани ефекти:

- Сино-преткоморен блок и преткоморно-коморен блок.
- Преткоморни и коморни аритмии, особено во присуство на хипокалемија (digoxin-специфични Fab[13] антитело фрагменти би требало да се земат предвид при коморни аритмии предизвикани од токсичност на лекот).
- Симптомите на digoxin токсичност вклучуваат: конфузија, губиток на апетит, гадење, брадиаритмии и губиток на гледање во боја. Доколку постои сомнеж за токсичност, треба да се одреди нивото на креатинин во серум (и GFR кај возрасни жени), заедно со концентрацијата на digoxin-от. Според резултатите од студиите, digoxin-от е најкорисен кога концентрацијата е во рамки на 0.5-0.9 ng/ml. Честотата на несакани ефекти се зголемува кога концентрацијата се зголемува над 0.9 ng/ml.
- Digoxin концентрациите би требало да се мониторираат барем во ситуации кога промените во дозата на другите лекови би можеле да влијаат врз концентрациите на digoxin-от.

Антикоагулантна терапија и аспирин

- Warfarin[14] (или алтернативни орални антикоагулантни лекови), доколку не е контраиндициран, се препорачува кај пациенти со срцева слабост и присутна перманентна, перзистентна или пароксизмална преткоморна фибрилација (класа I, ннд-**A**).
- Антикоагулантна терапија исто така се препорачува кај пациенти со тромби во срцето детектирани со методи за визуелизација или со доказ за системска емболизација (класа I, ннд-**C**).

12 Недостапен во Р. Македонија
13 Недостапен во Р. Македонија
14 Недостапен во Р. Македонија

- Кардиомегалија со преткоморна фибрилација е индикација за антикоагулација.
- Дури и кога нема преткоморна фибрилација, кај пациенти со кардиомегалија и лоша ЛКИФ (30-35%), зголемен е ризикот од тромбемболија. Но, не постои консензус за третман со Warfarin. Кога се размислува за антикоагулантна терапија, би требало да се процени вкупниот ризик на пациентот од тромбемболиски компликации.
- Антикоагулантната терапија кај пациенти со левокоморна систолна дисфункција во синусен ритам и без анамнеза за левокоморен тромб, мозочен удар или артериски емболуси, се јавува како поефикасна отколку аспиринот во подобрување на кардиоваскуларниот исход или намалување на смртноста (ннд-**B**).
- Аспирин во доза од 50-100 mg за сите пациенти со коронарна артериска болест или со дијабетес тип 2.

HMG CoA reductase инхибитори (статини)

- Кај возрасните пациенти со хронична срцева слабост и систолна дисфункција предизвикана од коронарна артериска болест (КАБ), размисли за терапија со статини, со цел да се намалат хоспитализации од кардиоваскуларни збиднувања (класа IIb, ннд-**B**).

ЗАКЛУЧОК ЗА КОРИСТЕЊЕТО НА ГЛАВНИТЕ КЛАСИ НА ЛЕКОВИ ВО ТРЕТМАНОТ НА СРЦЕВА СЛАБОСТ

Заклучокот за користење на главните класи на лекови за контрола на срцевата слабост е даден во Табела 16. Освен ако не се контраиндицирани, сите пациенти со левокоморна систолна дисфункција би требало да започнат со АКЕ-инхибитори и бета-блокатори (и диуретици во повеќето случаи). За оние што остануваат со симптоми, може да се размисли за додавка на АРБ (candersatan или valsartan). Ако болеста прогредира до класа IV, spironolactone (или eplerenone) би требало да се додаде. Во овој случај, АРБ би требало да се прекине затоа што тоа се вообичаени несакани ефекти, во смисла на нарушување на бубрежната функција или нарушувања на концентрациите со калиум, ако се земаат истовремено три лека, кои го блокираат ренин-ангиотензин системот.

Табела 16. Фармаколошки третман кај пациенти со срцева слабост зависно од NYHA класата

Класа	Препиши
NYHA I	АКЕ-инхибитори Бета-блокатори
NYHA II-III	АКЕ-инхибитори Бета-блокатори АРБ (candesartan или valsartan) (започнувањето бара мислење од специјалист!)
NYHA III-IV	АКЕ-инхибитори Бета-блокатори Spironolactone (или eplerenone) (започнувањето бара мислење од специјалист!)

Напомена! Сигурноста и ефикасноста на комбинацијата на АКЕ-инхибиторите, АРБ и алдостерон-блокаторите се небезбедни и користењето на овие три лека во комбинација не се препорачува.

ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТИ СО СРЦЕВА СЛАБОСТ И СОЧУВАНА ЛЕВОКОМОРНА ИСТИСНА ФРАКЦИЈА (ЛКИФ)

- Ниеден третман засега не се покажа како убедувачки во намалувањето на морбидитетот и морталитетот на пациентите со сочувана ЛКИФ. Диуретиците се користат за контрола на задршката на натриумот и водата и за да се изгубат недостатокот на воздух и едемите. Соодветен третман на хипертензијата и миокардната исхемија се смета дека е важен, впрочем како и контролата на коморната фреквенција кај пациентите со преткоморна фибрилација.

ИНТЕРВЕНТНИ ПРОЦЕДУРИ

- **Реваскуларизација на пациенти со срцева слабост**
  - Коронарна бајпас графт хирургија и перкутана коронарна интервенција треба да се земат предвид кај селектирани пациенти со КАБ и срцева слабост. Одлуката за избор на процедурата треба да биде базирана врз внимателна евалуација на придружните заболувања, процедуралниот ризик, коронарната анатомија и доказот за големината на животоспособен миокард во делот што треба да биде реваскуларизиран, левокоморната функција и присуството на хемодинамски значајна валвуларна болест.
- **Детекција на животоспособен миокард**
  - Со оглед на тоа што животоспособниот миокард може да биде цел на реваскуларизација, неговата детекција треба да се земе предвид во дијагностичката процедура на пациентите со срцева слабост. Неколку модалитети за визуелизација со споредлива дијагностичка точност може да се употребат со цел да се детектира дисфункционален но животоспособен миокард (добутамин ехокардиографија, нуклеарна визуелизација со SPECT и/или PET, MR со добутамин и/или контрастно средство, КТ со контрастно средство).

- **Имплантација на електростимулатор (pacemaker)**
  - Вообичаените индикации за имплантација, кои важат за пациенти со нормална левокоморна функција, се применуваат и кај пациентите со срцева слабост. Кај пациентите со срцева слабост и синусен ритам, одржувањето на нормалниот хронотропен одговор и координацијата на преткоморната и коморната контракција со DDD електростимулатор (pacemaker) може особено да бидат важни.
  - Кај пациентите со срцева слабост и истовремена индикација за постојана електростимулација (имплантација за прв пат или надградување на конвенционалниот pacemaker) и симптоми од NYHA функционална класа II-IV, ниска ЛКИФ ≤ 35% или левокоморна дилатација, треба да се размисли за ресинхронизирана терапија со функција на pacemaker (CRT-P). Кај овие пациенти, употребата на деснокоморна електростимулација може да ја влоши состојбата и да предизвика зголемување на диссинхронизацијата (класа IIa, ннд-**C**).
- **Имплантација на кардиовертер/дефибрилатор**
  - Имплантација на кардиовертер-дефибрилатор се препорачува како секундарна превенција со цел да се продолжи животот кај пациентите со сегашни или претходни симптоми на срцева слабост и намалена ЛКИФ, кои имаат анамнеза за срцев застој, коморна фибрилација или хемодинамски нестабилна коморна тахикардија (класа I, ннд-**A**).
  - Имплантација на кардиовертер-дефибрилатор се препорачува како примарна превенција од ненадејна срцева смрт, со цел да се намали вкупниот морталитет кај пациенти со неисхемична дилатациона кардиомиопатија или исхемична болест на срцето најмалку 40 дена од акутниот миокарден инфаркт, ЛКИФ ≤ 35% и симптоми од NYHA функционална класа II или III, додека примаат хронична оптимална терапија, и кои имаат реални очекувања за преживување во добар функционален статус од повеќе од 1 година (класа I, ннд-**A**).
- **Ресинхронизирана терапија (CRT)**
  - Кај пациенти со намалена ЛВИФ (≤ 35%) и пролонгирање на QRS комплексот (≥ 120 ms) во NYHA III-IV функционална класа, кои имаат симптоми и покрај оптималната терапија, се препорачува ресинхронизирана терапија со или без кардиовертер-дефибрилатор, со цел да се намалат морбидитетот и морталитетот (класа I, ннд-**A**).
  - Кај пациенти со намалена ЛВИФ (≤ 35%), пролонгирање на WRS комплексот (≥ 120 ms) и преткоморна фибрилација, кои имаат симптоми од NYHA III-IV функционална класа и покрај оптималната терапија, умно е да се препорача ресинхронизирана терапија со или без кардиовертер-дефибрилатор (класа IIa, ннд-**B**).
  - Кај пациенти со намалена ЛВИФ (≤ 35%), кои имаат симптоми од NYHA III-IV функционална класа, кои примаат оптимална препорачана терапија и кои се често зависни од коморна електростимулација, умно е да се препорача ресинхронизирана терапија (класа IIa, ннд-**C**).

- **Валвуларна хирургија**
  - Валвуларната срцева болест може да биде етиолошки фактор за појава на срцева слабост или важен фактор на влошување, кој бара специфичен третман.
  - Иако присуството на срцева слабост е важен ризик-фактор за зголемена пери и постоперативна смртност, хирургијата може да се размисли кај пациенти со симптоми и слаба левокоморна функција.
  - Пред хируршката интервенција, задолжителна е примена на оптимална терапија за срцевата слабост и придружната состојба. Итна хируршка интервенција, доколку е можно, треба да се избегнува.
  - Специфични препораки во однос на примената на хируршките интервенции кај пациенти со валвуларни срцеви болести и срцева слабост е тешко да се обезбедат. Одлуката треба да се донесе врз основа на клиничка и ехокардиографска процена со внимание врз кардиоваскуларните и некардиоваскуларните придружни болести. Одлуката за примена на хируршка интервенција кај пациенти со хемодинамски значајна аортна стеноза, аортна регургитација или митрална регургитација бара внимателно земање предвид на мотивацијата на пациентот, биолошката возраст и ризичниот профил.
- **Аортна валвуларна хирургија**
  - Се препорачува кај соодветни пациенти со симптоми на срцева слабост и присутна изразена стеноза на аортната валвула (класа I, ннд-**C**).
  - Се препорачува кај пациенти без симптоми со изразена аортна стеноза и нарушена ЛКИФ (<50%) (класа I, ннд-**C**).
  - Може да се размислува кај пациенти со изразена намалена валвуларна ареа и левокоморна дисфункција (класа IIb, ннд-**C**).
  - Се препорачува кај сите соодветни пациенти со изразена аортна регургитација, кои имаат симптоми на срцева слабост (класа I, ннд-**B**).
  - Се препорачува кај пациенти без симптоми со изразена аортна регургитација и умерено нарушена ЛКИФ (≤ 50%) (класа IIa, ннд-**C**).
- **Митрална валвуларна хирургија**
- Митрална регургитација (МР)
  - Кај пациенти со срцева слабост и изразена митрална валвуларна регургитација, доаѓа до подобрување на симптомите кај селектирани пациенти. Треба да се размисли за хируршка интервенција кај пациенти со изразена МР секогаш кога коронарната реваскуларизација ретставува терапевтски избор. Хируршка реконструкција на валвулата е атрактивен избор кај внимателно избрани пациенти.
- Органска митрална регургитација
  - Кај пациенти со изразена органска МР, која се должи на структурни абнормалности или оштетување на митралната валвула, развојот на симптомите на срцева слабост е силна индикација за хируршка интервенција.
  - Се препорачува хируршка интервенција кај пациенти со ЛКИФ >30% (реконструкција на валвула ако е можно) (класа I, ннд-**C**).

- Може да се размислува за хируршка интервенција кај пациенти со изразена МР и ЛКИФ <30%; фармаколошки третман треба да биде прв избор. Само ако пациентите остануваат рефрактерни на фармаколошкиот третман и имаат низок ризичен профил, би можело да се размислува за хируршка интервенција (класа IIb, ннд-**C**).

- Функционална митрална регургитација
  - Може да се размислува за хируршка интервенција кај пациенти со изразена функционална МР и изразено намалена левокоморна функција, кои и покрај примената на оптимална фармаколошка терапија остануваат со симптоми (класа IIb, ннд-**B**).
  - Умно е да се размисли за ресинхронизирана терапија кај соодветни пациенти, со оглед на тоа што може да се подобри левокоморната геометрија, диссинхронизацијата на папиларните мускули и може да се намали МР (класа IIa, ннд-**B**).
- Исхемична митрална регургитација
  - Се препорачува хируршка интервенција кај пациенти со изразена МР и ЛКИФ >30% во случаи кога се планира коронарна бајпас хирургија (класа I, ннд-C).
  - Умно е да се размисли за хируршка интервенција кај пациенти со умерена МР кај кои се планира коронарна бајпас хирургија, ако е можна реконструкција (класа IIa, ннд-**B**).
- **Трикуспидна регургитација (ТР)**
  - Функционална ТР е многу честа кај пациентите со срцева слабост со обострана коморна дилатација, систолна дисфункција и белодробна хипертензија. Симптомите на десносрцева слабост со системска конгестија одговараат слабо на агресивна диуретична терапија, што може да ги влоши симптомите како што се слабост и нетолеранција на напор. Хируршка интервенција за изолирана функционална ТР не е индицирана (класа III, ннд-**C**).
- **Левокоморна аневризмектомија**
  - Може да се размислува за левокоморна аневризмектомија кај пациенти со симптоми и голема, дискретна левокоморна аневризма (класа IIb, ннд-**C**).
- **Кардиомиопластика**
  - Кардиомиопластика и парцијална лева вентрикулотомија (Batista операција) не се препорачани за третман на срцева слабост, ниту како алтернатива на срцевата трансплантација (класа III, ннд-**C**).
- **Надворешна коморна реконструкција**
  - Кај пациенти со срцева слабост надворешна коморна реконструкција не се препорачува (класа III, ннд-**C**).
- **Срцева трансплантација**
  - Срцевата трансплантација е прифатлив третман за краен стадиум на срцева слабост. Иако контролирани студии никогаш не се изведени, постои консензус дека трансплантацијата, доколку се применети внимателни селекциони критериуми, значајно ги зголемува преживувањето, капацитетот на оптоварување, враќањето на работа и квалитетот на живеење споредено со конвенционалниот третман (класа I, ннд-**C**).

- **Левокоморни помагала (left ventricular assist devices -LVAD) и вештачко срце**[15]
  - Моменталните индикации за поставување левокоморно помагало и вештачко срце ги вклучуваат премостувањето на периодот до трансплантација и терапијата на пациенти со акутен изразен миокардит (класа IIa, ннд-**C**).
  - Иако искуствата се ограничени, овие помагала можат да се земат предвид за долготрајна употреба кога не се планира дефинитивна процедура (класа IIb, ннд-C).
- **Ултрафилтрација**[16]
  - Умно е да се размисли за ултрафилтрација со цел да се редуцира оптоварување со течност (белодробен и/или периферен едем) кај селектирани пациенти и за да се коригира хипонатремија кај пациенти со симптоми рефрактерни на диуретици (класа IIa, ннд-**B**).
- **Далечинско мониторирање**
  - Далечинското мониторирање може да се дефинира како континуирано собирање на информациите за пациентот и способност да се прегледаат овие информации без пациентот да биде присутен. Собирањето на овие информации може да има потреба од соработка од страна на пациентот поради мерења како телесна тежина, крвен притисок, електрокардиограм или симптоми. Новите имплантибилни помагала обезбедуваат приод до информации како што се: срцева фреквенција, епизоди на аритмии, активност, притисок во срцевите кавитети или торакален отпор, без да има потреба од активно учество на пациентот.
  - Континуираната анализа на овие трендови може да го активира алармниот механизам кога клинички релевантни промени се детектираат, со што се олеснува третманот на пациентот. Иако недокажано, далечинското мониторирање може да ја намали употребата на здравствениот систем низ намалување на хоспитализации поради хронична срцева слабост. Студиите што се во тек ќе ја проценат клиничката корист на ваквиот приод (класа IIb, ннд-**C**).

ТРЕТМАН НА СРЦЕВА СЛАБОСТ КАЈ ВОЗРАСНИ

- Возрасните луѓе често пати имаат истовремено повеќе заболувања што го прави третманот со лекови тежок и предизвикува интеракции.
  - Најчести придружни заболувања се: бубрежна слабост, ХОББ, тип 2 дијабетес, мозочен удар, анемија, когнитивни нарушувања и проблеми со зглобовите поради што е потребна употреба на нестероидни антиинфламаторни лекови.
- Може да е неможно да се имплементираат сите лекови за кои се знае дека ја подобруваат прогнозата со дози коишто се препорачуваат во клиничките упатства. Третманот често е само симптоматски.

15 Недостапен во Р. Македонија
16 Недостапен во Р. Македонија

- Дури и лесно покачување на концентрацијата на креатининот кај возрасна индивидуа мала по раст сугерира намалена гломеруларна филтрација. Во вакви случаи, тиазидите имаат слаб ефект. АКЕ-инхибиторите и АРБ лесно предизвикуваат хиперкалемија и ја влошуваат бубрежната функција. Толеранцијата на digoxin е намалена, што може да предизвика нагласено забавување на срцевата фреквенција при преткоморна фибрилација. Нестероидните антиинфламаторни лекови (вклучително и coxib) натаму ја влошуваат гломеруларната филтрација и предизвикуваат задршка на течности.
- Бета-блокаторите можат да предизвикаат нарушувања во спроведувањето.
- Примарен лек за третман на преткоморна фибрилација може да биде digoxin доколку количеството на физичка активност е ниско.
- Нитратите и другите вазодилататори го зголемуваат ризикот од паѓање кај возрасните лица коишто користат повеќе лекови.

ТРЕТМАН НА РЕЗИСТЕНТНА СРЦЕВА СЛАБОСТ

- Детерминирај дали срцевата слабост, која е резистентна на третман, е резултат на ретенција на течност (влажна и топла кожа) или неадекватен минутен волумен (сува и ладна кожа). Високата интравенска доза на диуретици на Henle-овата јамка е неопходна за решавање на задршката на течност. При состојба на низок минутен волумен на срцето (ладна и сува кожа), често нема задршка на течност и диуретската терапија нема ефект. Пулсот на пациентот е слаб, екстремитетите се ладни, а пациентот е вознемирен и конфузен.
- Идентификувај егзацербирачки фактори и третирај ги: анемија, инфекција, употреба на нестероидни антиинфламаторни лекови. Истовремената бубрежна слабост го комплицира третманот и ја влошува прогнозата.
- Организирај грижа од сестра на повик, во моменти кога е потребна парентерална терапија. Додај тиазиден диуретик и spironolactone. Не додавај сол за корекција на лесната хипонатремија, што е карактеристика на оваа состојба. Рестрикција на внесот на сол е секогаш потребна, често со рестрикција и на внесувањето течности (на пр. на 1500 ml).
- Осигурај се дека дозата на АКЕ-инхибитори е доволна и дека е соодветна контролата на срцевата фреквенција при преткоморна фибрилација.
- Продолжи ја терапијата со бета-блокатори, ако тие покажале во почетокот добар ефект.
- За време на болничкиот третман, може да биде користен levosimendan. Тој е инотропен, вазодилатирачки калциум сензитајзер (интравенски инодилататор), кој се користи за краткотраен третман на изразена срцева слабост. Подолготраен третман се чини е подобар со употреба на dobutamine.
- Пациенти со рефрактерна срцева слабост, кои потенцијално одговараат, треба да бидат испратени за срцева трансплантација (класа I, ннд-**B**).
- Умно е да се размисли за левокоморни помагала како перманентна или „целна" терапија кај висококселектирани пациенти во краен стадиум на рефрактена срцева слабост и проценета едногодишна смртност од над 50% од оние на

фармаколошка терапија (класа IIa, ннд-**B**).

- Други можности за третман на срцевата слабост би требало да се проценат. Бивентрикуларна електростимулација (срцева ресинхронизирана терапија, CRT-P) би можела да се користи за некои пациенти коишто имаат изразена асинхронија на левата комора, многу продолжен QRS комплекс (>150 ms) и левокоморна диссинергија регистрирана со ехокардиографија.
- Разговарај со семејството на пациентот за тежината на состојбата, лимитираните можности за терапија и лошата прогноза.

АРИТМИИ И СРЦЕВА СЛАБОСТ

- **Преткоморна фибрилација (Табела 17)**
  - Преткоморната фибрилација (ПФ) е најчеста аритмија при срцева слабост. Нејзината појава може да води кон влошување на симптомите, зголемување на ризик од тромбемболиски компликации и лоша долготрајна прогноза. ПФ може да се класификува како: орва епизода, пароксизмална, перзистентна или перманентна.
  - Треба да се идентификуваат потенцијалните преципитирачки фактори и придружни болести и ако е можно, да се коригираат (на пр. електролитни нарушувања, хипертиреоидизам, консумирање алкохол, болест на митралната валвула, акутна исхемија, срцева хирургија, акутна белодробна болест, инфекција, неконтролирана хипертензија).
  - Третманот на срцева слабост треба внимателно да се реевалуира и оптимизира.
  - Лекувањето на пациент со срцева слабост и ПФ има три цели: контрола на срцевата фреквенција, корекција на нарушување на ритамот и превенција од тромбемболизам.
  - Повеќето пациенти со срцева слабост и симптоми се лекуваат со бета-блокатори, така што се советува внимателност кога се додава антиаритмичен лек.
- Следниве препораки се применливи кај пациентите со срцева слабост:
- Контрола на срцевата фреквенција за време на преткоморна фибрилација (види го делот за фармаколошки третман)
  - Кај пациенти со срцева слабост и левокоморна дисфункција за контрола на срцевата фреквенција во мир се препорачуваат бета-блокатори или digoxin (класа I, ннд-**B**).
  - За контрола на срцевата фреквенција во мир и при напор, може да се размисли за комбинација на бета-блокатор и digoxin (класа I, ннд-**B**).
  - При левокоморна систолна дисфункција, како иницијален третман на пациенти што се хемодинамски нестабилни се препорачува digoxin (класа I, ннд-**B**).
  - Кај пациенти со срцева слабост и ПФ, кои немаат дополнителни (акцесорни) патишта за контрола на срцевата фреквенција, се препорачува интравенска примена на digoxin или amioradone.
  - Кај пациенти со срцева слабост и сочувана ЛКИФ, за контрола на срцевата

фреквенција во мир и за време на напор, умно е да се размисли за недихидропиридински калциум-антагонист (сам или во комбинација со digoxin) (класа IIa, ннд-**C**).

- За контрола на срцевата фреквенција кога другите мерки не се ефикасни или се контраиндицирани, умно е да се размисли за аблација на преткоморно-коморниот јазол и електростимулација (класа IIa, ннд-**C**).

- Превенција од тромбемболизам (види го делот за фармаколошки третман)
  - За сите пациенти со ПФ, освен ако не постои контраиндикација, се препорачува антитромбоцитна терапија за превенција од тромбемболизам (класа I, ннд-A).
  - Кај пациенти со ПФ, освен ако не постои контраиндикација, кои се со највисок ризик од појава на мозочен удар како што се: претходен тромбемболизам, мозочен удар, транзиторна исхемична атака или системски емболизам, се препорачува хронична антикоагулантна терапија со антагонисти на витамин К, со цел да се достигне целна вредност на интернационалниот нормализиран однос (INR) од 2.0-3.0 (класа I, ннд-**A**).
  - Антикоагулантна терапија се препорачува кај пациенти со 1 умерен ризик-фактор. Такви фактори ги вклучуваат: ≥ 75 години, хипертензија, срцева слабост, нарушена левокоморна функција (ЛКИФ ≤ 35%) и дијабетес мелитус (класа I, ннд-**A**).
  - Кај пациенти со срцева слабост и ПФ, кои немаат ниеден дополнителен ризик-фактор (види ги горенаведените), терапија со аспирин (81-325 mg дневно) или антагонист на витамин К е умно да се даде за примарна превенција од тромбемболизам (класа IIa, ннд-**A**).
- Контрола на ритамот
  - Нема јасни докази дека востановување и одржување на синусен ритам се супериорни над контролата на срцевата фреквенција, со цел да се намалат морбидитетот и морталитетот кај пациентите со перзистентна ПФ и срцева слабост.
  - Се препорачува електрична кардиоверзија кога брзата коморна фреквенција не реагира веднаш на применетите соодветни фармаколошки мерки и особено кај пациенти кај кои ПФ предизвикува миокардна исхемија, симптоматска хипотензија или симптоми на белодробна конгестија. Преципитирачките фактори би требало да се детектираат и третираат. Трансезофагеална ехокардиографија може да биде потребна со цел да се отфрли постоење на тромб (класа I, ннд-**C**).
  - Кај пациенти кај кои е потребна итна примена на кардиоверзија поради хемодинамска нестабилност, со цел да се превенира тромбемболизам, се препорачува следниов приод:
    - Ако ПФ трае ≥ 48 часа или ако не се знае колку траела, треба да се даде heparin како интравенски болус по што се продолжува со континуирана инфузија. Субкутан нискомолекуларен heparin претставува прифатлива алтернатива. Може да биде потребна трансезофагеална ехокардиографија (класа I, ннд-**C**).

- Кај пациенти со ПФ и срцева слабост и/или намалена левокоморна функција, антиаритмичната терапија за одржување на синусен ритам треба да биде ограничена на употреба на amiodarone (класа I, ннд-**C**).
- Давање на интравенски amiodarone е умен избор за фармаколошка кардиоверзија на ПФ, особено кога брзо востановување на синусен ритам не е потребно. Пациентите треба да примаат антикоагулантна терапија.
- Умно е да се размисли за примена на инвазивни, катетер-аблативни процедури (изолација на пулмонална вена) кај рефрактерни пациенти, но кои не се евалуирани во клинички студии (класа IIa, ннд-**C**).

- **Коморни аритмии**
  - Коморните аритмии (КА) се чести кај пациентите со срцева слабост, особено кај оние со дилатирана лева комора и намалена ЛКИФ. Амбулаторното електрокардиографско мониторирање детектира предвремени коморни комплекси кај речиси сите пациенти со срцева слабост и епизоди на асимптоматска, неопстојувачка коморна тахикардија (КТ) се честа појава. Комплексна КА е поврзана со лоша прогноза.
  - Врз основа на најновите докази, вклучително и најновите упатства на ACC/AHA/ESC за лекување на КА и ненадејна срцева смрт, следниве препораки се особено применливи за пациентите со срцева слабост и КА:
    - Суштински е да се детектираат и ако е можно да се коригираат сите потенцијални фактори коишто преципитираат КА. Кај пациенти со висок ризик се препорачува евалуација за КАБ и потенцијалот за реваскуларизација (класа I, ннд-**C**).
    - Не се препорачува рутинско, профилактичко користење на антиаритмични лекови кај пациенти со асимптоматски, неопстојувачки КА. Кај пациенти со срцева слабост класа Ic лекови не треба да се користат (класа III, ннд-**B**).
- Пациенти со срцева слабост и симптоматски КА (види го делот за хирургија и помагала).
  - Имплантација на кардиовертер/дефибрилатор се препорачува кај пациенти коишто преживеале коморна фибрилација (КФ) или имале анамнеза за хемодинамски нестабилна КТ или КТ со синкопа, се со намалена ЛКИФ (<40%), примаат оптимална фармаколошка терапија и имаат очекувано преживување од >1 година (класа I, ннд-**A**).
  - Amiodarone се препорачува кај пациенти со имплантиран кардиовертер /дефибрилатор, кои и покрај оптимална терапија и натаму имаат симптоматска КА (класа I, ннд-**C**).
  - Би можело да се размисли за употреба на amiodarone кај пациенти со срцева слабост и имплантиран кардиовертер /дефибрилатор, кои и покрај оптимална терапија и натаму имаат симптоматска КА со чести шокови од дефибрилаторот (класа IIb, ннд-**C**).
  - Би можело да се размисли за електрофизиолошка евалуација и катетер аблација кај пациенти со срцева слабост и сериозни КА рефрактерни на терапија (класа IIb, ннд-**C**).

Табела 17. Третман на пациенти со срцева слабост и преткоморна фибрилација (ПФ)

Општи препораки • Треба да се идентификуваат преципитирачките фактори и придружни заболувања. • Треба да се оптимизира третманот на срцева слабост.
Контрола на ритам • Итна електрична кардиоверзија се препорачува за пациенти со нова појава на ПФ и миокардна исхемија, симптоматска хипотензија или симптоми на белодробна конгестија или брз коморен одговор, кој не се контролира со соодветен фармаколошки третман.
Контрола на срцева фреквенција • Се препорачува digoxin сам или во комбинација со бета-блокатор.
Превенција од тромбемболизам • Се препорачува антитромбоцитна терапија, доколку не е контраиндицирана. • Оптималниот приод треба да се базира врз ризик стратификација: кај пациенти со висок ризик од појава на мозочен удар (претходен удар, ТИА или системска емболизација) се препорачува употреба на орална антикоагулантна терапија со антагонисти на витамин К.

ВОДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТИТЕ СО СРЦЕВА СЛАБОСТ

- Базичните информации за болеста, терапијата со лекови и факторите на влошување (егзацербирачки фактори) на болеста се напишани за лична употреба на пациентот и објектите за третман.
- Кардиолошка сестра треба да биде дел од синџирот за грижа околу пациентот: ова ќе ги намали егзацербациите (влошувањата) коишто бараат хоспитализација, ќе го подобри квалитетот на живеење на пациентот и ќе го намали морталитетот.
- Најважни егзацербирачки фактори се: ексцесивен внес на течности, сол, нестероидни антиинфламаторни лекови и неоптимална преткоморна фибрилација.
- Инструкции се потребни кога настапува егзацербација на срцевата слабост и исто така кога е ексцесивна дехидратацијата.
- Најважните знаци и симптоми треба да бидат мониторирани: телесна тежина, диспнеа и отоци.
- Ексцесивна дехидратација предизвикува слабост и ортостатска хипотензија.
- Самостојно адаптирање на дозата на диуретикот (furosemide): пораст на телесната тежина за 1-2 kg бара зголемување на дозата на диуретикот.
- Потребно е ограничување на внес на сол, дури и ако серум концентрацијата на натриум е ниска: таа не се коригира со додавање на сол, туку со ограничување на внес на течности.

- Потребна е дозиера за реално давање на терапијата со лекови.
- Запомни дека е можна егзацербација на болеста.

СЛЕДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТИТЕ СО СРЦЕВА СЛАБОСТ

- Чести контролни прегледи се индицирани на почетокот на лекувањето. Подоцна, состојбата на пациентот и неговите проблеми ја детерминираат фреквенцијата на контролни прегледи.
- На контролните прегледи прашај го пациентот за неговите симптоми, но имај ја на ум ниската специфичност на симптомите што се високо сензитивни. Рендгенографијата на граден кош, особено латерална проекција, не е индицирана на секој контролен преглед. Внимателно земена анамнеза и физикален преглед при контрола даваат многу повеќе податоци од рендгенографијата на граден кош. BNP може да се користи за мониторирање на прогресот на болеста (ннд-**B**).
- Консултација со кардиолог и ехокардиографија се индицирани ако нема одговор на лекувањето или ако дијагнозата е несигурна.
- Дозата на диуретиците коишто се препишуваат од кардиологот во болницата треба често да биде намалена кога ќе се подобри состојбата на пациентот.
- Важен дел од третманот е грижата водена од кардиолошка сестра, организирана како домашна посета, особено за пациенти со тешка срцева слабост. Вработувањето на специјализираната кардиолошка сестра ќе ја намали потребата од хоспитализации и ќе го подобри квалитетот на животот.
- Треба да се размисли за следење (вклучително и на телефонските повици) на пациентите по излегување од болница или кај оние со стабилна срцева слабост од страна на тренирана сестра за болни со срцева слабост. Сестрите треба да бидат оспособени да ја променат дозата на диуретиците и да препорачаат итен медицински контакт (ннд-**A**).

Алгоритам 1: Дијагностички алгоритам за хронична срцева слабост

Кратенки: ЕКГ - електрокардиографија, Ртг - рентгенографија,
BNP или NTproBNP - натриуретични пептиди

Алгоритам 2: Третман на пациенти со хронична срцева слабост



Кратенки:
АКЕ - ангиотензин конвертирачки ензим инхибитор
АРБ - ангиотензин рецептор блокатор
ЛКИФ - левокоморна истисна фракција
ИКД - имплантибилен кардиовертер/дефибрилатор
КАБ - коронарна артериска болест

3340.

Врз основа на член 114-а од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08, 67/09 и 88/10), министерот за здравство донесе

У П А Т С Т В О
ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ КОЈА СЕ ОДНЕСУВА НА ТЕРАПИЈАТА НА ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА БОЛЕСТ

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на терапијата на хронична бубрежна болест.

Член 2

Начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на Терапијата на хронична бубрежна болест е даден во Прилог 1, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

За секој поединечен случај, по сопствена оценка, докторот може да отстапи од одредбите на ова упатство во секоја фаза од третманот на пациентот, со соодветно образложение за потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот.

Потребата за отстапување и оценката од став 1 на овој член од страна на докторот соодветно се документира во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува една година од денот на неговото влегување во сила.

Бр. 10-10297/7
6 декември 2010 година
Скопје

Министер,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

Терапија на хронична бубрежна болест

ТЕРАПЕВТСКИ ПРИОДИ ЗА ЗАБАВУВАЊЕ НА ПРОГРЕСИЈАТА НА БУБРЕЖНАТА БОЛЕСТ

- Третман на хипертензија
- Превенција на хиперпаратироидизмот
  - Диета
  - Лекови
- Третман на хиперлипидемија (ннд-**B**)
- Избегнување на токсични агенси
- Активно третирање на инфекции
- Избегнување на пушење
- Контрола на електролитниот баланс
- Гликемиска контрола кај дијабетични пациенти

ТРЕТМАН НА ХИПЕРТЕНЗИЈАТА

- Третирањето на хипертензијата е од големо значење бидејќи овозможува забавување на прогресијата на реналната болест.
- Целта е нормотензија (130/80 mmHg).
- Може да се употребува најголемиот дел од вообичаените антихипертензивни лекови (диуретици, бета-блокатори, блокатори на калциумските канали, АКЕ инхибитори, ангиотензин рецептор- блокатори).
- Тијазидните диуретици најчесто се неефективни доколку серумскиот креатинин е над 200 μmol/L. Во тој случај се препорачуваат диуретиците на Хенлеовата петелка. Диуретици-калиум штедачи можат да доведат до хиперкалемија. Поради тоа, нивната употреба треба да биде внимателна и комбинација со АКЕ инхибитори или ангиотензин рецептор-блокатори треба да се избегнува.
- АКЕ инхибитори и ангиотензин рецептор-блокатори се вообичаено соодветни како примарни лекови. Тие можат да се комбинираат со диуретици и други погоренаведени лекови. АКЕ инхибиторите ја намалуваат протеинуријата (ннд-**A**) и ја забавуваат прогресијата на бубрежната слабост (ннд-**A**).
- Доколку пациентот има само еден бубрег, билатерална ренална артериска стеноза (често се случува во асоцијација со периферна облитерантна атеросклероза) или конгестивна срцева слабост, препорачана е внимателна употреба на АКЕ инхибитори или ангиотензин рецептор-блокатори.
- Пред третманот со АКЕ инхибитори или ангиотензин рецептор- блокатори, треба да се измерат концентрациите на серумскиот креатинин, серумскиот калиум и серумскиот натриум и тестовите треба да се повторуваат на 2 до 4 недели по почетокот на третманот. Понекогаш, со започнување на терапијата се открива умерено покачување на креатининот (20% од основната вредност). Тоа не пречи во продолжувањето на терапијата; сепак, неопходно е внимателно мониторирање.

- Почетни дози на АКЕ инхибитори:
  - Captopril 12.5 mg x 1
  - Enalapril 5 – 10 mg x 1
  - Lisinopril 5 -10 mg x 1
  - Perindopril 2 – 4 mg x 1[1]
  - Ramipril 2.5 mg x 1
  - Quinapril 5 – 10 mg x 1[2]
  - Cilazapril 1 mg x 1[3]

ПРЕВЕНЦИЈА НА ХИПЕРПАРАТИРОИДИЗМОТ

Бубрежната слабост вообичаено е асоцирана со ниски вредности на серумски калциум, високи вредности на серумски фосфор (фосфатна ретенција) и секундарен хиперпаратироидизам.

Диетален третман

- Подразбира рестрикција во внес на протеин (ннд-**А**) и фосфати.
- Вообичаено дозволена горна граница за протеински внес е 0.6- 0.8 g/kg ТТ/ 24 часа.
- Во практика, употребата на млечни продукти треба да се редуцира. Тоа треба да започне при умерена бубрежна слабост (серумски креатинин 150μmol/l).
- Третманот е иницран од клинички специјалист.

Третман со лекови

- Калциум карбонатот го врзува фосфатот во храната, инхибира апсорпција на фосфати и го зголемува внесот на калциумот. Започнувањето терапија со калциум карбонат е најдобро кога концентрацијата на серумскиот фосфат ја надминува високо нормалната граница или кога серумскиот калциум е под долната нормална граница.
  - Дозата е 0.5-1.0 g на калциум карбонат за време на јадење.
- Калциум ацетатот[4] го врзува фосфатот нешто поефективно отколку калциум карбонатот.
- Лековите коишто интерферираат со лачењето киселини во желудникот водат до редукција на ефектот на калциум карбонатот. Sevelamer[5] и Lanthanum[6] carbonate се фосфор-врзувачи коишто не содржат калциум.
- Доколку перзистира хипокалцемија и концентрацијата на серумскиот фосфат е нормална, можат да се употребат аналози на витамин Д. Целта е контрола на хиперпаратироидизмот. Ова бара внимателно мониторирање на серумскиот калциум и серумскиот PTH (паратхормон).
  - Иницијалната доза на калцитриол или алфакалцидол е 0.25 μг/24часа.

1 Делумно недостапен во Р. Македонија
2 Делумно недостапен во Р. Македонија
3 Делумно недостапен во Р. Македонија
4 Недостапен во Р. Македонија
5 Делумно недостапен во Р. Македонија
6 Недостапен во Р. Македонија

- Калцимиметиците (цинакалцет[7]) ја инхибираат секрецијата на PTH (ннд-**B**) преку зголемување на сензитивноста на паратиреоидните калциумски рецептори за екстрацелуларниот калциум.

МОНИТОРИРАЊЕ НА ДИЕТА И ТРЕТМАН СО ЛЕКОВИ

- Се мониторираат следниве параметри: серумски калциум (се препорачува јонизиран калциум, вкупниот серумски калциум не е веродостоен), серумски фосфат, серумски PTH, серумски креатинин, серумска уреа, ацидо-базен баланс.
- Целите на третманот се одржување концентрации на јонизиран серумски калциум меѓу 1.15 и 1.30 mmol/L, вкупниот серумски калциум меѓу 2.20 и 2.50 mmol/L и серумскиот фосфат меѓу 0.8 и 1.5 mmol/L.
- CaxP продуктот не треба да надминува 5.5 (mmol/L) бидејќи тие вредности го вклучуваат ризикот од појава на мекоткивни калцификати.

НАРУШУВАЊА ВО ЕЛЕКТРОЛИТНИОТ И ВОДЕНИОТ БАЛАНС

- Препорачан внес на течности е 2-3 литри/24 часа.
- Внесот на сол вообичаено е рестриктивен од 3-5 g/24 часа. Доколку е неопходно, може да се даде диуретик на Хенлеовата петелка.
- Внесот на калиум е рестриктивен, доколку е неопходен. Повремено се употребуваат смолски јонски разменувачи (polystyrene sulphonate).[8]
- Секогаш треба да се мисли за ризикот од хиперкалемија асоцирана со употреба на АКЕ инхибитори, ангиотензин рецептор-блокатори, диуретици-калиум штедачи или нестероидни антиинфламаторни лекови, а особено при различна комбинација на овие препарати.
- Едемите се третираат со рестрикција на внесот на сол и со диуретици на Хенлеовата петелка.

ТРЕТМАН НА АЦИДОЗАТА

- Ацидозата треба да биде коригирана доколку концентрацијата на серумскиот бикарбонат е пониска од 18 mmol/L, или кога опаѓа под 15 mmol/L.
- Лекови на избор е калциум карбонат 2-6 g/24 часа, понекогаш исто така и натриум бикарбонат 1-6 g/24 часа.
- Целта е одржување стандардни концентрации на бикарбонат 20 mmol/L и базен ексцес 5.

7 Недостапен во Р. Македонија
8 Недостапен во Р. Македонија

ТРЕТМАН НА ХИПЕРЛИПИДЕМИЈАТА

- Предност во исхраната имаат полузаситените масти.
- Третманот на хиперлипидемијата може да ја забави прогресијата на бубрежната слабост (ннд-**C**). Механизмот е непознат; можна е акцелерација на гломерулосклерозата настаната од хиперлипидемијата.
- Статини (ннд-**C**) и фибрати можат да се употребуваат. При дозирањето мора да се има предвид намалената бубрежна функција. Меѓутоа, дозата на флувастатин, аторвастатин и езетимиб[9] не треба да се редуцира (види Анекс 2).

ТРЕТМАН НА АНЕМИЈАТА

- Намалената продукција на еритропоетин во бубрезите е главна причина за бубрежна анемија. Анемијата може да биде коригирана со егзоген еритропоетин (ннд-**A**). Еритропоетин може да им се даде на пациенти коишто се на дијализен третман или на пациенти со умерен степен на бубрежна слабост. Начинот на апликација е интравенски или субкутано. Потребната доза широко варира, како и фреквентноста на давањето (одеднаш на секоја втора недела до три пати неделно).
- Важно е да се обезбеди суплементација со железо, кое се дава орално или интравенски.
- Концентрацијата на железо се мониторира со мерење на серумски феритин (таргет 200-600μmol/l) и трансферинска сатурација (таргет 20%).
- Со егзоген еритропоетин, вредноста на хемоглобинот вообичаено е повисока од 110-120 g/l. (1)
- Познавањето на вредностите на серумскиот еритропоетин не е потребно кога се донесува одлука за третманот.

ИЗБЕГНУВАЊЕ ТОКСИЧНИ АГЕНСИ

- Целта е да се избегнуваат сите егзогени агенси со потенцијална бубрежна токсичност.
- Пред сè, нефротоксичните лекови треба да се избегнуваат, така што дозата на лековите треба да биде приспособена според нивото на реналната функција.
- Во практика, најзначајни нефротоксични агенси се:
  - Аминогликозиди - треба да се избегнуваат; други антибиотици се приспособуваат
  - Нестероидни антиинфламаторни лекови
  - Препарати на злато
  - Хидралазин
  - Диуретици -калиум штедачи (треба да се избегнуваат)
  - Радиолошки контрастни стредства (пациентите треба да се адекватно хидрирани пред радиолошки интервенции; дијабетичните пациенти имаат потреба од висока претпазливост: метформин треба да се избегнува).

9 Недостапен во Р. Македонија

МОНИТОРИРАЊЕ НА ИНФЕКЦИИ

- Инфекциите често ја влошуваат хроничната бубрежна слабост. Причината може да е инфекцијата сама за себе, дехидратацијата или хипертензијата, или спротивниот ефект на лековите (нестероидни антиинфламатори или антибиотици).
- Пациентите треба да се упатуваат во болница.

ПУШЕЊЕ

- Кардиоваскуларните болести се најчестата причина за смрт кај пациентите со хронична бубрежна слабост. Поради тоа, тие пациенти треба да го избегнуваат пушењето. Очигледно, пушењето исто така ја забрзува прогресијата на хроничната бубрежна болест.

СЛЕДЕЊЕ

- Кај стабилни пациенти со бавна прогресија на бубрежната болест, следењето може да биде на 6 до 12 месечни интервали. Најчесто е можно да се изведуваат интермедијарни контроли во здравствени центри или локални болници за пациенти коишто се следат надвор од универзитетски болници.
- На контролните визити треба да се нотираат следниве симптоми и знаци: замор, гадење, губиток на апетит, намалување на тежината, диспнеа, јадеж, мускулни крампи, хипертензија, едеми и изменета состојба на кожата.

ТРЕТМАНИ ИНИЦИРАНИ ВО БОЛНИЦА

- Еритропоетин, парентерално железо
- Витамин Д, parikalcitol[10] , cinakalcet[11], sevelamer[12]
- Фармакотерапија за хиперлипидемија
- Диетални совети

ПОВРЗАНИ ДОКАЗИ
29. 8.2008

Кохранови систематски прегледи

- Профилактичката примена на назален mupirocin[13] се покажа дека ја намалува тунел-инфекцијата на излезните места, но и преоперативната интравенска антибиотска профилакса го намалува раниот перитонитис кај перитонеалната дијализа. Антимикробни интервенции не се покажало дека го намалуваат ризикот од промена или отстранување на катетери (ннд-**B**).

10 Недостапен во Р. Македонија
11 Недостапен во Р. Македонија
12 Делумно недостапен во Р. Македонија
13 Недостапен во Р. Македонија

- Не постојат докази за предности на кои било интервенции асоцирани со катетери, кои го намалуваат ризикот од перитонитис кај пациенти на перитонеална дијализа (ннд-**C**).
- Статините го намалуваат холестеролот кај дијализните пациенти слично на општата популација, барем за кратко време. Безбедното препишување бара подетални истражувања (ннд-**A**).
- Протеинската рестрикција веројатно е неефикасна во забавувањето на прогресијата на хроничната бубрежна болест до терминална фаза кај деца (ннд-**C**).
- Ниската концентрација на хемоглобин (Hb) (120 g/l) кај пациенти со хронична бубрежна болест се покажа дека не е асоцирана со зголемен морталитет во споредба со повисоки концентрации на Hb (133 g/l). Пониски концентрации на Hb се покажа дека се асоцирани со зголемен ризик за конвулзии, но со редуциран ризик од појава на хипертензија (ннд-**B**).

Други резимирани докази

- Синтетска мембрана, стандардна бикарбонатна дијализа е најдобар метод на хемодијализа. Испорака на Y-сетови е подобро отколку nonY-сетови, за континуирана амбулаторна перитонеална дијализа (ннд-**A**).
- Комбинацијата на трандолаприл и лозартан се покажала дека го одложува развојот на терминална бубрежна слабост споредено со други лекови, само кај пациенти со недијабетична бубрежна болест (ннд-**A**).
- Домашната хемодијализа (1) може да биде поефективна алтернатива за селектирани пациенти со терминална бубрежна слабост (ннд-**C**).
- Севеламерот[14] се покажа дека ја намалува калцификацијата на коронарните крвни садови и аортата и го намалува LDL холестеролот во споредба со калциумовите соли кај пациенти со терминална бубрежна слабост (ннд-**B**).

14 Делумно недостапен во Р. Македонија

А Н Е К С 1

ПОКАЧЕН СЕРУМСКИ КРЕАТИНИН МБД УПАТСТВА 28.8.2006

- Референтни вредности и интерпретација
- Причини за пораст на серумскиот креатинин
- Како да се постапи во случај на инцидентен пораст на серумскиот креатинин или како резултат на скрининг
- Испитувања
- Следење
- Акутна бубрежна слабост
- Поврзани докази

РЕФЕРЕНТНИ ВРЕДНОСТИ И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА

- Кај жени под 95 µmol/L
- Кај мажи под 105 µmol/L
- Референтните вредности кај деца варираат зависно од возраста.
- Продукцијата на креатининот корелира со мускулната маса. Концентрација на креатинин од 135 µmol/L кај мускулест маж не значи задолжително бубрежна слабост. Меѓутоа, концентрација на креатинин од 200-300 µmol/L кај слаба жена може да укажува на напредната бубрежна слабост.
- Формулата на Cockroft-Gault најчесто се употребува за приближно да се калкулира креатинин клиренсот. Таа се базира врз плазма креатининската концентрација и дава добра проценка на гломеруларната филтрациска стапка. Во формулата, возраста се изразува во години а телесната тежина во килограми.
- Жени: Ccr = 1.04 × (140 – возраст) × тежина / плазма креатинин (µmol/L)
- Мажи: Ccr = 1.23 × (140 – возраст) × тежина / плазма креатинин (µmol/L)
- Гломеруларната филтрациска стапка, исто така, може да се одреди со помош на концентрацијата на цистатин-Ц, која е независна од мускулната маса.
- Кога бубрежната функција ќе се намали на околу половина, серумскиот креатинин расте над нормалните вредности и понатаму континуирано се покачува како што прогредира бубрежното оштетување.
- Кај напредната бубрежна слабост, екстрареналниот креатинин клиренс и тубуларната секреција на креатинин оневозможуваат понатаму серумскиот креатинин да биде линеарен и доверлив индикатор за бубрежната слабост.

ПРИЧИНИ ЗА ПОКАЧЕН СЕРУМСКИ КРЕАТИНИН

- Причината може да биде акутна или хронична бубрежна слабост или хронична состојба којашто станала акутна.
- Етиологијата и на акутната и на хроничната состојба може да биде или преренална (хиповолемија, срцева слабост), ренална (бубрежна болест) или постренална (опструкција на уринарниот тракт).

Индикации за мерење на серумскиот креатинин

- Сомнение за болест на уринарниот тракт на ниво на бубрези (пиелонефрит, епидемиска нефропатија).
- Основна процена на пациент со хипертензија.
- За да се открие дали се зафатени бубрезите кај системско заболување, како на пр. системски лупус еритематодес.
- Сомнение за компликации на други органи, кои се резултат на преегзистирачко заболување, како на пример дијабетот.
- Тешко болен пациент со нејасна дијагноза.

КАКО ДА СЕ ПОСТАПИ ВО СЛУЧАЈ НА ИНЦИДЕНТЕН ПОРАСТ НА СЕРУМСКИОТ КРЕАТИНИН ИЛИ КАКО РЕЗУЛТАТ НА СКРИНИНГ

1. Провери дали е претходно мерен серумскиот креатинин, како и лековите што пациентот ги користи и можните заболувања.
2. Провери дали пациентот употребува лекови коишто ја засегаат бубрежната функција
   - Аналгетици, освен парацетамолот
   - Антибиотици: пеницилин и деривати на цефалоспоринот, аминогликозиди, ванкомицин, триметоприм, амфотерицин Б
   - Антитуберкулотици: рифампицин, изонијазид
   - Антиревматици: ауротиомалат, пенициламин
   - Инхибитори на конвертирачкиот ензим на ангиотензинот, блокатори на рецепторите на ангиотензинот
   - Литиум
   - Alopurinol
   - Цитотоксични лекови
   - Циклоспорин (ннд-**А**)

ИСПИТУВАЊА

- Клинички испитувања
  - Крвен притисок
  - Аускултација на срце
  - Периферен пулс
  - Палпација на абдомен
  - Палпација на простата и мерење на резидуалната урина
  - Пребоеност на кожа

- Основни лабораториски испитувања
  - Крвна слика, седиментација (системски заболувања, миелом)
  - Електролити (натриум, калиум, калциум, фосфати)
  - Гликемија
  - Уринарен тест со трака
  - Протеини во урината
  - Крв во урина
  - Инфекција во урина (види Анекс 1 на Упатство за лекување на инфекции на уринарниот тракт)
  - Глукоза во урина: пациентот може да има дијабет
- Радиолошки техники
  - Ехоренографија е основното радиолошко испитување
    - Големина и структура на бубрезите?
    - Хидронефроза?
- Болнички испитувања
  - Потребата за испитувања во болница е базирана врз наодите од основните испитувања. Болничките испитувања вклучуваат:
    - Испитување на реналната циркулација (доплер реноrафија, ренална ангиографија)
    - Други радиолошки испитувања на уринарниот тракт (КТ скен, MRI)
    - Биопсија на бубрег
    - Исклучување на мултипен миелом (протеински фракции во серумот и урината, испитување на коскена срцевина)

СЛЕДЕЊЕ

- Честотата на контролните прегледи зависи од основното бубрежно заболување.
- Кај хронична бубрежна слабост, серумскиот креатинин треба да се одредува во интервали од неколку месеци, најмалку два пати годишно.

АКУТНА БУБРЕЖНА СЛАБОСТ

- При сомнение за акутна бубрежна слабост, упати итно до болница.
- Најчести причини:
  - Крвавење, тешка дехидратација
    - Хипотензивен пациент во лоша општа состојба
  - Шок
    - Кардиоген циркулаторен шок
    - Септичен шок
  - Акутно бубрежно оштетување
    - Нефротоксини: агенси коишто се консумираат од алкохоличари, нефротоксични лекови
    - Рабдомиолиза

- Нефрит: акутен гломерулонефрит, акутен пиелонефрит
- Епидемиска нефропатија
- Оклузија на ренална артерија или вена
- Опструкција на уринарниот тракт
- Хипертрофија на простата
- Тумор во регијата на уровезика или пелвисот

ПОВРЗАНИ ДОКАЗИ

1. Кохранови прегледи
2. Jukka Mustonen. Article ID: ebm00222 (010.002). © 2007 Duodecim Medical Publications LTD

ПОКАЧЕН СЕРУМСКИ КРЕАТИНИН - ПОВРЗАНИ ДОКАЗИ

24.1.2007

Кохранови прегледи

Врз основа на студии на бројни пациенти, веројатноста за уролошки канцер кај пациенти со макроскопска хематурија е толку висока што пациентите со макроскопска хематурија треба да се подложат на уролошка проценка.

1. Editors. Article ID: rel00103 (010.002). © 2007 Kustanus Os Duodecim

А Н Е К С 2

ЛИПИДИ КАЈ ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА БОЛЕСТ

РАЗЛИЧНИ ХИПОЛИПЕМИЦИ КАЈ БУБРЕЖНА БОЛЕСТ

Заклучоци базирани на докази

19.08.2007

Ниво на доказ = B

Намалувањето на липидите со помош на лекови, особено HMG-CoA редуктаза инхибитори, се покажа ефикасно кај пациенти со бубрежна болест.

Систематичен преглед (1), вклучувајќи 154 студии со вкупно 3065 субјекти, беше даден како извадок во DARE. Кај пациенти со нефротски синдром беа нотирани најголеми и најконзистентни редукции во липопротеин со ниска густина – холестерол со HMG-CoA редуктаза инхибитори. Слични резултати за LDL беа забележани и кај бубрежни болни со трансплантиран графт, кај пациенти со бубрежна инсуфициенција, на хемодијализа и на континуирана амбулаторна перитонеална дијализа. Аналозите на фибричната киселина имаа помали ефекти врз LDL кај трансплантирани бубрежни болни, кај пациенти со бубрежна инсуфициенција, на хемо и перитонеална дијализа. Аналозите на фибричната киселина имаа помал ефект врз LDL, но доведоа до поголеми редукции на триглицеридите кај пациенти со нефротски синдром, на хемо и перитонеална дијализа.

Коментар: квалитетот на доказот е понизок поради неговата индиректност (споредбата меѓу различни хиполипемични лекови не беше базирана врз рандомизирани, контролирани студии).

РЕФЕРЕНЦИ

1. Massy ZA, Ma JZ, Louis TA, Kasiske BL. Lipid-lowering therapy in patients with renal disease. Kidney Int 1995 Jul;48(1):188-98. PubMed DARE
2. Editors. Article ID: evd01775 (010.021). © 2008 Duodecim Medical Publications Ltd

СТАТИНИ ВО УЛОГА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА РЕНАЛНИОТ ИСХОД

Заклучоци базирани на докази

12.06.2008

Нов труд

Ниво на доказ = C

Статините можат да имаат извесен мал ефект врз забавувањето на стапката на губиток на бубрежната функција, особено кај пациентите со кардиоваскуларни заболувања.

Систематичен преглед (1), вклучувајќи 27 студии со вкупно 39 704 субјекти, беше даден како апстракт во DARE. Студиите вклучуваа пациенти со кардиоваскуларни болести (КВБ), гломерулонефрит, дијабет, хипертензија, хиперлипидемија и општи пациенти. Студии со пациенти со терминална бубрежна болест беа исклучени. Вклучените студии ги испитуваа: аторвастатинот, правастатинот, флувастатинот, симвастатинот, ловастатинот и церивастатинот. Општо земено, промената на средните разлики за eGFR беше статистички значајна (1.22 ml/min годишно побавна прогресија кај оние што добиваа статини; 95% CI 0.44 до 2.00). Имаше значителна хетерогеност (I-квадрат 96%). Ефектот на статините остана статистички значаен со помал тераписки ефект само кога беа анализирани студии со повисок квалитет. Во анализа на подгрупите, бенефитот од терапијата со статини беше статистички значаен во студиите на учесници со КВБ (0.93 ml/min годишно побавна стапка во однос на контролните субјекти; 95% CI 0.10-1.76), но не беше значаен во студиите каде што учествуваа пациенти со дијабетично и хипертензивно бубрежно заболување или гломерулонефрит. Немаше значајни разлики меѓу групата што примаше статини и контролната група во однос на стапката на промена на протеинуријата (редукција на средните разлики – 0.37 g/24h, 95% CI – 0.75 до 0.02) или албуминурија (редукција на средните разлики – 0.02 g/24h, 95% CI – 0.06 до 0.02); беше најдена значајна хетерогеност (I-квадрат 83% и 93% респективно).

Коментар: квалитетот на докази е намален поради квалитетот на студиите (нејасно криење на распределбата и повеќе од 20% случаи изгубени при следењето) и поради неконзистентноста (варијабилност во резултатите меѓу студиите).'

РЕФЕРЕНЦИ

1. Sandhu S, Wiebe N, Fried LF, Tonelli M. Statins for improving renal outcomes: a meta-analysis. J Am Soc Nephrol. 2006;17(7):2006-16. (DARE-12006002842 1)
2. Article ID: evd06049. © 2008 Duodecim Medical Publications Ltd

ЕФЕКТИ ОД РЕДУКЦИЈАТА НА ЛИПИДИТЕ КАЈ БУБРЕЖНА БОЛЕСТ

Заклучоци базирани на докази
13.10.2004

Ниво на доказ = C
Редукцијата на липиди може да ја сочува гломеруларната филтрациска стапка и може да ја намали протеинуријата кај пациенти со бубрежна болест.

Метаанализа (1) вклучувајќи 13 студии со вкупно 404 субјекти со ренално заболување (10 рандомизирани контролирани студии, n=347, 2 рандомизирани

вкрстени студии, n=40, и 1 контролирана студија, n=17) беше дадена како апстракт во DARE. Специфичните третмани вклучени во прегледот беа: симвастатин, правастатин, ловастатин, гемфиброзил, пробукол и флувастатин. Статусот на болеста на учесниците вклучуваше дијабет и гломерулонефрит.

Средниот измерен ефект на хиполипемичната терапија врз промената на гломеруларната филтрациска стапка (ГФР) беше 0.156 ml/min на месец (модел на фиксни ефекти; 95% CI: 0.026, 0.285, p=0.008). Во регресионата анализа, ефектот на терапијата врз ГФР не корелираше со процентот на промена во холестеролот, типот на хиполипемикот, или причината за бубрежна болест.

Средниот измерен ефект врз промената на уринарната протеинска или албуминска екскреција беше -0.283 (модел на фиксни ефекти) средната измерена средина беше -0.249 (95% CI: 0.562, +0.064, p=0.077).

Коментар: Квалитетот на докази е намален поради непрецизни резултати (лимитиран обем на студии за секоја споредба) и поради лимитираност во квалитетот на студиите.
Резимето на докази е поврзано со следниве упатства: Терапија на хронична бубрежна болест

РЕФЕРЕНЦИ

1. Fried L F, Orchard T J, Kasiske B L. Effect of lipid reduction on the progression of renal disease: a meta-analysis. Kidney International 2001;59(1):260-269 (DARE-12001000305 1)
2. Article ID: evd04602. © 2007 Duodecim Medical Publications Ltd

Алгоритам базиран на упатство за откривање и терапија на хронична бубрежна болест

Хроничната бубрежна болест (ХББ) се дели по стадиуми според калкулрана GFR (ККК) по формулата на Кокрофт Голт:
ККК (маж)=1.23 x (140 - возраст) x тежина/плазмакреатинин (micromol/l)
ККК (жени)=1.04 x (140-возраст) x тежина/плазмакреатинин (micromol/l)

Класификација на ХББ според калкулираната GFR (Кокрофт Голт)

Стадиум	ККК	Опис
1	>89	Бубрежно оштетување со нормална или зголмена GFR
2	60-89	Бубрежно оштетување со лесно намалена GFR
3	30-59	Умерено намалена GFR
4	15-29	Тешко намалена GFR
5	<15	или Етаблирана бубрежна слабост
	РЗТ	(ренална заместителна терапија)

Ст. 1 и 2 мора да се придружени со хематурија или протеинурија за да се класифицираат како ХББ

Над 40 години калкулираната GFR нормално се намалува со стапка од 1 ml/min/годишно

Квантификација на протеинуријата

На секој пациент кој има позитивен протеин на уринарна тест лента (1+) или повеќе, треба да му се измери 24 часовна протеинурија.

Тест лента	24ч. протеин (g/24ч.)
Негативен	< 0,15
Траги	0,15-0,45
1+ или 2+	0,45-4,5

Потребни информации во писмото за упатување до нефролог

Минимум информации потребни при упатување до нефролог:
- Листа на датуми и резултати од претходни мерења на бубрежна функција да се процени стабилноста
- Минатата медикална и фармаколошка историја
- Крвен притисок
- Резултати од тест/траки и протеинурија доколку имало повеќе од 1+ на траката
- Крвна слика, калциум, фосфор, албумин
- Ехоренографија (доколку има)

Резимиран водич за бубрежна болест

ККК треба да се калкулира еднаш годишно кај сите пациенти од ризичните групи:
- Васкуларни болести (коронарна срцева болест, мозочен удар, периферна васкуларна болест)
- Срцева слабост
- Пациенти на АКЕ-i или ARB
- Хипертензија
- Дијабет
- Ретентна уровезика (бенигна простатична хиперплазија)
- Рекурентни уринарни инфекции
- Метаболни нарушувања кои предизвикуваат рекурентни бубрежни калкули
- Неврогена уровезика и пациенти со хируршка уринарна диверзија
- Пациенти кои се на долготрајна терапија со NSAIL (нестероидни антиинфламаторни лекови) (>12 месеци)

Безбедна употреба на АКЕ-i и ARB

- Провери ККК и калиум по 2 недели од започнување или промена на доза
- Пад на GFR<15% е прифатлив
- Доколку GFR се намали за > 15%, прекини ги АКЕ-i и АРБ и барај совет од нефролог
- Доколку калиумот е >6 mmol/l, прекини ги АКЕ-i и АРБ. Почни диета со низок калиум и повторно вклучи АКЕ-i и ARB кога ќе се нормализира калиумот
- Ако GFR се намалила за 5-15%, повторно провери ККК по 2 до 3 недели за да бидеш сигурен дека намалувањето не прогредира


ХББ 4 и 5
- Упати до нефролог (освен ако се работи за терминален канцер)
- Ургентно, ако е стадиум 5
* Микроскопска хематурија се дефинира со 2 позитивни теста во период од 2 месеци, по исклучување на уроинфекција
КФК > 60 ml/min
Ако е креатининот покачен, исклучи ABS
- Лекови
- дехидратација
- опструкција
- интеркурентна болест
ХББ 1,2 и 3
Види терапија со лекови
ККС и цел биохемиски профил (албумин, калциум, фосфор, алк.фосфатоза, липиди, уринарен тест со трака и само во случај на 1+ протеини-24h-протеинурија)
Ако е протеинурија > 1g/ден или микроскопска хематурија + или -
Упати до нефролог (во предвид евентуална реална биопсија)
Земи во предвид ГН или системска болест
Протеинурија < 0.45 g/ден
Протеинурија 0.45-1.0 g/ден
Тест трака за хематурија -
Тест трака за хематурија +
Тест трака за хематурија -
Тест трака за хематурија +
Следи уролошки упатства (ехо или ИВП за сите + цистоскопија ако е > 45 год)
Пота следење во ПЗЗ
ЛЕКУВАЈ ВО ПЗЗ
ДИЈАГНОЗА
- Намалување на GFR > 15 ml/min за 12 месеци или 5 ml/годишно во период од 3 години
- Протеинурија > 1 g/ден
- Намалување на GFR > 15% по вклучување на АКЕ-i и ARB
1x годишно да се мери ККК и протеинурија
ХББ 1 или 2
- Намалување на GFR > 15 ml/min за 12 месеци и
- Протеинурија > 1 g/ден
- Намалување на GFR > 15% по вклучување на АКЕ-i и ARB
- Анемија, Hb < 110 g/l
- Калциум x фосфор > 5.5
На 3 до 6 месеци да се мери ККК и протеинурија
ХББ 3
Терапија во ПЗЗ
- Совети за промена на животен стил, престин на пушење, физичка активност, намалување на тежина
- Направи ехоренографија само ако има анамнеза која сугерира на уролошка болест или + фамилна анамнеза или полицистична бубрежна болест
- Третирај ХТА: праг за КП 140/90
- Таргет 130/80 (125/75 ако е протеинурија > 1g/ден)
- АКЕ-и или ARB како прва линија на лекови
- Сугерирај пациентот да купи сопствен сфигмоманометар
- Третирај хиперлипидемија според упатства
- Аспирин доколку е индицирано
- Вакцинација за грип
- Контролирај лекови. Избегнувај НСАИП
*ХББ - Хронична бубрежна болест
*АБС - Акутна бубрежна слабост
*ККС - Комплетна крвна слика
*ГН – Гломерулонефрит

3341.

Врз основа на член 114-а од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08, 67/09 и 88/10), министерот за здравство донесе

У П А Т С Т В О
ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ КОЈА СЕ ОДНЕСУВА НА ЛЕКУВАЊЕТО НА ИНФЕКЦИИТЕ НА УРИНАРНИОТ ТРАКТ

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на лекувањето на инфекциите на уринарниот тракт.

Член 2

Начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на Лекувањето на инфекциите на уринарниот тракт е даден во Прилог 1, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

За секој поединечен случај, по сопствена оценка, докторот може да отстапи од одредбите на ова упатство во секоја фаза од третманот на пациентот, со соодветно образложение за потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот.

Потребата за отстапување и оценката од став 1 на овој член од страна на докторот соодветно се документира во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува една година од денот на неговото влегување во сила.

Бр. 10-10297/8
6 декември 2010 година
Скопје

Министер,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

Лекување на инфекциите на уринарниот тракт

ОСНОВНИ ПРАВИЛА

- Инфекција на уринарниот тракт (ИУТ) се лекува според нивото на инфекцијата.
- Цистит кај здрава жена може да се лекува без испитување на урината.
- Во сите други случаи, сомнение за ИУТ бара изведување уринокултура. Треба да се препишат антибиотици емпириски, додека се чека резултатот од уринокултурата.
- Диференцијалната дијагноза треба да ја вклучи можноста за сексуално преносливи болести.
- Кај мажи и деца, една епизода на ИУТ е индикација за понатамошни испитувања.
- Кај трудници, деца и пациенти со пиелонефрит, излекувањето на инфекцијата мора да се потврди со уринокултура 3-7 дена по завршувањето на терапијата.
- Кај пациенти коишто и понатаму имаат симптоми, уринокултура мора да се направи што е можно побргу по прекинувањето на терапијата.
- Опструкцијата во уринирањето мора да се идентификува навреме и да се лекува адекватно.

УРЕТРАЛЕН СИНДРОМ

- Дисурија, зголемена фреквенција на уринирање и ургентност, без бактериурија.
- Ако пациентот има пиурија но нема бактериурија, треба да се направат примероци за испитување за хламидија, особено кај млади пациенти.
- Доколку нема инфекција, се врши гинеколошка проценка, или пациентот се упатува на уролог (може да помогне правењето цистоскопија и/или уретерална дилатација - кај интерстицијален циститис).
- Терапијата со естрогени може да им помогне на жени во постменопауза.
- Кај некои пациенти може да помогне давањето оксибутинин[1] или толтеродин[2] при терапија на рекурентни симптоми.
- 85% од пациентите ќе закрепнат со тек на време.

АСИМПТОМАТСКА БАКТЕРИУРИЈА

- Се јавува кај помалку од 0.5% мажи, 1-4% девојчиња, 5-10% жени.
- Напредната возраст и функционален инвалидитет ја зголемуваат преваленцијата на асимптоматската бактериурија, и во установи со долгорочна медицинска нега се јавува кај 30% од мажите и 50% од жените.
- Асимптоматската бактериурија треба да се испитува и третира само кај бремени жени (ннд-**B**)
- Скринингот и лекувањето не се неопходни кај жени со дијабетес (ннд-**B**).

Асимптоматска бактериурија кај постари:

- Нема потреба да се испитува или лекува.
- Пиурија е присутна во речиси 90% од пациентите, па според тоа пиуријата не може да се земе како дијагностички маркер за ИУТ.
- Асимптоматската бактериурија не го редуцира преживувањето, и нејзиното лекување не го редуцира морталитетот или појавата на ИУТ.
- Ерадикацијата на бактериуријата нема одраз врз силината на уринарната инконтиненција.

АКУТЕН ЦИСТИТ

- Escerichia coli е предизвикувач во речиси 80% од нехоспиталните ИУТ.
- Други патогени:
  - Staphylococcus saprophyticus, особено кај млади жени
  - Enterococci и Klebsiella species
  - Поретко, Pseudomonas и Proteus species
  - Доколку жена се презентира со знаци и симптоми коишто јасно укажуваат дека се работи за акутен некомплициран цистит, не е индицирано собирање на урина за испитување.

1 Недостапен во Р. Македонија
2 Недостапен во Р. Македонија

- Во сите други случаи кога постои сомнение за ИУТ, мора да се направи уринокултура (види Анекс 1: Упатство за анализа на урина и уринокултура).
- Едноставни тестови (реагенс-траки, броење на партикли) може да се употребат за да се потврди дијагнозата на клинички нејасните случаи.
- Траењето на терапијата е 3-5 дена; краткотрајната терапија е ефективна доколку симптомите не траеле долго (ннд-**A**)
- Кога се избира антибиотик од прв ред (Табела 1), статусот на локална резистентност мора да се има предвид – особено кога се работи за триметоприм.
- Ако пациентот има аномалии на уринарниот тракт или празнењето на мочното бабуле е отежнато поради други причини (на пр. дијабетична невропатија), траењето на терапијата треба да е 5-7 дена.

АКУТЕН ПИЕЛОНЕФРИТ

- Сомнение за инфекција на ниво на бубрег треба да се постави кога пациентот се презентира со температура, болки во слабините или лумбално, а CRP е 40 mg/l. Уринарните симптоми може да се отсутни. Единствениот симптом кај постари пациенти може да биде влошување на општото здравје.
- Возрасен пациент во добра општа состојба не мора да се хоспитализира.
  - Флуорокинолони перорално.
  - Траењето на терапијата е 10 дена.
  - Контролен преглед секогаш треба да се закаже 3-7 дена по завршувањето на терапијата.
- За време на бременост, терапијата на пиелонефритот мора да биде индицирана хоспитално.
  - Cefuroxime 0,75-1,5 g три пати дневно и.в.
  - Ceftriaxone е исто така ефикасен доколку се дава интрамускулно и може да биде лек од прв избор кај пациенти коишто ќе имаат корист од дозирање еднаш дневно или од интрамускулна администрација.
  - Последователна терапија со цефалоспорини од прва генерација перорално; на пр. Cefalexin 500 mg 4 пати дневно во период од 10 дена.

Табела 1. Избор на лекови кај возрасни со акутна инфекција на уринарен тракт (ИУТ) во примарна здравствена заштита

	Лек	Доза	Забелешка
Цистит	Trimethroprim[3]	160 mg два пати дневно 3 дена; или 300 mg еднаш дневно 3 дена	Мора да се почитуваат локалните протоколи во однос на бактериската сензитивност
	Nitrofurantoin[4]	75 mg два пати дневно 5 дена	· Не кај бубрежна слабост (серум креат. > 160 µmol/L или ГФР < 50 ml/min) · Обично ефективен кај мултирезистентна E.Coli и Klebsiella spp.
	Pivmecillinam[5]	200 mg три пати на ден 3 дена; или 400 mg два пати дневно три дена	
	Levofloxacin[6]	250 mg еднократно	· Особено каде што еднократно давање е од корист или во случаи на рекурентни ИУТ (релапс во период од 4 недели) · При ИУТ кај мажи, траењето на терапијата е 7 дена · Редукција на доза кај бубрежна слабост
	Norfloxacin	800 mg еднократно	
	Ofloxacin[7]	400 mg еднократно	
	Ciprofloxacin	500 mg еднократно	
Кај посебни состојби	Cealexin[8]	500 mg два пати дневно 5 дена	Ако гореспоменатите се контраиндицирани
	Cefadroxil	1 g еднаш дневно 5 дена	
	Co-trimoxazole	160/800 mg два пати дневно 3 дена	Особено каде што нивото на инфекцијата не е јасно идентифицирано
	Amoxicilin	500 mg три пати дневно 5 дена	Особено кај ентерококни инфекции
Пиелонефрит	Levofloxacin	250 mg еднаш дневно перорално	Терапијата трае 10 дена
	Norfloxacin	400 mg два пати дневно перорално	
	Ofloxacin	200 mg два пати дневно перорално	
	Ciprofloxacin	500 mg два пати дневно перорално	
	Cefuroxime	750 mg три пати дневно 10 дена и.в.	· Кога терапијата со таблети не е можна · Да се продолжи со флуорокинолон, прва генерација на цефалоспорини или cotrimoxazole перорално
	Co-trimoxazole	160/800 mg два пати дневно 10 дена	· Ако сензитивноста на сојот е потврдена или флуорокинолони се контраиндицирани

3, 5,6,7,8 Недостапен во Р. Македонија, 4 Делумно достапен во Р. Македонија

УРИНАРНА ИНФЕКЦИЈА КАЈ МАЖ

- Хиперплазијата на простатата е предиспонирачка состојба за инфекции.
  - Треба да се палпира простатата и да се одредува количеството на резидуалната урина (количеството на резидуална урина не корелира со присуството на бактериурија). Доколку е индицирано, исто така треба да се одредат и серумски PSA и креатинин.
- Циститот мора да се третира со антибиотик, на пр. со trimethorpim или fluroquinolone; траењето на терапијата е 7 дена.
- Не можат да се постигнат ефикасни концентрации во простатата со nitrofurantoin или pivmecillinam.
- Кај фебрилни ИУТ, флуорокинолоните се лек на избор.
- Доколку фебрилната инфекција е асоцирана со акутен бактериски простатит, траењето на терапијата треба да биде 2 недели. Кај хроничен простатит, траењето на терапијата е 4-6 недели зависно од одговорот.
- По завршување на фебрилната инфекција, треба да се консултира уролог.
- Контролен преглед треба да се закаже 3-7 дена по завршувањето на терапијата.

ЦИСТИТ ЗА ВРЕМЕ НА БРЕМЕНОСТ

- Траењето на терапијата е 5 дена; ерадикацијата на инфекцијата мора да биде потврдена со уринокултура.
- Асимптоматската бактериурија (ннд-**С**) мора да се лекува и следи како кај цистит (зголемен ризик од пиелонефрит и прематурно породување).
  - Pivmecillinam 200 mg три пати дневно
    - Pivmecillinam-от ја намалува серумската концентрација на карнитин и затоа треба да се избегнуваат повторувани кури со mecillinam во бременоста
  - Nitrofurantoin 75 mg два пати дневно
  - Прва генерација на цефалоспорини (на пр. cefadroxil 500 mg два пати дневно; или cefalexin 500 mg три пати дневно)
  - Amoxicillin (500 mg три пати дневно) може да се препише доколку е потврдена сензитивноста кај етиолошкиот агенс.
  - Профилакса со Nitrofurantoin доаѓа предвид кај рекурентни ИУТ.
  - Пиелонефрит, види погоре.

ИНФЕКЦИИ НА УРИНАРНИОТ ТРАКТ КАЈ ПАЦИЕНТИ ВО УСТАНОВИ СО ДОЛГОРОЧНА МЕДИЦИНСКА НЕГА

- Поради разноличноста на етиолошките агенси и нивната променлива сензитивност кон антибиотиците, терапијата мора да се базира врз резултатите од уринокултурата.
  - E. coli е предизвикувач кај околу половина од случаите.
  - Pseudomonas, enterococci, staphylococci и candida се сите многу почести отколку во примарната здравствена заштита.
- Асимптоматската бактериурија е честа кај овие пациенти, а уринокултури се индицирани само тогаш кога е направена одлука, базирана врз клиничките

сиптоми и знаци, да се лекува ИУТ со антибиотици.
- Терапијата треба да се состои од антибиотици со тесен спектрум.

РЕКУРЕНТНИ УРИНАРНИ ИНФЕКЦИИ

- Истиот вид: 1-3 недели по претходната инфекција (релапс).
- Нов вид: 1-2 месеци по претходната инфекција (реинфекција).
- Се покажало дека пиењето сок од црвена боровинка (брусница) (ннд-**C**) ја редуцира рекурентноста на ИУТ кај пременопаузални жени (3,7).
- Кај постменопаузални жени, се покажало дека тописката апликација на вагинални естрогени ја редуцира рекурентноста на ИУТ (ннд-**C**).
- Општи превентивни мерки (нема докази)
  - Обилна диуреза (повеќе од 2 литра некалорични течности на ден)
  - Често празнење на мочниот меур (на 3-часовни интервали во текот на денот и по полов однос)
  - Лекување на опстипација
  - Добра хигиена
  - Витамин С за да се зголеми киселоста на уринатa
  - Избегнување на изложување на студ
  - Профилакса со лекови по половиот однос доколку е индицирано
    - Еднократно давање на trimetxoprim 100-300 mg или nitrofurantoin 50-75 mg
    - Втора линија на лекови: norfloxacin 200 mg, ofloxacin 100 mg, ciprofloxacin 100-250 mg или co-trimoxazole 80/400 mg (ннд-**A**)
- Пациентот сам може да започне со 3-дневно лекување откако ќе настапи дисурија (trimetrphim, nitrofurantoin).
- Пациентите со тенденција за чести повторувани инфекции (барем три инфекции годишно) треба да се лекуваат профилактично 6 месеци.
  - Trimethoprim 100mg или nitrofurantoin 50-75 mg навечер
  - Втора линија на лекови: methenamine hippurate (ннд-**C**) 1g два пати дневно; или norfloxacin 200 mg еднаш дневно (или три пати неделно, навечер); или друг флуорокинолон.
- Доколку се поврати инфекцијата по прекинувањето на профилаксата, треба да се препише нова кура на профилактичка терапија во траење од 6-12 месеци.

ПОВРЗАНИ ИЗВОРИ

- Кохранови прегледи

А Н Е К С 1

АНАЛИЗА НА УРИНАТА И УРИНОКУЛТУРА

МЗД Упатства
6.2.2007

- Основни правила
- Избор на испитувања според болеста за која се сомнева
- Тестирање за уринарни партикли од ренално потекло
- Други стандардни испитувања
- Избор на испитувања
- Информирање и упатства за пациентите
- Собирање на примерокот на урина
- Складирање и транспорт на примерокот на урина

ОСНОВНИ ПРАВИЛА

- Рутинската анализа на урината се состои од хемиска анализа (тест со тест-трака) и броење на партиклите (стандардно или диференцијално броење на партиклите во урината), кое се изведува или со микроскоп (броење на елементите во седиментот на урина или броење во видно поле) или со користење на автоматизирани методи.
  - Сензитивноста на тест-траките со мултипни реагенси е приближно 2–3 ќелии/видно поле за леукоцити и 1–2 ќелии по видно поле за еритроцити.
- Бактериската култура (уринокултура) се бара кога постои сомневање за инфекција на уринарниот тракт. Во некои посебни случаи, може да се бара да се засадат специјални култури од локалната микробиолошка лабораторија. Како дополнение, бацилот на туберкулозата, хламидиите и гонококите, меѓу останатите, не растат во вообичаена култура (за нив постојат специфични методи за тестирање).
- Примерок на урина за цитолошки испитувања (испитување во патохистолошка лабораторија)
  - Примерокот на урина мора да биде колку што може посвеж (вториот утрински примерок, односно урина што се задржала во уровезиката 2–3 часа)
  - Ако примерокот не може да се достави до лабораторијата во тек на два часа, треба да се центрифугира и седиментот да се фиксира со 50% алкохол.
- За тоа кои испитувања ќе се направат, се избира според болеста за која постои сомневање. Изведувањето на испитувањата треба да се договори на локално ниво.

ИЗБОР НА ИСПИТУВАЊА СПОРЕД БОЛЕСТА ЗА КОЈА ПОСТОИ СОМНЕВАЊЕ

Сомневање за инфекција на уринарниот тракт (ИУТ), бактериурија и пиурија

- Дијагнозата за рекурентен акутен цистит кај инаку здрава жена треба да се заснова врз препознавање на симптомите, така што лабораториските инвестигации не се неопходни (1). Во некои други случаи, секогаш е потребно да се засади уринокултура, види (1).
- Брзиот тест се користи за да се утврди присуство на пиурија и/или бактериурија, било со хемиски скрининг (леукоцити и нитрити) или со стандардно броење на партикли.
  - Сензитивноста на брзото тестирање во одредување на бактериуријата кај пациент со дисурија е само околу 50–60% во споредба со сензитивноста од бактериската култура (позитивен тест за нитрити или леукоцити; сам тестот со нитрити е само 20–50%), ако се земе како значаен дури и сосем мал раст на уропатогени (од 10^3 бактерии/мл).
  - Staphylococcus saprophyticus и некои типови ентерококи не продуцираат нитрити. Типот на консумирана храна од пациентот или иритацијата на уровезиката (кратко време на престој на урината во уровезиката) не се секогаш погодни за продукција на нитрити кај инфекции предизвикани и од некои други бактерии.
  - Сензитивноста на броењето на партикли споредено со уринокултурата е слична на она со тест-трака со реагенси, но со автоматизираното броење резултатите се попрецизни.
  - Висок внес на витамин Ц ќе даде лажно негативни резултати за бројот на леукоцити со реагенси.
  - Секое одложување на транспорт на примерокот на урина ќе доведе до деструкција на леукоцитите и резултатот од броењето на партиклите ќе биде лажно понизок.
- Дијагностицирањето на ИУТ кај мали деца (2) вклучува верификација на присуство на пиурија (хемиска анализа) следена од уринокултура, што е најдобро да се добие со примерок на урина земен со пункција на уровезиката.
- Нема јасен консензус за клиничката значајност на бројот на уропатогените и габичките, види (10).
- Бактериски раст од среден млаз на урина кај пациент со симптоми:
  - Над 10^5 бактерии/ml со само еден специес укажува на очигледна инфекција
  - 10^4–10^5 бактерии/ml со 1–2 различни специеси укажува на веројатна инфекција
  - 10^3–10^4 бактерии/ml со 1–2 различни специеси може да биде значаен раст ако пациентот има дисурија и ако собирањето на примерокот на урината е правилно (E. coli и Staphylococcus saprophyticus).
- Дури и значителен бактериски раст може да се должи на позитивниот резултат од уринокултура треба да се контролира ако:
  - пациентот е без симптоми и бројот на партикли под микроскоп е негативен
  - примерокот содржи три или повеќе специеси на бактерии (мешана флора).

- Евалуацијата на резултатите од културата бара да се земат предвид: времето на престојот на урината во уровезиката (дали урината била помалку или повеќе од 4 часа во уровезиката), методот и успешноста на собирање на примерокот (види подолу) заедно со извештајот за бројот на бактерии од микробиолошката лабораторија.
- Етиологијата на пиуријата може да биде и друга, а не само микробна инфекција, на пример, гломерулонефритис (3) или интерстицијален цистит.

Табела 1. Клинички значајни ограничувања за концентрација на уропатогени и габички

Клиничка презентација или тип на примерок	**Граници на значајна концентрација (микроби/мл)**
Клиничкото значење и обемот на бактериските раст може многу да зависат од начинот на собирање на урината и од состојбата на пациентот и затоа границите изнесени во заградите во табелата се само за водење.	
· Асимптоматска бактериурија · Сомневање за ИУТ (нема податоци за квалитетот на примерокот земен од среден млаз)	10^5
Примерок земен со катетер кај пациент од женски пол	10^4
Примерок земен со катетер кај пациент од машки пол	10^3
Пациент со симптоми со сомневање за ИУТ и добар квалитет на примерок на урина земен од среден млаз	10^3
Примерок земен со пункција на уровезиката, квантитативна култура	10^2
Примерок земен со пункција на уровезиката, обогатена култура	Нема граница

СОМНЕВАЊЕ ЗА ХЕМАТУРИЈА

- Хематуријата (4) може да биде предизвикана од:
  - системска болест (на пример, крвавечка дијатеза)
  - болест на бубрезите или дисталниот уринарен тракт
  - артефакт (менструација).
  - Се тестира хемиски со траки со реагенс, кој се базира врз псевдопероксидазната активност на хемот. Сензитивноста е клинички адекватна. Хемот од миоглобинот се детектира, исто така, со тест-трака (рабдомиолиза).
- Хематуријата треба да се оценува од нов свеж примерок на урина со броење на партикли.

ТЕСТИРАЊЕ ЗА УРИНАРНИ ПАРТИКЛИ ОД РЕНАЛНО ПОТЕКЛО

- Микроскопското или автоматското броење на примерок на урина ќе даде само груба проценка за уринарни партикли од ренално потекло.
  - Броењето на партиклите го вклучува вкупниот број цилиндри и бројот на малите епителни ќелии, кои ги вклучуваат тубуларните епителни ќелии и ќелиите на транзициониот епител на дисталниот уринарен тракт.
- Нефролошкото диференцијално броење се изведува со микроскопирање на уринарниот седимент и ги диференцира со повеќе детали тубуларните ќелии и оние што потекнуваат од транзициониот епител и ги идентификува разните типови цилиндри. Покрај тоа, леукоцитите (и гранулоцитите и лимфоцитите) и еритроцитите можат да бидат од бубрежно потекло.
- Морфологијата на еритроцитите се испитува само во специјализирани лаборатории. Еритроцитите коишто имаат бубрежно потекло се дисморфични.
- Горната граница на нормална вредност за возрасен од прва утринска урина по гладување (микроскопирање на седиментот, според Финска стандардизација[54]
  - Жени: 3–4 гранулоцити, 1–2 епителни ќелии, 1–2 еритроцити во видно поле
  - Мажи: 1–2 гранулоцити, 1–2 еритроцити во видно поле
  - Не треба да има цилиндри.

Сомневање за протеинурија

- Реналните болести обично се асоцирани со протеинурија.
- Скрининг се прави со користење на тест-трака со мултипли реагенси, кои го детектираат албуминот од концентрација 0.2 g/l или повеќе.
- Посензитивни методи се потребни за детекција на микроалбуминурија асоцирана со дијабет или хипертензија (најмалку 10 mg/l албумин би требало да се детектира): се мери од урина собрана во тек на ноќта или од еден ран утрински примерок (однос на албумин во урина/ креатинин во урина).
- Екскрецијата на имуноглобулински лесни вериги кај миелом не може да се детектира со тест-трака со реагенс. Миеломот се дијагностицира со фракционирање на серумските или уринарните протеини (електрофореза).

ДРУГИ СТАНДАРДНИ ИНВЕСТИГАЦИИ

- Детектирање на зголемена концентрација на **глукоза во уринатa** со тест-трака со реагенс е особено корисно кога е потребна дијагноза кај болно дете или стари лица вон работното време. Глукозата во крвта секогаш треба да се проверува ако пациентот покаже позитивен тест со трака за глукозурија.
- **Кетонски тела** можат да бидат детектирани со тест-трака со реагенс, кој ќе покаже позитивен наод веќе по гладување од 12 часа. Кога се мониторира дијабетична кетоза, хидроксибутиратот може да се мери во плазмата или во лабораторија или во центар за згрижување.

9 Македонската стандардизација е идентична

- **pH на урината** е физиолошки меѓу 5 и 9. Подесување на pH може да се направи кај некои пациенти со ренални калкули и кога е потребно забрзување на елиминацијата на некои лекови.
- Мерењето на **специфичната тежина и концентрацијата на креатинин** (со некои понови тест-траки со реагенси) може да даде убедливи информации за уринарната концентрирачка способност на бубрезите:
  - дилуирана урина: специфична тежина 1.000–1.005
  - изотонична урина: специфична тежина 1.010–1.015
  - концентрирана урина: специфична тежина 1.020 или повеќе.
- Осмолалноста ќе даде најдобра процена на концентрирачката способност.

ИЗБОР НА ИНВЕСТИГАЦИИ

- Назначувањето на секој тест треба да биде индивидуализирано.
- Порано применуваното степенесто одредување на фазите, каде што хемиската анализа водеше до анализа на седиментот - броење на партиклите само ако иницијалниот хемиски скрининг бил позитивен за еритроцити, леукоцити или протеини, главно е напуштено.
- Класификација:
  - Сомневање за ИУТ
    - Без никакви инвестигации (инаку здрав пациент од женски пол) или хемиска анализа/броење на партикли и уринокултура (можно специјални култури).
  - Надвор од работно време (дежурство): хемиска анализа се изведува како тест на самото место и примерокот за култура се става или во Петриеви садови и слајдови за инкубација, или примерокот се чува во фрижидер во текот на ноќта за култивирање следното утро.
  - Друго освен сомневање за ИУТ
    - Хемиска анализа и
    - Броење на партикли (диференцијално) во зависност од клиничката потреба за точност.

ВОДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТОТ

- Главните проблеми со примероците на урина се поврзани со нивното собирање, полнењето на садовите и транспортот. На пациентот треба да му се дадат усни и писмени инструкции (во кои се јасно истакнати и деталите за локалните контакти и работното време на лабораторијата). Поделбата на обврските и процедурите што се однесуваат на давањето упатство и водењето на пациентите треба да бидат јасно договорени во институциите коишто ја нудат здравствената заштита.
- Примерок на концентрирана урина
  - Гладување преку ноќ (ако може да се изведе) ќе обезбеди добра

концентрација на урината. Пациентот може да пие, најмногу чаша вода наутро. Само пациенти што се јасно дехидрирани можат да пијат повеќе. Дилуираниот примерок ќе даде лажно негативни резултати.
  - Да се откријат дури и минорни абнормалности во составот на урината, концентриран утрински примерок треба да се даде ако акутните симптоми кај пациентот не го попречуваат ова. Ако пациентот се јавува вон работното време - дежурство (иритација на уровезиката, абдоминална болка, акутна хематурија итн.), примерокот не се зема во одредено време, а варијациите во диурезата треба да се земат предвид кога се интерпретираат резултатите (екскрецијата на вода од 20–50 ml/ч во текот на ноќта може да се зголеми до 200 ml/ч или дури до 500 ml/ч во текот на денот, и дилуцијата што резултира ќе ја спречи детекцијата на партикли или протеини).
- Физичка активност
  - Ортостатската протеинурија и протеинуријата предизвикана од физичка активност може да се избегнат со собирање примерок на утринска урина по одмор преку ноќ.
- Време на престој на урината во уровезиката
  - За да се осигура бактериски раст, урината треба да има престој во уровезиката од 4–6 часа пред да се собере примерокот (за E. coli, траењето на ќелискиот циклус е приближно 2 часа).
  - Понекогаш вториот утрински примерок на урина (собран во лабораторијата) може да биде попрактичен.
  - Примероците што биле пократко време од 4 часа треба да се прифатат од пациенти со дисурија. Ова треба да се има предвид кога се анализираат резултатите.
- Лекови
  - Лабораторијата треба да добие информација за секој актуелно или претходно применет антимикробен лек, за да се помогне при тестирањето на сензитивноста на култивираните уропатогени.

СОБИРАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИТЕ

- Примерок од среден млаз на урина (дадени инструкции) ќе ја намали микробиолошката контаминација од надворешните гениталии.
- Примерокот за кламидија треба да биде примерок на урина од „првиот млаз" (собран не порано од 2 часа по последното мокрење).
- Примерок од мало дете треба да се собере со употреба на тегла за собирање на примерокот, која се прилепува до предниот sид внатре во нокширчето на детето со „blue tac" или слично. Примерок од доенче може да се собере во атхезивна кеса. Сепак, овој примерок е веродостоен само во исклучување на ИУТ.
- ИУТ кај доенче треба да се потврди со примерок земен со пункција на уровезиката. Катетеризација „внатре-и-надвор" може да внесе бактериска колонизација во уровезиката на детето.

- Најдобриот начин за собирање примерок од пациент со траен катетер е со инсерција на нов катетер и оставање на примерокот на урина да истече во садот за собирање. Ако примерокот се собира од врвот на трајниот катетер кога се менува кесата, треба да се дозволи прво уринатa да истече надвор од садот за собирање, така што можните позитивни резултати да не ја одразуваат колонизацијата на катетерот. Од супрапубичен перкутан катетер, примерокот најдобро може да се земе со пункција на катетерот низ точката специјално конструирана за оваа цел.
- Специјални примероци урина се собираат и од цистостома или во тек на цистоскопија.
- Методот, времето и успехот од собирањето на примерокот урина, времето на последното мокрење (повеќе или помалку од 4 часа) и можната примена на антимикробни лекови треба да бидат индицирани во (компјутеризираниот) формулар за упат, за да се олесни интерпретацијата на резултатите. Треба да се има на ум дека особено резултатите од уринокултурата ќе се оценуваат во релација со квалитетот на примерокот.

СКЛАДИРАЊЕ И ТРАНСПОРТ НА ПРИМЕРОКОТ УРИНА

- Садот добиен од лабораторијата се користи за собирање на примерокот, кој потоа се префрла во сад за транспорт (садови за собирање урина најдени дома не треба да се користат).
  - За тестирање со тест-трака со реагенси, не се неопходни специјални садови добиени од лабораторија.
  - Примерокот на урина од тегличката за собирање треба да се протресе пред да се префрли во епруветите и пред тестирањето.
  - Ракувањето со примерокот од пункција на уровезиката треба да ги следи локалните упатства од лабораторијата.
- Хемиската анализа (тест-трака со реагенси) се изведува во самата здравствена установа како кога примерокот ќе достигне собна температура (+20°C). За ова обично треба околу 15–30 минути по собирањето на примерокот.
- Примерокот треба да се складира на +4°C (во фрижидер или разладна кутија). Може алтернативно да се употребат и транспортни туби – епруветите со презервативи, како што ќе се договори со лабораторијата, за да се дозволи примерокот да се чува на собна температура. Неговото тестирање не се изведува веднаш. Фрижидер е обично доволен за транспорт внатре во една зграда.
- Примерокот за тестирање со трака со реагенси може да се чува без презерватив 8 часа на собна температура и 72 часа во фрижидер.
- Примерокот за микроскопско испитување треба да се транспортира до лабораторијата во тек на 2 часа, за да се осигура дека микроскопското испитување ќе се направи во тек на 4 часа по собирањето на примерокот (доколку не се употребат презервативи).
- Примерокот за микробиолошко испитување треба да се засади колку што може побргу, бидејќи времето до прелиминарните резултати од културата е

18–24 часа (богат бактериски раст е препознатлив во пократко време, слаб раст ќе се појави во тек на 48 часа). Бактериското типизирање и тестот за сензитивност ќе бараат дополнителни 24–72 часа.

- Примерокот за бактериска култура може да се чува во фрижидер до 24 часа; 48 часа ако се чува во епрувети коишто содржат презерватив за Pseudomonas aeruginosa само 24 часа).
- Примерокот од пункција на уровезика треба да се култивира веднаш или во шише со крвна култура (обогатена подлога) или со ставање неколку капки чоколаден агар. Овие примероци веднаш се транспортираат до лабораторијата.

Алгоритам 1: Анализа на уринита во дијагностиката на инфекциите на уринарниот тракт



3342.

Врз основа на член 114-а од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија", бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08, 67/09 и 88/10), министерот за здравство донесе

У П А Т С Т В О
ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ КОЈА СЕ ОДНЕСУВА НА ТРЕТМАНОТ НА ЦЕРЕБРАЛНИОТ ИНФАРКТ (ИСХЕМИЧЕН МОЗОЧЕН УДАР)

Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на третманот на церебралниот инфаркт (исхемичен мозочен удар).

Член 2

Начинот на вршење на здравствената дејност која се однесува на Третманот на церебралниот инфаркт (исхемичен мозочен удар) е даден во Прилог 1, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

За секој поединечен случај, по сопствена оценка, докторот може да отстапи од одредбите на ова упатство во секоја фаза од третманот на пациентот, со соодветно образложение за потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот.

Потребата за отстапување и оценката од став 1 на овој член од страна на докторот соодветно се документира во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува една година од денот на неговото влегување во сила.

Бр. 10-10297/9
6 декември 2010 година
Скопје

Министер,
д-р **Бујар Османи,** с.р.

Третман на церебралниот инфаркт (исхемичен мозочен удар)

ЕПИДЕМИОЛОГИЈА

- Церебралниот инфаркт чини, апроксимативно, 75% од сите мозочни удари. Еден од три пациенти припаѓа на возрасната популација, која е работоспособна.

ЕТИОЛОГИЈА

- Атеросклерозата на големите крвни садови е причина за церебралниот инфаркт кај речиси една половина од сите исхемии. Микроангиопатијата и кардиогената емболија, секоја од нив, одделно, претставуваат една четвртина од причините што учествуваат во настанувањето на церебралниот инфаркт. Нивните пропорции варираат во зависност од возрасната припадност на болниот.
- Најчестите ризик-фактори за церебралниот инфаркт се: напредната возраст, хипертензијата, дијабетот, хиперхолестеролемијата, пушењето, познатите растројства на церебралната циркулација и други васкуларни болести.
- Апроксимативно, еден од четири церебрални инфаркти (со извесни варијации во возраста) се должи на кардиогена емболија, каде што етиолошката причина е: атријалната фибрилација, миокардниот инфаркт, срцевата слабост, валвуларниот-митрален пролапс, ендокардитот, атријалниот миксом и артефицијалната валвула. Кај пациентите постари од 80 години, атријалната фибрилација се јавува како причина во еден вон четири случаи со церебрален инфаркт.
- Кај младите пациенти артериосклерозата ретко доведува до церебрален инфаркт. Кај нив, инфарктот настанува поради артериска дисекција или парадоксен емболизам, кој е во врска со хередитарен или стекнат протромботичен статус, особено кај пациентите со патент форамен овале.
- Скринингот на протромботичниот статус би требало да биде препорачан, особено кај младите пациенти, ако церебралната емболија е со потенцијално венско потекло.
- Мигрената со аура може да биде сигнификантен предиктор, особено кај пушачите и кај жените коишто се под контрацепциска или хормонска терапија.

- Употребата на недозволени лекови/дроги е сигнификантен ризик-фактор за церебрален инфаркт. Други тригерирачки фактори се: дехидратацијата, оперативниот третман, бременоста, имобилизацијата, лекувањето или прекинот на антикоагулациската терапија, акутниот внес на алкохол и акутната инфекција.

КЛИНИЧКА МАНИФЕСТАЦИЈА

- Генерално, церебралниот инфаркт доведува до акутна хемиплегија и/или сензитивни нарушувања и впечатлив говорен дефицит. Но, може да се манифестира и со хемипареза, спуштена уста, визуелни нарушувања и нарушување во движењата на булбусите, дисфагија, вертиго, отежнато одржување рамнотежа или тетраплегија. Акутниот невропсихолошки дефицит, како диспраксија, губиток на памтењето или конфузност, исто така, може да биде дел од сликата на церебралниот инфаркт.
- **Каротиден (хемисферален) инфаркт**: неговата типична манифестација е со хемипареза и/или сензитивни нарушувања, често пати придружени со пареза на долната гранка на n. facialis.
  - Оклузија на a. cerebri media е најчестата состојба, а парализата е најизразена на горниот екстремитет.
  - Оклузија на a. cerebri anterior, која е поретка состојба, доведува до парализа, која главно го инволвира долниот екстремитет и создава уринарна инконтиненција.
  - Инфаркт во доминантната хемисфера често го засега говорот, со нарушувања и во експресивната и во рецептивната сфера, идентично како и во читањето и пишувањето.
  - Инфаркт во недоминантната хемисфера може да вклучи нарушување во временската ориентација и во околината, анозогнозија и игнорирање на одземената страна на телото (neglect fenomen).
- **Вертебробазиларен инфаркт** (инфаркт во мозочното стебло): се манифестира, типично, со акутна и тешка вртоглавица, гадење, диплопија, дисфагија, дисартрија, сензитивни нарушувања, парализа на контралатералните екстремитети. Симптомите настануваат поради прогресивна (често пати траејќи и по неколку дена) оклузија на a. vertebralis, a. basilaris и церебеларните артерии. Хомонимната хемианопсија без парализа е најчестата феноменологија, како резултат на оклузија на a. cerebri posterior.
- **Лакунарни инфаркти:** тоа се мали инфаркти коишто настануваат поради оклузија на малите терминални артерии. Нивната локализација е или супкортикална или во базалните ганглии или во мозочното стебло. Најчестата причина за настанување на лакунарните инфаркти е хипертензијата. Во другите причини спаѓаат: дијабетот (тип 2), васкулитот и хиперхомоцистеинемијата. Клиничката слика е често типична, со појава на: евидентна, често флуктуирачка хемипареза или хемихипестезија, потоа атаксија со хемипареза или дисартрија со clumsy hand syndrome (синдром на невешта рака).

- **Тромбоза на венски синус**: може да настане во текот на бременоста или пуерпериумот поради третман со хормонска терапија, при дехидратација, кај коагулопатиите или поради присуство на малигном. При тромбозата на венскиот синус се јавуваат симптоми на покачен интракранијален притисок: главоболка, нарушување на свеста или, пак, напади коишто може да бидат поставени во врска со нарушената свест, идентично како и настанатите парализи, кои не соодветствуваат на артериските васкуларни подрачја.
- Церебралниот инфаркт ретко вклучува главоболка, особено ретко во иницијалната фаза. Големиот инфаркт може да доведе до зголемен интракранијален притисок, главоболка, гадење и нарушена свест.

ДИЈАГНОСТИЧКИ ПОСТАПКИ

- Дали состојбата настанала поради дистурбанции во церебралната циркулација или поради некоја друга болест (мозочен тумор, хроничен субдурален хематом, епилепсија, мигрена, мултипна склероза, енцефалитис итн.)?
- Дали пациентот страда од исхемично растројство или од хеморагија? Двете состојби треба да се диференцираат со помош на компјутеризирана томографија на мозокот (КТМ).
- Ако состојбата е инфаркт, дали оклузијата настанала поради емболија?
  - Акутниот почеток, губитокот на свеста, епилептичните напади и анамнезата за потенцијално, кардијално, емболично нарушување, може да упатуваат на кардиогена емболија. На КТМ може да се види промената, како хеморагичен инфаркт или мултипли инфаркти. Треба да се испита дали претходно била употребувана антикоагулациска терапија.
- Дали настапила реканализација? Дали состојбата на пациентот во текот на испитувањата е стабилна, прогресивна или рекурентна?
  - Инфарктот се смета дека е прогресивен ако каротидните симптоми прогредираат во тек на 24 часа, или вертебробазиларните симптоми во тек на 48 часа. Нестабилната фаза вообичаено перзистира додека крвните садови се сè уште субоклудирани, односно се воспоставува реканализацијата, спонтано или преку тромболиза. Подобрувањето на состојбата секогаш не значи и редуциран ризик.
- Други причини?
  - Вратната болка, Хорнер синдромот или траумата на вратот, кои му претходат на инфарктот, упатуваат на каротидна дисекција, во кој случај антикоагулациската терапија мора да биде застапена (ннд-**D**)[1].
  - Автоимуната болест може да упатува на васкулит, на кој одговара терапија во согласност со неговата етиологија.
  - Претходна венска тромбоза или абортуси кај младите пациенти може да упатуваат на хередитарна коагулопатија.

1 Ннд = ниво на доказ

ТРЕТМАН

- Сите претходно самозгрижени пациенти треба да се упатат на понатамошна грижа од страна на специјалистички тим во специјализирана установа, во соодветно одделение за нега на болни со цереброваскуларен инсулт.
- Грижата и негата во одделот за цереброваскуларни болести ја намалуваат смртноста и ги зголемуваат шансите на болниот повторно да се здобие со независност (ннд-**A**).
- **Општ третман:**
  - Дишните патишта треба да бидат проодни, што се постигнува со асистенција на артефицијален орален „airway" или со интубација на болниот. Ако се присутни проблеми со вентилацијата или оксигенацијата, оксигенската терапија треба да се спроведува уште во приемното одделение и треба да биде континуирана.
  - Интравенските раствори секогаш треба да се даваат во текот на акутната фаза. Медикаментите не треба да се даваат per os. Треба да се спроведат континуиран електрокардиограм (ЕКГ) и мониторирање на крвниот притисок.
- **Мозочен едем:**
  - Едемот, кој како придружна компликација на церебралниот инфаркт го загрозува животот на пациентот, може да се третира со: редукција на температурата, контрола на гликемијата, внес на осмотски препарати, превенција на немирот и епилептичните напади, одржување на оптимален гасен статус или, кај најтешките случаи, ако пациентите се под 60 години, третман со хемикраниотомија.
- **Телесна температура:**
  - Редукцијата на температурата е најефикасниот невропротективен третман кај церебралната исхемија. Високата температура го зголемува исхемичното оштетување, ги поттикнува крвавењето и процесот на отекување на мозокот и доведува до зголемување на смртноста. Целта е да се постигне нормална телесна температура.
- **Крвен притисок:**
  - Церебралниот инфаркт често е следен со акутно, реактивно зголемени вредности на крвниот притисок, кои се дел од одбранбениот механизам, и затоа, генерално, неговото намалување во првите 48 часа не се препорачува.
  - Ако дијастолниот притисок е под 120mmHg, а систолниот под 220mmHg, не се препорачува внес на антихипертензивен медикамент. Меѓутоа, ако е администрирана тромболитична или антикоагулациска терапија, горната граница треба да биде околу 185/110mmHg.
  - Антихипертензивите од прв ред се: интравенски labetalol[2] или enalapril. Вазодилататорите или други лекови коишто доведуваат до нагол пад на крвниот притисок треба да се избегнуваат (***да не се внесува соџвакан nifedipin***) (ннд-**C**).

2 Недостапно во Р. Македонија

- Ако систолниот притисок надминува 220mmHg, треба да се редуцира во текот на акутната фаза, но и во која било друга фаза од заболувањето - секогаш кога е потребно, гледано од кардиоваскуларен аспект.
- Потенцијалните симптоми на срцевата слабост мора да се третираат.

- **Аритмии:**
  - Пациентите со церебрален инфаркт, за време на акутната фаза, често страдаат од аритмија или миокардна исхемија вклучувајќи ги СТ-промените на ЕКГ-от. Овие промени упатуваат на миокардно оштетување и индицирани се бета-блокатори.
- **Третман на гликемијата и воспоставување баланс со течности:**
  - Хипергликемијата треба да се третира, но не брутално (>8mmol/L) во акутната фаза; хипергликемијата ја влошува церебралната исхемија и го зголемува морталитетот.
  - Зголемениот хематокрит укажува на дехидратација, која треба да се коригира со интравенски течности. Најголемиот дел од болните со церебрален инфаркт се дехидрирани на приемот, што ја компромитира прогнозата.
- **Превенција од пневмонија:**
  - Ризикот за аспирирање е голем, течности можат да се внесуваат per os, но само по внимателно испитување на актот на голтање. Во профилактички цели, треба да се внесат антибиотици по интравенски пат кај сите оние случаи каде што постои голема веројатност за возможна аспирација: секој пациент којшто повратил, потоа ако болниот е најден во лежечка положба за подолг временски период или е во состојба на изгубена/нарушена свест.
- **Превенција на длабока венска тромбоза и пулмонална емболија:**
  - Нискомолекуларни хепарини: dalteparin 2500IE еднаш или два пати дневно, субкутано, или enoxaparin 40mg еднаш или два пати дневно, субкутано (ннд-**А**).
- **Антикоагулациска терапија:**
  - Рутинска употреба на антикоагулантна терапија (нефракциониран хепарин, нискомолекуларни хепарини, хепариноиди, орални антикоагулантни медикаменти, директни тромбин инхибитори и средствата што го врзуваат фибриногенот) не се препорачува како третман на акутен исхемичен мозочен удар (ннд-**А**)[3].
  - Антикоагулантни средства не се препорачуваат во третманот на болните со акутен исхемичен мозочен удар во прогресија (ннд-**А**)[4].

3 Користено е упатство од Scottish Intercollegiate Guidelines Network: Management of patient with stroke or TIA: assessment, investigation, immediate management and secondary prevention, published December 2008, www.sign.ac.uk

4 Користено е упатство од Scottish Intercollegiate Guidelines Network: Management of patient with stroke or TIA: assessment, investigation, immediate management and secondary prevention, published December 2008, www.sign.ac.uk

- Пациентите со исхемичен мозочен удар или транзиторна исхемична атака (ТИА), кои се во атријална фибрилација, треба да се третираат со warfarin[5] (таргет INR 2.0-3.0) (ннд-**A**)[6].
- Кај пациентите со атријална фибрилација, која го следи исхемичниот мозочен удар, може да се внесе warfarin порано кај минорниот мозочен удар или ТИА, но би требало третманот да се одложи за 2 недели од почетокот на симптомите кај болните со мајорен мозочен удар (ннд-**C**)[7].
- Антикоагулантната терапија не се препорачува во превенцијата на рекурентен исхемичен мозочен удар кај болните коишто прележале некардиоемболичен мозочен удар (ннд-**A**)[8].
- Болните со церебрална венска тромбоза треба да бидат третирани со интравенски внес на нефракциониран хепарин или субкутан внес на нискомолекуларен хепарин, а потоа треба да следува терапија со warfarin (ннд-**C**)[9].
- На болните со екстракранијална цервикална артериска дисекција им се препорачува третман со антикоагулациска терапија од три до шест месеци или третман со антиагрегациска терапија (ннд-**D**)[10].
- Warfarin се внесува само 2 дена подоцна откако започнал третманот со хепарин и вообичаено се продолжува во период од 6 месеци кај болните со дисекција на каротидната артерија. Третманот на кардиогениот емболизам продолжува сè додека е присутен изворот на емболии.
- Ако антикоагулациската терапија е препишана поради дисекција, а контролните испитувања (сонографија или магнетна ангиографија) покажале комплетно отворени артерии или, пак, комплетно оклудирани артерии, warfarin-от се заменува со аспирин. Во останатите случаи warfarin-от се продолжува. Во исклучителни случаи би требало да се консултира васкуларен хирург.
- Поддршката за внес на антикоагулациска терапија бара разгледување на контраиндикациите и индикациите.

5 Недостапно во Р. Македонија

6 Користено е упатство од Scottish Intercollegiate Guidelines Network: Management of patient with stroke or TIA: assessment, investigation, immediate management and secondary prevention, published December 2008, www.sign.ac.uk

7 Користено е упатство од Scottish Intercollegiate Guidelines Network: Management of patient with stroke or TIA: assessment, investigation, immediate management and secondary prevention, published December 2008, www.sign.ac.uk

8 Користено е упатство од Scottish Intercollegiate Guidelines Network: Management of patient with stroke or TIA: assessment, investigation, immediate management and secondary prevention, published December 2008, www.sign.ac.uk

9 Користено е упатство од Scottish Intercollegiate Guidelines Network: Management of patient with stroke or TIA: assessment, investigation, immediate management and secondary prevention, published December 2008, www.sign.ac.uk

10 Користено е упатство од Scottish Intercollegiate Guidelines Network: Management of patient with stroke or TIA: assessment, investigation, immediate management and secondary prevention, published December 2008, www.sign.ac.uk

- **Тромболиза со ткивен пласминоген активатор (rt-PA)** (ннд-**A**):
  - Во 2002 година, тромболизата со rt-PA беше одобрена во земјите на Европската унија за третман на исхемичниот инсулт, ако се аплицира во првите три часа од почетокот на првите симптоми и по детални селекциски критериуми. Меѓутоа, нов податок во врска со ефектот и безбедноста со rt-PA го поддржува неговиот внес во третманот на исхемичниот мозочен удар во периодот и до 4,5 часа по почетокот на симптомите, но без дополнителни испитувања.
  - Поинакви критериуми на селекција, како и порастегнат тераписки „time window", се применуваат кај оклузијата на базиларната артерија.
  - Центрите коишто го нудат овој начин на третман имаат внесено релевантни упатства-водичи, кои се имплементирани во единиците за ургентни состојби.
- **Рехабилитација:**
  - Се вклучува во најраната фаза и е најефективна ако е дадена од страна на мултидисциплинарен тим на одделот за цереброваскуларни болести. Мобилизирањето на пациентите се извршува постепено, по нестабилната фаза.
- Секундарната превенција од повторен церебрален инфаркт се започнува во акутната фаза, откако поодделните ризик-фактори ќе бидат разгледани:
  - Намалувањето на крвниот притисок е најефикасниот третман и се чини дека дијабетичарите извлекуваат најголема корист од тоа.
  - АЦЕ-инхибиторите и АТ-рецептор-антагонистите се внесуваат во профилактички цели, независно од нивниот антихипертензивен ефект.
  - Статините се индицирани кај симптоматската артериопатија, независно од вредностите на холестеролот на пациентот.

ПОВРЗАНИ ДОКАЗИ

- **Фармакотерапија:**
  - Ancrod може да биде еден од медикаментите коишто ветуваат во третманот на акутниот церебрален инфаркт, но податокот е сè уште слаб за дефинитивен заклучок (ннд-**C**).
  - Антикоагулациските медикаменти имаат слична ефикасност како аспиринот во третманот на акутниот церебрален инфаркт, но со повеќе несакани ефекти (ннд-**A**).
  - Аспиринот (160-300mg/ден) внесен во првите 48 часа од почетокот на веројатен церебрален инфаркт го редуцира ризикот од ран рекурентен инфаркт и го подобрува крајниот исход (ннд-**A**).
  - Калциум-антагонистите се без бенефит кај пациентите со акутен церебрален инфаркт (ннд-**A**).
  - Ургентната антикоагулациска терапија кај пациентите со акутен церебрален инфаркт не е поврзана со крајниот краткорочен или долгорочен бенефит (ннд-**A**).

- Антикоагулациските медикаменти го редуцираат ризикот од рекурентен инфаркт за две третини кај пациентите со неревматична атријална фибрилација. Тие се поефективни отколку аспиринот или indobufen (ннд-**A**).
- Екстрактот од гинко билоба може да биде со извесен бенефит во третманот на акутен церебрален инфаркт, но сè уште недостасува доказ од добро дизајнирани и квалитетни студии (ннд-**D**).
- Кортикостероидите се без ефект во третманот на пациентите со претпоставен акутен церебрален инфаркт (ннд-**B**).
- Интравенски внесениот глицерол може да не биде од корист во третманот на акутен церебрален инфаркт, што се однесува до морталитетот или функционалниот краен исход (ннд-**C**).
- Naftiodrofuryl-от е без ефект во третманот на акутниот церебрален исхемичен или хеморагичен инфаркт (ннд-**A**).
- Инсуфициентни се податоците коишто го поддржуваат рутинскиот внес на manitol-от во третманот на акутниот исхемичен инсулт (ннд-**D**).
- Piracetam-от е без бенефит во третманот на акутниот исхемичен инсулт (ннд-**A**).
- Намалувањето на крвниот притисок кај акутниот исхемичен инсулт може да резултира без каков било ефект во преживувањето или функционалниот исход (ннд-**C**).
- Tiklopidin-от и clopidogrel-от имаат лесно но сигнификантно поголем ефект отколку аспиринот во превенцијата на сериозен васкуларен инцидент кај високоризични индивидуи (а особено кај пациенти со ТИА/исхемичен инсулт). Clopidrogel-от и аспирин+dipyridamol-от се исто така ефективни во редуцирањето на ризикот од рекурентен инсулт. Ризикот од поголем хеморагичен инцидент, како што е интрацеребралната хеморагија, е понизок при третманот со clopidrogel (ннд-**A**).

- **Останати терапевтски мерки:**
  - Акупунктурата останува без јасен ефект во третманот и во акутната и во хроничната фаза на церебралниот инфаркт (ннд-**B**).
  - Додатната хипербарична оксигенска терапија е веројатно без ефект во третманот на акутниот церебрален инфаркт (ннд-**C**).
  - Сè уште се инсуфициентни доказите од рандомизирани студии во врска со примената на физички методи во превенирањето длабоки венски тромбози кај акутниот церебрален инфаркт (ннд-**D**).
  - ЕМГ-биофидбек е веројатно несуперирорен во однос на стандардната физиотерапија во заздравувањето на моторната функција по мозочниот удар (ннд-**C**).
  - Нанесените стимулирачки фактори се чини дека имаат ограничен ефект на мозочниот удар и ако доказот е инсуфициентен (ннд-**D**).
  - Рехабилитацијата на одот со помош на електромеханички справи во комбинација со физиотерапија може да биде поефективна отколку рехабилитацијата без такви справи по мозочен удар (ннд-**C**).
  - Информациите што активно им се даваат на пациентите коишто преживеа-

ле мозочен удар, како и на оние лица што се грижат за нив, се чини дека ги зголемуваат нивните знаења за мозочниот удар и можат да учествуваат во намалувањето на степенот на депресијата (ннд-**B**).

- Психотерапијата се чини дека има мал но сигнификантен ефект во подобрувањето на расположението, како и во превенцијата од депресија кај пациентите по мозочниот удар, во случај кога антидепресивите не учествуваат во превенција на депресијата или во подобрувањето на психичкото закрепнување (ннд-**B**).
- Не постои разлика во ефикасноста меѓу многу раната (во првите 24 часа) и конвенционалната мобилизација (ннд-**B**).
- Сè уште не постои доказ којшто ќе ја поддржи рутинската употреба на физичката или фармаколошката стратегија во редуцирањето на телесната температура на болните со акутен мозочен удар (ннд-**D**).

- **Останати поврзани докази:**
  - Во согласност со симулациски модел, од 0,4 до 4% од популацијата што преживеала мозочен удар, теоретски, би имала бенефит од alteplase (ннд-**C**).
  - Аспиринот го зголемува ризикот од хеморагичен мозочен инфаркт (12/10000 случаи), но тоа е неспоредливо во однос на неговиот корисен ефект врз вкупниот морталитет и врз мозочниот удар (ннд-**A**).
  - Раната антикоагулациска терапија во текот на првите 48 часа е неефективна кај акутниот кардиоемболичен мозочен удар (ннд-**A**).
  - Третманот со интравенски (и.в.) rt-PA може да има помалку поволен исход кај болните со мозочен удар на возраст од 80 години или постари, отколку кај помладите пациенти (ннд-**C**).

А Н Е К С 1

ФАСТ (FAST – Face Arm Speech test)
Скрининг тестот се користи за (лесно) препознавање на мозочен удар и ТИА:

Facial weakness (фацијална слабост): Дали пациентот може да се насмее? Дали неговата усна е спуштена, дали долниот очен капак е спуштен?
Arm weakness (слабост на раката): Дали пациентот може да ги подигне двете раце?
Speech weakness (говорни тегоби): Дали пациентот може да зборува јасно и дали може да го разбере туѓиот говор?
Test three symptoms (тестирај ги трите симптоми)!

Табела 1: Третман на зголемен крвен притисок на болен со акутен церебрален инфаркт,кој не е кандидат за тромболиза со rt-PA

Вредности на крвниот притисок (mmHg)	Третман
Систола **< 220** или Дијастола **<120**	Третирај го притисокот само ако се присутни: аортна дисекција, акутен миокарден инфаркт, пулмонален едем, хипертензивна енцефалопатија. (**третирај**: симптоми и компликации на церебрален инфаркт)
Систола **>220** или Дијастола **>120**	**Labetalol**[11] 10-20mg и.в. во тек на 1-2мин (повтори или дуплирај на секои 10мин; max. доза 300 mg) или **Nicardipine**[12] 5 mg/hr и.в. инфузија како иницијална доза; титрирај до посакуваниот ефект зголемувајќи 2,5 mg/hr на секои 5мин до max. 15mg/hr. (**ЦЕЛ:** редуцирај до 15% од вредноста)
Дијастола **>140**	**Nitroprusside** 0,5µg/kg/min и.в.инфузија како иницијална доза со континуиран мониторинг на крвниот притисок (**ЦЕЛ:** редуцирај 10%, најмногу 15% од вредноста)

11 Недостапно во Р. Македонија
12 Недостапно во Р. Македонија

Алгоритам 1: Постапки при суспектен мозочен удар



*INR=International Normalised Ratio

Алгоритам 2а: Амбулантски скрининг (дијагноза и иницијален третман на исхемичен инсулт)



Алгоритам 2б: Третман на исхемичен инсулт во ургентен оддел (УО)



23. Целта на шифрирање на исхемичен инсулт е брза евалуација и администрирање на rt-PA кај иследувани кандидати. Од почетокот на симптомите до третманот треба да е во рамките на 180 минути, а "door to drug" да е до 60 минути според препораките наNational Institute of Health.

Алгоритам 2в: Шифрирање/препознавање/одредување исхемичен инсулт



Алгоритам 2г: Третман на исхемичен инсулт во ургентен оддел (пациент кој не е за тромболиза)



Алгоритам 3а: Скрининг на процедурата на голтање (третман на пациент со мозочен удар: идентификација и третман на дисфагија)



Алгоритам 3б: Скрининг на процедурата на голтање
(третман на пациент со мозочен удар: идентификација и третман на дисфагија)



Алгоритам 4: Водење грижа/хигиена на устата




Продолжение
Дали пациентот е во состојба да донесува одлуки? Медицински тим
НЕ
ДА
Комплетна онеспособеност. Медицински тим
Разговор со пациентот/негувателот за потребата за интервенција и соодветната грижа по поставувањето. Да се спроведе пишана документација, која ќе помогне на претходно донесената одлука. Тим
Контраиндикации за перкутана ендоскопска гастростома (ПЕГ)
- INR >1,5
- тромбоцити < 50x 10*/L
- интраабдоминален канцер или асцитес;
- предходна гастрична хируршка интервенција (исклучена ваготомија пилуропластика);
- варицеси;
- активна перитонеална сепса;
- опструктивен орален или езофагеален канцер (да се упати на радиологија
ДА
Одлука да се постави PEG
Дали му се заканува ризик од гастрична или пулмонарна аспирација на гастричната содржина? Медицински тим
НЕ
ДА
Адекватен ендоскопски приод (медицински тим)
Комплетна согласност (лично преземена)
Процени за:
- респираторна функција;
- сигнификантен коморбидитет;
- степен на засегната свест:
не разбира команди;
- конфузен, агресивен;
- чиста уста;
- спазамот на мускулатурата на вилицата ја спречува ендоскопската интубација;
- траума на абдомен;
- сигнификантни рани;
- големина/форма на телото;
- фрактура на краниум;
- потполна подвижност на вратот;
- потреба од инфузии
Детектирани проблеми за кои треба да биде консултиран еден или повеќе од следниве:
- одговорен консултант;
- ендоскопист;
- постар гастроинтестинален специјалист;
- анестезиолог)
Размисли за јејуностома
Поставена PEG
Ако се востанови дека пациентот не е во состојба за ПЕГ, размисли/процени за други форми на нутритивна поддршка или палијативен третман
Членови на тимот од заедницата/општината:
- општ лекар;
- патронажна сестра;
- диетолог;
- терапевт за говор
Тим:
- општ лекар за консултација;
- сестринска екипа/патронажна сестра;
- диетолог;
- терапевт за говор;
- пациент;
- негувател;
- тутор одговорен за правата на благосостојба на болниот;
- психијатар/психолог, соц. работник

Алгоритам 5: Процена на способноста на болен за поставување на PEG сонда



Алгоритам 6: Мониторирање пациент со ентерална сонда, за хранење во домашни услови, по исписот од болница (за диетологот)



КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3343.

Врз основа на член 2, член 9, член 27 и член 184 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007 и 57/2010), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на ден 26.11.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА СО ЕМИСИЈА НА ОБИЧНИ АКЦИИ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

1. Се одбива Барањето бр. 02-100-200-1239 од 11.11.2010 година за давање одобрение за зголемување на почетниот капитал (основната главнина) на Комерцијална Банка АД Скопје со емисија на обични акции по пат на приватна понуда-VI (шеста) емисија, поднесено до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на 11.11.2010 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. УП 1 Број 07-145 Комисија за хартии од вредност
26 ноември 2010 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
Марина Наќева Кавракова, с.р.

3344.

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008 и 57/2010), член 13, член 19, член 26, член 53 став 2, член 59 и член 65 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006 и Одлука на Уставен суд од 9.12.2009 година „Сл. весник на РМ“ 157/2009), а во врска со член 2 став 1 точка 45, член 158 став 3 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност и член 4 од Правилникот за времето и начинот на обелоденување ценовно чувствителни информации („Службен весник на Република Македонија“ 110/2006), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка бр.08-1504/1 од 16.6.2010 година против Гранит АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.11.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека правното лице Градежно друштво Гранит АД Скопје (целосен назив), Гранит АД Скопје (скратен назив), со седиште ул. „Вељко Влаховиќ“ број 8 Скопје, ЕМБС 405261, единствен даночен број 4030996123112, сметка број 300000000416263, депонентна банка: Комерцијална банка АД Скопје, е виновно, сторило прекршок со несторување, при тоа не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставување известувања за ценовно чувствителни информации односно за склучен Договор за регистриран залог ОДУ бр.983/09 од 21-12-2009 година и Договор за хипотека ОДУ бр.982/09 од 21-12-2009 година над имот сопственост на друштвото за одобрување на рамковен кредит (објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр.157/2009) до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и не ја има известено јавноста во законски предвидениот рок, согласно со одредбите на член 2 став 1 точка 45, член 158 став 3 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност и член 4 од Правилникот за времето и начинот на обелоденување ценовно чувствителни информации.

2. Непостапувањето согласно со член 158 став 3 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност претставува прекршок од член 242 став 1 точките 5 и 6 од Законот за хартии од вредност.

3. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение: за стореният прекршок од член 242 став 1 точка 5 и за стореният прекршок од член 242 став 1 точка 6, од Законот за хартии од вредност му се изрекува единствена санкција опомена.

4. Се задолжува Гранит АД Скопје во рок од 30 дена по приемот на ова решение да постапи согласно со одредбите на член 158 став 3 и член 160 став 1 на Законот за хартии од вредност во врска со точка 1 на ова решение.

5. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр. 08-УП1/152 Комисија за хартии од вредност
26 ноември 2010 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

3345.

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008 и 57/2010), член 13, член 19, член 26, член 53 став 2, член 59 и член 65 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006 и Одлука на Уставен суд од 9.12.2009 година „Сл. весник на РМ“ број 157/2009), а во врска со член 2 став 1 точка 45, член 158 став 3 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност и член 4 од Правилникот за времето и начинот на обелоденување ценовно чувствителни информации („Службен весник на Република Македонија“ бр.110/2006), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка бр.08-1505/1 од 16.06.2010 година против Мода АД Свети Николе, на седницата одржана на ден 26.11.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека правното лице Акционерско друштво за производство на конфекциско производство Мода Свети Николе (целосен назив), Мода АД Свети Николе (скратен назив), со седиште ул.„Маршал Тито“ број 79 Свети Николе, ЕМБС 4043642, единствен даночен број 4025996101620, сметка број 3001800000-1676, депонентна банка: Комерцијална банка АД Скопје, е виновно, сторило прекршок со несторување, при тоа не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставување известувања за ценовно чувствителни информации односно за склучен Договор за залог на недвижен имот со својство на извршна испра-

ва, солемнизиран со нотарски акт ОДУ бр. 372/09 од 1.09.2009 година со кој е заснована заложно право од прв ред во корист на заложниот доверител Комерцијална банка АД Скопје – Филијала Штип заради обезбедување парично побарување во износ од 700.000 евра (објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.122/2009) до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и не ја има известено јавноста во законски предвидениот рок, согласно со одредбите на член 2 став 1 точка 45, член 158 став 3 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност и член 4 од Правилникот за времето и начинот на обелоденување ценовно чувствителни информации.

2. Непостапувањето согласно член 158 став 3 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност претставува прекршок од член 242 став 1 точките 5 и 6 од Законот за хартии од вредност.

3. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение: за стореният прекршок од член 242 став 1 точка 5 и за стореният прекршок од член 242 став 1 точка 6, од Законот за хартии од вредност му се изрекува единствена санкција опомена.

4. Се задолжува Мода АД Свети Николе во рок од 30 дена по приемот на ова решение да постапи согласно со одредбите на член 158 став 3 и член 160 став 1 на Законот за хартии од вредност во врска со точка 1 на ова решение.

5. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Број 08-УП1/153 Комисија за хартии од вредност на
26 ноември 2010 година Република Македонија
Скопје Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

_____

3346.

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008 и 57/2010), член 13, член 19,член 26, член 53 став 2, член 59 и член 65 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006 и Одлука на Уставен суд од 9.12.2009 година Сл. Весник 157/2009), а во врска со член 2 став 1 точка 45, член 158 став 3 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка бр.08-1506/1 од 16.6.2010 година против Акционерско друштво за осигурување и реосигурување КЈУБИ Македонија АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.11.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека правното лице акционерско друштво за осигурување и реосигурување КЈУБИ Македонија АД Скопје (целосен назив), Осигурување КЈУБИ Македонија АД Скопје (скратен назив), со седиште ул. „11 Октомври“ број 15, Скопје, ЕМБС 4067037, единствен даночен број 4030974258740, сметка број 30000000463960, депонентна банка: Комерцијална банка АД Скопје, е виновно, сторило прекршок со несторување, при тоа не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставување известувања за ценовно чувствителни информации, односно за заснован залог-хипотека од прв ред на сопствен недвижен имот во корист на заложниот доверител Про Кредит банка АД Скопје во износ од 330.000 евра, според нотарски акт ОДУ бр. 397/09 од 8.10.2009 година (објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.128/2009) до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и не ја има известено јавноста во законски предвидениот рок, согласно со одредбите на член 2 став 1 точка 45, член 158 став 3 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност и член 4 од Правилникот за времето и начинот на обелоденување ценовно чувствителни информации.

2. Непостапувањето согласно член 158 став 3 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност претставува прекршок од член 242 став 1 точките 5 и 6 од Законот за хартии од вредност.

3. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение: за стореният прекршок од член 242 став 1 точка 5 и за стореният прекршок од член 242 став 1 точка 6, од Законот за хартии од вредност му се изрекува единствена санкција опомена.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Број 08-УП1/154 Комисија за хартии од вредност на
26 ноември 2010 година Република Македонија
Скопје Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

_____

3347.

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008 и 57/2010), член 13, член 15, член 26, член 53 став 2, член 59 и член 64 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006 и Одлука на Уставен суд од 9.12.2009 година „Сл. весник на РМ“ бр. 157/2009), а во врска со член 154 став 1,член 155 став 1 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка бр.07-3365/1 од 22.12.2009 година против Промет и услуги ТУТУН АД Скопје, на седницата одржана на ден 26.11.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека Промет и услуги ТУТУН АД Скопје (целосен назив), ТУТУН АД Скопје (скратен назив), седиште: бул. „Кочо Рацин“ број 97, Скопје, општина Центар, со ЕМБС: 5176093 и единствен даночен број: 4030956262446, е виновно односно сторило прекршок со несторување, при тоа не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставувањето до Комисијата за хартии од вредност на годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето за 2008 во 2009 година; објавување на резиме на ревидиран годишен извештај заедно со мислење на овластениот ревизор и доставувањето на примерок од својот годишен, тримесечен и тековен извештај во законски предвидените рокови, регулирани со одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, што претставува прекршок од член 242 став 1 точките 1, 2 и 6 на Законот за хартии од вредност.

2. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение: за стореният прекршок од член 242 став 1 точка 1, за стореният прекршок од член 242 став 1 точка 2 и за стореният прекршок од член 242 став 1 точка 6 од Законот за хартии од вредност му се изрекува единствена санкција глоба, во висина од 4.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на донесувањето на решението, односно 246.015,20 денари.

3. Промет и услуги ТУТУН АД Скопје е должно да ја плати глобата од точка 2 на ова решение во рок од 8 дена од денот на правосилноста на ова решение на следната уплатна сметка 840-5306-глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Комисијата за хартии од вредност со приходна шифра 722133.

4. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба ќе се наплати по присилен пат.

5. Се задолжува Промет и услуги ТУТУН АД Скопје во рок од 30 дена по приемот на ова решение да постапи согласно со одредбите член 154 став 1, член 155 став 1 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

6. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Број 07-УП1/155 Комисија за хартии од вредност на
26 ноември 2010 година Република Македонија
Скопје Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

3348.

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008 и 57/2010), член 13, член 15, член 26, член 53 став 2, член 59 и член 64 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006 и Одлука на Уставен суд од 9.12.2009 година „Сл. весник на РМ“ бр. 157/2009), а во врска со член 154 став 1,член 155 став 1 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка бр.07-3363/1 од 22.12.2009 година против АД за производство на метални и електромашински производи ПРОЛУКС Велес, на седницата одржана на ден 26.11.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека АД за производство на метални и електромашински производи ПРОЛУКС Велес (целосен назив), ПРОЛУКС АД ВЕЛЕС (скратен назив), седиште: ул. „Васа Кошулчева“ бб, Велес, со ЕМБС: 5220998 и единствен даночен број: 4021989106203, е виновно односно сторило прекршок со несторување, при тоа не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставувањето до Комисијата за хартии од вредност на годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето за 2008 во 2009 година; објавување на резиме на ревидиран годишен извештај заедно со мислење на овластениот ревизор и доставувањето на примерок од својот годишен, тримесечен и тековен извештај во законски предвидените рокови, регулирани со одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, што претставува прекршок од член 242 став 1 точките 1, 2 и 6 на Законот за хартии од вредност.

2. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение: за стореният прекршок од член 242 став 1 точка 1, за стореният прекршок од член 242 став 1 точка 2 и за стореният прекршок од член 242 став 1 точка 6 од Законот за хартии од вредност му се изрекува единствена санкција глоба, во висина од 4.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на донесувањето на решението, односно 246.015,20 денари.

3. АД за производство на метални и електромашински производи ПРОЛУКС Велес е должно да ја плати глобата од точка 2 на ова решение во рок од 8 дена од денот на правосилноста на ова решение на следната уплатна сметка 840-5306-глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Комисијата за хартии од вредност со приходна шифра 722133.

4. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба ќе се наплати по присилен пат.

5. Се задолжува АД за производство на метални и електромашински производи ПРОЛУКС Велес во рок од 30 дена по приемот на ова решение да постапи согласно со одредбите член 154 став 1, член 155 став 1 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

6. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Број 07-УП1/156 Комисија за хартии од вредност на
26 ноември 2010 година Република Македонија
Скопје Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

3349.

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008 и 57/2010), член 13, член 15, член 26, член 53 став 2, член 59 и член 64 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006 и Одлука на Уставен суд од 9.12.2009 година „Сл. весник на РМ“ бр. 157/2009), а во врска со член 154 став 1,член 155 став 1 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка бр.07-3366/1 од 22.12.2009 година против АД за примарна и финална обработка на дрво ОГРАЖДЕН Берово, на седницата одржана на ден 26.11.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека ад за примарна и финална обработка на дрво ОГРАЖДЕН Берово (целосен назив), ОГРАЖДЕН АД Берово (скратен назив), седиште: ул. „Борис Кидрич“ број 54, Берово, со ЕМБС: 4114230 и единствен даночен број: 4001996102824, е виновно односно сторило прекршок со несторување, при тоа не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставувањето до Комисијата за хартии од вредност на годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и

работењето за 2008 во 2009 година; објавување на резиме на ревидиран годишен извештај заедно со мислење на овластениот ревизор и доставувањето на примерок од својот годишен, тримесечен и тековен извештај во законски предвидените рокови, регулирани со одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, што претставува прекршок од член 242 став 1 точките 1, 2 и 6 на Законот за хартии од вредност.

2. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение: за стореniот прекршок од член 242 став 1 точка 1, за стореniот прекршок од член 242 став 1 точка 2 и за стореniот прекршок од член 242 став 1 точка 6 од Законот за хартии од вредност му се изрекува единствена санкција глоба, во висина од 4.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на донесувањето на решението, односно 246.015,20 денари.

3. АД за примарна и финална обработка на дрво ОГРАЖДЕН Берово е должно да ја плати глобата од точка 2 на ова решение во рок од 8 дена од денот на правосилноста на ова решение на следната уплатна сметка 840-5306-глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Комисијата за хартии од вредност со приходна шифра 722133.

4. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба ќе се наплати по присилен пат.

5. Се задолжува АД за примарна и финална обработка на дрво ОГРАЖДЕН Берово во рок од 30 дена по приемот на ова решение да постапи согласно со одредбите член 154 став 1, член 155 став 1 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

6. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Број 07-УП1/157 Комисија за хартии од вредност на
26 ноември 2010 година Република Македонија
Скопје Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

3350.

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008 и 57/2010), член 13, член 15, член 26, член 53 став 2, член 59 и член 64 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006 и Одлука на Уставен суд од 09-12-2009 година „Сл. весник на РМ“ бр. 157/2009), а во врска со член 154 став 1,член 155 став 1 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија постапувајќи по Барањето за поведување прекршочна постапка бр.07-3372/1 од 22.12.2009 година против Живинарска фарма „БЕЛИМБЕГОВО“ Акционерско друштво Скопје, на седницата одржана на ден 26.11.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека Живинарска фарма „БЕЛИМБЕГОВО“ Акционерско друштво Скопје (целосен назив), Белимбегово АД Скопје (скратен назив), седиште: Илинден, Скопје, со ЕМБС: 4055241 и единствен даночен број: 4030991136437, е виновно односно сторило прекршок со несторување, при тоа не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставувањето до Комисијата за хартии од вредност на годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето за 2009 година; објавување на резиме на ревидиран годишен извештај заедно со мислење на овластениот ревизор и доставувањето на примерок од својот годишен, тримесечен и тековен извештај во законски предвидените рокови, регулирани со одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, што претставува прекршок од член 242 став 1 точките 1, 2 и 6 на Законот за хартии од вредност.

2. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение : за стореniот прекршок од член 242 став 1 точка 1, за стореniот прекршок од член 242 став 1 точка 2 и за стореniот прекршок од член 242 став 1 точка 6 од Законот за хартии од вредност му се изрекува единствена санкција глоба, во висина од 4.000 евра односно 246.015,20 денари во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на донесувањето на решението.

3. Живинарска фарма „БЕЛИМБЕГОВО“ Акционерско друштво Скопје е должно да ја плати глобата од точка 2 на ова решение во рок од 8 дена од денот на правосилноста на ова решение на следната уплатна сметка 840-5306-глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Комисијата за хартии од вредност со приходна шифра 722133.

4. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба ќе се наплати по присилен пат.

5. Се задолжува Живинарска фарма „БЕЛИМБЕГОВО“ Акционерско друштво Скопје, во рок од 30 дена по приемот на ова решение да постапи согласно со одредбите на член 154 став 1, член 155 став 1 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност.

6. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Број 07-УП1/158 Комисија за хартии од вредност
26 ноември 2010 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

3351.

Врз основа на член 232-а од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008 и 57/2010), член 13, член 15, член 26, член 53 став 2, член 59 и член 64 од Законот за прекршоците („Службен весник на РМ“ број 62/2006 и Одлука на Уставен суд од 09-12-2009 година „Сл. весник на РМ“ бр. 157/2009), а во врска со член 2, член 158 став 3 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка бр.08-1507/1 од 16.06.2010 година против Внатрешен и меѓународен транспорт, шпедиција и производство МЛАЗ АД Богданци, на седницата одржана на ден 26.11.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека Внатрешен и меѓународен транспорт, шпедиција и производство МЛАЗ АД Богданци (целосен назив), Млаз АД Богданци (скратен назив), седиште: „Маршал Тито“ број 160, Богданци, со

ЕМБС: 4057651 и единствен даночен број: 4034005003-71, сметка број 300100000008858, депонентна банка Комерцијална банка АД Скопје, е виновно односно сторило прекршок со несторување, при тоа не ги исполнило обврските како акционерско друштво со посебни обврски за известување кои се однесуваат на доставување известувања за ценовно чувствителни информации, основање на две нови друштва Млаз-Патнички ДООЕЛ Богданци и Млаз Шпедиција ДООЕЛ Богданци за чие формирање се користат средства на друштвото, до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и не ја има известено јавноста во законски предвидениот рок, согласно со одредбите на член 2 став 1 точка 45, член 158 став 3 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност и член 4 од Правилникот за времето и начинот на обелоденување на ценовно чувствителни информации.

2. Непостапувањето согласно член 158 став 3 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност претставува прекршок од член 242 став 1 точките 5 и 6 од Законот за хартии од вредност.

3. На акционерското друштво со посебни обврски за известување од точка 1 на ова решение: за стореният прекршок од член 242 став 1 точките 5 и 6 од Законот за хартии од вредност му се изрекува единствена санкција глоба, во висина од 4.000 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на донесувањето на решението, односно 246.015,20 денари.

4. Внатрешен и меѓународен транспорт, шпедиција и производство МЛАЗ АД Богданци е должно да ја плати глобата од точка 3 на ова решение во рок од 8 дена од денот на правосилноста на ова решение на следната уплатна сметка 840-5306-глоби за сторени прекршоци од области во надлежност на Комисијата за хартии од вредност со приходна шифра 722133.

5. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба ќе се наплати по присилен пат.

6. Се задолжува Внатрешен и меѓународен транспорт, шпедиција и производство МЛАЗ АД Богданци во рок од 30 дена по приемот на ова решение да постапи согласно со одредбите на член 158 став 3 и член 160 став 1 од Законот за хартии од вредност во врска со точка 1 на ова Решение.

7. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Број 08-УП1/159 Комисија за хартии од вредност
26 ноември 2010 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

3352.

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за дел од катастарската општина Боговиње - Општина Боговиње.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 10-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за дел од КО Боговиње, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-17020/1
2 декември 2010 година Директор,
Скопје **Љупчо Георгиевски**, с.р.

3353.

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ” бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Трново - Општина Гостивар.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 10-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија”.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Трново, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ” бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-17021/1
2 декември 2010 година Директор,
Скопје **Љупчо Георгиевски**, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

3354.

Врз основа на членот 158-s точка 1) и член 74 став (5) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 08/08, 88/08, 56/09 и 67/10), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА МИНИМАЛНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ТЕХНИЧКИТЕ РЕЗЕРВИ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат минималните стандарди за пресметка на техничките резерви на друштвата за осигурување и реосигурување (во натамошниот текст: Друштво).

ДЕФИНИЦИЈА НА ПОИМИТЕ

Член 2

За потребите на овој правилник се користат следните поими:

1) Закон - Закон за супервизија на осигурувањето (Службен весник на РМ бр. 27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/2004, 88/2005, 79/2007, 08/2008 и 88/2008, 56/2009 и 67/2010),

2) Агенција - Агенција за супервизија на осигурување на Република Македонија,

3) Друштво - друштво за осигурување или друштво за реосигурување кое има добиено дозвола за вршење работи на осигурување, односно реосигурување од страна на Агенцијата,

4) Овластен актуар - лице кое има дозвола за работа како овластен актуар од Агенцијата,

5) Назначен овластен актуар - овластен актуар кој е назначен од Друштвото согласно член 113 став 1 од Законот,

6) Признати актуарски методи - Општо познати актуарски методи кои се во согласност со Законот и со овој правилник,

7) Основа за пресметка на математичка резерва - таблици на веројатност, каматната стапка и трошоците,

8) Бруто полисираната премија за неживотно осигурување ги вклучува сите износи на премија кои се договорени (полисирани) во тековниот пресметковен период, по однос на договорите од сопственото портфолио и применото соосигурување. Бруто полисираната премија за осигурување на живот ги вклучува сите износи на премија кои се наплатени во тековниот пресметковен период, најдолго до една година, по однос на договорите од сопственото портфолио и применото соосигурување.

Финансиските попусти коишто ги дава Друштвото, не се одбивни ставки од бруто полисираната премија.

9) Премија предадена во реосигурување и/или соосигурување – дел од бруто полисираната премија предаден во реосигурување и/или соосигурување,

10) Премија примена од соосигурување – дел од бруто полисираната премија примен од соосигурување,

11) Нето полисирана премија – бруто полисирана премија намалена за делот предаден во реосигурување и/или соосигурување,

12) Техничка премија – дел од бруто полисираната премија наменет за исполнување на обврските од договорите за осигурување,

13) Бруто исплатени штети – надоместок за штети, суми на осигурување и други договорени износи кои Друштвото ги исплатило или има обврска да ги исплати, по однос на штети ликвидирани во пресметковниот период, на осигурениците, односно корисниците на осигурувањето, вклучувајќи ги и директните трошоци за обработка на штети,

14) Бруто исплатени штети-дел од реосигурување и/или соосигурување – делот на реосигурувачот и/или соосигурувачот во бруто исплатените штети,

15) Рентна штета – штета за која надоместокот, сумата на осигурување, односно договорениот износ се исплаќа повеќекратно,

16) Промена на резерва – разлика од вредноста на резервата на крајот од пресметковниот период со вредноста на резервата на почетокот на пресметковниот период,

17) Директни трошоци за обработка на штети - трошоци кои можат да се поврзат директно со обработката на штетите, како што се: надоместоци за адвокати, проценители, лекари, специјални испитувања и слично.

18) Индиректни трошоци за обработка на штети - трошоци кои не можат да се алоцираат со обработката на одделна штета (на пример - плати на вработените во секторите за штети, канцелариски трошоци, трошоци за обработка на податоци и слично).

ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ

Член 3

(1) Во однос на севкупните активности на осигурување кое ги врши, Друштвото е должно да издвојува адекватни технички резерви наменети за трајно обезбедување на извршувањето на обврските по договорите за осигурување и евентуални загуби поради ризици кои произлегуваат од работите на осигурување кои ги извршува.

(2) Друштвото е должно да ги формира следните видови на технички резерви:

1. резерви за преносни премии,
2. резерви за бонуси и попусти,
3. резерви за штети,
4. други технички резерви.

(3) Покрај одредбите од став (2) од овој член, Друштвото може да издвојува и еквилизациона резерва во однос на оние класи на осигурување кај кои врз основа на статистички податоци може да се очекува значително отстапување во годишниот износ на настанати штети.

(4) По исклучок на став (3) од овој член, Друштвото е должно да издвојува еквилизациона резерва во однос на класата на осигурување од член 5, точка 14 од Законот.

(5) Друштвото кое врши работи на осигурување на живот, односно работи на осигурување каде се кумулираат средства на штедење или средства за покривање на ризици во подоцнежните години на осигурувањето, со повеќегодишно траење и на кои се применуваат таблици на веројатност и пресметки слични како кај осигурувањето на живот, должно е да формира математичка резерва.

(6) Друштвото кое склучува осигурителни полиси кај кои инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот, исто така е должно во однос на тие осигурителни полиси да издвои посебна резерва.

(7) Друштвото е должно да пресметува бруто технички резерви и технички резерви нето од реосигурување и/или соосигурување на последниот ден од тековниот пресметковен период, и тоа на:

- 31 декември од тековната година (годишна пресметка),
- 31 март, 30 јуни и 30 септември од тековната година, и
- на денот на пренос на осигурителното портфолио.

Резерви за преносни премии

Член 4

(1) Резерви за преносни премии се издвојуваат за секој договор за осигурување поединечно, во висина на оној дел од бруто полисираната премија што се пренесува во идниот пресметковен период во сооднос меѓу истечениот осигурителен период и преостанатиот период до истекот на договорот за осигурување.

(2) Минимални стандарди, методи и правила за пресметка на резервите за преносни премии се содржани во Прилогот кон овој правилник и се негов составен дел.

Резерви за бонуси и попусти

Член 5

(1) Резервите за бонуси и попусти се издвојуваат во висина еднаква на сумите кои осигурениците имаат право да ги примат врз основа на:

1. право на учество во добивката, како и други права кои произлегуваат од договорите за осигурување (бонуси),

2. право на делумно намалување на идните премии (попусти), и

3. право на враќање на дел од премијата кој се однесува на неискористениот период од осигурувањето поради предвремен престанок на осигурувањето (откажување).

(2) Резерви за бонуси и попусти се издвојуваат само во однос на групата за осигурување на живот.

(3) По исклучок од член 5, став (2), резерви за бонуси се издвојуваат и за групата на неживотно осигурување, во однос на одделни ризици од класата на осигурување од член 5, точка 1 од Законот.

Резерви за штети

Член 6

(1) Резерви за штети се издвојуваат во висина на проценетите обврски кои Друштвото е должно да ги подмири, врз основа на договорите за осигурување каде што осигуреният настан се појавил до крајот на пресметковниот период, без оглед дали настанот е пријавен, вклучувајќи ги сите трошоци кои произлегуваат од ненавремено извршување на обврските на Друштвото по комплетирани оштетни побарувања.

(2) Резервите за штети, покрај проценетите обврски за настанати и пријавени штети, ги вклучуваат и проценетите обврски за настанати но непријавени штети.

(3) Минимални стандарди, методи и правила за пресметка на резервите за штети се содржани во Прилогот кон овој правилник и се негов составен дел.

Други технички резерви

Член 7

(1) Друштвото треба да издвојува други технички резерви за неистечени ризици.

(2) Минимални стандарди, методи и правила за пресметка на другите технички резерви се содржани во Прилогот кон овој правилник и се негов составен дел.

Еквилизациона резерва

Член 8

(1) Еквилизациона резерва се издвојува заради израмнување на нерамномерното настанување на штети, односно израмнување на каков било технички дефицит или натпросечен годишен коефициент на штети.

(2) Минимални стандарди, методи и правила за пресметка на еквилизационата резерва се содржани во Прилогот кон овој правилник и се негов составен дел.

Математичка резерва

Член 9

(1) Математичка резерва се пресметува во висина на сегашната вредност на проценетите идни обврски на Друштвото кои произлегуваат од договорите за осигурување, намалени за сегашната вредност на идните премии кои треба да се платат врз основа на тие договори.

(2) Математичката резерва се пресметува за следните договори:

а) традиционални договори на осигурување на живот,

б) договори за здравствено осигурување и други договори за осигурување во класи на осигурување кај кои се применуваат таблици на веројатност и пресметки слични како за осигурувањето на живот.

(3) Математичката резерва се пресметува со користење на соодветни актуарски проценки и пресметки, притоа земајќи ги предвид сите идни обврски на Друштвото кои произлегуваат од поединечните договори за осигурување, вклучувајќи го и следното:

1. гарантираните исплати на кои осигурениците имаат право,

2. бонуси на кои осигуреникот има право, поединечно или заедно со други осигуреници, без оглед на видот на тие бонуси,

3. сите права кои осигуреникот може да ги избере врз основа на договорите за осигурување, и

4. трошоци, вклучувајќи провизии.

(4) Минимални стандарди, методи и правила за пресметка на математичката резерва се содржани во Прилогот кон овој правилник и се негов составен дел.

Посебни резерви во однос на договори за осигурување на живот каде инвестиционот ризик е на товар на осигуреникот

Член 10

(1) Друштвото кое склучува договори за осигурување на живот каде инвестиционот ризик е на товар на осигуреникот, е должно да формира посебни резерви за надоместоци осигурани со договорот за осигурување кои се директно поврзани со вредноста на вложувањето.

(2) Во случај кога договорот за осигурување на живот каде инвестиционот ризик е на товар на осигуреникот гарантира одредена сума за исплата, Друштвото е должно да формира математичка резерва за покривање на гарантираните надоместоци (на пример, за покривање на ризик од смрт, за трошоци за вршење на дејноста, гарантирани откупни вредности и слично).

(3) Минимални стандарди, методи и правила за пресметка на посебната резерва во однос на договори за осигурување на живот каде инвестиционот ризик е на товар на осигуреникот, се содржани во Прилогот кон овој правилник и се негов составен дел.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 11

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-2081/1
11 ноември 2010 година
Скопје

Претседател
на Советот на експерти,
д-р **Климе Попоски**, с.р.

ПРИЛОГ
кон Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви

1. Минимални стандарди, методи и правила за пресметка на резервите за преносни премии

1.1. Основни одредби

1) Со овие правила се определува начинот и методите за пресметка на бруто резервите за преносни премии и резервите за преносни премии нето од реосигурување и/или соосигурување.
2) Резервите за преносни премии нето од реосигурување и/или соосигурување претставуваат разлика од бруто резервите за преносни премии од сопственото осигурително портфолио и применото соосигурување со резервата за преносни премии предадена во реосигурување и/или соосигурување.
3) Друштвото пресметува бруто резерви за преносни премии и резерви за преносни премии нето од реосигурување и/или соосигурување на последниот ден од тековниот пресметковен период, за оние договори за осигурување каде осигурителното покритие трае и после пресметковниот датум.
4) Бруто резервите за преносни премии, односно резервите за преносни премии нето од реосигурување и/или соосигурување, Друштвото ги пресметува како збир од бруто резервите за преносни премии, односно резервите за преносни премии нето од реосигурување и/или соосигурување по секој договор за осигурување поединечно.
5) Основа за пресметка на бруто резервите за преносни премии е бруто полисираната премија.
6) Основа за пресметка на резервите за преносни премии предадени во или примени од реосигурување и/или соосигурување е предадениот или приемниот реосигурителен односно соосигурителен дел од бруто полисираната премија.
7) За комбинирани договори на осигурување кои вклучуваат ризици од повеќе класи на осигурување, Друштвото пресметува резерви за преносни премии поединечно за секој ризик од опфатените класи на осигурување.
8) Овие правила не се применуваат за оние видови на осигурување за кои се пресметува математичка резерва.

1.2. Методи за пресметка на резервите за преносни премии

1) Поединечната пресметка на резервите за преносни премии за секој договор за осигурување каде ризикот е рамномерно распределен за целото времетраење на истиот, се врши по методот „**про рата темпорис**“ по следната формула:

$$РПП = ОПП \times \frac{t}{T}$$

каде:
РПП - резерви за преносни премии,
ОПП - основа за пресметка на бруто резервите за преносни премии, основа за пресметка на резервите за преносни премии примени од соосигурување, основа за пресметка на резервите за преносни премии предадени во реосигурување или основа за пресметка на резервите за преносни премии предадени во соосигурување, во зависност од договорот за осигурување,
t - број на денови после пресметковниот датум до истекот на договорот за осигурување,
T - вкупен број на денови за кои важи договорот за осигурување.

2) За договорите за осигурување кај кои висината на осигурителното покритие (ризик) се зголемува или намалува линеарно за времетраењето на договорот (осигурување на градба и монтажа на објекти, осигурување од одговорност на изведувачите на градби и монтажи, осигурување на побарувања и слично), резервите за преносни премии се пресметуваат посебно за секој поединечен договор, со користење на следната формула:

$$РПП = ОПП \times \frac{t[2ОП_К \times T - t(ОП_К - ОП_П)]}{T^2(ОП_К + ОП_П)}$$

каде:
РПП - резерви за преносни премии,
ОПП - основа за пресметка на бруто резервите за преносни премии, основа за пресметка на резервите за преносни премии примени од соосигурување, основа за пресметка на резервите за преносни премии предадени во реосигурување или основа за пресметка на резервите за преносни премии предадени во соосигурување, во зависност од договорот за осигурување,
t - број на денови после пресметковниот датум до истекот на договорот за осигурување,
T - вкупен број на денови за кои важи договорот за осигурување,
$ОП_П$ - осигурително покритие на почетокот од осигурувањето,
$ОП_К$ - осигурително покритие на крајот од осигурувањето.

3) При пресметка на резервите за преносни премии кога ризикот е рамномерно распределен, односно се зголемува или намалува линеарно за времетраењето на договорот, доколку Друштвото нема доволно податоци за да го примени методот од точка 1), односно точка 2), може да користи и други признати актуарски методи. Назначениот овластен актуар мора да ги наведе и образложи сите причини и релевантни претпоставки за употребата на тие методи.

4) Во случај на нелинеарно зголемување или намалување на осигурителното покритие за времетраењето на договорот, треба да се примени различен метод од горенаведените, за пресметка на резервите за преносни премии, придружен со објаснување за причините и користените претпоставки од назначениот овластен актуар.

2. Минимални стандарди, методи и правила за пресметка на резервите за штети

2.1. Основни одредби

1) Овие правила го определуваат начинот и методите за пресметка на бруто резервите за штети и резервите за штети нето од реосигурување и/или соосигурување.
2) Друштвото пресметува бруто резерви за штети за сите штетни настани кои потекнуваат од договорите од сопственото портфолио и применото соосигурување.
3) Резервите за штети нето од реосигурување и/или соосигурување Друштвото ги пресметува како разлика од бруто резервите за штети со реосигурителниот и/или соосигурителниот дел од штетата, пресметан врз основа на договорот за реосигурување и/или соосигурување. Доколку во договорот се опфатени повеќе видови на ризици со различно реосигурително и/или соосигурително покритие, резервите за штети нето од реосигурување и/или соосигурување се пресметуваат по видовите на ризици опфатени со договорот.

4) Резервите за штети ги вклучуваат:
   1. Резервите за настанати и пријавени штети и резервите за штети кои се повторно отворени до последниот ден на пресметковниот период, за кои Друштвото ги пресметува потребните износи, со кои би се надоместиле штетите за кои знае до пресметковниот датум,
   2. Резервите за настанати но непријавени штети до последниот ден на пресметковниот период, и резервите за штети кои ќе бидат повторно отворени после пресметковниот период, за кои Друштвото ги пресметува потребните износи, со кои би се надоместиле пријавените и повторно отворените штетни побарувања, за кои Друштвото не знае до пресметковниот датум,
   3. Резерви за трошоци за обработка и решавање на штети.

5) Друштвото ги утврдува резервите за штети по видови на ризици во рамките на секоја од класите на осигурување. Доколку не е во можност да ги утврди на таков начин, Друштвото ги утврдува резервите за штети во рамките на класата на осигурување со актуарско објаснување за причините од страна на назначениот овластен актуар.
6) За договорите за осигурување во коишто обврските кои произлегуваат за Друштвото се изразени во странска валута, Друштвото е должно да го обелодени начинот и времето на конверзија на странската валута во денари при пресметка на резервите за штети.

2.2. Методи за пресметка на бруто резерви за штети

2.2.1. Резерви за настанати и пријавени штети

1) Друштвото врши проценка на очекуваниот износ за надоместок за секоја штета поединечно врз основа на прибраната документација. Доколку нема соодветна документација, се користи мислење на соодветен експерт (проценител, лекар, актуар, адвокат и слично)
2) За договорите за осигурување кои се исплаќаат во облик на рента, се пресметува и резерва за рентна штета со признат актуарски метод, како сегашна вредност на идните обврски за рента. Овие резерви се пресметуваат поединечно за секоја штета пришто се користат дозволени таблици на смртност и каматна стапка не поголема од 5% на годишно ниво. Истата резерва е потребно да се прикаже посебно.
3) Друштвото е должно да пресметува резерви за настанати и пријавени штети имајќи ги предвид сите фактори кои влијаат на очекуваните трошоци кои произлегуваат од преземените обврски. Притоа, Друштвото треба да земе предвид:
   1. Изготвени технички извештаи кои се однесуваат на настанати материјални загуби или медицински извештаи за повреди или болести,
   2. Судски одлуки, било да се конечни или не,
   3. Штети за кои се водат судски постапки според очекуваниот исход,
   4. Затезна камата од судски спорови,
   5. Останати трошоци кои произлегуваат од обработка и исплата на штети.

2.2.2. Резерви за настанати но непријавени штети

1) Резерви за настанати но непријавени штети се пресметуваат врз основа на статистички податоци за број и износ на настанати и пријавени односно исплатени штети, технологијата на обработка и исплата на штети, како и на останатите расположливи податоци или информации.
2) Во зависност од карактеристиките на класата на осигурување, осигурителното портфолио на Друштвото, видовите и квалитетот на расположливите податоци; резервите за настанати но непријавени штети се пресметуваат со користење на еден или комбинација од следните актуарски методи:
   1. Триангулација на штети (Основен Chain Ladder),
   2. Триангулација на штети прилагодена за инфлација (Chain Ladder прилагоден за инфлација),

3. Метод на просечен износ на штета - резервите по овој метод се пресметуваат како производ од проектираниот просечен износ на штета и проектираниот очекуван број на штети,
4. Метод на очекуван коефициент на штета - очекуваниот коефициент на штета се утврдува од страна на Агенцијата,
5. Bornhuetter - Ferguson-ова метода, и
6. Други актуарски методи.

3) Друштвото при пресметката на резервите за настанати но непријавени штети првенствено треба да го применува методот на триангулација на штети (основен или прилагоден на инфлација), освен во случаи кога нема доволно потребни историски податоци. Под потребни историски податоци се сметаат податоци за број и износ на настанати и пријавени односно исплатени штети на годишна основа, најмалку за претходните пет години.
4) По исклучок од претходната точка, за ризици што не се со долга опашка под потребни историски податоци се сметаат податоци за број и износ на настанати и пријавени односно исплатени штети на годишна основа, најмалку за претходните три години

2.2.3. Резерви за повторно отворени штети

1) Повторно отворените штети, за кои Друштвото знае до пресметковниот датум, може да ги евидентира како нови или како развој на постојните. Друштвото е должно начинот на евидентирање на овие штети да го применува доследно и истиот треба да биде обелоденет.
2) Резервите за штети кои се повторно отворени и резервите за штети кои ќе бидат повторно отворени најчесто се третираат како дел од резервите за настанати и пријавени штети и од резервите за настанати но непријавени штети. Посебна анализа е потребна кога резервите за штети кои се повторно отворени, односно резервите за штети кои ќе бидат повторно отворени, претставуваат значителен дел од резервите за настанати и пријавени штети, односно настанати но непријавени штети; или кога постои значително отстапување во нивното настанување.
3) Износот на резервите за штети кои ќе бидат повторно отворени, доколку не се составен дел од резервите за настанати но непријавени штети, се пресметува како производ од просечниот број на повторно отворени штети во претходниот тригодишен период и просечниот износ на исплатени повторно отворени штети во истиот период.

2.2.4. Резерви за трошоци за обработка на штети

1) Трошоците за обработка на штети може да бидат директни и индиректни.
2) Резервите за директни трошоци за обработка на штети можат да бидат интегрален дел од резервите за настанати и пријавени штети односно резервите за настанати но непријавени штети, во зависност од тоа дали во користените статистички податоци за пресметка на истите се содржани и директните трошоци за обработка на штетите. Доколку резервите за директни трошоци се интегрален дел од резервите за настанати и пријавени штети, односно резервите за настанати но непријавени штети, тогаш тоа треба јасно да биде наведено. Во спротивно, или ако истите не се целосно составен дел од резервите за настанати и пријавени штети, односно од резервите за настанати но непријавени штети, треба поединечно да се проценуваат.
3) Друштвото поединечно ги пресметува резервите за директни трошоци за обработка на штети во случај кога нивниот износ е значителен во однос на износот на штетите, или нивниот распоред на појавување е различен од времето на обработка и решавање на штетите. Овие случаи почесто можат да се појават кај осигурувањата од одговорност.
4) Минималниот износ на резервите за индиректни трошоци за обработка на штети се пресметуваат како 0,5% од збирот на резервите за настанати и пријавени штети, резервите за настанати но непријавени штети и резервите за директни трошоци за обработка на штети.

3. Минимални стандарди, методи и правила за пресметка на еквилизационата резерва

3.1. Основни одредби

1) Овие правила поблиску ги определуваат стандардите, критериумите и методите за: пресметка на еквилизационата резерва; пресметка на горната граница на обврската за формирање на оваа резерва; пресметка на износот, како и зголемувањето и намалувањето на оваа резерва; потребните основни податоци за пресметка на годишните коефициенти на штета и стандарните девијации на тие резултати од просечните коефициенти на штета за набљудуваниот период за сите видови неживотно осигурување.

Набљудуван период е периодот за кој се определува коефициентот на штета и стандардната девијација на годишниот коефициент на штета во однос на просечниот коефициент на штета и мора да опфати најмалку пет години. Доколку отстапувањето на годишниот коефициент на штета во однос на просечниот коефициент на штета во тој период е значителен, набљудуваниот период може да биде и подолг од 5 години.
Годишен коефициент на штета за класата на осигурување j во годината i ($ГКШ_{ij}$) претставува количник од настанатите штети и заработената техничка премија во таа година, искажан како децимален број заокружен на четири децимали. Пресметувањето на настанатите штети и заработената техничка премија се врши по следните формули:

Настанати штети (*НШ)* претставува:

$$НШ = БШ – РШ + ПРШ – ПРШР + ПРБ$$

каде:
НШ - настанати штети во набљудуваниот период,
БШ - бруто исплатени штети,
РШ - исплатени штети – дел од реосигурување и/или соосигурување,
ПРШ - промена во резервите за штети (настанати и пријавени, односно настанати но непријавени штети, вклучувајќи ги и директните трошоци),
ПРШР - промена во резервите за штети – дел од реосигурување и/или соосигурување,
ПРБ - промена во резервите за бонуси,

Заработена техничка премија (*ЗТП)* претставува:

$$ЗТП = (БПП – ППР – ППП + ПППР - ПНР) x КТП$$

каде:
ЗТП -заработена техничка премија,
БПП - бруто полисирана премија во набљудуваниот период,
ППР - полисирана премија предадена во реосигурување и/или соосигурување,
ППП - промена на бруто резервите за преносни премии,
ПППР - промена на резервите за преносни премии – дел од реосигурување и/или соосигурување,
ПНР - промена во резервите за неистечени ризици.
КТП - коефициент на техничка премија

1) **Просечен коефициент на штета** (*ПКШ)* во набљудуваниот период претставува аритметичка средина на годишните коефициенти на штета за истиот период.
2) **Техничка премија нето од реосигурување и/или соосигурување** претставува техничката премија од сопственото осигурително портфолио зголемена за техничката премија примена од соосигурување и намалена за техничката премија предадена во реосигурување и/или соосигурување.

3) **Исплатени штети нето од реосигурување и/или соосигурување** се бруто исплатените штети од сопственото портфолио зголемени за бруто исплатените штети по основ на применето соосигурување и намалени за исплатените штети–дел од реосигурување и/или соосигурување.
4) **Тековна година** е периодот од 1 јануари до 31 декември за годината за која се пресметува еквилизациона резерва.

3.2. Метод за пресметка на еквилизационата резерва

Еквилизационата резерва во однос на класата на осигурување од член (5) точка 14), како и за останатите класи на осигурување за кои Друштвото одлучило да издвојува еквилизациона резерва, се пресметува согласно следната методологија:

1) Еквилизационата резерва се пресметува врз основа на стандардното отстапување на годишните коефициенти на штета од просечниот коефициент на штета во набљудуваниот период за секоја класа на неживотно осигурување. Основа за пресметка на еквилизационата резерва е техничката премија нето од реосигурување и/или соосигурување остварена во набљудуваниот период и стандардната девијација.
2) Друштвото ја формира еквилизационата резерва согласно точките 7) , 8) и 9) од ова поглавје доколку стандардната девијација е најмалку 0,05 или годишниот коефициент на штета во набљудуваниот период најмалку еднаш е поголем од 1 (еден) за дадена класа на осигурување.
   Во случај да не се исполнети горните услови за формирање на еквилизационата резерва, износот на оваа резерва на крајот од пресметковниот период е нула.
3) Еквилизационата резерва се пресметува со состојба на ден 31 декември од тековната година (еднаш годишно).
4) Просечниот коефициент на штета (*ПКШ)* и стандардната девијација (*СД*) се пресметуваат со примена на следните формули за секоја класа на осигурување j:

$$ПКШ_j = \frac{1}{n}\sum_{i=1}^{n} ГКШ_{ij}$$, и

$$СД_{j(ГКШ_{ij})} = \sqrt{\frac{1}{n-1}\sum_{i=1}^{n}(ГКШ_{ij} - ПКШ_j)^2}$$

каде:
j - класа на осигурување (*j* = 1,2,3,.....18),
n - набљудуван период (*i* = 1,2,3,....n),
$ПКШ_j$ - просечен коефициент на штета за класа j во набљудуван период,
$СД_{j(КШ_{ij})}$ - стандардната девијација (отстапување) на примерокот за класата j,
$ГКШ_{ij}$ - годишен коефициент на штета за класата j во годината *i*.

5) Просечниот коефициент на штета и стандардната девијација се искажуваат како децимални броеви, заокружени на четири децимали.
6) Горната граница на обврската за формирање на еквилизационата резерва:
   1. кај осигурувањето на: кредити, гаранции, финансиски загуби и другите осигурувања на имот; претставува производ од трократната стандардна девијација и соодветната техничка премија нето од реосигурување и/или соосигурување остварена во тековната година,

2. кај осигурувањето на: имот од пожар и природни непогоди, шински возила, пловни објекти, воздухоплови, стока во превоз, како и кај општото осигурување од одговорност и осигурувањето од одговорност од употреба на воздухоплови; претставува производ од двократната стандардна девијација и соодветната техничка премија нето од реосигурување и/или соосигурување остварена во тековната година,
3. кај осигурувањето на моторни возила и осигурувањето од одговорност од употреба на моторни возила; претставува производ од 1½ стандардна девијација и соодветната техничка премија нето од реосигурување и/или соосигурување остварена во тековната година,
4. кај осигурувањето: од последици на несреќен случај, од одговорност од употреба на пловни објекти, на правна заштита, на туристичка помош, како и здравственото осигурување; претставува производ од една стандардна девијација и соодветната техничка премија нето од реосигурување и/или соосигурување остварена во тековната година.

7) Друштвото треба при секоја пресметка да ја зголеми вредноста на еквилизационата резерва за 3,5% од горната граница пресметана согласно одредбите од точка 6).
Друштвото треба при секоја пресметка дополнително да ја зголемува еквилизационата резерва за секоја класа на осигурување во која годишниот коефициент на штета е помал од просечниот коефициент на штета за истата класа на осигурување во набљудуваниот период. Дополнителното зголемување на еквилизационата резерва се пресметува како производ на разликата од просечниот коефициент на штета со годишниот коефициент на штета во набљудуваниот период и соодветната техничка премија нето од реосигурување и/или соосигурување остварена во тековната година.
Во случај разликата од просечниот коефициент на штета со годишниот коефициент на штета во набљудуваниот период да биде поголема од 0,07, дополнителното зголемување на еквилизационата резерва се пресметува така што соодветната техничка премија нето од реосигурување и/или соосигурување остварена во тековната година се множи со 0,07.

8) Друштвото треба кај секоја пресметка да ја намали еквилизационата резерва во секоја класа на осигурување во која годишниот коефициент на штета е поголем од просечниот коефициент на штета во набљудуваниот период за истата класа.
Намалувањето на еквилизационата резерва се пресметува како производ на разликата од годишниот коефициент на штета со просечниот коефициент на штета во набљудуваниот период со соодветната техничка премија нето од реосигурување и/или соосигурување остварена во тековната година за дадената класа на осигурување.
Намалувањето на еквилизационата резерва од претходниот став се врши после пресметаното зголемување на еквилизационата резерва по одредбите од точка 7).

9) Доколку при пресметката на еквилизационата резерва се добие дека нејзиниот износ е помал од нула, тогаш се зема дека вредноста на еквилизационата резерва е нула.
Доколку при пресметката на еквилизационата резерва се добие дека нејзиниот износ е поголем од горната граница пресметана согласно точка 6), тогаш се зема дека вредноста на еквилизационата резерва е еднаква на горната граница пресметана согласно точка 6).

10) Пресметката на годишните и просечните коефициенти на штета и стандардната девијација се искажуваат на образецот пКШ, кој е составен дел на овој правилник.
Пресметката на еквилизационата резерва се искажува на образецот пЕР, кој е составен дел на овој правилник.

4. Минимални стандарди, методи и правила за пресметка на други технички резерви

4.1. Основни одредби

1) Овие правила поблиску ги определуваат стандардите, критериумите и методите за пресметка на резервите за неистечени ризици.
2) Резервите за неистечени ризици се издвојуваат со цел да се покријат потенцијалните идни обврски од договорите за осигурување кои не се пресметани во резервите за преносни премии.
3) Резервите за неистечени ризици претставуваат дополнителни износи над резервите за преносни премии.
4) Резервите за неистечени ризици се пресметуваат поединечно, за секоја класа на осигурување.

4.2. Методи за пресметка на резервите за неистечени ризици

1) Резервите за неистечени ризици (РНР) за секоја класа на осигурување одделно се пресметуваат по една од следните формули:

   a) РНР = ОИШ + ОИТШ - РПП,

   каде што:
   ОИШ - очекувани идни штети,
   ОИТШ - очекувани идни трошоци за штети
   РПП - резерви за преносни премии,

   $$КТОШ = ТОШ / ЗТП$$

   КТОШ - коефициент на трошоци за обработка на штети
   ТОШ - трошоци за обработка на штети (директни и индиректни)
   ЗТП – заработена техничка премија

   $$ОИШ = РПП * ГКШ,$$

   $$ОИТШ = РПП * КТОШ,$$

   ГКШ – годишен коефициент на штета

   b) РНР=РПП*(ГКШ -1)

2) Друштвото издвојува резерва за неистечени ризици во износ кој е еднаков на збирот од резервите за неистечени ризици за сите класи на осигурување.
3) Во случај на негативен резултат од претходната точка, резервите за неистечени ризици се зема да бидат еднакви на нула.

5. Минимални стандарди, методи и правила за пресметка на математичката резерва

5.1. Основни одредби

1) Овие правила го определуваат начинот за пресметка на математичката резерва, математичката резерва - дел од реосигурување, дозволените методи, принципи и основи за пресметка на математичката резерва.

2) Математичката резерва нето од реосигурување и/или соосигурување се пресметува како збир од математичката резерва од сопственото осигурително портфолио и математичката резерва од применото соосигурително портфолио намален за математичката резерва пренесена во реосигурување и/или соосигурување.
3) Друштвото е должно да формира математичка резерва за сите договори за осигурување кај кои се кумулираат средства за штедење или средства за покривање на зголемениот ризик во наредните години од осигурителното покритие.
4) Математичката резерва треба да биде доволна за да овозможи исполнување на сите разумно предвидени обврски кои произлегуваат од договорите за осигурување, и тоа за сите склучени договори за осигурување за кои се однесуваат овие правила.

5.2. Принципи за пресметка на математичка резерва

1) Математичката резерва треба да биде пресметана со доволно претпазлива проспективна актуарска пресметка како разлика од сегашната вредност на сите идни обврски дефинирани со условите и договорот за осигурување за секој поединечен договор за осигурување, вклучувајќи ги:
   1. Гарантираните исплати на кои осигурениците имаат право, како и гарантираните откупни вредности,
   2. Бонуси и учество во добивката на кои осигурениците имаат право, поединечно или заедно со други осигуреници, без оглед на видот на тие бонуси,
   3. Сите права кои осигуреникот може да ги има врз основа на условите во договорите за осигурување, и
   4. Сите трошоци, како и провизии

   со сегашната вредност на сите идни обврски на осигуреникот/договорувач на осигурувањето (уплата на премии) по секој од тие договори за осигурување.
2) Доволно претпазливата пресметка треба да ги вклучи сите зголемувања во резервата поради штетните девијации на релевантните чинители во пресметката. При одредување на основата за пресметка треба да се земат сите околности кои можат да имаат влијание на промените и варирањето на податоците. Методот за пресметка на математичката резерва треба да ги земе предвид и вредностите на средствата во кои е вложена истата.
3) Математичката резерва по правило се пресметува поединечно за секој договор за осигурување. Употреба на актуарски пресметки за хомогена група на договори за осигурување може да се користи само ако добиениот резултат е приближно еднаков или поголем отколку при поединечната пресметка.
4) Доколку постои загарантирана откупна вредност, вредноста на математичката резерва за поединечниот договор, во секој момент треба да биде најмалку во висина на загарантираната откупна вредност во тој момент.
5) Доколку Друштвото пресметало негативна вредност на математичката резерва, тогаш Друштвото истата ја искажува како нулта вредност.
6) Во случај на договор за осигурување со учество во добивката, пресметката на математичката резерва може имплицитно во обзир да ги земе идните удели во добивката, според важечкиот метод на распределба на добивката. Основата за пресметката на математичката резерва треба да овозможи остварување на предвиденото учество во добивката.
7) Додатоците за идните трошоци можат да бидат имплицитни или експлицитни, но во секој случај не смеат да бидат помали од разумно проценетите релевантни идни трошоци.
8) Методот на пресметка на математичката резерва не смее да биде подложен на дисконтинуитет од година во година поради произволна промена на методите или основата за пресметка на математичката резерва. Овие барања не важат за промената на каматната стапка како последица од промената на пазарната каматна стапка, или за вистински промени на претпоставките за смртност.

9) За договорите за осигурување во кои обврските на Друштвото се изразени во странска валута, должно е да пресметува математичка резерва во истата валута, и да ја искажува во денари според средниот курс на Народна банка на Република Македонија на пресметковниот датум.
10) Друштвото треба да му овозможи на секој осигуреник/корисник на осигурување, односно договорувач на осигурување увид во основата и употребениот метод на пресметка на математичката резерва, вклучувајќи ја и резервата за учеството во добивката.

5.3. Методи за пресметка на математичката резерва кај осигурување на живот

1) Математичката резерва се пресметува со проспективна нето метода како разлика од:
   1. Сегашната вредност на сите идни обврски кои произлегуваат од договорите за осигурување и дефинираните услови на осигурување во нив, вклучувајќи ги осигурените суми на осигурување и учеството во добивката на кои осигурениците, поединечно или колективно, имаат право; независно како тие учества во добивката се опишани и независно од тоа дали е дадена гаранција за висината на учеството во добивката, со
   2. Сегашната вредност на сите идни уплати на техничка премија.
2) Кај договорите за осигурување каде траењето на осигурувањето е подолго од траењето на плаќање на премија, во пресметката на математичката резерва треба експлицитно да се вклучат идните административни трошоци.
3) Кај основните осигурувања на живот е дозволено намалување на математичката резерва за вистинските неамортизирани трошоци за стекнување (цилмеризација), при што стапката на цилмеризација не може да биде поголема од 3,5 % од договорената сума на осигурување, односно од годишниот износ на рента (во двата случаи не се вклучува добивката). Пресметаниот износ на неамортизираните трошоци за стекнување на осигурувањето треба да се искаже како прилог во финансиските и актуарските извештаи.
4) Техничката премија во пресметката на математичката резерва, дисконтирањето на неамортизираниот трошок за стекнување на осигурувањето, како и дисконтирањето на вредностите на идните обврски се пресметуваат врз основа на иста основа за пресметка на математичката резерва.
5) Техничката премија која се користи во пресметката на математичката резерва, зголемена за дозволениот годишен износ на цилмеризација, во никој случај не смее да биде поголема од 90 % од бруто полисираната премијата наведена во договорот за осигурување за периодот за кој е пресметана техничката премија. Во случај да не е задоволен условот од претходната реченица, во пресметката на математичката резерва наместо техничката премија зголемена за дозволениот износ на цилмеризација се зема 90 % од бруто полисираната премија. Во бруто полисираната премијата од претходните реченици не се вклучуваат доплатоците на основната премија, како што се доплатоци за плаќање на премијата за период помал од една година, фиксни трошоци по полиса и слично.
6) Во случај кога предвидените идни трошоци за постоечките договори за осигурување се поголеми од имплицитно вкалкулираните трошоци во пресметката на математичката резерва (разликата од бруто полисираната премијата и техничката премија која е користена во пресметката на математичката резерва зголемена за дозволениот износ на цилмеризација), Друштвото е должно да формира дополнителна резерва. Износот, како и претпоставките и методите за пресметка на дополнителната резерва се составен дел од актуарскиот извештај во делот на пресметката на математичката резерва.
7) За групни осигурувања заклучени со поединечни договори за осигурување, математичката резерва се пресметува според вистинската пристапна возраст на секој осигуреник.

8) Во случај ако за определени видови договори за осигурување, поради својствата на истите, не е можно да се користи нето проспективната метода за пресметка на математичката резерва, дозволено е користење на други методи согласно горенаведените принципи за пресметка на математичката резерва. Користениот метод, видовите договори и основата за пресметка на математичката резерва се составен дел на актуарскиот извештај.
9) Математичката резерва на денот на пресметката се добива со линеарна интерполација на математичката резерва пресметана на почетокот и на крајот од тековната година на осигурување, и не се коригира за преплатените или заостанатите рати од премијата на тој ден.

5.4. Таблици на веројатност

1) Изборот на таблиците на веројатност кои ќе се применуваат при пресметката на математичката резерва (како таблици на смртност, таблици на заболување, таблици на брачен статус, таблици на откажување од осигурување и слично) треба да биде прудентен. При пресметката треба да се земат предвид сите релевантни трендови во искуството на Друштвото и осигурителната индустрија во целина, очекуваните трендови, планираната политика на преземање во осигурување и сите други очекувани промени кои значајно можат да имаат влијание во резултатот од пресметката.
2) Кај договорите за осигурување кај кои претпоставката за намалување на смртноста ја зголемува математичката резерва, при одредување на смртноста во пресметката на математичката резерва треба да се примени соодветна корекција на идните намалувања на смртноста. Кај осигурувањата на живот кои го покриваат ризикот на смрт и здравствените осигурувања, при одредување на веројатноста на смртност и заболување треба да се земат предвид можните промени на ризикот од веќе познати болести чие влијание не е евидентирано во постоечките таблици на веројатност.
3) При избор на таблици на веројатност за пресметка на математичката резерва, по правило треба да се користат најновите службени таблици на веројатност и други статистички податоци објавени од надлежен орган во Република Македонија. По исклучок, може да се користат и други таблици на веројатност ако со нивна примена се обезбедува исполнување на сите обврски од договорот (вклучувајќи ја и откупната вредност), се обезбедува заштита на интересите на осигурениците или корисниците на осигурувањето, или се добива поголем износ на математичка резерва за целиот период на траење на договорот. Користените таблици на веројатност треба да бидат обелоденети во актуарскиот извештај.

5.5. Каматна стапка

1) Изборот на каматната стапка која се користи при пресметката на математичката резерва мора да се одреди претпазливо и истата треба да овозможи сигурна исплата на осигурената договорена сума на осигурениците. При изборот на каматната стапка треба да се земе предвид сигурноста на депонираните и инвестираните средства од математичката резерва, како и висината на остварениот принос од истите.
2) Каматната стапка која се користи при пресметката на математичка резерва не смее да биде повисока од просечниот принос кој Друштвото го остварило од вложувањата на средствата кои ја покриваат математичката резерва во претходните три години.
3) Агенцијата ќе ја намали каматната стапка во случај на значителен пад на приносот на пазарот на државните хартии од вредност и ќе ја утврди највисоката каматна стапка за наредниот период.

6. Методи за пресметка на математичката резерва во осигурување на живот каде инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот

1) За осигурувањата на живот каде инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот се пресметува математичка резерва за покривање на ризикот смрт, за трошоците за вршење на дејноста, како и за сите други ризици кои произлегуваат од гарантираните исплати поврзани со доспеаноста, гарантираните откупни вредности или слично. Основните одредби, принципи и методите за пресметка на математичката резерва кај договори за осигурување на живот каде инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот, во потполност и соодветно се применуваат и на пресметката на оваа математичка резерва.
2) За осигурувањата на живот каде инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот, покрај горенаведената математичка резерва, се формира и посебна резерва за исплата на договорената гарантирана сума директно поврзана за вредноста на вложувањето.
3) Кога исплатата на осигурената сума со договорот за осигурување е директно поврзана со вредноста на единицата од инвестицискиот фонд или за вредноста на имотот содржан во инвестицискиот фонд, посебната резерва за овие исплати треба да биде искажана приближно со вредноста на тие единици или со вредноста на имотот.
4) Кога исплатата на осигурената сума со договорот за осигурување е директно поврзана со индексот на акциите или некоја друга референтна вредност, посебната резерва за овие исплати треба да биде искажана приближно со вредноста на тие единици кои ја претставуваат референтната вредност.
5) Вредноста на посебната резерва од точките 3) и 4) се пресметува како производ на:
   1. Бројот на доделените единици на договорот за осигурување , и
   2. Соодветната вредност на единицата или, во случај единиците да не се одредени, со вредноста на наведената мерка во договорот како еквивалентна на единица вредност на денот на вреднувањето.
6) За осигурувањата на живот каде инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот не е дозволено намалување на посебната резерва за вистинските неамортизирани трошоци за стекнување.

Образец **пКШ**

Годишни просечни коефициенти на штета и стандардна девијација

Ред. бр.	Класа на осигурување (j)	Годишен коефициент на штета ($ГКШ_{ij}$) за годината i					Просечен коефициент на штета за разгледуваниот период	Стандардна девијација
		n-4	n-3	n-2	n-1	n	$ПКШ_j$	$СД_j(ГКШ_{ij})$
		1	2	3	4	5	6	7
01	Осигурување од последици на несречен случај - незгода							
02	Здравствено осигурување							
03	Осигурување на моторни возила (каско)							
04	Осигурување на шински возила (каско)							
05	Осигурување на воздухоплови (каско)							
06	Осигурување на пловни објекти (каско)							
07	Осигурување на стока во превоз (карго)							
08	Осигурување на имот од пожар и природни непогоди							
09	Други осигурувања на имот							
10	Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила							
11	Осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови							
12	Осигурување од одговорност од употреба на пловни објекти							
13	Општо осигурување од одговорност							
14	Осигурување на кредити							
15	Осигурување на гаранции							
16	Осигурување од финансиски загуби							
17	Осигурување на правна заштита							
18	Осигурување на туристичка помош							

Напомена: Во овој образец со годишни коефициенти на штета, секоја наредна година се додава годишниот коефициент на штета од тековната година и, ако е надминат разгледуваниот период од пет години се отстранува најстариот годишен коефициент на штета.

Потоа се пресметува просечен коефициент на штета за разгледуваниот период (колона 6) и стандардната девијација (колона 7).

Доколку заработената техничка премија во некоја година е еднаква на нула (0), тогаш за годишен коефициент на штета за таа година се зема вредност нула (0).

Изготвил

Овластен актуар

Одговорно лице

Образец **пЕР**

Пресметка на еквилизационата резерва

Ред. бр.	Класа на осигурување (j)	Техничка премија-нето од реосигурување и/или соосигурување за тековната година	Стандардна девијација $СД_j(ГКШ_{ij})$	Број на стандардни отстапувања	Горна граница на обврската за формирање на еквилизациона резерва	Просечен коефициент на штета за разгледуваниот период $ПКШj$	Годишен коефициент на штета за тековната година $ГКШj$	Состојба на еквилизационата резерва на почетокот на тековната година	Зголемување на резервата	Дополнително зголемување на резервата	Намалување на резервата	Состојба на резервата на крајот на тековната година
		1	**2**	**3**	**4=1x2x3**	**5**	**6**	**7**	**8=0,035*4**	**9**	**10**	**11=7+8+9-10**
01	Осигурување од последици на несречен случај - незгода			1								0
02	Здравствено осигурување			1								0
03	Осигурување на моторни возила (каско)			1,5								0
04	Осигурување на шински возила (каско)			2								0
05	Осигурување на воздухоплови (каско)			2								0
06	Осигурување на пловни објекти (каско)			2								0
07	Осигурување на стока во превоз (карго)			2								0
08	Осигурување на имот од пожар и природни непогоди			2								0
09	Други осигурувања на имот			3								0
10	Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила			1,5								0
11	Осигурување од одговорност од употреба на воздухоплови			2								0
12	Осигурување од одговорност од употреба на пловни објекти			1								0
13	Општо осигурување од одговорност			2								0
14	Осигурување на кредити			3								0
15	Осигурување на гаранции			3								0
16	Осигурување од финансиски загуби			3								0
17	Осигурување на правна заштита			1								0
18	Осигурување на туристичка помош			1								0
ВКУПНО		0	xxx	xxx	xxx	xxx	xxx	0	xxx	xxx	xxx	0

Изготвил

Овластен актуар

Одговорно лице

3355.

Врз основа на член 139, став (2) а во врска со член 138, став (1) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09 и 67/10), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР

Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се пропишува потребната документација за добивање лиценца за осигурителен брокер од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) согласно Законот за супервизија на осигурување.

Потребна документација која се приложува кон барањето за добивање лиценца за осигурителен брокер

Член 2

(1) За издавање лиценца за осигурителен брокер до Агенцијата се доставува барање за добивање лиценца за осигурителен брокер на соодветен пропишан образец даден во Прилог 1 од овој Правилник.

(2) Кон барањето од став (1) на овој член лицето ја доставува и следната документација:

1. лична карта или пасош;
2. уверение за положен стручен испит за осигурителен брокер;
3. потврда за стекнато најмалку едногодишно работно искуство во областа на осигурувањето или посредување во осигурувањето;
4. диплома или уверение за завршено средно или друг повисок степен на образование;
5. уверение за неосудуваност издадено од надлежен судски орган во Република Македонија;
6. уверение за неизречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност издадено од надлежен судски орган во Република Македонија;
7. изјава дека лицето не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка;
8. доказ за платен надоместок за издавање лиценца за осигурителен брокер согласно Тарифникот на Агенцијата.

(3) Покрај документацијата од став (2) на овој член, странските државјани до Агенцијата се должни да ја достават и следната документација:

1. потврда за престој и дозвола за работа во Република Македонија; и
2. доказ дека лицето го познава македонскиот јазик и неговото кирилично писмо (странските државјани ова го докажуваат со потврда за знаење на македонски јазик издадена од надлежна институција во РМ).

Одлучување по барањето за добивање лиценца за осигурителен брокер

Член 3

(1) При одлучувањето по барањето од член 2 став (1) од овој Правилник, Агенцијата оценува дали лицето ги исполнува условите предидени во Законот за супервизија на осигурување.

(2) Врз основа на оценката од став (1) на овој член, Агенцијата донесува решение за издавање лиценца за осигурителен брокер во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето со комплетна документација согласно член 224 став (2) од Законот за супервизија на осигурување.

Форма на доставување на документација

Член 4

(1) Документацијата од член 2 став (2) од овој Правилник, која се доставува кон барањето за издавање на лиценца треба да биде во оригинал или копија заверена кај овластено лице (нотар). Доколку документот што треба да се достави е на друг јазик, заедно со оригиналот односно нотарски заверената копија се доставува и превод на македонски јазик, преведен од овластен судски преведувач и заверен кај овластено лице (нотар).

(2) Сите документи, потврди и изјави кои се дел од документацијата која се доставува кон барањето за издавање лиценца не смеат да бидат постари од шест месеци пред денот на поднесувањето на барањето за издавање лиценца.

(3) Потврдата за стекнато најмалку едногодишно работно искуство во областа на осигурувањето или посредување во осигурувањето наведена во член 2 став (2) точка 3 од овој Правилник треба да биде издадена од друштво за осигурување, друштво за застапување во осигурувањето односно осигурително брокерско друштво и во истата треба да бидат наведени податоци за правниот однос меѓу барателот и друштвото (работен однос, договор за застапување или друг правен однос), видови на работи кои ги извршувал барателот и периодот на извршување на истите (почеток и крај на работниот односно друг правен однос).

(4) Агенцијата го разгледува барањето за издавање лиценца од член 2 став (1) од овој Правилник со комплетна документација. Под комплетна документација се подразбира документацијата пропишана со член 2 став (2) од овој Правилник.

Завршни одредби

Член 5

(1) Овој Правилник влегува во сила осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 0101-2081/2
11 ноември 2010 година
Скопје

Претседател
на Советот на експерти,
д-р **Климе Попоски**, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ



БАРАЊЕ
ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР

Име и презиме на барателот
Датум и место на раѓање
ЕМБГ Број на лична карта
Државјанство:
Адреса на живеење (од л.к)
Тел: Факс:
E-mail
Занимање:
Степен и назив на стручна подготовка
Вработен

Јас_____(име и презиме на физичкото лице) изјавувам, под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека:

1) податоците и информациите што ги содржи ова барање како и целата документација која ја доставувам кон барањето за издавање лиценца за осигурителен брокер, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи.
2) во случај на промена на моите лични (во кои се содржат и адресни) податоци во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата. Во спротивно, секоја достава од страна на Агенцијата до кандидатот се смета дека е уредно извршена на адресата наведена во пријавата;
3) ќе обезбедам почитување на донесените законски и подзаконски акти и супервизорските стандарди од страна на Агенцијата, спроведување на мерките изречени од страна на Агенцијата и ќе ги доставам сите податоци и информации побарани од страна на Агенцијата за вршење ефикасна супервизија.

Согласен/на сум моите лични податоци наведени во ова барање да бидат регистрирани, обработувани, ажурирани и објавувани за потребите на Агенцијата

Запознаен/на сум дека податоците наведени во ова барање се заштитени согласно Законот за заштита на личните податоци и истите ќе се користат согласно важечката законска регулатива.

Во Скопје на _____ година
Потпис на барателот_____

3356.

Врз основа на член 134-г став 4 а во врска со член 134-в став 2 од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на РМ бр. 27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/04, 88/05, 79/07, 08/08, 88/08, 56/09 и 67/10), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ЗАСТАПНИК ВО ОСИГУРУВАЊЕТО

Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се пропишува потребната документација за добивање лиценца за застапник во осигурувањето од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) согласно Законот за супервизија на осигурување.

Потребна документација која се приложува кон барањето за добивање лиценца за застапник во осигурувањето

Член 2

(1) За издавање лиценца за застапник во осигурувањето до Агенцијата се доставува барање за добивање лиценца за застапник во осигурувањето на соодветен пропишан образец даден во Прилог 1 од овој Правилник.

(2) Кон барањето од став (1) на овој член лицето ја доставува и следната документација:

1. лична карта или пасош;
2. уверение за положен стручен испит за застапник во осигурувањето;
3. диплома или уверение за завршено средно или друг повисок степен на образование;
4. уверение за неосудуваност издадено од надлежен судски орган во Република Македонија;
5. уверение за неизречена мерка забрана за вршење професија, дејност или должност издадено од надлежен судски орган во Република Македонија;
6. изјава дека лицето не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување, осигурително брокерско друштво или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка;
7. договор за застапување во осигурувањето склучен со друштво за осигурување; и
8. доказ за платен надоместок за издавање лиценца за застапник во осигурувањето согласно Тарифникот на Агенцијата.

(3) Покрај документацијата од став 2 на овој член, странските државјани до Агенцијата се должни да ја достават и следната документација:

1. потврда за престој и дозвола за работа во Република Македонија; и
2. доказ дека лицето го познава македонскиот јазик и неговото кирилично писмо (странските државјани ова го докажуваат со потврда за знаење на македонски јазик издадена од надлежна институција во РМ).

Одлучување по барањето за добивање лиценца за застапник во осигурувањето

Член 3

(1) При одлучувањето по барањето од член 2 став (1) од овој Правилник, Агенцијата оценува дали лицето ги исполнува условите предвидени во Законот за супервизија на осигурување.

(2) Врз основа на оценката од став (1) на овој член, Агенцијата донесува решение за издавање лиценца за застапник во осигурувањето во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето со комплетна документација согласно член 224 став 2 од Законот за супервизија на осигурување.

Форма на доставување на документација

Член 4

(1) Документацијата од член 2 став (2) од овој Правилник, која се доставува кон барањето за издавање на лиценца треба да биде во оригинал или копија заверена кај овластено лице (нотар). Доколку документот што треба да се достави е на друг јазик, заедно со оригиналот односно нотарски заверената копија се доставува и превод на македонски јазик, преведен од овластен судски преведувач и заверен кај овластено лице (нотар).

(2) Сите документи, потврди и изјави кои се дел од документацијата која се доставува кон барањето за издавање лиценца не смеат да бидат постари од шест месеци пред денот на поднесувањето на барањето за издавање лиценца.

(3) Агенцијата го разгледува барањето за издавање лиценца од член 2 став (1) од овој Правилник со комплетна документација. Под комплетна документација се подразбира документацијата пропишана со член 2 став (2) од овој Правилник.

Завршни одредби

Член 5

(1) Овој Правилник влегува во сила осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 0101-2081/3
11 ноември 2010 година
Скопје

Претседател
на Советот на експерти,
д-р **Климе Попоски**, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

БАРАЊЕ
ЗА ДОБИВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА ЗАСТАПНИК ВО ОСИГУРУВАЊЕТО

Име и презиме на барателот
Датум и место на раѓање
ЕМБГ
Број на лична карта
Државјанство:
Адреса на живеење (од л.к)
Тел: Факс:
E-mail Занимање:
Степен и назив на стручна подготовка
Вработен

Јас_____(име и презиме на физичкото лице) изјавувам, под целосна морална, материјална и кривична одговорност дека:

1) податоците и информациите што ги содржи ова барање како и целата документација која ја доставувам кон барањето за издавање лиценца за застапник во осигурувањето, се точни и не содржат фалсификувани податоци и документи.
2) во случај на промена на моите лични (во кои се содржат и адресни) податоци во рок од 3 работни дена од настанувањето на промената ќе ја известам Агенцијата. Во спротивно, секоја достава од страна на Агенцијата до кандидатот се смета дека е уредно извршена на адресата наведена во пријавата;
3) ќе обезбедам почитување на донесените законски и подзаконски акти и супервизорските стандарди од страна на Агенцијата, спроведување на мерките изречени од страна на Агенцијата и ќе ги доставам сите податоци и информации побарани од страна на Агенцијата за вршење ефикасна супервизија.

Согласен/на сум моите лични податоци наведени во ова барање да бидат регистрирани, обработувани, ажурирани и објавувани за потребите на Агенцијата

Запознаен/на сум дека податоците наведени во ова барање се заштитени согласно Законот за заштита на личните податоци и истите ќе се користат согласно важечката законска регулатива.

Во Скопје на _____ година
Потпис на барателот_____

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

3357.

Врз основа на член 56, став 1, точка 2 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009 и 50/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 7 септември 2010 година, донесе

СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Статутот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 85/07) во членот 9 по зборот „членови“ запирката се заменува со точка, а зборовите: до крајот на реченицата се бришат.

Член 2

Во член 15, во ставот 2, зборовите: „или странско“ се бришат.

Член 3

Во член 17, во ставот 1, зборовите: „и во меѓународно јавно гласило“ се бришат.

Член 4

Оваа статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 02-12631/12
7 септември 2010 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска, с.р.

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3358.

Врз основа на член 34 став 5 од Законот за извршување („Службен весник на РМ” бр. 35/2005, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10 и 83/10), Комората на извршители на РМ на ден 29.11.2010 година, го донесе следново

Р Е Ш Е Н И Е ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕНОТ ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА НА ИЗВРШИТЕЛОТ

Сузана Гилевска, со живеалиште во Битола на ул. „Цар Самоил” бр. 244, именувана за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен, датумот 10.12.2010 година, се определува како ден за отпочнување со работа како извршител.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се достави до извршителот.

Ова решение се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Образложение

На ден 17.08.2010 година лицето Сузана Гилевска беше именувано за извршител за подрачјето на Основен суд Битола и Основен суд Ресен, поради што Комората на извршители на РМ, врз основа на член 34 став 5 од Законот за извршување („Службен весник на РМ” бр. 35/2005, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10 и 83/10), одлучи како во изреката на ова решение.

Бр. 01-1772
29 ноември 2010 година
Скопје

Комора на извршители
на Република Македонија
Претседател,
Антонио Коштанов, с.р.

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

3359.

Врз основа на член 45-а ставови 2 и 9 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА, КАКО И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата, како и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација.

II. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА

Член 2

(1) На контролорот, односно обработувачот правно лице или физичко лице кои се повикуваат на едукација им се врачуваат покани на образец со формат А4, кои се дадени во прилог број 1 и прилог број 2 и се составен дел на овој правилник.

(2) Поканата за едукација за контролор, односно обработувач правно лице содржи:

- Назив и седиште на правното лице;
- Име и презиме на лицето кое се едуцира;
- Контакт телефон или електронска пошта;
- Предмет на едукација во смисла на член 45-а став 1 од Законот за заштита на личните податоци;
- Датум и место на едукација;
- Место за печат и потпис на инспекторот за заштита на личните податоци и
- Забелешка.

(3) Поканата за едукација за контролор, односно обработувач физичко лице содржи:

- Име и презиме на физичкото лице кое се повикува на едукација;
- Адреса на живеење;
- Контакт телефон или електронска пошта;
- Предмет на едукација во смисла на член 45-а став 1 од Законот за заштита на личните податоци;
- Датум и место на едукација;
- Место за печат и потпис на инспекторот за заштита на личните податоци и
- Забелешка.

(4) Во Поканата од ставовите (2) и (3) на овој член е содржана и напомена дека согласно одредбите на член 45-а став 5 од Законот за заштита на личните податоци, доколку контролорот, односно обработувачот не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

III. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА

Член 3

(1) Поканата за едукација се предава на контролорот, односно обработувачот при вршењето на инспекцискиот надзор, кога се констатирани неправилности во работењето.

(2) Инспекторот за заштита на личните податоци обезбедува доказ дека прекршителот уредно ја примил поканата за едукација.

(3) Едукацијата ја врши инспекторот за заштита на личните податоци кој ја утврдил потребата од истата врз основа на констатираните неправилности во работењето.

(4) Едукацијата може да се спроведе на еден од следните начини:

а) презентации во печатена или електронска форма;

б) презентирање преку составување на обрасци или

в) тековно објавување на едукативни материјали од областа на заштитата на личните податоци во печатена или електронска форма (списанија, брошури или медиуми).

(5) Во случај на оправдани причини, доколку инспекторот за заштита на личните податоци не е во можност да ја изврши едукацијата, директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци ќе определи друг инспектор за спроведување на едукацијата.

(6) По извршената едукација, лицето кое се едуцира се внесува во евиденцијата за спроведената едукација од страна на инспекторот за заштита на личните податоци.

(7) Инспекторот за заштита на личните податоци задолжително на крајот на тековниот месец доставува месечни извештаи од спроведената едукација до директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

IV. ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

Член 4

(1) Инспекторот за заштита на личните податоци води евиденција за спроведената едукација во електронска форма, која е дадена во Прилог број 3 и е составен дел од овој правилник.

(2) Евиденцијата за спроведената едукација особено содржи:

- Реден број;
- Број и датум на поканата за едукација;
- Датум и место на едукацијата;
- Учесник на едукацијата;
- Име и презиме на инспекторот за заштита на личните податоци кој ја извршил едукацијата;
- Предмет на едукација во смисла на член 45-а став 1 од Законот за заштита на личните податоци;
- Број и датум на записник врз основа на кој се врши едукацијата и
- Забелешка.

V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1580/1
6 декември 2010 година
Скопје

Директор,
Димитар Ѓеорѓиевски, с.р.

Прилог број 1

ПОКАНА ЗА ЕДУКАЦИЈА

До _____

назив на контролорот, односно обработувачот- правно лице

Лицето _____ од контролорот, односно обработувачот _____ _____, со седиште _____, контакт телефон или електронска пошта _____.

Предмет на едукација во смисла на член 45-а став 1 од Законот за заштита на личните податоци: _____ _____ _____ _____ _____.

Забелешка: _____ _____ _____.

Датум:_____

Место:_____

Инспектор за заштита на личните податоци,

М.П. _____

Напомена: Согласно член 45-а став 5 од Законот за заштита на личните, доколку контролорот, односно обработувачот не се јават на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Прилог број 2

ПОКАНА ЗА ЕДУКАЦИЈА

До _____

име и презиме на физичкото лице

Лицето _____, со адреса на живеење ул. _____, број _____ _____ контакт телефон или електронска пошта _____ _____.

Предмет на едукација во смисла на член 45-а став 1 од Законот за заштита на личните податоци: _____ _____ _____ _____.

Забелешка: _____ _____ _____.

Датум: _____

Место: _____

Инспектор за заштита на личните податоци,

М.П. _____

Напомена: Согласно член 45-а став 5 од Законот за заштита на личните податоци, доколку контролорот, односно обработувачот не се јават на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Прилог број 3

ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

Реден број	1.		
Број и датум на пријавата за едукација	2.		
Датум и место на едукацијата	3.		
Учесник на едукацијата	4.		
Име и презиме на инспекторот за заштита на личните податоци кој ја извршил едукацијата	5.		
Предмет на едукација во смисла на член 45-а став 1 од Законот за заштита на личните податоци	6.		
Број и датум на записник врз основа на кој се врши едукацијата	7.		
Забелешка	8.		

3360.

Врз основа на член 9-б став 5 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ број 7/05, 103/08 и 124/10), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА АКТОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и формата на актот за начинот на вршење на видео надзор.

Член 2

Одредбите од овој правилник се применуваат и при обработка на личните податоци преку вршење на видео надзор од страна на обработувачот на збирка на лични податоци.

II. СОДРЖИНА И ФОРМА НА АКТОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР

Содржина на актот

Член 3

Актот за начинот на вршење на видео надзор содржи: правен основ за неговото донесување, наслов на актот, основни одредби со опис на системот за вршење на видео надзор, цел, односно цели на обработка на личните податоци, категории на лични податоци, давање и пренос на лични податоци обработени преку системот за вршење видео надзор, технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, овластени лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење на видео надзор, изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, рок на чување на снимките од видео надзорот, известување за вршење на видео надзор, технички спецификации на опремата, план каде е поставен системот за вршење на видео надзор и преодни и завршни одредби.

Правен основ

Член 4

Во правниот основ за донесување на актот за начинот на вршење на видео надзор, се наведува членот од Законот за заштита на личните податоци или друг закон кој е основ за донесување на актот, бројот на Службениот весник на Република Македонија каде е објавен законот, кој го донесува актот, како и датумот на неговото донесување.

Наслов на актот

Член 5

Насловот на актот за начинот на вршење на видео надзор е „Правилник за начинот на вршење на видео надзор на _____ (назив на контролорот)“.

Основни одредби со опис на системот за вршење на видео надзор

Член 6

Во основните одредби се утврдува краток опис на содржината на актот за начинот на вршење на видео надзор со опис на системот за вршење на видео надзор.

Цел, односно цели на обработка на личните податоци

Член 7

(1) Во актот за начинот на вршење на видео надзор се утврдува целта, односно целите за обработка на личните податоци преку вршењето на видео надзор во смисла на одредбите од член 9-б став 1 од Законот за заштита на личните податоци.

(2) Контролорот задолжително врши анализа на целта, односно целите за која се поставува видео надзорот пред започнување на процесот за воспоставување на систем за вршење на видео надзор.

(3) Анализата од ставот (2) на овој член ги содржи причините за поставување на видео надзорот со образложение на потребата за исполнување на целта, односно целите во смисла на одредбите од член 9-б став 1 од Законот за заштита на личните податоци, како и опис на недвижните и движните ствари кои ќе се заштитуваат со поставувањето на видео надзор.

(4) Контролорот врши периодична оценка на постигнатите резултатите од системот за вршење видео надзор на секои две години, а особено за:

- понатамошната потреба од користење на системот за вршење на видео надзор;
- целта, односно целите за вршење на видео надзор и
- можните технички решенија за замена на системот за вршење на видео надзор.

(5) Од извршената оценка од став (4) на овој член контролорот изработува извештај кој е составен дел на документацијата за воспоставување на системот на вршење на видео надзор.

(6) Во извештајот од ставот (5) на овој член се внесуваат и статистички показатели за пристапот до снимките направени при вршење на видео надзорот, како и начинот на искористување на снимките.

Категории на лични податоци, давање и пренос на лични податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор

Член 8

Во актот за начинот на вршење на видео надзор се определуваат категориите на лични податоци кои што ќе бидат предмет на обработка, можноста за давање на лични податоци на користење, како и преносот на личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор.

Технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор

Член 9

(1) Контролорот задолжително ги определува техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор, согласно

Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци, со давање на опис за преземените технички и организациски мерки.

(2) За пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор контролорот задолжително води евиденција, која особено ги содржи следните податоци:

- Име и презиме на овластеното лице;
- Датум и време на пристапување;
- Цел за пристапување;
- Датум и час на направената снимка кон која се пристапува;
- Датум и време, назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видео надзорот;
- Вид на медиумот во кој е содржана снимката од видео надзорот и
- Други податоци согласно член 27 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.

Овластени лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење на видео надзор

Член 10

(1) Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор имаат само овластени лица од страна на контролорот.

(2) Овластените лица за обработка на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор пред нивното отпочнување со работа своерачно потпишуваат Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор која претставува составен дел на актот за начинот на вршење на видео надзорот.

(3) Образецот на Изјавата од ставот (2) на овој член е составен дел на овој правилник (Образец 1).

Рок на чување на снимките од видео надзорот

Член 11

(1) Снимките направени при вршење на видео надзорот се чуваат до исполнување на целта, односно целите за кои се врши, но не подолго од 30 дена при што истите по истекот на рокот автоматски се бришат од медиумот на кој што се чуваат.

(2) Снимките од видео надзорот може да се чуваат подолг временски период од периодот наведен во ставот (1) на овој член ако е потребно согласно закон, но не подолго до исполнување на целта, односно целите.

Известување за вршење на видео надзор

Член 12

(1) Контролорот на видливо и јасно место истакнува известување дека се врши видео надзор во смисла на одредбите на член 9-а од Законот за заштита на личните податоци кое е составен дел на актот за начинот на вршење на видео надзор.

(2) Образецот на известувањето од ставот (1) на овој член е составен дел на овој правилник (Образец 2).

Технички спецификации на опремата

Член 13

Контролорот задолжително ја определува техничката спецификација на опремата со која ќе се врши видео надзор, особено бројот на камерите, резолуцијата и квалитетот на сликата, видот на камерите, бројот и идентификацијата на работните станици со кои се пристапува до системот за видео надзор, како и бројот и идентификацијата на опремата со која се врши видео надзорот.

План каде е поставен системот за вршење на видео надзор

Член 14

(1) Во Планот каде е поставен системот за вршење на видео надзор графички се прикажува начинот на поставеноста на видео камерите, просторот каде се врши видео надзорот, аголот на покриеност на просторот опфатен со видео надзорот, како и карта со локациите на местата каде што се поставени камерите.

(2) Планот од ставот (1) на овој член треба да претставува составен дел на актот за начинот на вршење на видео надзор.

Преодни и завршни одредби

Член 15

Преодните и завршните одредби се состојат од два члена од кој во првиот се наведува престанокот на важноста на претходниот акт и неговите изменувања и/или дополнувања, доколку такви има, како и архивскиот број и датумот на неговото/нивното донесување, додека во вториот член се утврдува влегувањето во сила на новиот акт и местото на објавување на актот.

III. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1581/1
6 декември 2010 година
Скопје

Директор,
Димитар Ѓеорѓиевски, с.р.

Образец 1

Врз основа на одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/05, 103/08 и 124/10), на ден ....., .20.....година ја давам следната

И З Ј А В А

за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор

Јас долупотпишаниот/ната, ..., (име и презиме)

..... во ..... согласно
(работно место) (назив на контролорот(сектор/одделение))

Правилникот за начинот на вршење на видео надзор на ....., се обврзувам дека:
(назив на контролорот)

- ќе ги применувам начелата за заштита на личните податоци при вршењето на видео надзорот;
- ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и ќе ги чувам како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;
- ќе ги применувам техничките и организациските мерки за пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор со кој се оневозможува неовластен и неевидентиран пристап и увид до снимките од системот за видео надзор;
- ќе вршам обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од контролорот;
- на трети лица надвор од контролорот и на други лица од контролорот нема да издавам било каков личен податок од снимките на видео надзорот или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознам при вршењето на видео надзорот во контролорот, освен ако со закон поинаку не е предвидено.

Потпис,

Образец 2

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕО НАДЗОР

3361.

Врз основа на член 44-а став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/05, 103/08 и 124/10), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА И ЗА НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за образецот, формата и содржината на легитимацијата и за начинот на нејзиното издавање и одземање („Службен весник на Република Македонија" бр.143/08), во членот 2 ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(2) На предната страна на легитимацијата е отпечатен меморандумот на Дирекцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Дирекцијата), под него, во средината, испишани се зборовите „ЛЕГИТИМАЦИЈА", под овие зборови на левата страна има место за фотографија на инспекторот за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: инспекторот) на кој му се издава легитимацијата со димензии 2 х 2 цм. На десната страна се испишува името и презимето и звањето на инспекторот. Во средината на долниот раб има место за печат, а во долниот десен дел има место за потпис на директорот на Дирекцијата.

(3) На задната страна на легитимацијата е содржан следниот текст: „При вршење на инспекциски надзор инспекторот постапува согласно член 44-в од Законот за заштита на личните податоци". Под текстот на десната страна се испишува регистарскиот број на легитимацијата, а под него на левата страна се испишува дата на издавање на легитимацијата."

Член 2

Во членот 8 во ставот (2) по зборовите „име и презиме на инспекторот" се додаваат зборовите „звањето на инспекторот".

Член 3

Образецот на легитимацијата се заменува со нов образец кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.02-1582/1
6 декември 2010 година
Скопје

Директор,
Димитар Ѓеорѓиевски, с.р.

Образец на легитимацијата на инспекторите за заштита на личните податоци

Предна страна

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Л Е Г И Т И М А Ц И Ј А

Фотографија
2 x 2

_____
име и презиме

_____
звање на инспекторот

М. П. Директор,

_____

Задна страна

При вршење на инспекциски надзор, инспекторот постапува согласно член 44-в од Законот за заштита на личните податоци.

Воден печат

Дата на издавање: _____ Регистарски број:

3362.

Врз основа на член 27 став 5 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци донесе

П Р А В И Л Н И К

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ВО ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА ЗБИРКИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на известувањето за обработка на личните податоци и за начинот на известувањето во Централниот регистар на збирки на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.155/08), членот 2 се менува и гласи:

“(1) Образецот на Известувањето, кој е составен од два дела, ги содржи податоците во смисла на член 27 став 2 од Законот за заштита на личните податоци и тоа:

1. Податоци за контролорот

1.1. Правно лице, орган на државната власт или друго тело

- Назив и седиште на контролорот - правно лице, р-ган на државната власт или друго тело;
- Даночен број;
- Жиро сметка;
- Депонент банка;
- Организациска форма;
- Контакт телефон;
- Електронска пошта;
- Факс;
- Веб страница;
- Име и презиме на офицерот за заштита на личните податоци;
- Контакт телефон на офицерот на заштита на личните податоци;
- Електронска пошта на офицерот за заштита на личните податоци;
- Работно место на офицерот за заштита на личните податоци;
- Назив/Име на претставникот доколку го има;
- Седиште/Адреса на живеење на претставникот.

1.2. Физичко лице

- Име и презиме;
- Место и адреса на живеење;
- Податоци за вработување (занимање или функција што ја врши);
- Датум на раѓање;
- Место на раѓање;
- Државјанство.

2. Назив на збирката на лични податоци;

3. Цел или цели на обработката;

4. Правна основа за воспоставување збирка на лични податоци;

5. Категорија или категории на субјектите на личните податоци и лични податоци, односно категории на личните податоци кои се однесуваат на него или нив;

6. Корисниците или категориите на корисници на кои може да им се дадат на користење личните податоци;

7. Рок на чување на личните податоци;

8. Пренос на личните податоци во други држави;

9. Општ опис со кој ќе се овозможи првична оцена на соодветноста на преземените технички и организациски мерки за заштита на личните податоци и на нивната обработка.

(2) Образецот на Известувањето од став (1) на овој член е составен дел на овој правилник.“

Член 2

Во членот 5 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) По регистрацијата, контролорот во системот на Централниот регистар ги внесува следните податоци, и тоа особено:

- правно лице, орган на државната власт или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци: назив и седиште на контролорот - правно лице, орган на државна власт или друго тело; контакт телефон; електронска пошта; факс; веб страница; даночен број; жиро сметка; депонент банка; организациска форма; име и презиме на офицерот за заштита на личните податоци; контакт телефон на офицерот на заштита на личните податоци; електронска пошта на офицерот за заштита на личните податоци и работно место на офицерот за заштита на личните податоци; назив, односно име на претставникот доколку го има и седиште, односно адреса на живеење на претставникот и
- физичко лице: име и презиме; место и адреса на живеење; податоци за вработување (занимање или функција што ја врши); датум на раѓање; место на раѓање и државјанство.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1583/1
6 декември 2010 година
Скопје

Директор,
Димитар Ѓеорѓиевски, с.р.

Образец

Врз основа на член 27 став 1 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10), _____

_____,

назив на контролорот

Ви го доставувам следното

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

1.	**Податоци за контролорот - правно лице, орган на државната власт или друго тело**	
1.1	Назив	
1.2	Седиште	
1.3	Даночен број	
1.4	Жиро сметка	
1.5	Депонент банка	
1.6	Организациска форма	
1.7	Контакт телефон	
1.8	Електронска пошта	
1.9	Факс	
1.10	Веб страница	
2.	**Офицер за заштита на личните податоци**	
2.1	Име и презиме	
2.2	Контакт телефон	
2.3	Електронска пошта	
2.4	Работно место	
3.	**Претставник (доколку го има)**	
3.1	Назив/Име	
3.2	Седиште/Адреса на живеење	
4.	**Назив на збирката на лични податоци**	
5.	**Цел или цели на обработката**	
6.	**Правна основа за воспоставување збирка на лични податоци**	

7.	**Категорија или категории на субјектите на личните податоци и лични податоци, односно категории на личните податоци кои се однесуваат на него или нив**	
8.	**Корисниците или категориите на корисници на кои може да им се дадат на користење личните податоци**	
9.	**Рок на чување на личните податоци**	
10.	**Пренос на личните податоци во други држави**	
11.	**Општ опис со кој ќе се овозможи првична оцена на соодветноста на преземените технички и организациски мерки за заштита на личните податоци и на нивната обработка**	

_____, _____, 20_____ година
(место) (датум)

Врз основа на член 27 став 1 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10), _____

_____,

име и презиме на контролорот

Ви го доставувам следното

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

1.	**Податоци за контролорот - Физичко лице**	
1.1	Име и презиме	
1.2	Место и адреса на живеење	
1.3	Податоци за вработување (занимање или функција што ја врши)	
1.4	Датум на раѓање	
1.5	Место на раѓање	
1.6	Државјанство	
2.	**Назив на збирката на лични податоци**	
3.	**Цел или цели на обработката**	
4.	**Правна основа за воспоставување збирка на лични податоци**	
5.	**Категорија или категории на субјектите на личните податоци и лични податоци, односно категории на личните податоци кои се однесуваат на него или нив**	
6.	**Корисниците или категориите на корисници на кои може да им се дадат на користење личните податоци**	
7.	**Рок на чување на личните податоци**	
8.	**Пренос на личните податоци во други држави**	
9.	**Општ опис со кој ќе се овозможи првична оцена на соодветноста на преземените технички и организациски мерки за заштита на личните податоци и на нивната обработка**	

_____, _____, 20_____ година

(место) (датум)

3363.

Врз основа на член 33-б од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ИЗВРШЕНИОТ ПРЕНОС НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ДРУГИ ДРЖАВИ, КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА

I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за евиденцијата на извршениот пренос на лични податоци во други држави, како и начинот на водење на евиденцијата.

II. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ИЗВРШЕНИОТ ПРЕНОС НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ДРУГИ ДРЖАВИ

Член 2

(1) Образецот на евиденцијата на извршениот пренос на лични податоци во други држави ги содржи следниве податоци:

1. Реден број;
2. Податоци за контролорот кој го врши преносот:
- назив и седиште/име и презиме и адреса на живеење;
- контакт телефон;
- електронска пошта и
- име и презиме на овластеното лице задолжено за пренос на лични податоци.
3. Држава во која ќе се врши преносот;
4. Податоци за примачот на лични податоци во друга држава:
- назив и седиште/име и презиме и адреса на живеење;
- контакт телефон;
- електронска пошта и
- име и презиме на овластеното лице задолжено за пренесените лични податоци.
5. Категории на субјектите на лични податоци чии лични податоци ќе бидат предмет на пренос;
6. Цел или цели на преносот на личните податоци;
7. Категории на личните податоци кои се пренесуваат;
8. Посебни категории на лични податоци кои се пренесуваат;
9. Рок на чување на пренесените лични податоци;
10. Правен основ за пренос на личните податоци;
11. Број и датум на Решение за одобрување на пренос на лични податоци;
12. Општ опис за преземените технички и организациски мерки за заштитата на личните податоци при преносот;
13. Периодика на вршење на преносот;
14. Други информации за извршениот пренос;
15. Забелешка.

(2) Образецот на евиденцијата на извршениот пренос на лични податоци во други држави од став (1) на овој член е составен дел на овој правилник (Образец 1).

III. НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА

1. Начин на доставување на Пријавата за пренос на лични податоци во други држави

Член 3

(1) Во Пријавата за пренос на лични податоци во други држави, контролорот задолжително ги внесува податоците наведени во член 2 став (1) на овој правилник.

(2) Пријавата за пренос на лични податоци во други држави, контролорот ја доставува електронски и во хартиена форма до Дирекцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Дирекцијата) во рок од 15 дена пред денот на започнување на преносот на лични податоци во други држави.

(3) Пријавата која се доставува во хартиена форма треба да биде потпишана од страна на контролорот кој врши пренос на лични податоци во друга држава.

(4) Образецот на Пријавата за пренос на лични податоци во други држави од став (1) на овој член е составен дел на овој правилник (Образец 2).

2. Водење на евиденцијата

Член 4

(1) Евиденцијата на извршениот пренос на лични податоци во други држави се води во електронска форма во Дирекцијата.

(2) Во евиденцијата од став (1) на овој член се внесуваат податоците од член 2 став (1) на овој правилник, како и сите промени кои ќе настанат по извршеното запишување.

3. Пријавување на промени во евиденцијата на извршениот пренос на лични податоци во други држави

Член 5

(1) Контролорот за секоја промена на податоците за извршениот пренос, содржани во пријавата за пренос, писмено ја известува Дирекцијата во рок од 15 дена од денот на настанување на промената.

(2) По приемот на известувањето од став (1) на овој член, Дирекцијата веднаш ги ажурира податоците содржани во евиденцијата на извршениот пренос на лични податоци во други држави.

Член 6

Во случај на престанување на својството контролор согласно прописите за заштита на личните податоци, контролорот писмено ја известува Дирекцијата во рок од 15 дена од денот на престанување на својството контролор.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на евиденција за извршен пренос на лични податоци во други држави („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/05) и Правилникот за операциите на обработка на личните податоци што претставуваат посебен ризик за слободите и правата на субјектот на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/05).

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1584/1
6 декември 2010 година
Скопје

Директор,
Димитар Ѓеорѓиевски, с.р.

Образец 1

ОБРАЗЕЦ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗВРШЕНИОТ ПРЕНОС НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ДРУГИ ДРЖАВИ

1.	**Реден број**	
2.	**Податоци за контролорот кој го врши преносот**	
2.1	Назив и седиште/име и презиме и адреса на живеење	
2.2	Контакт телефон	
2.3	Електронска пошта	
2.4	Име и презиме на овластеното лице задолжено за пренос на лични податоци	
3.	**Држава во кој ќе се врши преносот**	
4.	**Податоци за примачот на лични податоци во друга држава**	
4.1	Назив и седиште/име и презиме и адреса на живеење	
4.2	Контакт телефон	
4.3	Електронска пошта	
4.4	Име и презиме на овластеното лице задолжено за пренесените лични податоци	
5.	**Категории на субјектите на лични податоци чии лични податоци ќе бидат предмет на пренос**	
6.	**Цел или цели на преносот на личните податоци**	
7.	**Категории на лични податоци кои се пренесуваат**	
8.	**Посебни категории на лични податоци кои се пренесуваат**	
9.	**Рок на чување на пренесените лични податоци**	
10.	**Правен основ за пренос на личните податоци**	
11.	**Број и датум на Решение за одобрување на пренос на лични податоци**	
12.	**Општ опис за преземените технички и организациски мерки за заштитата на личните податоци при преносот**	
13.	**Периодика на вршење на преносот**	
14.	**Други информации за извршениот пренос**	
15.	**Забелешка**	

Образец 2

ПРИЈАВА ЗА ПРЕНОС НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ДРУГИ ДРЖАВИ

1.	**Податоци за контролорот кој го врши преносот**	
1.1	Назив и седиште/име и презиме и адреса на живеење	
1.2	Контакт телефон	
1.3	Електронска пошта	
1.4	Име и презиме на овластеното лице задолжено за пренос на лични податоци	
2.	**Држава во кој ќе се врши преносот**	
3.	**Податоци за примачот на лични податоци во друга држава**	
3.1	Назив и седиште/име и презиме и адреса на живеење	
3.2	Контакт телефон	
3.3	Електронска пошта	
3.4	Име и презиме на овластеното лице задолжено за пренесените лични податоци	
4.	**Категории на субјектите на лични податоци чии лични податоци ќе бидат предмет на пренос**	
5.	**Цел или цели на преносот на личните податоци**	
6.	**Категории на лични податоци кои се пренесуваат**	
7.	**Посебни категории на лични податоци кои се пренесуваат**	
8.	**Рок на чување на пренесените лични податоци**	
9.	**Правен основ за пренос на личните податоци**	
10.	**Број и датум на Решение за одобрување на пренос на лични податоци**	
11.	**Општ опис за преземените технички и организациски мерки за заштитата на личните податоци при преносот**	
12.	**Периодика на вршење на преносот**	
13.	**Други информации за извршениот пренос**	

_____, _____, 20_____ година
(место) (датум)

М.П. _____
(потпис на функционерот, односно одговорното лице)

3364.

Врз основа на член 44-б став 5 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05, 103/08 и 124/10), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

I. Општа одредба

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на инспекцискиот надзор од страна на инспекторите за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: инспектори) кај контролорите, односно обработувачите на збирки на лични податоци.

II. Планирање на инспекцискиот надзор

Член 2

Инспекцискиот надзор се врши согласно Годишната програма за вршење на инспекциски надзор и месечните планови за вршење на инспекциски надзори, донесени од страна на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: директор на Дирекцијата).

Член 3

(1) Во функција на планирање на инспекциските надзори, по правило до 31 декември во тековната година се доставува основна листа за проверка до контролорите, односно обработувачите.

(2) По приемот на основната листа за проверка контролорите, односно обработувачите задолжително ја доставуваат пополнетата листа за проверка до Дирекцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Дирекцијата) до 31 јануари наредната година.

(3) Образецот на основната листа за проверка се објавува на веб страницата на Дирекцијата.

Член 4

Годишната програма за вршење на инспекциски надзор и месечните планови за вршење на инспекциски надзори се изработуваат врз основа на следните критериуми:

- анализа на податоците од основната листа за проверка;
- анализа на Годишниот извештај за работата на Дирекцијата за претходната календарска година и други извештаи од извршените инспекциски надзори;
- анализа на статистиките за извршените инспекциски надзори;
- анализа на бројот на поднесени иницијативи за вршење на инспекциски надзор за определени контролори, односно обработувачи;
- анализа на бројот на поднесени барања за утврдување на повреда на правото за заштита на личните податоци и
- анализа на бројот на поднесени претставки и предлози до Дирекцијата.

Член 5

(1) Раководните државни службеници кои раководат со секторите за вршење инспекциски надзори (во натамошниот текст: раководни државни службеници), заедно со инспекторите го изработуваат Предлогот на Годишната програма за вршење на инспекцискиот надзор за наредната календарска година.

(2) Предлогот на Годишната програма за вршење на инспекцискиот надзор, раководните државни службеници го доставуваат до директорот на Дирекцијата, најдоцна до 20 декември во тековната година.

(3) Предлогот на Годишната програма за вршење на инспекцискиот надзор се разгледува на стручниот колегиум во Дирекцијата.

(4) По донесувањето на Годишната програма за вршење на инспекцискиот надзор, истата се објавува на веб страницата на Дирекцијата.

Член 6

(1) Изборот на контролорите, односно обработувачите кои ќе бидат опфатени со месечните планови за вршење на инспекциски надзори се врши од страна на директорот на Дирекцијата по предлог на раководните државни службеници.

(2) Предлогот на месечниот план за вршење на инспекцискиот надзор го изработуваат раководните државни службеници заедно со инспекторите и го доставуваат до директорот на Дирекцијата на одобрување најдоцна до 15ти во тековниот месец за наредниот месец.

Член 7

Месечните планови за вршење на инспекциски надзори содржи: број на инспекциски надзори по контролори односно обработувачи, вид на инспекцискиот надзор, збирки на лични податоци, број на предвидени инспекциски надзори за секој инспектор и период на отпочнување на инспекцискиот надзор.

Член 8

(1) Измени и дополнувања на месечниот план за вршење на инспекциски надзори во однос на збирките на лични податоци и/или периодот на отпочнување на инспекцискиот надзор може да се вршат до денот на отпочнување на инспекцискиот надзор по предлог, односно барање на:

- контролорот, односно обработувачот кај кој се врши инспекцискиот надзор;
- инспекторот кој го врши инспекцискиот надзор;
- раководните државни службеници или
- директорот на Дирекцијата.

(2) Измените и дополнувањата на месечниот план за вршење на инспекцискиот надзор се одобруваат од страна на директорот на Дирекцијата.

III. Начин на вршење на инспекцискиот надзор

Член 9

Заради извршување на инспекцискиот надзор врз контролорите и обработувачите, инспекторот пред започнување на инспекцискиот надзор презема подготвителни активности во зависност од случајот или од контролорот, односно обработувачот и тоа:

1) разгледување на информациите од Централниот регистар на збирки на лични податоци;

2) разгледување на записникот од последниот извршен инспекциски надзор од страна на Дирекцијата и утврдените повреди;

3) разгледување на мислења, укажувања, одобренија и друга кореспонденција за контролорот, односно обработувачот кој е предмет на инспекцискиот надзор;

4) проучување на прописите кои се релевантни за извршување на инспекцискиот надзор и

5) преземање на неопходни технички и организациски мерки за подготвување и реализирање на инспекцискиот надзор.

Член 10

(1) Инспекцискиот надзор може да биде: најавен и ненајавен, а по обем целосен и делумен.

(2) Инспекцискиот надзор се врши во просториите на контролорот, односно обработувачот каде што се обработуваат личните податоци и во просториите на Дирекцијата.

(3) За денот, видот и обемот на вршењето на инспекцискиот надзор, по правило директорот на Дирекцијата или од него овластен раководен државен службеник писмено го известува контролорот, односно обработувачот кај кој се врши инспекцискиот надзор.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, инспекторот може и преку електронско комуникациска мрежа да го извести контролорот, односно обработувачот кај кој се врши инспекциски надзор.

(5) Во случај од ставот (4) на овој член инспекторот составува службена белешка за известувањето на контролорот, односно обработувачот.

Член 11

(1) Во функција на вршењето на редовниот инспекциски надзор, инспекторот до контролорот, односно обработувачот доставува основна листа за проверка најмалку 30 дена пред отпочнување на инспекцискиот надзор.

(2) Контролорот, односно обработувачот задолжително ја доставува до инспекторот пополнетата основна листа за проверка во рок од 10 дена од денот на приемот на истата.

Член 12

Инспекторот е самостоен во вршењето на инспекцискиот надзор и самостојно одлучува за дејствијата што треба да ги преземе при вршењето на надзорот и мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор, согласно закон.

Член 13

(1) Секој инспектор по правило самостојно врши инспекциски надзор, а по исклучок кога тоа е предвидено со месечниот план за вршење на инспекцискиот надзор или по предлог на раководниот државен службеник или директорот на Дирекцијата, поради обемот или сложеноста на инспекцискиот надзор, истиот можат да го вршат повеќе инспектори.

(2) При вршење на инспекцискиот надзор од страна на повеќе инспектори се составува еден записник и се донесува едно решение кое се потпишува од сите инспектори што учествувале при надзорот.

Член 14

(1) При вршење на инспекцискиот надзор на предлог на раководните државни службеници, директорот на Дирекцијата може да овласти да учествуваат и други државни службеници од Дирекцијата или надворешни експерти.

(2) Во овластувањето од ставот (1) на овој член се определуваат правата и обврските на државните службеници или надворешните експерти.

Член 15

(1) При вршење на редовниот инспекциски надзор кај контролорот, односно обработувачот секој инспектор користи и составува детална листа за проверка.

(2) Деталната листа за проверка од ставот (1) на овој член по области се одобрува од страна на директорот на Дирекцијата на предлог на раководните државни службеници.

Член 16

По извршениот инспекциски надзор, инспекторот составува записник кој особено содржи: назив и седиште, односно име и презиме и адреса на живеење на контролорот, односно обработувачот каде што е извршен надзорот, време и место на вршење на надзорот, имиња и презимиња на инспекторите, имиња и презимиња на претставниците од контролорот, односно обработувачот кои се присутни при вршењето на надзорот, податоци за добиената документација, наод на состојбата и утврдени повреди.

Член 17

Примерок од записникот и од решението за секој извршен инспекциски надзор, инспекторот задолжително доставува и до раководниот државен службеник и до директорот на Дирекцијата.

Член 18

(1) Во случај на поведување на управен спор по добивање на тужбата, инспекторот кој го извршил инспекцискиот надзор ја разгледува тужбата, изработува одговор и го доставува до надлежниот суд согласно Законот за управните спорови.

(2) Одговорот на тужбата од ставот (1) на овој член, пред доставувањето до надлежниот суд, се разгледува на стручниот колегиум во Дирекцијата.

IV. Инспекциска документација

Член 19

(1) Инспекторот за извршениот инспекциски надзор води инспекциска документација, согласно прописите за архивската граѓа.

(2) Инспекциската документација се составува само за еден инспекциски надзор и ги содржи сите докази (во ракопис, копии или медиуми) за извршениот инспекциски надзор.

(3) Инспекциската документација се подредува од известувањето за вршење на инспекциски надзор се до последниот донесен акт во постапката на инспекциски надзор.

(4) Водењето на инспекциската документација се врши хронолошки според бројот и датумот на прием на предметот за инспекцискиот надзор.

V. Инспекциска евиденција и статистика

Член 20

За поднесените барања за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци и за иницијативите за вршење на инспекцискиот надзор, во Дирекцијата се води евиденција која особено содржи: име и презиме, адреса на живеење, односно назив и седиште на подносителот на барањето, односно иницијативата, име и презиме на физичкото лице, односно назив на правното лице (контролор, односно обработувач), адреса на живеење, односно седиште на правното лице (контролор, односно обработувач), број за контакт, е-маил, кратка содржина на барањето, односно иницијативата, доставени докази и забелешки.

Член 21

Во Дирекцијата се води евиденција за движење на предметите за инспекциски надзори која особено содржи: реден број; податоци за инспекторот задолжен за предметот; име и презиме, односно назив на правното лице (контролор, односно обработувач); адреса на живеење, односно седиште на правното лице (контролор, односно обработувач); вид и обем на надзор, број на предметот во евиденцијата; број и датум на дописот за дополнување на барањето, иницијативата, односно претставките и предлозите, број и датум на известување и датум до кога контролорот, односно обработувачот треба да се произнесе по барањето, иницијативата, односно по претставките и предлозите (доколку се доставува); број и датум на одговорот на контролорот, односно обработувачот; број и датум на известување за вршење на инспекциски надзор; датум кога е почнат инспекцискиот надзор; датум до кога треба да се состави записникот; број и датум на записникот; број и датум кога е доставен записникот до контролорот, односно обработувачот; дадени укажувања во записникот (да/не); датум до кога треба да се отстранат повредите од укажувањето; број и датум на поканата за едукација; датум кога е спроведена едукацијата и за кои утврдени повреди е едуциран контролорот, односно обработувачот; број на лица што учествувале на едукацијата; датум до кога треба да се достават забелешки по записникот; број и датум на доставата на забелешките; датум до кога треба да се подготви решението; број и датум на решението; број и датум на доставување на решението; датум кога е завршен инспекцискиот надзор; датум кога може да со изврши контролниот инспекциски надзор; број и датум на известувањето до подносителот на барањето, иницијативата, односно претставките и предлозите; датум до кога може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд; број и датум на поднесена тужба до надлежниот суд; број и датум на одговор на тужба до надлежниот суд; како е одлучено по тужбата и забелешки.

Член 22

Во Дирекцијата се води евиденција за прекршочната постапка која особено содржи: податоци за сторителот на прекршокот (име и презиме/назив на правното лице; ЕМБГ/даночен број на правното лице; адреса на живеење/седиште на правното лице; податоци за вработување; број на патна исправа); број и датум на записникот за порамнување; број и датум на секој издаден платен налог (за контролорот, односно обработувачот и за одговорното лице, односно службеното лице кај контролорот, односно обработувачот); податоци за сторениот прекршок (член од Законот за заштита на личните податоци со кој е предвиден прекршокот и глоба предвидена за прекршокот); датум кога е уплатена глобата и износ на глобата; број и датум на барањето за поведување на прекршочна постапка; број и датум на решението на Комисијата за одлучување по прекршок; како е решено по барањето; вид на прекршочна санкција што е изречена; датум до кога може да се поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд; број и датум на поднесена тужба до надлежниот суд; број и датум на одговор на тужба до надлежниот суд; како е одлучено по тужбата и забелешки.

Член 23

(1) Инспекторот по правило води месечна статистика за извршените инспекциски надзори според сектор и регион.

(2) Инспекциската статистика од ставот (1) на овој член особено содржи:

- Број на поднесени барања за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци;
- Број на поднесени иницијативи за вршење на инспекцискиот надзор;
- Број на препратени барања, иницијативи, односно претставки и предлози до друг орган поради ненадлежност;
- Број на поднесени претставки и предлози;
- Број на планирани инспекциски надзори;
- Број на извршени инспекциски надзори;
- Број на планирани инспекциски надзори според видот;
- Број на извршени инспекциски надзори според видот;
- Број на планирани инспекциски надзори по области;
- Број на извршени инспекциски надзори по области;
- Број на извршени инспекциски надзори по физички и правни лица контролори, односно обработувачи;
- Број на прекинати, односно запрени постапки со заклучок;
- Број на составени записници;
- Број на донесени решенија;
- Број на утврдени повреди според членови на Законот за заштита на личните податоци;
- Број на контролори, односно обработувачи кои не ја известиле Дирекцијата по решение;
- Број на спроведени едукации;
- Број на едуцирани контролори, односно обработувачи;
- Број на доставени известувања до подносителите на барањата, односно иницијативите;
- Број на доставени известувања до подносителите на претставки и предлози;
- Број на составени записници од извршени контролни инспекциски надзори;
- Број на утврдени повреди по кои целосно е постапено, делумно постапено, односно не е постапено во утврдените рокови со решението;
- Број на составени записници за извршено порамнување;
- Број на издадени платни налози;
- Број на прифатени и реализирани порамнувања;
- Вкупен износ на изречена глоба;
- Вкупно наплатена глоба;
- Број на поднесени барања за поведување прекршочна постапка;
- Број на примени тужби за поведен управен спор;
- Број на примени одлуки од надлежниот суд и
- Број на потврдени и одбиени одлуки од надлежниот суд.

(3) Податоците содржани во статистиката се ажурираат до последниот работен ден во месецот.

Член 24

За извршените инспекциски надзори, секторите за инспекциски надзор доставуваат тримесечни, шестмесечни и годишни извештаи до директорот на Дирекцијата.

VI. Преодни и завршни одредби

Член 25

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилник за начинот на вршење на инспекцискиот надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 143/08 и 38/09).

Член 26

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-1585/1
6 декември 2010 година Директор,
Скопје **Димитар Ѓеорѓиевски,** с.р.

3365.

Врз основа на член 23 став 5 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТЕХНИЧКИТЕ И ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Член 1

Во Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/09) во членот 2 во точката 3 зборовите „телекомуникациска мрежа“ се заменуваат се зборовите „електронско комуникациска мрежа“.

Во точката 6 по зборовите „со кој“ се додаваат зборовите „може да“.

Во точката 10 зборот „збир“ се заменува со зборот „множество“.

Точката 12 се менува и гласи:

„12. Офицер за заштита на личните податоци е лице овластено од контролорот за самостојно и независно вршење на работите во смисла на член 26-а од Законот за заштита на личните податоци“.

Член 2

Во членот 3 по ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„Одредбите од членот 25 на овој правилник соодветно се применуваат и при проверката на постапувањето на обработувачот при обработката на личните податоци во смисла на член 26 став 3 од Законот за заштита на личните податоци.“

Член 3

Во членот 4 во алинејата 2 по зборот „друга“ се додава зборот„рачна“.

Член 4

Во член 6 ставот (5) се менува и гласи:

„(5) За документите кои се пренесуваат преку електронско комуникациска мрежа, а содржат посебни категории на лични податоци и/или матичен број на граѓанинот задолжително се применуваат технички и организациски мерки кои се класифицирани на основно, средно и високо ниво.“

Член 5

По членот 9 се додава нов наслов и нов член 9-а кои гласат:

„Пренос на лични податоци во други држави“

Член 9-а

Во случај на хардверско и/или софтверско одржување или на други активности на информацискиот систем може да се врши пренос на лични податоци во други држави само согласно условите утврдени во прописите за заштита на личните податоци“.

Член 6

Во членот 10 став (2) во алинејата 3 зборот „корисниците“ се заменува со зборовите „администраторот на информацискиот систем и на овластените лица“.

Во ставот (3) зборовите „организационата поставеност на“ се бришат.

Член 7

Во членот 11 во точката 2 зборовите „секој корисник“ се заменуваат со зборовите „секое овластено лице“.

Член 8

Во членот 12 во ставот (2) зборовите „секој корисник“ се заменуваат со зборовите „секое овластено лице“.

Член 9

Во членот 13 во ставот (2) зборовите „овластени лица“ се заменуваат со зборовите „лица посебно овластени“.

Во ставот (3) зборовите „овластено лице“ се заменуваат со зборот „лицето“.

По ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6) кои гласат:

„(5) По исклучок од ставот (1) на овој член, серверите на кои се инсталирани софтверски програми за обработка на личните податоци, можат да бидат физички лоцирани, хостирани и администрирани надвор од просториите на контролорот.

(6) Во случајот од ставот (5) на овој член, меѓусебните права и обврски на контролорот и правното, односно физичкото лице кај кое се физички лоцирани, хостирани и администрирани серверите, треба да бидат уредени со договор во писмена форма, кој задолжително ќе содржи технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.“

Член 10

Во членот 14 по ставот (6) се додава нов став (7) кој гласи:

„(7) Контролорот задолжително врши континуирано информирање на овластените лица за непосредните обврски и одговорности за заштита на личните податоци“.

Член 11

По членот 14 се додава нов наслов и нов член 14-а кои гласат:

„Обврски и одговорности на администраторот на информацискиот систем

Член 14-а

(1) Обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем, контролорот ги дефинира и утврдува во Правилата за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица при користење на документите и информатичко комуникациската опрема.

(2) Контролорот задолжително врши периодична контрола над работата на администраторот на информацискиот систем и изработува извештај за извршената контрола.

(3) Во извештајот од ставот (2) на овој член треба да се содржани констатираните неправилности и предложените мерки за отстранување на тие неправилности“.

Член 12

Во членот 15 во ставот (1) зборовите „секој корисник кој“ се заменуваат со зборовите „секое овластено лице кое“, а зборот „корисниците“ се заменува со зборовите „администраторот на информацискиот систем и на овластените лица“.

Член 13

Во членот 18 во ставот (3) зборовите „секој корисник“ се заменуваат со зборовите „секое овластено лице“.

Член 14

Во членот 19 во ставот (1) зборовите „овластените корисници„ се заменуваат со зборовите „овластените лица“.

Член 15

Во членот 20 во ставот (4) по зборот „член“ се додава зборот „комисиски“.

Член 16

Во членот 21 ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Сигурносни копии задолжително се прават секој работен ден и на крајот од работната седмица, а по потреба и секој последен работен ден во месецот.“

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5) кои гласат:

„(4) Сигурносните копии задолжително се прават на начин со кој ќе се гарантира постојана можност за реконструирање на личните податоци во состојба во која биле пред да бидат изгубени или уништени.

(5) Контролорот задолжително ја проверува функционалноста на сигурносните копии за вршење на реконструкција на личните податоци согласно ставот (4) на овој член“.

Член 17

Членот 22 се менува и гласи:

„Сигурносните копии се чуваат надвор од просторијата во која се наоѓаат серверите и треба да се физички и криптографски заштитени, заради оневозможување на каква било модификација.“

Член 18

Во членот 23 зборовите „за овластување на одговорно лице за заштита на личните податоци,“ се бришат.

Член 19

Насловот пред членот 24 и членот 24 се бришат.

Член 20

Во членот 25 во ставот (3) по зборот „трето“ се додава зборот „правно“.

Во ставот (6) зборовите „одговорното лице“ се заменува со зборот „офицерот“.

По ставот (7) се додава нов став (8) кој гласи:

„(8) Образецот на извештајот од ставот (4) на овој член е составен дел на овој правилник.“

Член 21

Во членот 26 зборовите „секој корисник кој пристапил“ се заменуваат со зборовите „секое овластено лице кое пристапило“, а зборовите „секој корисник“ се заменуваат со зборовите „секое овластено лице“.

Член 22

Во членот 27 во ставот (3) зборовите „одговорното лице“ се заменуваат со зборот „офицерот“.

Во ставот (4) зборот „десет“ се заменува со зборот „пет“.

Во ставот (5) зборовите „Одговорното лице“ се заменуваат со зборовите „Офицерот“.

Член 23

Членот 31 се менува и гласи:

„(1)Сигурносните копии задолжително се прават секој работен ден, на крајот од работната седмица и секој последен работен ден во месецот.

(2) Сигурносните копии се чуваат надвор од објектот во која се наоѓаат серверите или персоналните компјутери во кои се сместени збирките на лични податоци за кои се прави сигурносна копија.

(3) Сигурносните копии кои се чуваат на друга оддалечена локација од местото каде е сместен информацискиот систем треба да бидат обезбедени со соодветни технички и организациски мерки, согласно документацијата за технички и организациски мерки.

(4) Во случајот од ставот (3) на овој член, меѓусебните права и обврски на контролорот и правното, односно физичкото лице каде се чуваат сигурносните копии, треба да бидат уредени со договор во писмена форма, кој задолжително ќе содржи технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци.“

Член 24

Во членот 32 во ставот (2) по зборот „трето“ се додава зборот „правно“.

Член 25

Во насловот пред членот 35 и во членот 35 зборовите „телекомуникациска мрежа“ се заменуваат со зборовите „електронско комуникациска мрежа“.

Член 26

По членот 35 се додава нова глава IV-а, девет нови наслови и девет нови члена 35-а, 35-б, 35-в, 35-г, 35-д, 35-ѓ, 35-е, 35-ж и 35-з кои гласат:

„Глава IV – а. Друга рачна обработка на личните податоци

1. Основно ниво на технички и организациски мерки

Примена

Член 35-а

Одредбите од членовите 3, 5, 6, 7, 10, 12, 14, 15 и 16 соодветно се применуваат и при друга рачна обработка на личните податоци што се дел од постојна збирка на лични податоци или се наменети да бидат дел на збирка на лични податоци.

Пристап до документите

Член 35-б

(1) Пристапот до документите треба биде ограничен само за овластени лица на контролорот.

(2) За пристапувањето до документите задолжително треба да се воспостават механизми за идентификација на овластените лица и за категориите на личните податоци до кои се пристапува.

(3) Доколку е потребен пристап на друго лице до документите тогаш треба да бидат воспоставени соодветни процедури за таа цел во документацијата за техничките и организациските мерки.

Правило „чисто биро“

Член 35- в

Контролорот задолжително го применува правилото „чисто биро“ при обработката на личните податоци содржани во документите за нивна заштита за време на целиот процес на обработка од пристап на неовластени лица.

Чување на документи

Член 35-г

(1) Чувањето на документите треба да се врши на начин со што ќе се применат соодветни механизми за попречување на секое неовластено отворање.

(2) Кога физичките карактеристики на документите не дозволуваат примена на мерките од ставот (1) на овој член, контролорот треба да примени други мерки кои што ќе го спречат секој неовластен пристап до документите.

(3) Ако документите не се чуваат заштитени на начин определен во ставовите (1) и (2) на овој член, тогаш контролорот треба да ги примени сите мерки за нивна заштита за време на целиот процес на обработка од пристап на неовластени лица.

Уништување на документи

Член 35-д

(1) Уништувањето на документите се врши со ситнење или со друг начин, при што истите повторно да не можат да бидат употребливи.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член комисиски се составува записник кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на документот како и за категориите на личните податоци содржани во истиот.

2. Средно ниво на технички и организациски мерки

Контрола

Член 35-ѓ

Одредбите од членовите 23 и 25 соодветно се применуваат и при друга рачна обработка на личните податоци што се дел од постојна збирка на лични податоци или се наменети да бидат дел на збирка на лични податоци.

Начин на чување на документите

Член 35-е

(1) Плакарите (орманите), картотеките или другата опрема за чување на документи задолжително треба да бидат сместени во простории заклучени со соодветни заштитни механизми. Просториите треба да бидат заклучени и за периодот кога документите не се обработуваат од овластените лица.

(2) Кога физичките карактеристики на просториите не дозволуваат примена на мерките од ставот (1) на овој член, контролорот треба да примени други мерки за да се спречи секој неовластен пристап до документите.

3. Високо ниво на технички и организациски мерки

Копирање или умножување на документите

Член 35-ж

(1) Копирањето или умножувањето на документите може да се врши единствено со контрола на овластени лица определени со претходно писмено овластување од страна на контролорот.

(2) Уништувањето на копиите или умножените документи треба да се изврши на начин што ќе оневозможи понатамошно обновување на содржаните лични податоци.

Пренесување на документи

Член 35-з

Во случај на физички пренос на документите контролорот задолжително презема мерки за нивна заштита од неовластен пристап или ракување со личните податоци содржани во документите кои е пренесуваат“.

Член 27

Во целиот текст на Правилникот зборот „корисникот“, „корисник“, односно „корисниците“ во било кој род и број се заменува со зборот „овластеното лице“, „овластено лице“, односно „овластените лица“.

Член 28

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1586/1
6 декември 2010 година
Скопје

Директор,
Димитар Ѓеорѓиевски, с.р.

Образец

Извештај од извршената _____ (внатрешна или надворешна) контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура

1. **Назив и седиште/име и презиме и адреса на живеење на контролорот**

   .....

2. **Информации за збирката на лични податоци врз која е извршена контролата**

   .....

Назив на збирка/и на личните податоци	
Ниво на технички и организациски мерки:	
Начин на обработка на личните податоци:	

3. **Идентификација на контролата**

Датум на започнување:	
Датум на завршување:	
Спроведено од страна на (назив и седиште на правното лице кое врши надворешна контрола):	

4. **Резултати од контролата**

I. Целосно и делумно автоматизирана обработка на личните податоци

Ниво	Мерка на усогласеност	Степен на усогласеност	Констатирани недостатоци	Предложени корективни или дополнителни мерки за отстранување на констатираните недостатоци
Основно	Документација за технички и организациски мерки (член 10)			
Основно	Технички мерки (член 11)			
Основно	Организациски мерки (член 12)			
Основно	Физичка сигурност на информацискиот систем (член 13)			
Основно	Информирање за заштитата на личните податоци (член 14)			
Основно	Обврски и одговорности на администраторот на информацискиот систем (член 14-а)			
Основно	Обврски и одговорности на овластените лица (член 15)			
Основно	Евидентирање на инциденти (член 16)			
Основно	Идентификација и проверка, како и законска обработка на личните податоци (член 17)			
Основно	Контрола на пристап (член 18)			
Основно	Управување со медиуми (член 19)			

Основно	Уништување, бришење или чистење на медиумот (член 20)			
Основно	Сигурносни копии и повторно враќање на зачуваните лични податоци (член 21)			
Основно	Начин на чување на сигурносните копии (член 22)			
Средно	Дополнителни правила за технички и организациски мерки (член 23)			
Средно	Контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура (член 25)			
Средно	Идентификација и проверка (член 26)			
Средно	Евидентирање на авторизираниот пристап и законска обработка на личните податоци (член 27)			
Средно	Контрола на физички пристап (член 28)			
Средно	Управување со медиуми (член 29)			
Средно	Евидентирање на инциденти (член 30)			
Средно	Сигурносни копии (член 31)			
Средно	Тестирање на информацискиот систем (член 32)			
Високо	Сертификациони постапки (член 33)			
Високо	Пренесување на медиуми (член 34)			
Високо	Пренесување на личните податоци преку електронско комуникациска мрежа (член 35)			

II. Друга рачна обработка на лични податоци што се дел од посебна збирка на лични податоци или се намети да бидат дел од збирка на лични податоци

Ниво	Мерка на усогласеност	Степен на усогласеност	Констатирани недостатоци	Предложени корективни или дополнителни мерки за отстранување на констатираните недостатоци
Основно	Документација за технички и организациски мерки (член 10)			
Основно	Организациски мерки (член 12)			
Основно	Информирање за заштитата на личните податоци (член 14)			
Основно	Обврски и одговорности на овластените лица (член 15)			
Основно	Евидентирање на инциденти (член 16)			
Основно	Пристап до документи и законска обработка на личните податоци (член 35-б)			
Основно	Правило „чисто биро“ (член 35-в)			
Основно	Чување на документи (член 35-г)			
Основно	Уништување на документи (член 35-д)			
Средно	Дополнителни правила за технички и организациски мерки (член 23)			
Средно	Контрола на информацискиот систем и информатичката инфраструктура (член 25)			
Средно	Начин на чување на документите (член 35-е)			
Високо	Копирање или умножување на документите (член 35 - ж)			
Високо	Пренесување на документи (член 35 - з)			

III. Податоци и факти врз основа на кои е изготвен извештајот и се предложени мерките за отстранување на констатираните недостатоци

➢ ➢

IV. Тим кој ја вршел контролата:

Име и презиме	Работно место	Потпис

V. Офицер за заштита на личните податоци кој го примил и ја потврдил содржината на извештајот (и)

Име и презиме	Потпис

VI. Одговорно лице, односно функционер на контролорот, кој е запознаен со содржината на извештајот

Име и презиме	Потпис

_____, _____, 20_____ година М.П.
(место) (датум)

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2010 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2010158